УЧЕБНИК ЗА ВТОРА ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА II

Д-Р ВЕСЕЛИНКА ЛАБРОСКА
Д-Р ЈОВАНКА ДЕНКОВА
М-Р ТАЊА АНДОНОВА-МИТРЕВСКА
М-Р ЕМИЛИЈА ВЕЛИЧКОВА
НАТАША АЦЕВСКА

lamina

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА II, учебник за втора година гимназиско образование
Авторски права © 2026, Арс Ламина – публикации

Издава
Арс Ламина – публикации, Скопје 2026

Главен уредник
Бранка Бугариска

Уредник
Бисера Бендевска

Автори
д-р Веселинка Лаброска
д-р Јованка Денкова
м-р Тања Андонова-Митревска
м-р Емилија Величкова
Наташа Ацевска

Јазична редакција
Васка Чоневска

Стручна редакција
проф. д-р Снежана Петрова-Џамбазова, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје
проф. д-р Валентина Миронска-Христовска, Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

Членови на рецензентска комисија
проф. д-р Венко Андоновски
проф. д-р Лилјана Гушевска
проф. Роска Јовановиќ

Дизајн
Pointer Creative Agency

Графичко и техничко уредување
Арс Ламина – публикации

Печати
Бранко Гапо – графичко производство, Скопје 2026

Тираж
4500

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван или пренесуван во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучувајќи и фотокопирање, документирање или да биде зачуван во систем за повторно пронаоѓање без писмена согласност од издавачот.

Овој учебник е одобрен за употреба во гимназиско образование, со Одлука за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Македонски јазик и литература за II (втора) година гимназиско образование број 26-456/31 од 30.7.2026, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија.

ПРЕДГОВОР

Почитувани ученици,

Пред да започнете со истражување на овој учебник, застанете за миг и потсетете се на сè што сте научиле досега. Досега веќе сте користеле информации од различни извори кои ви помогнале да ги разберете јазикот и литературата, но оваа година одиме чекор подалеку.

Овој учебник е создаден за да ви го открие богатството на македонскиот јазик и неговата уметничка изразност низ книжевноста. Тој не е само патоказ кон добра оценка туку и алатка за проширување и за продлабочување на вашите знаења за македонскиот стандарден јазик и за литературата како уметност.

Низ оваа учебна година, заедно ќе ги развиваме следните столбови:

- Јазикот како жив организам: ќе осознаете дека јазикот не е само средство за комуникација туку жив систем што се менува, развива и ја носи историјата на еден народ;
- Литературата како уметност: преку анализа на дела од различни епохи и правци, ќе ги разберете општествените промени и различните човечки судбини како огледало на времето;
- Вештини за комуникација: преку вежби ќе ја развивате способноста за јасно и аргументирано говорење, учество во дискусии и јавни настапи, при што ќе ги почитувате соговорниците и различните мислења;
- Критичко слушање и анализа: ќе учите како да препознавате главни идеи и аргументи, како да разликувате факт од мислење и како критички да пристапувате кон информациите преку внимателно слушање на говори и дебати;
- Медиумска писменост: во време на брз проток на информации, ќе научите да препознавате манипулативни пораки и дезинформации, но и одговорно да создавате сопствени содржини.

Целта на овој учебник е да ве поттикне да размислувате, да истражувате и да создавате. Сакаме да изградите почит кон македонскиот јазик, умешност во пишувањето и вистинска самодоверба во вашето изразување како информирани граѓани на 21 век. Веруваме дека стекнатите вештини ќе бидат вашата трајна внатрешна сила и сигурен патоказ низ сите предизвици што ги носи современото живеење.

Со почит,
Авторките

СОДРЖИНА

ТЕМА 1: ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА

1.1 ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК 10
Македонскиот јазик во 19 век 10
Македонскиот јазик во првата половина на 19 век 11
Македонскиот јазик во втората половина на 19 век 12
Избор на дијалектната основа на македонскиот литературен јазик 15
Учебникарската дејност во Македонија во 19 век 16

1.2 ГРАМАТИКА 20
Фонетика и фонологија 20
Поделба на гласовите 21
Гласовни промени 22
Едначење на согласките по звучност 22
Согласки во непосреден допир – удвојување на согласките 25
Согласни групи 26
Испуштање на согласките 28
Морфологија и морфосинтакса 30
Морфологија 30
Поим за морфема 30
Видови морфеми 31
Зборовни групи и граматички категории 31
Именки 35
Поделба на именките 35
Граматички категории 36
Вокативна форма кај именките 37
Образување на именките 37
Именки за изразување чувствен однос 38
Функции на именките во реченицата 39
Придавки 40
Поделба на придавките 40
Граматички категории на придавките 40
Образување на придавките 41
Функции на придавките во реченицата 42
Броеви 43
Бројни придавки 45
Функции на броевите во реченицата 47
Заменки 48
Функции на заменките во реченицата 50

Глаголи 52
Граматички категории 52
Класификација на глаголите 53
Прости и сложени глаголски форми 55
Прости глаголски форми 55
Сегашно време (ПРЕЗЕНТ) 55
Минато определено несвршено време (ИМПЕРФЕКТ) 56
Минато определено свршено време (АОРИСТ) 56
Заповеден начин (ИМПЕРАТИВ) 57
Нелични глаголски форми 58
Сложени глаголски форми 60
Минато неопределено несвршено и свршено време (ПЕРФЕКТ) 60
Предминато време (ПЛУСКВАМПЕРФЕКТ) 61
Идно време (ФУТУР) 62
Минато-идно време 62
Идно прекажано време 63
Можен начин 64
Глаголски конструкции со СУМ и со ИМА 64
Прилози 67
Образување и функции на прилозите во реченицата 67
Класификација на прилозите според значењето 67
Предлози 70
Сврзници и сврзувачки зборови 72
Сврзници 72
Сврзувачки зборови 73
Честички 75
Поделба на честичките според значењето 75
Извици 77
Видови извици 77
Модални зборови 79
Видови модални зборови и изрази 79
Правопис и правоговор 81
Интерпункциски знаци 82
Лексикологија 90
Поим за збор 90
Основни типови лексички значења 91
Речнички (зборовен) состав 93
Класификација на зборовите 93
1.3 СЛУШАЊЕ, ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ 98
Слушање со разбирање 98
Карактеристики на слушањето 98
Видови слушања 98
Фази на слушање 99
Читање со разбирање 101
Чекори кои треба да се почитуваат при читање текст 102

Пишување 114
Извори и авторство 114
Начини на користење извори во текст при пишување 114

ТЕМА 2: ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

2.1 ЛИТЕРАТУРА 122
Периодизација на литературата 122
Барокот во литературата 123
Појава, особености, претставници 123
Барокот во уметноста 124
Барокот во литературата 125
Стилски карактеристики на барокната литература 131
Класицизмот во литературата 135
Појава, особености и претставници 135
Класицизмот во литературата 135
Пјер Корнеј 138
Жан Батист Поклен Молиер 146
Жан де Лафонтен 152
Просветителството во литературата 156
Просветителството во Европа 156
Просветителството кај јужнословенските народи 158
Волтер (Франсоа-Мари Аруе) 160
Доситеј Обрадовиќ 166
Иван Крилов 169
Просветителството во Македонија 171
Појава, особености и претставници 171
Јоаким Крчовски 173
Кирил Пејчиновиќ 177
Теодосиј Синаитски 180
Јордан Хаџи Константинов-Џинот 184
Улогата и значењето на првите печатници во Македонија 188
Печатницата на Теодосиј Синаитски во Солун 188
Печатницата на Даскал Камче во селото Ваташа 188
Романтизмот во литературата 190
Појава, особености, претставници 190
Џорџ Гордон Бајрон 193
Јохан Волфганг фон Гете 198
Ернст Теодор Амадеус Хофман 204
Аделберт фон Шамисо 208
Виктор Иго 212
Александар Пушкин 219
Михаил Лермонтов 224

Едгар Алан По 230
Романтизмот во литературите на балканските народи 237
Романтизмот и културната преродба во Македонија (средина на 19 век) 244
Појава, особености, претставници 244
Собирачи на македонското народно творештво и зборници 246
Константин Миладинов 251
Рајко Жинзифов 259
Григор Прличев 264
Ѓорѓија Пулевски 270

2.2 ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ 274
Есеј 274
Структура и пишување есеј 276
Биографија, био-библиографска белешка и CV 281
Биографија 281
Био-библиографска белешка 281
CV 285
Записник 289
Извештај 290
Пополнување формулар 292
Креативно пишување на книжевно-уметнички текстови 294
Краток расказ 294
Карактеристики на краткиот расказ 298
Елементи (структура) на краткиот расказ 298
Чекори за пишување краток расказ 299
Стрип 303
Стрипот во Македонија 305
Структура на стрипот 307

ТЕМА 3: МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

3. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ 312
Разбирање на медиумските формати 312
Јазикот и медиумите 315
Стереотипите во медиумите и нивното влијание врз публиката 317
Создавање оригинална содржина 319
Пристрасност и манипулација во медиумите 321
Проверка на факти и веродостојност 323
Дезинформации и лажни информации 325
Дигитална писменост – вештини за безбедно користење на интернетот 327

Користена литература 329

Тема 1

ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА

Како настанува еден стандарден јазик? Кој одлучува кој говор ќе стане норма? И зошто 19 век е пресуден за развојот на македонскиот јазик? Овие прашања не се однесуваат само на минатото – тие се поврзани со нашиот идентитет, култура и со правото на сопствен јазичен израз. Јазикот не е само средство за комуникација, туку жив систем што се развива, се менува и се обликува во согласност со општествените околности. Неговата историја е историја на идеите, просветителството и културната борба за самобитност.

Во оваа тема ќе го истражуваш 19 век како клучен период во развојот на македонскиот јазик. Ќе се запознаеш со македонските преродбеници, писатели и учебникари, со нивните дела и со нивната просветителска мисија. Ќе анализираш како народниот јазик постепено влегува во пишаната употреба и како се оформува идејата за одделен македонски јазик. Ќе ги споредуваш јазичните гледишта за избор на дијалектна основа и ќе ја согледаш улогата на интелектуалците во создавањето на националната свест.

Истовремено, ќе навлезеш подлабоко во структурата на јазикот. Ќе ги изучуваш гласовните промени и нивната примена во правоговорот и во правописот, ќе ја анализираш градбата на зборот и ќе ги разликуваш коренските и додадените морфеми. Ќе согледаш како преку деривација се создаваат нови зборови, а преку флексија се менува нивната форма. Особено внимание ќе се посвети на зборовните групи и на нивните граматички категории. Ќе ги применуваш знаењата за именките, придавките, заменките, броевите и глаголите во сопствени реченици и текстови. Ќе ја истражуваш улогата на неменливите зборови – прилози, предлози, сврзници, честички, извици и модални зборови – во постигнување јасност, логичка поврзаност и стилска изразност.

Преку изучувањето на лексикологијата ќе го продлабочиш разбирањето за зборот како носител на значење и културна меморија. Ќе разликуваш синоними, антоними, хомоними и пароними, ќе ги анализираш зборовите според нивното потекло и ќе проценуваш како различните стилски слоеви влијаат врз впечатокот што го создава текстот.

Оваа тема нема да биде само повторување на правила, туку можност да размислуваш, споредуваш и аргументираш. Ќе учиш како правилната и свесна употреба на јазикот придонесува за јасна комуникација, критичко мислење и за културна одговорност.

Затоа, изучувањето на јазикот значи и градење личен став, почит кон традицијата и разбирање на современите комуникациски предизвици. Колку подобро го познаваме системот на јазикот, толку посигурно и поубедливо можеме да го користиме.

Резултати од учењето

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- да ги објаснуваш историските и општествените околности поврзани со јазичното прашање во 19 век и да го вреднуваш придонесот на македонските преродбеници и македонисти;
- да ги споредуваш јазичните гледишта за создавање стандарден јазик и да ја аргументираш важноста на народниот јазик како темел на националниот идентитет;
- да ги применуваш правилно гласовните промени при изговор и пишување;
- да ја анализираш градбата на зборот и да разликуваш деривација од флексија;
- да ги препознаваш и применуваш граматичките категории на менливите зборови во различни комуникативни ситуации;
- да ги користиш неменливите зборови за постигнување кохерентен и стилски изграден текст;
- да применуваш соодветна лексика според комуникативната цел и стилот;
- да ги користиш правописните и интерпункциските правила за јасно и прецизно изразување;
- да развиваш свесност за јазикот како жив систем и културна вредност.



1.1 ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Македонскиот јазик во 19 век

Македонскиот 19 век е период во кој македонскиот народ, како и другите словенски народи, ја напуштил идејата за словенство и започнал да ја афирмира својата посебност и тоа најпрвин преку свеста за потребата од навлегување на македонскиот народен јазик во печатените книги, во црковните поучителни книги, во учебниците и во сè што требало да биде разбрано од народот. Се разбира, тоа не можело да се реализира одеднаш.

Културната преродба и прашањето за издигнување на народниот јазик се поврзуваат со појавата на граѓанската класа, која прва дошла во допир со просветителските тенденции во Европа. Просветителите ја согледале неопходноста од народниот јазик, како основен белег на секој народ, наспроти дотогаш употребуваните стари јазици – латинскиот, старогрчкиот, црковнословенскиот. Преку јазикот се открива и се зацврстува народната припадност, односно се гради културниот идентитет на секој народ.

Јазичното прашање било само почетна точка од која се загатнале и другите национални прашања на македонскиот народ: борбата за самостојна црква, за формирање автентични македонски друштва, за започнување издавачка дејност. Заедно со процесот на јакнење на македонската национална свест, се иницирала самостојната револуционерна активност за слободна, автономна Македонија.

Во првите децении на 19 век, во Македонија се согледуваат само почетоци на национална преродба, која била предуслов за отворање на прашањето за градење наддијалектна стандардизирана варијанта на македонскиот јазик. Во овој период, на почвата на Македонија се присутни печатените книги донесени претходно од Русија. Во тие книги, кои ги замениле дотогашните ракописни книги што се употребувале во црквите и во манастирите, многубројни се црковнословенизмите и русизмите. Во овој период, македонскиот народ во своите етнички граници бил во рамките на Османлиската Империја, која била исклучиво воено ориентирана и не налагала ни верска ни јазична доминација. Со тоа, му се дозволувало на македонското население релативна слобода во употребата на својот јазик и на религијата.

Со ослободувањето на другите балкански држави (Бугарија, Грција и Србија) од Османлиската Империја, се отворил простор за влез на нивните пропаганди на почвата на Македонија, посебно во втората половина на 19 век, кога тие, преку испраќање свои учители и учебници, го наметнуваат своето влијание во сите сфери од животот. Како резултат на сè поизразената свест за потребата од духовно и од политичко осамостојување на Македонците, во делата на македонските писатели од 19 век е сè повидлива народната/дијалектната основа на македонскиот јазик. Просветителите Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ, пишувајќи книги со поучителна содржина, свесно почнуваат да внесуваат народни јазични црти и во граматиката и во лексиката. Писателите, пак, од втората половина на 19 век, како Константин Миладинов, Рајко Жинзифов и други, своите прозни и поетски текстови ги пишуваат на македонски народен јазик, бидејќи како што истакнал Синаитски, срцето на човекот може да се отвори само со простиот народен јазик, затоа што тој јазик е „клуч од железо и чилик, что да не се вии...“.

Во сложени политички околности на Балканот, посебно во втората половина на 19 век и во ситуација кога немале своја држава, кај македонските интелектуалци се создале две гледишта за насоките што ќе доведат до создавање еден литературен јазик за сите Македонци. Поведени од идејата на Вук Караџиќ и на Иван Мажураниќ, кои во Виена во 1850 година потпишале договор за заеднички српско-хрватски литературен јазик, некои од македонските интелектуалци, во борбата против елинизацијата – што го опфаќала и бугарскиот народ – а во духот на словенството, ја пројавиле идејата за создавање еден општ македонско-бугарски писмен јазик. За оваа идеја, но со рамноправна застапеност на македонските и на бугарските јазични црти, размислувал Партениј Зографски. Другата група го застапувала ставот дека Македонците, како посебен народ, мора да изградат свој посебен македонски литературен јазик. Познатиот македонски писател од 19 век, Григор Прличев, кој, откако престанал да го користи грчкиот јазик, на кој ги создал двете свои најдобри книжевно-уметнички дела („Сердарот" и „Скендербег"), имал утопистѝчки стремеж за создавање општ словенски книжевен јазик. Во реалноста не се реализирала ниту една од наведените можности, но македонските писатели и учебникари од 19 век, во сите свои книжевни дела, веќе го внесувале македонскиот народен јазик како основа, употребувале упростен правопис, а со тоа изградиле солидна основа за изгледот на идниот македонски литературен јазик.


Ο ΑΡΜΑΤΩΛΟΣ

1880.

▲ Насловната страница на „Сердарот" (*О арматолос*)

Македонскиот јазик во првата половина на 19 век

Првите книги на македонската просветителска книжевност се поврзани со имињата на Јоаким Крчовски и на Кирил Пејчиновиќ, кои твореле во духот на црковната традиција. Иако нивните книги се базираат главно на преписи од средновековната религиозно-поучна литература и дополнувања, сепак, во културно-историски поглед, тие имаат огромно значење, затоа што во нив се одразила основната просветителска цел – прогрес во животот. За да ги направат своите дела попривлечни и поинтересни за народот, а истовремено и да го поучат во верата, првите македонски просветители ја пренесувале старата христијанска традиција на народен македонски јазик.

Со оглед на фактот дека **Јоаким Крчовски** често се селел и живеел во различни македонски краишта, во јазикот на неговите книги истовремено се среќаваат црти од западните и од источните македонски говори (кратовскиот говор). На пример, паралелно се среќаваат формите: *сум* и *съм*, *со* и *сос*, *слегол* и *рекъл*, *полно* и *пун* итн. Во книгите, пак, на **Кирил Пејчиновиќ**, народната основа ја сочинува неговиот роден тетовски говор со примеси од другите македонски говори, потоа турцизми, србизми итн., што значи дека и дијалектната основа не е изразена во чист вид, туку, покрај различните дијалектни особености, во тој јазик големо учество има и црковнословенскиот јазик. Тоа е особено видливо во цитатите од црковните книги – кои не се авторски текстови – во книгите на Кирил Пејчиновиќ, како и на Јоаким Крчовски. Но, затоа пак, објаснувањата и коментарите кон цитатите се дадени на народен јазик и се нивно авторско дело. На тој начин, црковнословенскиот јазик станал синоним за висок стил, а народниот јазик – на низок стил во писменото изразување во тој период.

Користењето на народниот јазик во нивните книги налагало употреба и на турцизми (турскиот бил јазик на администрацијата), а свое место нашле и зборови од балканската лексика. Еве неколку примери за лексиката во делата на Крчовски: *бирден* (тур. 'веднаш'), *шаит* (тур. 'сведок'), *рахад* (тур. 'спокој/ство, мир'), *возневиди* (црк.сл. 'намрази'), *пришествија* (црк.сл. 'доаѓање'), *отроковица* (црк.сл. 'девојче'), *кара* (бугар. 'тера'), *жених* (рус. 'младоженец'), *метанија* (грч. 'поклонување, коленичење'), *одумуе* (арх. 'озборува'), *претставление* (арх. 'умирање') итн. Од наведените примери е видливо дека, истовремено со зборови од балканската и од црковнословенската лексика, се употребувале архаични македонски зборови, што довело до нивно повторно заживување во јазикот.

Неизоставно поврзано со работата на Кирил Пејчиновиќ е името на **Теодосиј Синаитски** и неговата новоотворена печатница во Солун. Во оваа печатница се отпечатени пет дела меѓу кои е и *Предговорот* („Предисловие") кон делото „Утешение грешним" од Кирил Пејчиновиќ, за кој единствено сигурно се знае дека е дело на Теодосиј Синаитски. Во оваа печатница, околу 1840 година, се смета дека можеби било отпечатено и делото „Таблица перваја" од **Јордан Хаџи Константинов-Џинот**. Ова дело претставува делумна преработка на „Ижица" од Доситеј Обрадовиќ и е еден од првите преводи од српски на македонски јазик. Како во „Таблица перваја", така и во секојдневната работа како учител, Џинот го користел македонскиот јазик, што било причина да биде прогонуван и клеветен.

Со изданијата на солунската печатница на Теодосиј Синаитски, бил отворен процесот за влез на македонскиот јазик како јазик на писменоста на овие простори, а се вратила во употреба и кирилицата (кирилското писмо). Со тоа Синаитски се јавува како голем поборник и иницијатор за ширење на словенската писменост и општо, за ширење на просветата и културата меѓу Македонците. Изданијата на солунската печатница го зголемиле интересот кај македонската интелигенција за печатени книги на македонски народен јазик, со што печатницата станала главен пропагатор за народното просветување.

Во 1823 година била напишана и првата автобиографија на народен јазик, „Наказание" (со значење на „сказание" – раскажување, прикажување) од Ѓурчин Кокале (Кокалески) и претставува прва автобиографија во македонската нова литература, која го отворила патот на македонскиот јазик за литературна употреба.

Македонскиот јазик во втората половина на 19 век

Во втората половина на 19 век, сè посилно се изразува стремежот и идејата за посебен, одделен македонски литературен јазик. Народниот јазик се употребува сè повеќе во образованието и во пишувана форма и покрај настојувањата на туѓите пропаганди да го оневозможат тоа и да го асимилираат македонското население.

Во вакви услови, кај македонската граѓанска класа и кај македонската интелигенција, кои биле најотпорни на туѓинските пропаганди, уште позасилено се диференцира свеста дека македонскиот јазик е белег на македонскиот културен и национален идентитет. Затоа, нивната борба се води на повеќе полиња. Најпрвин, се појавува како **црковно-училишна борба** за самостојна црква и возобновување на Охридската архиепископија, што подразбира и воведување на македонскиот народен јазик во црквите и во училиштата. Вториот сегмент е **културно-преродбенската борба**, која ја водат македонските интелектуалци преку уметничко творење и создавање уметничко-литературни творби на македонски народен јазик, особено

преку собирање на македонското народно творештво, како белег на македонскиот културен и национален идентитет. Третото поле на кое се „војува" во овој период е **национално-политичката борба**, која подразбира отфрлање на турското ропство, но и на туѓинските пропаганди на почвата на Македонија.

Во јазикот на македонските писатели од втората половина на 19 век, иако се среќаваат различни пристапи, преовладува очигледното настојување да се пишува на родните говори, особено на говорите од западномакедонското наречје, но има и употреба на јазични црти од црковнословенскиот и од соседните јазици, посебно при изразување поими за кои македонскиот јазик немал уште утврдено своја лексика. Во овој период, македонските културни и книжевни дејци објавувале текстови во разни весници и списанија и печателе книги, најпрвин во цариградските печатници, а потоа во зависност од тоа каде студирале и каде престојувале, и во Москва, Браила, Ѓаково итн.

Во својата поезија, **Константин Миладинов** се стреми кон очигледна употреба на народниот струшки говор и на јазични особености на западномакедонските говори, што е евидентно и од *Предговорот* што го напишал во Зборникот на народни умотворби. Тој, во 1858-59 година, ги објавил своите авторски песни на македонски народен јазик, од кои најпозната е песната „Т'га за југ".

Свои концепции за македонскиот јазик имале и собирачите на народните умотворби како **Панајот Ѓиноски**, кој уште повеќе ги упростил азбуката и правописот, **Васил Икономов**, **Ефрем Каранов** и др.

Во 1860 година во Москва, **Рајко Жинзифов** го објавил својот расказ „Прошедба", во кој дијалозите се напишани на македонски народен јазик, што покажува дека тој му давал предност на народниот македонски јазик. Тоа уште повеќе се гледа во неговата поема „Крвава кошуља", објавена во посебна книшка во 1870 година во Браила, Романија, каде што авторот пее на македонски народен јазик: „Клета ви со́дбина, момы / Клета ви година, / Що васъ майко́ іе родила. / Въ такео лошо време!"

Марко Цепенков, во своето народно творештво, запишано во периодот на 19 и 20 век, го употребувал македонскиот народен говор од сите краишта од каде што потекнувале собраните умотворби: Прилепско, Битолско, Скопско, Штипско, Велешко и Дебарско (само од Македонија, а не од Бугарија), што дава реална слика за актуелната состојба на македонските народни говори во тој период. Цепенков има големо значење за македонското преродбеничко движење. Тој е меѓу оние македонски дејци кои зеле учество во борбата против Цариградската патријаршија и постепено почнале да се преориентираат кон словенизмот и станале идејни носители на македонското преродбеничко движење. Треба да се истакне дека Цепенков и другите македонски преродбеници од тој период, без разлика како се именувале себеси, сета своја дејност ја насочиле кон Македонија и кон македонскиот јазик како основа за литературен јазик.

Во 1878 година, **Ѓорѓија Пулевски** ја објавил поемата „Самовила македонска", отпечатена на македонски народен јазик, а потоа во 1879 година првата одделна стихозбирка на македонски јазик – „Македонска песнарка". Во 1880 година ја објавил граматиката „Слогница речовска" на галички дијалект, при што се присутни извесни зборови и фрази и од други македонски говори.

Веќе од 80-тите години на 19 век, бележити се покоординирани концепции околу јазичното прашање преку формирањето низа друштва. Такво друштво било Тајниот македонски комитет, чии активни членови биле **Темко Попов, Коста Групче, Наум Евро, Васил Карајовов**.

„Лоза" и лозарите

Крајот на 19 век ја раѓа епохата на *лозарството*, кога младата македонска интелигенција јавно ја манифестира националната свест преку организирање свои друштва и ја користи печатената реч во борбата за афирмација на македонскиот јазик. Формирањето литературни другарства и издавањето весници и списанија претставувале единствен легален начин за здружување на македонската интелигенција. За македонската културна историја е значаен податокот дека зародишот на таквата активност се наоѓа уште кај Ѓорѓија Пулевски. Тој во Софија ја организира и ја раководи првата *Славјанскомакедонска книжевна дружина* (1888), чија основна цел е „да ја прероди народната македонска литература". Дружината дејствувала кратко време и наскоро била растурена од бугарската влада.



▲ Насловната страница на списанието „Лоза"

Основањето на ***Младата македонска книжовна дружина*** (ММКД) во Софија во 1891 година од македонски студенти бегалци од Солун и од Белград, меѓу кои биле **Дамјан Груев, Евтим Спространов, Петар Поп Арсов, Георги Баласчев, Пере Тошев, Иван Хаџи-Николов** и др., е особено значајна за македонската културна историја. Во јануари 1892 година, *Младата македонска книжовна дружина* го објавува првиот број на своето списание „Лоза", а според неговото име, целото движење го добива називот *лозари*. Името, всушност, значи дека ова списание ќе ги шири своите идеи како што се шират и се превиткуваат лозовите гранки. Во првиот број, на почетокот, стои мотото од Софокле: „Ништожник е оној што има подобар пријател од својата татковина".

Лозарите се залагале за значително упростување на македонскиот правопис и за отфрлање на одделни старословенски букви што не покривале реален глас (на пример, еровите и носовките, кои во тоа време се употребувале во бугарската азбука). На тој начин, со своите ставови, заложби и конкретни примери во списанието, тие ги продолжиле македонистичките заложби на Ѓорѓија Пулевски, но и на други македонски дејци од 19 век кои размислувале за фонетскиот правопис и пишувале со него: Темко Попов, Спиро Гулапчев, Јосиф Ковачев и др.

Прилозите што биле објавувани во ова списание, а кои се од различен жанр: патописи, поезија, раскази, литературни осврти, историски прилози и друго, се на некој начин, осврт кон Македонија и кон Македонците од различни точки. Тие се одраз на целата заложба на овие македонски дејци за издигнување на македонскиот јазик како посебен литературен словенски јазик, но и на свеста за посебноста на македонскиот народ.

Списанието излегувало едвај две години, односно, биле отпечатени шест броја. Но, треба да се истакне дека само четири броја (сите објавени во 1892 г.) биле напишани со упростениот правопис, а потоа, бидејќи биле прогонувани од бугарската влада, два броја се отпечатиле

со бугарски правопис. Набрзо потоа, бугарската влада ја растурила Дружината и го забранила списанието. Нејзините членови продолжиле да работат на оваа идеја, секој придонесувајќи на свој начин.

За основањето на Дружината (*Младата македонска книжовна дружина*), Крсте Мисирков, во својата книга „За македонцките работи" (Софија, 1903) пишува: „Мисл'ата за национално обіединеін'е на македонците, и ако под маска бугарцка, се зафати во 1890 г. ... Во краіо на 1889 год. се префрлиіа во Бугариіа 30-40 души ученици и студенти македонци од Белград во Софиіа. Тиіе ученици сет душата на сите собитиіа во Македониіа от тогаі до сега. Они беа запознаіани со Србиіа и Бугариіа, со нивните култури и цели во Македониіа. Они и сознаа опасноста за дележ на Македониіа мег'у тиіе две држаи, ако да бидит македонците сами да не се вооражат, за да си извоіуваат сами, со свои собствени сили и средства слободиіа и со тоа да предупредат дележот на Македониіа. ... По нивна иницііатива првен се образува во зафатоко на деветдесетите години едно национално сепаратистично движеін'е со цел'а да се оддел'ат интересите на македонците од бугарцките со возведуаін'е на іедно од македонцките наречиіа на степен на литературен іазик за сите македонци".

Избор на дијалектната основа на македонскиот литературен јазик

Со појавата на првите објавени книги на македонска почва што биле разбирливи за народот, сè повеќе се појавува и тенденцијата за самостоен развиток на македонскиот литературен јазик. Македонските учители во поголемите градови се труделе да го отстранат грчкиот јазик од училиштата како целосно неразбирлив за децата, но и да ја намалат функцијата на црковнословенскиот јазик. Со тоа, прашањето за наставен јазик што ќе биде разбирлив за учениците сè повеќе се наметнувало како потреба, што резултирало со идејата за создавање македонски литературен јазик.

Притоа, се појавиле две гледишта за тоа како треба да изгледа дијалектната основа на македонскиот литературен јазик.

Едното гледиште, што прв го формулира **Партениј Зографски** (1857), се сведува на тоа дека треба да се создаде општ писмен јазик, во кој во еднаква мера би дошле до израз македонските и бугарските јазични особености. Ваквиот мешан општ писмен јазик нашол примена во прилозите што ги пишувале и ги објавувале некои Македонци во списанија во Софија и во Цариград. Притоа, најширока дијалектна основа се среќава во јазикот на делата на **Јордан Хаџи Константинов-Џинот**. Целта на Џинот била македонскиот писмен јазик да го достигне нивото на поразвиените словенски јазици. За неговата заложба говори фактот што со сигурност се знае дека подготвувал речник од 10 000 зборови со етимологија.

Другото гледиште е на т.н. *македонисти*, кои истакнуваат дека Македонците, како посебен народ, треба да изградат свој посебен литературен јазик, кој ќе се заснова на западномакедонските говори. *Македонистите* уште тогаш јасно ги увидувале завојувачките апетити на младата бугарска буржоазија во однос на Македонија. „Одвај куртуливме од едни, та сега други

ли да нѐ газат?“ било нивното прашање. Затоа единствениот правилен пат за македонскиот народ го гледале во самостојниот развиток и биле за создавање на одделен македонски литературен јазик.

Ова гледиште за самостоен македонски литературен јазик е очигледно во делата на сите македонски писатели од втората половина на 19 век, а особено во дејноста на **Ѓорѓија Пулевски**. Имено, во неговата граматика „Слогница речовска“, како и во неговиот „Речник от три јазика“ се гледаат напорите на Пулевски да укаже на посебноста на македонскиот јазик, како јужнословенски јазик што ги води корените од *светите Кирил и Методиј*, како и да изгради одредени теоретски ставови за формирањето на македонскиот јазик врз основа на централните македонски говори. Во овој речник тој го изложува и стојалиштето дека Македонците се посебен словенски народ што живее во својата татковина Македонија.

Објавените книги на Ѓорѓија Пулевски, на *лозарите* и на другите македонски писатели од 19 век (**Трајко Китанчев, Евтим Спространов, Васил Икономов** и др.), се солидна основа за градење на научните тези за македонскиот литературен јазик, кои на почетокот на 20 век ќе ги формулира Крсте Петков Мисирков во своето дело „За македонцките работи“.

Учебникарската дејност во Македонија во 19 век

Прашањето околу изборот на дијалектната основа на македонскиот литературен јазик нашло свој одраз во учебникарското дело во 19 век.

Од 50-тите години на 19 век, со интензивно издавање на македонски учебници започнале и македонските учебникари како Анатолиј Зографски, Партениј Зографски, Димитар Македонски и др. Во периодот од 1858 до 1860 година, во списанието „Б'лгарски книжици“ биле објавувани низа статии во однос на разни јазични прашања од П. Зографски, Чолаков, Шишков, Д. В. Попов и др., како и во „Цариградски весник“, во кој биле објавени ред написи за јазикот, за граматиката и друго.

Меѓу првите учебници испечатени на македонски јазик се тие од **Партениј Зографски** (1818 – 1875), ученик на Димитар Миладинов. Анализата на јазикот во неговите дела, особено во неговата „Свештена историја“, напишана на родниот галички говор, говори во прилог на фактот дека Зографски инсистирал западномакедонските јазични особености да учествуваат во литературниот јазик. Партениј Зографски не само што во практиката се служел со својот мајчин јазик, ами тој се обидел и теоретски да го постави прашањето за тоа каков треба да биде писмениот јазик што ќе се употребува во Македонија. Тоа го сторил во своите две статии за јазикот: првата излезена во „Цариградски весник“ во 1857 година, а втората во списанието „Б'лгарски книжици“, во 1858 година.


Начално Оучение
Архимандрита Партенія Зографскаго.

Насловената страница од „Начално учение“

Во рамките на неговата книга „Начално учение“ се наоѓаат Наравоучителни совети напишани на македонски јазик, а тие се, всушност, 34 совети од учениот Мијак за децата и не само за нив. Позната е неговата мисла: „Учи напред книга на својот

јазик. После ако имаш време, учи и на други јазици", во која недвосмислено ги искажува своите идеи со кои се раководел во тешката борба за воведување на македонскиот јазик во црквите и во училиштата, за издавање учебници и други книги на македонски јазик и за утврдување на западномакедонското наречје како основа за модерен литературен јазик.

Еве и други совети на Партениј Зографски со кои се велича образованието:

„Учењето е голема работа, човек без него е получовек".

„Како еден слеп што е пред опулен (што имат очи) и како глух пред здрав, така е еден неучен пред учен".

Наскоро, во 60-тите години, се јавиле негови следбеници, составувачи на македонските учебници, меѓу кои највидно место зазема познатиот собирач на македонски народни умотворби, охриѓанецот **Кузман Шапкарев** (1834 – 1908). Од 1868 до 1874 година Шапкарев издал осум такви учебници. Во основата на сите нив е неговиот роден охридски говор.



▲ Насловната страница од „Речник от три јазика"

Ѓорѓија Пулевски е уште еден составувач на македонски учебници и уште поважно, тој е меѓу првите македонски дејци од 19 век кој успеал да им даде израз на идеите на македонистите во печатена форма. Пулевски е автор на првата печатена македонска граматика и автор на еден од првите речници на македонски јазик. Напишал два речника: „Речник от четири јазика" (1873) и „Речник от три јазика" (1875) и обата објавени во Белград. Укажувајќи на насоките за кодифицирање на македонскиот јазик, Ѓорѓија Пулевски во својот „Речник от три јазика" (македонски, арбански [албански] и турски; 1875 г.), предлага да се соберат од сите краишта „људи учени", па да состават македонска граматика што ќе биде како света книга „за сиве школја, а и за други книги писање". Ова дело е особено значајно поради јасната концепција и отворено изнесената идеја за татковината **Македонија, за македонскиот народ и за македонскиот јазик како посебни во словенскиот свет.**

Застапувајќи ја доследно идејата за самостоен развој на македонскиот јазик, Ѓорѓија Пулевски во 1880 година, во Софија, го објавил делото „Слогница речовска", што претставува **прва публикувана граматика на македонскиот јазик**. Во неа Пулевски се обидел да создаде основни норми на македонски литературен јазик, комбинирајќи ги централните македонски говори со словенската писмена традиција во Македонија, создавајќи притоа мошне интересна лексика и позајмувајќи зборови и од другите словенски јазици, но секогаш изразито македонизирани. Всушност, „Слогница речовска" претставува буквар за деца, во кој воведниот дел ги опфаќа фонетиката и правописот и само започнува со морфологијата. Конкретно, тој овде зборува за азбуката, за тоа како се употребуваат буквите, а дава и некои дијалектни разлики во македонскиот јазик. Во ова дело се открива залагањето на авторот за кодифицирање на

македонскиот јазик како литературен јазик на Македонците. Не е за занемарување и неговиот обемен ракопис, насловен „Јазичница“, завршен, исто така, во Софија, што претставува специфичен прирачник за изучување на македонскиот јазик.

Македонската преродба ги забележала имињата и на други видни и истакнати борци за стандардизација на македонскиот јазик, а воедно и учебникари. Едно од тие имиња е **Димитар В. Македонски**, автор на три учебници, пишувани на македонски народен говор на неговиот роден дијалект (Кајлари, Егејска Македонија) со многу црковнословенизми, што ги објавува во печатницата на весникот „Македонија“ во Цариград. Неговата „Кратка свештена историја за училиштата по Македонија“ (1867) е пишувана во форма на прашања и одговори. Иако напишана од човек од Јужна Македонија, таа е интересна пред сè со тоа што се сврзува во јазичен поглед со другите тогашни учебници, објавувани од луѓе од Западна Македонија (П. Зографски, К. Шапкарев, Ѓ. Пулевски).

Како истакнат учебникар и преродбеник во 19 век кој пишувал на родниот охридски говор се споменува и **Димитар Узунов**. Во 1867 година, тој заедно со Димитар Македонски го објавува „Буквар от употреба во македонските училишта“ и пишува статии во весниците „Македонија“, „Право“ и „Прогрес“. Во 1868 година Димитар Узунов заедно со Григор Прличев бил неколку месеци во Цариград, каде што двајцата се запознале повеќе со словенската литература. Откако се вратиле во Охрид, тие го замениле грчкиот јазик во црквите и во училиштата со мајчиниот македонски јазик.

Мошне значајни се и имињата на **Коста Групче** и **Наум Евро**, кои во 1888 година го напишале „Македонскиот буквар“, како и **Темко Попов**, кој со својот азбучен и правописен систем, најцелосно се доближил до денешниот правопис, што се потврдува од неговата статија „Кој је крив“ од 1889 година.

Научи повеќе!

Скенирај го кјуар-кодот и разгледај ја содржината на „Речникот от три јазика“ од Ѓорѓија Пулевски.

Запомни!

Македонскиот 19 век и сите македонски дејци од тој период, се основата за културно издигнување на македонската нација и на современиот македонски литературен јазик. Објавувањето книги и учебници на народен македонски јазик е пресудно за градењето на свеста кај Македонците дека се посебен народ и оти имаат право да се образоваат на свој мајчин јазик. Најважни имиња од овој период се: Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Партениј Зографски, Рајко Жинзифов, Григор Прличев, Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Димитар и Константин Миладиновци, Ѓорѓија Пулевски, Марко Цепенков, Кузман Шапкарев, *лозарите* и др.

Прашања и задачи:

1. Кои писатели први го воведуваат народниот јазик во своите поучителни книги?
2. Чија печатница одиграла клучна улога во афирмацијата на македонскиот народен јазик во печатените книги?
3. Набројги имињата на македонските учебникари од 19 век.
4. Кои книги ги објавил Ѓорѓија Пулевски?
5. Како се вика поемата од Рајко Жинзифов, напишана на народен македонски јазик?
6. Што издавале лозарите?
7. По што се значајни Димитар Македонски и Димитар Узунов?
8. Со која своја активност Марко Цепенков го афирмирал македонскиот јазик?
9. Што истакнал Крсте Мисирков за лозарите?
10. Каков бил ставот на Пулевски за литературниот јазик?
11. Кои две гледишта за литературен јазик се оформиле кај македонските преродбеници во 19 век?
12. Зошто е значаен 19 век за развојот на македонскиот јазик?

Размислувај, разговарај!

1. Спореди ги ставовите на учебникарите (како Партениј Зографски) со ставовите на Ѓорѓија Пулевски. Во што се согласуваат, а во што се разликува нивниот пристап кон македонскиот јазик?
2. Во групи од по тројца ученици, проучете го правописот од оригиналните корици на Пулевски или лозарите. Изработете дигитален плакат/насловна страница каде што со современ фонт ќе ја реконструирате оригиналната насловна страница, но со соодветни графички приспособувања и кратко објаснување за специфичните букви (како Ѣ, Ы, ъ) што се користеле тогаш.

Научи повеќе!

1. Дали знаеше дека Ѓорѓија Пулевски не бил само учебникар, туку и sидар и револуционер? Неговиот „Тријазичен речник“ (објавен во 1875 година) содржи зборови на три јазици: македонски, албански и турски. Пулевски сметал дека соседите треба да ги знаат јазиците на оние со кои живеат за подобро да се разбираат и почитуваат.
2. Младите македонски интелектуалци кои го издавале списанието „Лоза“ се нарекувале „лозари“. Името го избрале како симбол: исто како што виновата лоза пушта длабоки корени во земјата и раѓа плодови, така и македонскиот јазик и култура имаат длабоки корени во македонскиот народ и треба да даваат свои плодови (книги и весници).

1.2 ГРАМАТИКА

Фонетика и фонологија

Изговори ги гласовите А, Р, К, П, О и запиши што забележуваш при нивниот изговор. Постои ли разлика кога се изговараат сами и во комбинација со други гласови? Што ќе се добие ако ги изговориш по следниов редослед: К + О + Р + П + А? Каква вредност имаат гласовите кога се изговорени по утврден редослед од кој се добива збор во даден јазик?

Фонетиката претставува наука што ја проучува артикулацијата на човечките гласови и нивното пренесување од говорителот до соговорникот. Таа има сопствени методи за подетален опис и обработка на гласовите и тоа во однос на нивниот изговор, нивната звучност и нивното восприемање, односно како се слушаат тие.

Фонологијата, која уште се сретнува и како функционална фонетика, претставува гранка на лингвистиката, која ги изучува гласовните системи на еден определен јазик. Заемната поврзаност е од аспект на проучување на гласот, при што фонетиката го разгледува гласот самостојно, одделно, а фонологијата го проучува изговорен во говорна низа.

Лингвистичките дисциплини, **правопис** и **правоговор**, се во тесна врска со фонетиката и фонологијата. Имињата наведуваат на нивното значење: правилно пишување (ортографија) и правилен изговор (ортоепија) на стандардниот јазик. Правилата на овие дисциплини ја олеснуваат и ја прават попрецизна комуникацијата во сите сфери на општењето, вклучувајќи ги сите говорители на јазикот.

Во македонскиот стандарден јазик, гласовниот систем е составен од 31 глас. **Гласот** е најмала јазична единица што ја изговара човекот и со неа јазикот се материјализира, се изговара.

Гласовите што внесуваат разлики во зборовите што се образувани од нив се нарекуваат **фонеми**. Фонемите немаат значење, но имаат форма и имаат разликувачка функција: баба-жаба, лулка-булка, бело-цело.

Фонетиката го употребува терминот глас, а фонологијата терминот фонема.

На пример, зборот „р а к а“ е составен од четири гласа. Ако првиот глас „р“ го замениме со гласот „м“, тогаш од зборот „рака“ ќе го добиеме зборот „мака“. Тука, гласот има разликувачка функција, односно со промена на гласот се сменило и значењето на зборот. Во ваков случај, зборуваме за фонема.

Македонското кирилско писмо е гласовно (фонетско) писмо. Секој одделен глас во гласовниот систем има по еден знак (**графема, буква**), со чија помош говорената форма на јазикот се пренесува во пишана форма.

Поделба на гласовите

Гласовниот систем на македонскиот јазик се дели на повеќе групи и подгрупи, а критериумите врз кои се врши поделбата се: **движењето и положбата на говорните органи при образувањето (артикулацијата) и различните треперења на воздушната струја (акустиката)**.

Поделбата на **самогласки** (вокали) и **согласки** (консонанти) се врши врз основа на присуство или отсуство на пречка при движењето на воздушната струја.

При изговор на самогласките, воздушната струја се движи слободно, не наидува на никаква пречка. Поради тоа, самогласките ги слушаме како тонови, а воедно како карактеристика се изделува нивната способност да образуваат слогови (слоготворни).

При изговорот на согласките постои пречка во вид на преграда или теснина при испуштањето на воздушната струја. Поради тоа, согласките ги слушаме како шумови, па за разлика од самогласките тие не можат да образуваат слог (неслоготворни).

Слогот мора да содржи самогласка, бидејќи таа претставува неговото јадро (најважен и најистакнат дел). Слогот најчесто има два или повеќе гласа, но во некои случаи може да биде изграден и само од еден глас (са-ка-а/са-ка-ат).

Во македонскиот стандарден јазик има пет **самогласки**: **а, е, и, о, у**, кои се групираат на неколку начини.

Според движењето на јазикот, самогласките **е** и **и** се предни, **а** е средна, а **о** и **у** се задни. Според степенот на издигање на јазикот, **и** и **у** се високи, **е** и **о** се средни, а **а** е ниска самогласка. Според положбата на усните, **о** и **у** се заокружени, а другите се незаокружени.

Гласот „**р**" во некои зборови може да биде **слоготворен**, односно може да има функција на самогласка, на пример во зборовите: *крв, дрво, црн, прв, срце*. Кога се наоѓа на почетокот на зборот се означува со апостроф (ˈ): *ˈрж, ˈрбет, ˈрѓа*. Кога се наоѓа во состав на збор образуван со префикс, што завршува на самогласка, се употребува и апострофот: *заˈржи, заˈрти*, но кога префиксот завршува на согласка, апострофот се губи: *изрти, безрбетник*.

Согласките (26 на број) во македонскиот стандарден јазик се групираат на неколку начини: според местото на образување (уснени, забновенечни, венечни, тврдонепчени, меконепчени), според начинот на образување (во зависност дали постои преграда или не при минувањето на воздушната струја: преградни, теснински и преградно-теснински) и според треперењето или мирувањето на гласните жици (според звучноста, се делат на звучни и безвучни).

Согласките според звучноста										
звучни	Б	В	Г	Д	Ѓ	Ж	З	Ѕ	Џ	
безвучни	П	Ф	К	Т	Ќ	Ш	С	Ц	Ч	Х
сонанти	Р Л Љ М Н Њ Ј									

Гласовни промени

При меѓусебен допир на гласовите во гласовната низа, како резултат на одредени услови и закони доаѓа до промени на гласовите што ги именуваме како **гласовни промени**. Најчести причини за гласовни промени се:

а) приспособување на артикулацијата (движењето на говорните органи) на гласовите: (тежок → тежка → тешка); б) внатрешниот развој на јазикот; в) влијанието на другите јазици; г) генерациските разлики; д) брзината на зборувањето.

Поделба на гласовните промени во однос на времето во кое се остваруваат:

– **спонтани гласовни промени** → се јавуваат само во одреден временски период (на пример, замената на старите носни самогласки со е и а во минатото);

– **условени гласовни промени** → не се ограничени ниту временски ниту просторно, ги имало порано, ги има сега, а ќе ги има и во иднина (на пример, едначењето на согласките по звучност).

Најчести гласовни промени:

- едначење на согласките по звучност;
- обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот;
- редување на самогласките и на согласките;
- испуштање на согласките и на самогласките.

Едначење на согласките по звучност

Кога во промената на некои форми на зборот или во изведувањата од него ќе се најдат **една до друга две согласки различни по звучност**, настанува едначење (асимилација) на согласките по звучност. Притоа, двете согласки стануваат звучни или безвучни. Тоа зависи од звучноста на втората согласка. Значи, едначењето се врши според втората согласка.

звучна + безвучна = две безвучни	**безвучна + звучна = две звучни**
б + безвучна согласка = п (враб + че = врапче) г + безвучна = к (снег + че = снекче) д + безвучна = т (град + че = гратче)	с + звучна = з (гос[тин] + ба = гозба) т + звучна = д (сват + ба = свадба)

а) Едначењето се случува секогаш на границата на два значенски дела на зборот (морфемите): *сосед + ка -> сосетка; раз + сони -> рассони -> расони; од + тука -> оттука;*

б) Правописот наложува бележење на едначењето според втората согласка во најголем дел од случаите. Притоа:

- звучните согласки пред безвучни преминуваат во својот безвучен пар:

врабец – врапче, врапци; риба – рипче, рипка; брег – брекче; град – гратче; рид – ритче; сладок – слатка, слатко, слатки; маж – машки; жежок – жешка, жешко, жешки;

- безвучните согласки пред звучни преминуваат во својот звучен пар: *сват – свадба; срет(н)е – средба; шета – шедба; Велик ден – Велигден; гостин – гозба.*

Вообичаено има едначење кај зборовите добиени со префикси, односно на границата на префиксот и основата:

ЗАД-	затскрие, заткулисен;
НАД-	натпис, натфрли, наттрча;
ОД-	отсега, оттука, оттаму;
ПОД-	потсвест, поттекст, поттик;
ПРЕД-	претседател, претпладне, претстава, претчувство;
БЕЗ-	бессовесен, бесмислен, бесмртен, бесрамен, бестрашен;
ИЗ-	истури, исклучи, истече, истрча;
РАЗ-	распупи, расчисти, расцвета.

Едначењето по звучност не се одбележува во следните случаи:

Д не се едначи пред:		
-ски: градски, охридски, судски; **-ствен**: родствен, посредствен; **-ство**: производство, родство, раководство;	**-ци** (множинска форма за машки род): очевидец – очевидци, предок – предци, крадец – крадци, ороводец – ороводци, домородец – домородци;	**-та** (како членска наставка): заповед – заповедта, жед – жедта, исповед – исповедта.

Обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот е гласовна промена при која звучните согласки на крајот од зборот се изговараат безвучно (но, се пишуваат звучните):

– се пишува: *прав, брег, снег, млад, мраз, воз* (но се изговара: *праф, брек, снек, млат, мрас, вос*).

Редување (замена) на гласовите почесто се случува меѓу основниот дел на зборот (коренот) и другите делови, а поретко во самиот корен на зборот:

– редување на самогласките: *роди – раѓа, избере – избира* и сл.

– редување на согласките: *сведок – сведоци – сведочење – сведоштво; воздух – воздушен; плати – плаќа; белег – белези – обележи – обележува, падне – паѓа/попаѓа, запаѓа; гранка – гранче.*

Испуштање (елизија) на гласовите е гласовна промена во македонскиот јазик при која се испуштаат:

– самогласки: *петел – петли, потомок – потомци, добар – добриот, добрата, доброто, добри* или

– согласки: *лист – листје = лисје; брест – брестје = бресје; радост – радостна = радосна, радосно, радосни; жалост – жалостна = жалосна, жалосно, жалосни; пристаниште – пристанишна, пристанишно; училиште – училишна, училишно, училишни; грозд – гроздје = грозје.*

Запомни!

Фонетиката претставува наука која ја проучува артикулацијата на човечките гласови и нивното пренесување низ воздухот, односно од говорителот до соговорникот. Таа има сопствени методи за подетален опис и обработка на гласовите и тоа во однос на нивниот изговор, нивната звучност и нивното восприемање, односно како се слушаат тие.

Фонологијата, која уште се нарекува и функционална фонетика, претставува гранка на лингвистиката што ги изучува гласовните системи на еден определен јазик. Заемната поврзаност е од аспект на проучување на гласот, при што фонетиката му пристапува и го разгледува самостојно, одделно, а фонологијата го проучува изговорен во говорната низа.

Гласот е најмалата изговорена јазична единица. Кога тој внесува разлика во значењето на зборот, тогаш е фонема. Буквата е графички знак за гласот. Основната поделба на гласовите е на самогласки (5) и согласки (26). При меѓусебен допир на гласовите во гласовната низа, како резултат на одредени услови и закони доаѓа до промени на гласовите што ги именуваме како гласовни промени: **едначење** на согласките по звучност, **обезвучување** на звучните согласки на крајот од зборот, **редување** на самогласките и на согласките, **испуштање** на согласките и на самогласките.

Прашања и задачи:

1. **Додај ги следните префикси кон зборовите и напиши ги во тетратка новодобиените зборови:**

зад- ___скрие, ___кулисен; **над-** ___пис, ___превар, ___фрли, ___даде; **од-** __пише, __плаќа, __сега, __тука, __тогаш, __долу, __далеку, __десно, _должи, __далечи; **под-** ___пис, ___свест, ___текст, ___тури, ___дршка, ___држи, ___дувне;	**пред-** ____пладне, ____собје, ____чувство, ____седател; **без-** ___целно, ___куќник, ___звучен, ___смртен, ___смислен, ___совесен, ___законие, ___каматен, ___чувствителен; **из-** _клучи, __каже, __тера, __цеди, __чепка, __чисти, __шара, __штипне; **раз-** ___положи, ___ход, ___цути, ___чекор, ___зелени, ___сее, ___сели, ___сони, ___штима, ___шири, ___штрка.

2. **Изведи ги формите за женски род од следниве придавки:** *редок, сладок, низок, близок, тежок, жежок, кревок.*
3. **Образувај именки со суфиксот** *-ство* **и придавки со суфиксот** *-ствен* **од следниве зборови (таму каде што е можно):** *роб, удобен, суд, род, следи, раководи, произведува, бег, сроден.*
4. **Изведи придавки од следниве именки (во машки и во женски род еднина):** *уста, жалост, место, пост, област, училиште, пристаниште, кожа.*
5. **Образувај множина од следниве именки:** *човекољубец, женомразец, предок, крадец, домородец, старец.*
6. **Членувај ги именките и броевите:** *смрт, пот, болест, радост, пет, девет, десет, шест.*
7. **Наспроти именките што означуваат лице од машки пол, образувај именки што означуваат лице од женски пол:** *адвокат, министер, докторанд, студент.* **Каде има гласовна промена?**
8. **Издвој ги точните зборови и запиши ги во тетратка:** *равнотежа, симне, равнодушност, фнук, племна, натре, нивни, пси, пцовиса, псуе, пциха, вапца, тепсија, прокопса, пшеница, пченкарен, шкорче, шкембе, чкрта, чкрапја, черешна, црево, црн, чврст, општество, пешчера, гуштер, шо, дож, страв, страм, сестра, здрав, стреќа, здравство, здрел, зрак, жрепка, ждребе.*
9. **Образувај деминутивни форми од следните именки со наставките** *-че, -це, -ца:* *клас, лист, мост, гуска, маст, глас, образ, воз, месо, круша, опашка, пушка.*
10. **Поделете се во две групи и проследете го следниот текст. Едната група нека ги пронајде примерите со испуштање на гласовите, а другата група примерите со редување на гласовите.**

Добрата и радосна професорка почна да го избира пошареното и поубаво цветче за да го украси училишното биро. Лисјето беа попаѓале по дворот, а грозјето натежнуваше на лозовите гранчиња. Првите белези на есента беа засведочени насекаде.

Направете табела во тетратка, во која ќе ги впишете сите зборови и потоа ќе си ги замените задачите. Првата група да ги впише формите без редување, а втората група да ги впише формите без испуштање од веќе пронајдените примери.

Согласки во непосреден допир – удвојување на согласките

Во македонскиот јазик честопати две или повеќе согласки се наоѓаат **во непосреден допир**. Некои од нив се две исти согласки една до друга и ги нарекуваме **удвоени согласки**, а некои се **различни согласки** и тие се нарекуваат **согласни групи**. Удвоените согласки се изговараат како две одделни согласки (*одделение, пролетта*).

Удвојување на согласките. Примери: *каллив, пролетта, петтиот, супполарен, најјасно, најјунак, противоздушен.*

а) Правилата за удвојување на согласките се следните:

1. Ако согласките што ќе се најдат во непосреден допир се меѓу две самогласки, се удвојуваат.

2. Ако согласките што ќе се најдат во непосреден допир не се меѓу две самогласки, не се удвојуваат, туку едната се губи.

Исклучоци:

а) Исклучок од првото правило за удвојување согласки е кај зборови со префиксите *ис-* (*исели, исвири*) и *рас-* (*расели, расони*), кај кои никогаш не се појавуваат две исти согласки, без разлика на соседните гласови.

б) Исклучок од второто правило е префиксот *против-*, со кој секогаш се јавуваат удвоени согласки и кога соседните гласови се согласки: *противвредност, противвладин*.

в) Во табелата подолу се дадени примери за следните удвоени согласки: *в, ј, л, м, п, р, т, з*:

вв	противвредност, противвоздушен, противвоен
јј	најјасно, најјуг, најјужен, најјадро, најјунак
лл	каллив, јамболлија (но и јамболија)
мм	осуммина, седуммина
пп	супполарен
рр	суперревизија
тт	пролетта, петте, петтиот, деветте, деветтиот, десетте, десеттиот
зз	раззелени, раззборува, разземе

Според второто правило погоре, кога две исти согласки ќе се најдат една до друга, но се граничат со друга согласка, едната согласка се губи, па се пишува и се изговара само една согласка.

Тоа се случува кај зборовите што завршуваат на *-ст*, кога ќе се додаде членската морфема *-та*.

-стт- → -ст- = младостта → младоста – едното **т** се губи (**упростување на удвоени согласки**: две **т** → едно **т**)

Примери: *болест – болеста, јавност – јавноста, свест – свеста, одговорност – одговорноста, книжевност – книжевноста, јакост – јакоста, јарост – јароста*.

Согласни групи

Согласките во согласните групи се изговараат целосно, односно секоја согласка одделно, но при брз изговор може да дојде до нивно скратување и упростување (*градски > грацки*), што не смее да влијае врз пишувањето: треба да се пишуваат сите согласки во согласната група според *Правописот на македонскиот јазик*.

Видови согласни групи и нивно пишување:

а) групата **-мн-**: *многу, семне, одамна, мнозина, гумно, рамна, демне, симне;*

б) групата **-вн-**: *внатре, внук, плевна;*

в) согласките **с/з/ш** пред наставките **-че/-ца/-це** преминуваат во **в**: *гуска – гувче, лист – ливче, воз – вовче, месо – мевце, образ – обравче, трошка – тровче, круша – крувче*: но *глас – гласче*;

г) групите **-шт-, -жд-** → *општ, гуштер, пришт, клешти, плешти, пештера, ништожен, глужд, дожд, дождлив*;

д) во македонскиот јазик, согласките **т, д** се изговараат и се пишуваат меѓу **з и р, ж и р, с и р во следниве зборови**: *здрав, поздрав, здравје, ждребе, страница, стројник* и изведенките од нив;

*согласките **т, д** не се изговараат и не се пишуваат во групите **зр-** и **(-)ср-** во следниве зборови: *зрак, зрее, зрел, срам, срамежлив, бесрамен, сребро, среќа, средина, сретсело, средношколец* и изведенките од нив.

Запомни!

Согласните групи (-мн-), (-вн-), (-шт-), (-жд-) се пишуваат и се изговараат целосно.

Прескокнувањето букви при пишување води до правописни грешки и потоа до неразбирлив говор.

Во некои согласни групи, одредени согласки се испуштаат заради полесен изговор.

Изговорот не треба да влијае врз начинот на твоето пишување. При пишување, секогаш почитувај ги правописните правила!

Прашања и задачи:

1. Во тетратка, напиши по една реченица со секој од следните зборови: *многу, внатре, гувче, општ, ждребе, грозје, чесна, среќа.*
2. Препиши го правилниот збор во тетратката!
   а) жребе/ждребе
   б) сретсело/срецело
   в) немошна/немоштна
   г) гласче/глашче

Научи повеќе!

Именката *грозје* е добиена од црковнословенското гроꙁдиѥ. Која согласка била присутна порано, а денес ја нема?

Сепак, во некои македонски дијалекти, оваа именка сè уште се изговара како *гроздје*, а во некои *грозде*. Овие, но и многу други дијалектни форми, сведочат за повеќевековниот континуитет на македонскиот јазик!

Испуштање на согласките

Во некои поголеми согласни групи, најчесто во тие што се составени од три согласки, една согласка се испушта при изговорот. Таа гласовна промена се нарекува **испуштање на согласки** и претставува фонетска промена, а не граматичка. Тоа се случува за полесен изговор, а значењето на зборот останува непроменето.

-здј- → -зј-	гроздје → грозје	-д се испушта за полесен изговор
-ждн- → -жн-	нуждно → нужно	-д се губи меѓу ж и н за полесен изговор
-стј- → -сј-	листје → лисје	-т се испушта за полесен изговор
-стн- → -сн-	честно → чесно	-т се испушта меѓу с и н за полесен изговор
расш- → раш-	расшири → рашири	-с се испушта за полесен изговор
-штн- → -шн-	немоштно → немошно	-т се губи меѓу ш и н за полесен изговор

Примери за испуштени согласки во македонскиот стандарден јазик:

1) *бресје, грсје, пласје, возрасен, едноврсна, жалосно, безмилосно, посен, радосен, совесна, пристрасни* итн.

Кај сите посочени зборови има испуштање на *т* во сите нивни зборформи.

2) *земјишно, летувалишна, мочуришни, пазаришна, пристанишна, училишно, чудовишно, чудовишни* (но: *земјиштен, училиштен, летувалиштен* итн.).

Кај сите посочени придавки има испуштање на *т* во формите за женски и за среден род и во множина, но не и кај машкиот род.

Запомни!

Ако две исти согласки не се меѓу две самогласки, едната се испушта.

Каде што ги има префиксите *ис-* и *рас-* пред збор што почнува со *с*, не се појавуваат две согласки, туку едната се губи (и во пишувањето и во изговорот): *рас + сели → расели.*

Согласката **в** во префиксот *против-* секогаш се удвојува со почетната согласка *в* од зборот пред кој се додава: *против + воздушен → противвоздушен.*

Одделни согласки се испуштаат заради полесен изговор: *гроздје → грозје, нуждно → нужно, расшири → рашири.*

Прашања и задачи:

1. Промени го зборот според даденото правило и запиши ја новата форма во тетратка:

   а) гроздје → (испуштање на д пред ј) → _____

   б) нуждна → (меѓу ж и н) → _____

   в) листје → (пред ј) → _____

   г) младостта → (упростување на удвоени согласки) → _____

2. Прочитај ги наглас следните зборови и забележи кои согласни групи се погрешно напишани? Каде треба да се испушти некоја согласка според нашиот правопис?

   Здрав, зрак, гроздје, нужда, младостта.

3. Во кои зборови има две исти согласки една до друга? Каде исчезнала согласката? Кои зборови се неправилно напишани?

   Најјасен – најасен, противвредност – противредност, гроздје – грозје, нуждна – нужна, расшири – рашири.

4. Дали промената редување на гласовите и промената испуштање на гласовите се слични? Објасни која е надредена, а која подредена?

5. Во следните реченици некои зборови се напишани според изговорот, а не според правописот. Пронајди ги и поправи ги:

   - Тој е многу стреќен што ќе оди на екскурзија.
   - Ова е училишен прибор, а не твоја играчка.
   - Неговиот став беше навистина доблесен.
   - Тие беа во грацкиот парк.

6. Додај го префиксот *без-* (т. е. *бес-*) на дадените зборови, внимавајќи на правилото за испуштање согласки (с + с → с):

   ___ + срамен = _____

   ___ + совестен = _____

   ___ + смртен = _____

   ___ + смислен = _____

7. Напиши ги деминутивите на следните зборови, користејќи ја наставката –че. Притоа внимавај на гласовната промена:

   маска __

   трошка __

   круша __

   воз __

Морфологија и морфосинтакса

Морфологија

Обиди се да го поделиш на слогови зборот **човекољубец**, користејќи различни варијанти. Дискутирај за значењето на слоговите. Кој дел од зборот има некакво значење? Од кој дел можат да се изведуваат други зборови?

Морфологијата е дел од науката за јазикот (лингвистиката) што се занимава со проучување на формите на зборовите, нивното образување (градбата) и нивното граматичко значење (својствата). Тесно поврзани дисциплини со морфологијата се: **лексикологијата** (се занимава со значењето на зборовите), **зборообразувањето** (се занимава со формирање и изведување на зборовите), **морфосинтаксата** (се занимава со употребата на зборовите во реченицата).

Поим за морфема

Зборот е изграден од помали елементи: гласови/фонеми (имаат форма и имаат разликувачка функција, но немаат значење) и морфеми (имаат и форма и значење).

Најмалиот дел од зборот што има свое значење се вика **морфема**. Таа претставува основна единица на морфологијата. Во зборот *проценка*, на пример, може да се види дека најмалата значенска единица – морфема, од која е добиен зборот, е делот **цен** (од именката **цена**), а со додавањето други делови (префикс и суфикс) се менува зборот и неговото значење. Претставено илустративно:

– поделба на гласови/фонеми: п-р-о-ц-е-н-к-а;

– **поделба на морфеми: про-цен-к(а)**.

Првиот дел од зборот **„про-"** претставува **префикс**, со чија помош формираме многу нови зборови што го менуваат значењето на основниот збор.

Вториот дел од зборот **„цен"** е **коренската морфема (општ дел)** на зборот и претставува носител на значењето.

Третиот дел **„-к(а)"** е суфикс што се употребува за образување именки од друг вид зборови. Гласот (а) е ставен во заграда бидејќи тој, освен што е дел од морфемата за образување именка, го изразува женскиот род во еднина, па во множина ќе се замени со -и. Со други зборови, *-а* и *-и* претставуваат наставки за изразување род и број.



Видови морфеми

Во македонскиот јазик, морфемите се делат на:

- **коренски морфеми** и тие го претставуваат јадрото на зборот и го носат неговото основно значење;
- **додадени (афиксни) морфеми** и тие се нарекуваат уште и **службени** бидејќи со нив се определува и некоја служба на зборот на кој се додадени.

Коренската морфема (коренот на зборот) е носител на основното значење на зборот. Кога се изведуваат нови зборови се додаваат други морфеми, пред коренската морфема или по неа, кои го менуваат значењето на зборот, а сепак се врзани за коренот.

Морфемите што ѝ се додаваат на коренската морфема се нарекуваат **додадени (афиксни) или службени морфеми**. Оние морфеми што го менуваат граматичкото значење на зборот (*проценка – проценки*) ја менуваат формата од еднинска во множинска, просторно го определуваат (*проценкиве*), или изразуваат некоја друга граматичка категорија, се нарекуваат **формообразувачки морфеми**.

Морфемите што внесуваат ново лексичко значење во зборот (*процени, проценувач, бесценет*) се нарекуваат **зборообразувачки морфеми**.

Префикси се морфемите што се додаваат пред коренската морфема (*про-цени, пре-цени, бес-ценет*), додека **суфикси** се морфемите што се додаваат зад коренската морфема (*оценув-ач, оцен-ски*). Постојат и **интерфикси**, а тоа се морфеми што се вметнуваат во средината на зборот за да поврзат два збора во еден: *северозапад, југоисток, гроздобер*. Сите овие морфеми служат за образување нови зборови (зборообразувачки морфеми) и ги нарекуваме афикси. Морфемите што служат само за изразување на граматичките категории на зборовите (формообразувачките морфеми) вообичаено ги нарекуваме **наставки** и **претставки**.

Различните форми во кои може да се јави еден збор се викаат **зборформи**. Зборформите се составени од коренската морфема и од дополнителните додадени морфеми – наставки и претставки, односно службени морфеми, со кои се изразуваат различните граматички категории кај менливите зборови. Поинаку кажано, менливите зборови имаат повеќе зборформи, додека неменливите зборови имаат само една зборформа – основната.

Пример, од зборот *книга*, сите зборформи се следниве: *книга, книги, книгата, книгава, книгана, книгите, книгине, книгиве*.

Од зборот *освен* – ова е единствената зборформа.

Најмногу зборформи имаат глаголите бидејќи имаат форми за многу времиња и начини, а имаат и нелични глаголски форми.

Зборовни групи и граматички категории

Јазикот е жива материја и секојдневно се обновува со нови зборови. Секој збор во еден јазик се разликува од другите зборови. Тој претставува самостојна единица со сопствена форма и сопствено значење. Секако дека зборот може да биде сличен со некој од другите зборови, особено според менувањето на својата форма, а исто така и според функцијата што ја има во реченицата.

За полесно да се пристапи кон изучување на зборовите, тие се групираат во **зборовни групи**, кои се формираат врз основа на некоја заедничка особина (карактеристика, признак) на сите зборови. Според особеностите и групирањето, се изделуваат три класификации на зборовите: значенска, морфолошка и синтаксичка.

А) Значенската (семантичка) класификација ја следи смисловната, значенската страна на зборовите. Според оваа класификација се изделуваат единаесет зборовни групи: *именки, придавки, заменки, броеви, глаголи, прилози, предлози, сврзници, честички, извици* и *модални зборови*. (Потсети се на претходните знаења од основно училиште за овие зборовни групи!)

Б) Морфолошката (формална) класификација ја следи можноста за менливост, односно неменливост на граматичките форми на зборовите. Врз основа на тоа дали зборот може да ја менува својата форма, преку додавање морфеми или не, оваа класификација ја дава поделбата на менливи зборови (*именки, придавки, заменки, броеви, глаголи*) и неменливи зборови (*предлози, прилози, честички, сврзници, извици* и *модални зборови*).

Во морфолошката класификација е битно да се знаат граматичките категории на менливите зборови.

Сите менливи зборови имаат **граматичка категорија број**, т. е. разликуваат еднина и множина. Кај броевите, оваа категорија е селективна, односно бројот *еден* има само еднина (зборот *едни* не е број, туку е неопределен член во македонскиот јазик), а сите други броеви имаат само множина.

Кај безличните глаголи исто така нема множински форми, туку само трето лице еднина.

Граматичката категорија род се јавува кај сите менливи зборови, но на различни начини:

– кај именките— родот е нивна сопствена, постојана одлика (машки, женски или среден род) и велиме дека именките се селективни по род. Примери: *компјутер* е секогаш од машки род, *книга* е секогаш од женски род, *глувче* е секогаш од среден род, а тука спаѓа и глаголската именка, која е секогаш од среден род – учење, на пример. И велиме дека именките се селективни по род;

– кај придавките имаме избор на три форми за род во еднина (*убав, убава, убаво*) и велиме дека тие се менливи (парадигматски) по род, па бираме една форма која се согласува со родот на именката што треба да се опише (*убава книга*). Значи, кај придавките родот е *согласувачка* (конгруенциска) *категорија*.

– кај заменките, само определени членови имаат форми за род: личните заменки за 3 лице еднина, показните заменки, лично-предметната заменка *кој* (*тој, таа, тоа; овој, оваа, ова, оној, онаа, она; кој, која, кое*);

– кај броевите, само бројот *еден – една – едно* и бројот *два* (*стола*) – *две* (*жени, деца*) имаат форми за род;

– кај глаголите, тоа се неличните глаголски форми: л-формата и глаголската придавка, кои се парадигматски по род (само во еднина: *јадел, -а, -о; јаден, -а, -о*), а глаголската именка е селективна по род, како и другите именки (*јадење*).

Граматичката категорија определеност ја познаваат именките, придавките и броевите. Определеноста се изразува со член, ако го разбираме нештото како познато, а членските

морфеми се додаваат на именката или на определбата пред неа (односно некоја придавка или број): *убавите куќи, нашите книги, седумте деца, мајката.*

Граматичката категорија лице ја познаваат личните заменки и глаголите. Македонскиот јазик разликува три лица: **прво, второ и трето лице** (и во еднина и во множина).

Граматичката категорија степен ја познаваат само придавките и описните прилози: *подобар, најдобар, полесно, најлесно, побргу, најбргу* и сл.

Граматичките категории што ги познаваат само глаголите се следниве: **време, начин, вид, преодност и залог** (покрај **лице, род и број** – заеднички и за други зборовни групи).

В) Синтаксичката (функционална) класификација ја следи функцијата на зборовите во реченицата. Функцијата зависи од зборовната група на која ѝ припаѓаат зборовите, односно од значењето што го изразуваат. Глаголот главно врши функција на прирок во реченицата, именката главно врши функција на подмет или на предмет, придавките се главно во функција на атрибут, прилозите во функција на прилошки определби. Но, можно е збор од една група да врши функција што е специфична за друга група. На пример: 1) *Еден е прост број.* (Овде бројот *еден* врши именска функција и претставува подмет во реченицата.) 2) *Старата потскокнуваше од радост.* (Придавката *старата* е поименчена и врши функција на именка, т. е. е подмет во реченицата.)

За другите функции во реченицата што ги вршат зборовите од секоја зборовна група, ќе биде објаснето во лекциите за одделните зборовни групи.

Класификација на зборовите		
Значенска	**Морфолошка**	**Синтаксичка**
именки	**Менливи:**	подмет
придавки	именки	прирок
заменки	придавки	предмет
броеви	заменки	прилошка определба
глаголи	броеви	атрибут
прилози	глаголи	
предлози	**Неменливи:**	
сврзници	прилози	
честички	предлози	
извици	сврзници	
модални зборови	честички	
	извици	
	модални зборови	

Запомни!

Морфологијата е дел од науката за јазикот што се занимава со проучување на формите на зборовите. Најмалиот дел од зборот што има свое значење се вика **морфема**. **Коренската морфема** (коренот на зборот) е носител на основното значење на зборот. Кога се изведуваат нови зборови, се додаваат други морфеми, пред коренската морфема или по неа, и тие се нарекуваат **афиксни или службени морфеми**. Ако со нив се менува значењето на зборот, се нарекуваат **зборообразувачки**, а ако со нив се изразува некоја **граматичка категорија**, се викаат **формообразувачки морфеми**.

За да се пристапи полесно кон изучувањето на зборовите, се создава едно нивно здружување во зборовни групи. Според особеностите и групирањето, се изделуваат три различни класификации на зборовите: **значенска, морфолошка и синтаксичка**.

Прашања и задачи:

1. Напиши десет збора што се составени од две или повеќе морфеми. Подели ги на слогови, а потоа на морфеми. Посочи разлики и сличности!
2. Издели ја коренската морфема во следните зборови: *музичар, градител, чистотник, зборувач, патопис.*
3. Издели ги префиксите во следните зборови: *бескрајност, поттик, полувреме, неправда, подофицер, предаде, раззелени, расчисти, претстава.*
4. Од основната форма на зборот *чита* набroј повеќе зборoформи.
5. Кои граматички категории се јавуваат кај сите видови менливи зборови?
6. Која група зборови познава граматичка категорија степен?
7. Какви се именките според граматичката категорија род?
8. Кои граматички категории се специфични само за глаголите?
9. Која е основната синтаксичка функција на глаголот во реченицата?
10. Врз основа на што се прави синтаксичката класификација на зборовите?
11. Класифицирај ги зборовите од дадениот текст според морфолошката класификација.

Стариот градител тивко чекореше по тесните улички на градот. Тој внимателно ги набљудуваше високите згради и размислуваше за нивната бескрајност. Сонцето силно светеше, а неправдата во светот често му ги матеше мислите. Сепак, неговата желба за работа беше поголема од секој страв. Подготовките за новиот проект веќе започнаа, па тој брзо се упати кон својата канцеларија.

Именки

Поделба на именките

Во дадените реченици најди ги зборовите со кои се именува нешто:
- Вистината се крие од љубопитните очи.
- Јас ѝ реков на мајка ти да почека.
- Весна му се јави на професорот.

Подискутирај за нивното значење и за функцијата.

Зборовите со кои се именуваат суштества, предмети, појави, односно го содржат белегот **опредметеност**, спаѓаат во зборовната група **именки**.

Најопштата поделба на именките е на **општи** и **сопствени**.

Именувањето на суштествата, предметите и на појавите со заеднички карактеристики го вршат **општите** именки. Со нив се означуваат:

- имиња на одделни предмети, појави или суштества: *табла, креда, мачка, село, река, пустина, мисла, комарец*;
- имиња со кои се означува некаков збир (**збирни**): *население, мебел, народ, семејство, митинг* (со значење 'собир на луѓе');
- именки што означуваат материјал (**материјални**) од кој е создадено нешто: *брашно, вар, земја, воздух, мермер, сол, шеќер*.

Според Правописот, општите именки се пишуваат со **мала** буква.

Сопствените именки именуваат индивидуални (лични, единечни) предмети, појави или суштества. Тие најчесто претставуваат:

- лични имиња на луѓе, животни и на други суштества, прекари и псевдоними: *Нора, Катерина, Шарко, Медо, Сокол, Шеќерко*;
- географски имиња: *Водно, Средоземно Море, Дунав, Алпи, Полог, Скопје* и др.;
- имиња на празници: *Велигден, Рамазан бајрам, Божиќ, Осми март* и др.;
- имиња на институции: *Министерство за образование и наука, Филолошки факултет „Блаже Конески", Телеком, Средно училиште „Мирко Милески"* и др.;
- имиња на уметнички дела, весници, емисии: *„Вечер", „Пиреј", „Еден на еден"* и др.;
- имиња на објекти: *Кале, Сити мол, Камен мост*.

Од посочените примери се согледува правилото за пишување со **голема** буква.

Именките, исто така, може да се разликуваат во однос на можноста, односно неможноста за допир на тоа што го именуваат. Според тоа се врши поделба на:

Конкретни именки (именуваат материјални предмети и суштества)	Апстрактни именки (именуваат нематеријални предмети)
камен, маса, чаша, перница, птица, тетратка, злато.	*љубов, среќа, тага, стремеж, копнеж, љубомора.*

Граматички категории

Граматичките категории на една зборовна група произлегуваат од значењето што заеднички се содржи во зборовите од таа група и од формите во кои зборот може да се менува. Именките имаат три граматички категории: **род, број** и **определеност**. (Освежи го помнењето за родот, бројот и членот од претходното образование!)

Граматичкиот род и природниот пол во македонскиот јазик не се совпаѓаат секогаш. Граматичкиот род има свој израз кај сите именки, без оглед на тоа дали именува нешто живо или неживо. Разликувањето на родот кај именките за предмети и појави се прави според завршетоците на именките. По правило, секоја именка му припаѓа на еден од трите рода: **машки, женски** и **среден**. Со оглед на досегашното познавање за род кај именките, ќе се истакнат само (зборовите) формите во кои има колебање во родовата припадност и се наречени **двородови** (*песок – песокта, песокот; жар – жарта, жарот; пепел – пепелта, пепелот*).

Со категоријата **број** се прави разлика меѓу единечност и множество. Со оглед на формата на именката што се употребува, се изразува **еднина** или **множина**. Како специфика на именките се трите вида множина: **обична, збирна** и **избројана**. **Обичната множина** е застапена кај именките од сите три рода, со додавање на наставките: **-и, -ови/-еви, -вци/-евци/-овци, -а, -иња** (*родители, ножеви, чичковци, ореви, кругови, мајки, жени, книги, деца, села, момчиња, девојчиња, јагнињa*). **Збирната множина**, исто така, ја познаваат именките од сите три рода, а се добива со додавање на наставките: **-је, -ја, -ишта** (*рид – ридје, ридја; крај – краишта; ливада – ливаѓе, дрво – дрвја*). **Избројаната множина** е карактеристична само за именки од машки род што завршуваат на согласка и немаат многу слогови. Секогаш се проследени со број или со количествен прилог, а се образуваат со додавање на наставката **-а** (*два клуча, три стола, пет ученика, неколку дена*).

Во македонскиот јазик постојат именки што се јавуваат само во множинска форма, како на пример: *ножици, панталони, бечви, очила* и др.

Со категоријата **определеност** се врши изделување, определување, истакнување на еден поим, предмет, појава наспроти другите. Во јазикот постојат граматички средства (наставки) со кои можеме да изделиме, а воедно и да определиме, да препознаеме некој предмет од повеќе истородни предмети. Овие средства се викаат членски наставки (член). Во македонскиот литературен јазик се употребуваат три вида членски наставки: *-от, -та, -то, -те; -ов, -ва, -во, -ве; -он, -на, -но, -не*. Употребата на секоја од овие членски наставки до извесен степен зависи од родот и од бројот на именката. На пример: *летот* (од *лет* м.р.), но *пролетта* (од *пролет* ж.р.).

Значи, имаме имаме различни членски наставки кај именките од машки род на согласка (от, ов, он) наспроти именките од женски род на согласка. Формите *-те, -ве, -не* се користат само со именки во множина, а *-от, -ов, -он* само со именки во еднина. Инаку, употребата на членските форми зависи од крајниот вокал на именката, без оглед на нејзиниот род и број: *слугата, жената, децата, патиштата, снопјата, детето, селото, бирото, ливаѓето, овците, чичковците* и сл.

Најчесто, членските морфеми се употребуваат според следнава табела:

Наставки за членување на именките					
Еднина			Множина		
Машки род	Женски род и именки од машки род на -а	Среден род и именки од машки род на -о, -е, -у, -и	Машки и женски род (+ множина од око и уво)	Среден род и збирно-множински на -ја, -ишта	Збирни именки на -е + именката луѓе
-от	-та	-то	-те	-та	-то
-ов	-ва	-во	-ве	-ва	-во
-он	-на	-но	-не	-на	-но

Вокативна форма кај именките

Како остаток од падежите од нашиот стар јазик е зачувана вокативна форма кај именките, која служи за повикување, односно за обрнување внимание на соговорникот. Вокативна форма се прави кај сите именки од женски род, општи и сопствени, со наставките *-о* и *-е*. Примери: *мајко, вујно, стрино, сестро, професорке, наставничке, претседателке, Весне/Весно, Јасне/Јасно, Калино, Стојанке, Милке, Стојне* и др.

Кај именките од машки род се образуваат посебни форми само кај именките што завршуваат на консонант. Примери: *тетине, брате, девере, попе, Боже, професоре, наставниче, Стојане, Јоване, Горјане, Бобане, Даворе* и др.

Кога се употребува вокативната форма во исказ, таа не е дел од синтаксичката шема на реченицата, па затоа се одделува со запирка или со извичник.

На пример: *Бојане, донеси ми ја книгата!*

Милке! Избриши ја таблата!

Образување на именките

Именките најчесто се образуваат со суфикси (наставки), кои можат да се додадат на основата од различни зборови: глаголи, придавки, именки, броеви.

– **именки** образувани **од глаголи** со следните суфикси: -ба (*делба, берба*), -ка (*дремка, спанка*); -ач (*тепач, крадач*), -еж (*јадеж, грабеж*), -ник (*ученик, пратеник*);

– **именки** образувани **од придавки** со додавање на суфиксите: -ина (*должина, убавина*), -ец (*старец, белец*), -ило (*зеленило, лудило*), -ост (*младост, лудост*);

– **именки** образувани **од именки** со додавање на најчести суфикси: -ство (*пријателство, херојство, соседство*), -ник (*наставник, правник*), -ар (*банкар, рибар*), -ка (*докторка, колешка*), -ица (*кралица, гулабица*).

– **именки** образувани **од броеви** со следните суфикси: -ка, -ина, -инка, -ица (*стотка, стотина, стотинка, десетица*).

Се изделуваат и **сложените именки** што најчесто се добиваат со поврзување на две компоненти (*тримесечје, полувреме, дрворед, роденден, знаменосец, човекољубец, северозапад, југоисток*). Како што може да се забележи од примерите, поврзувањата на двата збора во една сложена именка може да биде без интерфикс (морфемата што спојува), или со интерфикс (како што се последните три примера).

Именки за изразување чувствен однос

Посебна група именки претставуваат именките образувани со суфикси за изразување чувствен однос. Се употребуваат одделни морфеми со кои се изразува позитивен или негативен однос.

При позитивен однос за изразување и посочување на нешто мало, смалено, се користат суфикси за образување **деминутиви,** а тоа се суфиксите *-е, -че, -иче, -(ич)ка, -це, -енце, -уле*. Примери: *прсте, раче, каменче, срценце, торбуле, овчичка, рачичка* и др. За искажување чувствен однос на нежност, галовност, се користат истите суфикси и притоа се образуваат **хипокористици,** најчесто од именки што означуваат роднински врски или други именувања. Примери: *ќеркичка, бабичка, мајчичка, срцка, бацка, девојче, детуле, бебенце* и сл.

При негативен однос се употребуваат суфикси што ги изразуваат големите димензии на предметот/појавата, а именките се нарекуваат **аугментативи**. Тие се добиваат со суфиксите *-иште, -ина* и др. Примери: *куќиште, брадиште, бабиште, сверетина, зградетина* и др. Со овие и уште неколку други суфикси (*-ко, -ло, -чо, -ле*) можат да се образуваат именки со нијанса на негативен, подбивен, ироничен однос и тие се викаат **пејоративи**: *влечко, глупчо, забле, тапчо, човечиште, детиште* и сл.

Позитивен однос		Негативен однос	
Деминутиви	**Хипокористици**	**Аугментативи**	**Пејоративи**
-е (*прсте, раче*) **-че** (*рипче, каменче*) **-це** (*дрвце, окце*) **-енце** (*детенце, пиленце*) **-ичка** (*ластовичка*) **-инка** (*годинка*) **-ец** (*лебец, ветрец*)	чувствен однос; скратување имиња, нагалено (*Анкица – Анче*), (*мајка – мајчичка, баба – бабичка, Галена – Галенче*)	**-иште** (*куќиште, брадиште, зградиште*) **-ина** (*јуначина, зградетина*)	**-инка** (*будалетинка*) **-ко** (*влечко, дрдорко*) **-чо** (*клапчо, глупчо*) **-ле** (*забле, ушле*)

Функции на именките во реченицата

Именките можат да имаат најразлични функции во реченицата. Тие особено се јавуваат во улога на главни, односно неопходни реченични членови:

– подмет: **Бабата** сакаше да се одмори.

– директен предмет: Невена купила **книга**.

– индиректен предмет: Му се јави **на Мише**?

– предлошки предмет: Не разговараме **за средбата**.

– прилошка определба: Ќе дојдете **вечерва**?

– именски дел од прирокот: Ние сме **екипа**.

– атрибут: **Чичко** Трпе доаѓа кај нас.

Запомни!

Именките се зборови што именуваат предмети, појави и суштества. Тие се делат на општи и сопствени. Именките разликуваат три граматички категории: род, број и определеност.

Тие можат да се добијат со додавање суфикси, најчесто на сите видови менливи зборови. Се издвојуваат именките за изразување чувствен однос. Именката може да врши најразлична функција во реченицата, но најтипични се функциите на подмет и на предмет.

Прашања и задачи:

1. Во тетратка, подреди ги именките според родот на кој му припаѓаат: *клуч, научник, младост, владика, море, тага, уво.*
2. Препиши ја табелата во тетратка и пополни ја според образувањето на именките: *богатство, печатач, баснописец, дремка, старост, членка, големина, прошетка, добрина, зеленило, тримесечје, молба, патник, самец, земјотрес, дрворед, црвенило.*

Од глаголи	Од именки	Од придавки	Сложени

3. Определи ја функцијата на потцртаните именки во следните реченици.

а) Вистината се крие од љубопитните очи.

б) Ѝ кажав на мајка ти да почека.

в) Му се јави на пријателот.

г) Ќе дојдете околу пладне?

д) Отсекогаш сме биле патници.

ѓ) На масата стоеше бокал вода.

4. Образувај именки за изразување чувствен однос од именките: *девојка, нос, сестра, дрво.*
5. Образувај форми за обична, избројана и збирна множина од именките *лист, корен* и *рид.*

Придавки

Во следните реченици, најди ги зборовите што ги дообјаснуваат именките и подискутирај за нивната функција!

Сончевата пролет веќе стигна во нашите животи. Пролетта е едно од најубавите годишни времиња. Сончевите денови пристигнуваат, широките насмевки и доброто расположение почесто се присутни, а и природата повторно се буди од зимскиот сон. Многумина сметаат дека во овој период, најмногу се јавува потребата за голема љубов кај човекот и кај секое живо суштество.

Придавките се менливи зборови што означуваат некоја карактеристика на предметите, суштествата и на појавите. Тие не се употребуваат самостојно, туку најчесто остваруваат смисловна поврзаност со именките и воедно ги имаат истите граматички категории како именката (род, број и определеност). За придавките се изделува само специфичната граматичка категорија степенување (степен).

Поделба на придавките

Според значењето и според други граматички карактеристики и видови особини што ги именуваат, придавките се делат на:

- **описни (квалитативни) придавки** – даваат особености на предметите што произлегуваат од самите нив (внатрешно својство → каков е?): – димензии: *голем, долг, ситен, широк*; – вкус: *солен, сладок, кисел, лут*; – боја: *жолт, зелен, сив, светол, темен*; – физички и хемиски својства: *кршлив, тврд, мазен, отпорен*; – карактеристики на личност: *работлив, дрзок, умен, храбар*;
- **односни (релативни) придавки** се, всушност, зборови што означуваат својства што упатуваат на некој друг предмет (на пример, *волнен џемпер, дрвена клупа, железна врата, работнички дом, татков пријател*);
- **заменски придавки** – изведени од заменки и многу заличуваат на нив, а се делат на присвојни заменски придавки и заменски придавки со показно и квалитативно значење (на пример, *мој, твој, наш, нивни, оној, толкав, ваков, таков, онаков, каков, колкав, секаков, некаков, никаков*);
- **бројни придавки** – означуваат однос на некој предмет по ред или умноженост и се образуваат од броевите (на пример, *прв, троен, деветти, четворен*).

Граматички категории на придавките

Придавките имаат форма за секој **род** во еднина: – машки род: завршуваат на согласка или на самогласка (на пример, *добар, учен; братски, детски, пустински*); – женски род: завршуваат на *-а* (на пример, *висока, убава*); – среден род: завршуваат на *-о*, поретко на *-е* (на пример, *големо, весело; мое, негово, наше, ваше*).

Во граматичката категорија **број**, придавките разликуваат еднина и множина. Наспроти еднинските форми за сите три рода, придавките имаат една множинска форма, која завршува на *-и* (*високи, добри*).

Кај граматичката категорија **определеност**, придавката го презема членот од именката, ако се наоѓа пред неа.

Кога имаме определена синтагма (именска група од придавка и именка), го членуваме само првиот збор, односно придавката (не може да се членуваат двата збора, туку само првиот).

Членувањето на придавките се прави со додавање на следните наставки:

– машки род: **-от, -ов, -он** (*високиот, високиов, високион*);

– женски род: **-та, -ва, -на** (*убавата, убавава, убавана*);

– среден род: **-то, -во, -но** (*доброто, доброво, доброно*);

– множина: **-те, -ве, -не** (*добрите, добриве, добрине*).

Степенување е специфична граматичка категорија која ја поседуваат само описните придавки. Степенувањето се прави врз основа на споредба на истото својство кај други предмети.

Придавката има три степени: позитив, компаратив и суперлатив. **Позитив** е основната форма на придавката (*висок, висока, високо*). Со **компаратив** се прави споредба меѓу два предмета, групи, класи, а се образува со додавање на претставката **по-** на основната форма на придавката (на пример, *подобар, повисок, посреќен*). **Суперлативот** е највисокиот степен со кој се прави споредба на повеќе од два предмета, групи или класи. Се образува со додавање на претставката **нај-** на основната форма на придавката (на пример, *најдобар, највисок, најсреќен*).

Образување на придавките

Придавките се образуваат со додавање суфикси на постојни придавки или на зборови од други зборовни групи.

Придавките од **именки** се добиваат со следните суфикси:

-ов/-ев (*дедов, црешов, срцев, сончев*);
-ски/-шки/-чки (*езерски, судски, велешки, човечки*);
-ен (*железен, писмен, студен*);
-ест (*аглест, влакнест, мускулест*);
-ин (*бабин, пчелин, теткин*);
-ји (*божји, жабји, птичји*);
-ав (*крвав, шугав*).

Придавките од **глаголи** се изведуваат со следните суфикси:

-ен (*вреден, достижен, работен*);
-ачки/-ечки (*исцрпувачки, пливачки, важечки, движечки*);
-лив (*колеблив, растеглив, убедлив*);
-телен (*ослободителен, растителен, решителен*).

Придавките од **други придавки** се изведуваат со следните суфикси:

-кав (*синкав, жолтеникав, зеленикав*);
-ичок/-ечок (*слабичок, малечок*);
-узлав (*белузлав*).

Придавките од **прилози** најчесто се образуваат со суфиксот:

-ен (*горен, денешен, надолен, овдешен, сегашен*).

Придавките од **броеви** се образуваат со суфиксите:

-ти (*петти, стоти*);
-ен (*двоен, троен*);
-ичен (*вторичен*).

Функции на придавките во реченицата

Функциите на придавките во реченицата произлегуваат од нивното основно значење – именување карактеристики на предметите и појавите. Придавките во реченицата вршат, пред сè, **атрибутска** функција. На пример, *добра книга.*

Поврзаноста со именките може да биде и преку глаголот, па тогаш тие се во функција на **именски дел од глаголско-именскиот прирок**. На пример: *Книгата е добра.*

Кога придавките се употребуваат без именка се вели дека се супстантивизирани, т. е. по-именчени и како такви можат да вршат функции што ги врши именката: **подмет, предмет**: *Стариот седеше на клупата. // Му помогнав на болниот. // Ја погледнав новодојдената.*

Запомни!

Придавките се менливи зборови што означуваат некоја карактеристика на предметите, суштествата и на појавите. Нивната поделба е на описни, односни, бројни и заменски придавки. Покрај тоа што имаат исти граматички категории како именките, кај придавките се изделува и категоријата степен. Се образуваат со додавање суфикси на придавки и на зборови од други зборовни групи.

Добро е да се знае!

Во македонскиот стандарден јазик се употребуваат и придавки позајмени од други јазици што не се менливи по род и по број. Такви придавки позајмени од турскиот јазик се: *тазе, пембе* и др., а позајмени од англискиот се: *фер, супер, кул, онлајн* и др. Примери: *тазе бурек, тазе кифла, супер девојки, супер компјутер, онлајн настава, онлајн предавање* и сл.

Прашања и задачи:

1. Образувај придавки од следните зборови: *мајка, пролет, птица, село, Скопје, Берово, Јана, липа, цвеќе.*
2. Придавките: *народен, маглив, сестрин, внимателен, работен, граблив* се образувани од (кој вид зборови) _____ (со кои наставки?).
3. Определи ја функцијата на придавката во следните реченици:
   а) Вчера гледавме интересен филм.
   б) Третиот добитник на наградата е Марија.
   в) Оваа лектира е најмала.
   г) Возрасните никогаш не ги разбираат младите.
   д) Вечерата беше вкусна.
4. Во тетратка запиши ги формите за компаратив и суперлатив од придавките:
   – убав: _____, _____.
   – храбар: _____, _____.

Броеви

Напиши го датумот на твоето раѓање со зборови.

Дискутирај за изговорот и за пишувањето на броевите, употребувајќи го твоето претходно стекнато знаење.

Броевите се група менливи зборови со кои се означува количество (точно избројано или приближно). Според тоа, се разликуваат броеви за определена или за приближна бројност. Тие најчесто одат со именките и означуваат нивни количествен признак.

Форми за род препознаваат само броевите *еден* (*еден, една, едно*) и *два* (*два* → за машки род; *две* → за женски и среден род); **за лица** се употребуваат членуваните форми *обата/обајцата, обете.*

Броевите можат да изразуваат и категорија определеност, односно да добијат член: ***Седумте*** *ученички постигнаа голем успех.* // ***Стоте*** *денари беа доволни за сѐ.*

Броевите се делат на **прости броеви** и **сложени броеви**.

Прости броеви се од 1 до 10, бројот 100, потоа *илјада, милион, милијарда, билион, трилион,* кои имаат и множина и се сметаат за именки.

Сложените броеви се добиени од простите броеви на неколку начини:

Од 11 до 19: со предлогот **на** меѓу десетката и единечниот број (на пример, *единаесет, дванаесет, тринаесет*);

Од 21 па натаму: со сврзникот **и** меѓу претпоследниот и последниот број од сложениот броен израз (на пример, *триста четириесет **и** осум, илјада деветстотини шеесет **и** пет* и сл.);

Кај десетиците и стотиците – со директно спојување на единечниот број и бројот **десет**, односно бројот **сто**, на пример: *дваесет, педесет, седумдесет, двесте, триста, петстотини, осумстотини* итн.

Броевите означуваат **определена** (точна) и **приближна** бројност.

Бројни форми за лица или определена бројност на лица од машки пол или група во која барем едно лице е од машки пол се образуваат со додавање на суфиксите *-ица, -мина.* На пример, *двајца, четворица, петмина* итн.

Примери во реченица: *Петтемина влегоа веднаш во салата.* // *Тројца од учениците го решиле тестот целосно.*

Броеви за приближна бројност се добиваат на **два начина**:

1) Со поврзување на два последователни броја, на пример: *пет-шест, два-тринаесет, три-четиринаесет, пет-шеесет* итн.

Примери во реченица: *Направив три-четиринаесет палачинки за појадок. // Детелинката има три-четири листа.*

2) со додавање на суфиксот *-ина*, на пример: *десетина, дваесетина, стотина* итн.

Примери во реченица: *На прославата дојдоа десетина гости. // Треба да прочитаме дваесетина лектири.*

Потсети се!

На секој број што завршува на *-т* ако му додадеме членска наставка за да нагласиме некој број на суштества или предмети во поголемото множество на такви суштества или предмети, при пишувањето и изговорот се употребуваат две *-т*: *деветте, десетте* и сл.: *Десетте денари не ми беа доволни за сладолед.* (Иста појава на две *-тт-* имаме и кај редните броеви изведени од број што завршува на *-т*: *петти, деветти, десетти*, итн.; види: бројни придавки.)

Прашања и задачи:

1. **Наведи ги броевите што разликуваат форми за род и за број!**
2. **Усогласи ги формите и напиши ги во тетратка броевите со букви:**

   а) 52 ден

   б) 1001 ноќи

   в) 21 палта

   г) 51 приказни
3. **Направи форми за определена бројност од броевите: 2, 4, 5, 6, 7, 80, кои се однесуваат на лица од машки пол.**
4. **Наведи три примери на броеви што покажуваат приближна бројност.**
5. **Во тетратка напиши ги со букви броевите:**
   365 и 1687.
6. **Членувај ги броевите: 4, 7, 9, 30 и 100.**
7. **Во тетратка напиши ги со зборови (букви) броевите во следните реченици и усогласи ги со формите на именката:**

   – *Мајка ми ме прати да купам* 3 (*леб*).

   – *Таа имаше* 4 (*брат*).

   – *Со авионот патуваат* 31 (*патник*).

   – *За посетата на Италија ни останаа само* 3 (*ден*).

   – *Групата ја сочинуваат* 5-60 (*војник*).

Научи повеќе!

Во македонскиот јазик постои и множинска форма од бројот 1 – формата *едни*, која не е број, зашто бројот 1 не може да има множина, туку е неопределен член: *Дојдоа едни ученици.*

Бројни придавки

Бројните придавки означуваат карактеристика на предмети, суштества и појави, изразена преку **ред** или **умноженост**. Бројните придавки произлегуваат од **броевите**, но за разлика од нив, служат за опишување на именката. Според значењето, бројните придавки може да се поделат на:

1) придавки што ги означуваат лицата, предметите и поимите по **ред**; се образуваат од основните броеви и имаат посебни форми за првите четири броја, а од 5 до 100 се образуваат со додавање на наставката **-ти** на основниот број. Исклучок се редните придавки *седми* и *осми*. Примери: ***прв** час, **втор** ученик, **трета** книга, **четврта** лекција, **петти** средби, **шеста** задача, **седми** кат, **десетта** страница, **единаесетта** буква, **стота** опомена.* Овие бројни придавки уште се нарекуваат и **редни броеви**;

2) придавки што ја означуваат **умноженоста** на предметите, односно колку пати е поголемо нештото, а се образуваат со наставките **-ен** (само од броевите 2 и 3), **-орен** или **-кратен**: *двоен* (*двојна, двојно, двојни*), *троен* (*тројна, тројно, тројни*), *четворен* (*четворна, четворно, четворни*), *петорен* (*петорна, петорно, петорни*), *шесторен* (*шесторна, шесторно, шесторни*), но почесто *четирикратен, петкратен, шесткратен, седумкратен, осумкратен, деветкратен, десеткратен, дваесеткратен, стократен* итн. (со соодветните форми за женски и за среден род во еднина и со формата за множина: *четирикратна, четирикратно, четирикратни, петкратна, петкратно, петкратни* итн.). Примери:

- *Секој од учениците како **прва** задача требаше да ја заврши вежбата.*
- *Таа изеде **двојна** порција.*
- *На натпреварот го освоив **второто** место.*
- ***Десетти** пат се обидувам да го решам овој проблем.*

Освен функција на бројни придавки, овие форми можат да имаат и функција на прилози за количество: *Натпреварот го напуштија **тројно** повеќе фудбалери поради повреда.*

Размислувај, разговарај!

Што означуваат бројните придавки?

По што се разликуваат од описните придавки?

Од кој вид зборови произлегуваат бројните придавки?

Која е функцијата на редните бројни придавки?

Со кои наставки се образуваат бројните придавки за умноженост?

Запомни!

Бројните придавки не означуваат количество, туку **ред** или **умноженост**.

Кај бројните придавки образувани со наставката **-ти** се јавуваат две **-тт-** (*петти, деветта, десетто, единаесетти, дваесетти* итн.), со исклучок на формите *шести* и *стоти* кои имаат само едно **т**.

Прашања и задачи:

1. Образувај бројни придавки од следните броеви: *два, шест, девет, десет, педесет, сто.*
2. Состави реченици со следните бројни придавки: *петти, шести, двојна, прва, седумдесетти.*
3. Препиши ги реченициte во тетратка, и пронајди ги и запиши ги бројните придавки:
   - Шестиот ден од одморот го поминавме на море.
   - Го освои трикратниот медал.
   - Тој е деветти по ред во тимот.
   - Таа носи двојна доза од тортата.
   - Во првата куќа живее нашата учителка.
   - Тој го прочита вториот дел од книгата.
   - Денес е мојот трет обид.
4. Пронајди ја грешката во употребата на бројната придавка и поправи ги реченициte.
   - Тој се насели на трикратниот кат.
   - Најбрз беше двојниот во редот од момчињата.
   - Теа ја прочита тројната книга од библиотеката.
5. Во следните примери определи дали е употребена бројна придавка или број.
   - На петтата тезга купив јаболка.
   - Купив пет јаболка.
   - Твојот втор состав е многу подобар.
   - Во седмата клупа седеше нов ученик.
   - Во дворот имаме три дрвја.
   - Тој го реши четвртиот пример без грешка.
   - На пазар купив два килограми домати.
   - Го прочитав осмиот дел од приказната.
   - Во кујната има пет чаши на масата.
   - Учителката го пофали првиот ученик што ја крена раката.
   - Денес имаме четири часа по македонски.
   - Татко ми ја паркира колата на третата улица.
   - На роденденот дојдоа десет гости.

Функции на броевите во реченицата

Броевите во реченицата најчесто се јавуваат во атрибутска служба, на пример: *три деца, пет-шест дена, дваесетина ученици, десетина деца играа во дворот.*

Ако се употребат самостојно, броевите можат да имаат и други функции:

– Функција на подмет, на пример, ***Седум** е прост број.*

– Функција на именски дел на прирокот, на пример, *Највисоката оценка е **пет**.*

– Функција на граматички предмет: *Го прочитав само **третото** (писмо)* (директен предмет); *На **три** му го додаваме добиениот збир* (индиректен предмет); *Помножете со **два**!* (предлошки предмет).

Запомни!

Броевите се група менливи зборови со кои се означува количество. Основната поделба е на прости и сложени броеви. Броевите означуваат точно определена или приближна бројност.

Прашања и задачи:

1. **Одреди ја функцијата на броевите во секоја од следниве реченици:**
   - Првиот секогаш добива и медал и парична награда.
   - Јас ја средив втората задача, а ти среди ја третата.
   - Се пазарив само за петте книги, а шестата ја оставив.
   - Два лебеда пливаа по езерото.
   - За роденденот, порачав двајца кловнови.
   - Сите седуммина пееја прекрасно.
2. **Промени ја функцијата на бројот во реченицата според упатството. Пример: Пет ученика излегоа на табла. (атрибутска функција) Промени во подмет: Пет е мојот омилен број.**

   а) Три книги лежеа на масата.
   Промени во директен предмет: _____
   б) Јас сретнав две другарки.
   Промени во подмет: _____
   в) Двајца другари отидоа на кино.
   Промени во индиректен предмет: _____
3. **Прочитај го следниот краток текст. Пронајди ги сите броеви и одреди ја нивната функција во реченицата.**

   На натпреварот по математика учествуваа триесет ученици. Првиот доби диплома, а на вториот му припадна пофалница. Највисокиот освоен број поени беше сто. Јас ги решив сите десет задачи без грешка.
   Пример: триесет – атрибутска функција (означува количество).

Заменки

Во следните реченици замени ги имињата со **заменки**:

- Маре и Петар заминаа да учат со Никола.
- Маја има нов велосипед.
- Ја видов Јана на училиште.

Забележи ја разликата во значењето на речениците!

Заменките се менливи зборови што имаат задача да означуваат или да посочуваат предмети, суштества и појави (тие не именуваат, туку покажуваат).

Според значењето, заменките се делат на три основни групи: **лични заменки, лично-предметни и показни заменки**.

Личните заменки најчесто означуваат лица, ја поседуваат граматичката категорија лице, а со нив се означува односот на учесниците во разговорот. Се разликуваат три граматички лица: **прво лице (јас, ние) – говорителот; второ лице (ти, вие) – соговорникот; трето лице (тој, таа, тоа; тие) – лице за кое се зборува, без разлика дали е присутно во говорната ситуација или не**. Личните заменки, покрај овие основни форми, имаат и посебни куси и долги заменски форми за директен и за индиректен предмет: *Тебе те поканувам на гости. // Ја поканив неа. // Нему му реков.*

Долгите форми за директен предмет се користат и за изразување предлошки предмет со разни предлози: *Ќе дојдам без него. // Јас отидов со неа. // Размислуваме за нив.*

Кусите форми за индиректен предмет се користат за изразување посвојност кога ќе се употребат по роднинските имиња и по други имиња што покажуваат релации: *брат ми; сестра му, другарка ѝ, вујко им* и сл.

Втората основна група се **лично-предметни заменки: кој, што и чиј**.

Заменката **кој** е основната форма што се користи за изразување на подметот во реченицата: *Кој дојде?* Кога се однесува само на лица, има форми и за директен и за индиректен предмет: **кого, кому**. Примери: *Кого го виде? // Кому му кажа?* Формата *кого* се употребува и со предлози за изразување предлошки предмет: *Со кого беше таму?*

Кога се однесува и на лица и на предмети, заменката ги разликува сите три рода во еднина и една форма во множина: **кој, која, кое; кои**. Примери: *Кој компјутер е расипан? // Која книга треба да ја вратам? // Кое дете дојде прво? // Кои слики недостасуваат?*

Заменката **што** се однесува на предмети и дејства/појави: *Што е ова на масата? // Што се случи?*

Заменката **чиј** има посвојно значење и форми за сите три рода во еднина, како и една форма за множина: **чиј, чија, чие, чии**. Се употребува и за лица и за предмети. Примери: *Чиј е овој молив? // Чија е тетраткава? // Чие е пенкалово? // Чии се овие деца? // Чии се овие книги?*

Според значењето и функцијата, лично-предметните заменки се делат на:

прашални: *кој (која, кое, кои, кого, кому)? чиј (чија, чие, чии)? што?*;

односни: *кој (која, кое, кои), којшто (којашто, коешто, коишто), што, чиј (чија, чие, чии), чијшто (чијашто, чиешто, чиишто)*;

одречни: *никој (никоја, никое, никои, никого, никому), ништо, ничиј (ничија, ничие, ничии)*;

општи: *секој (секоја, секое, секои), сешто, сечиј (сечија, сечие, сечии)*;

неопределени: *некој (некоја, некое, некои), нешто, нечиј (нечија, нечие, нечии), кој било (која било, кое било, кои било), кој-годе, што-годе*.

Третата група се **показните заменки**, кои служат за просторно и временско посочување на лица и предмети во однос на лицето што зборува. Можат да се поделат на три низи:

за блиски предмети: *овој, оваа, ова, овие*;

за оддалечени предмети: *оној, онаа, она, оние*;

за предмети блиски до соговорникот или предмети во отсуство: *тој, таа, тоа, тие*.

	Еднина					Множина			Еднина и множина
	1 лице	2 лице	3 лице			1 лице	2 лице	3 лице	
основна (подметска) форма	јас	ти	м. род	ж. род	ср. род	ние	вие	тие	–
			тој	таа	тоа				
форма за директен предмет	мене ме	тебе те	него го	неа ја	него го	нас нѐ	вас ве	нив ги	себе (си), се
форма за индиректен предмет	мене ми	тебе ти	нему му	нејзе ѝ	нему му	нам ни	вам ви	ним им	себе (си), си
форма што се употребува со предлози	мене	тебе	него	неа	него	нас	вас	нив	себе (си)

Функции на заменките во реченицата

Заменките во реченицата ја имаат истата функција како и именките. Според тоа, можат да се јават во функција на:

- **подмет**: *Јас ќе работам утре.*
- **директен предмет**: *Го испратив него.*
- **индиректен предмет**: *Му дадов нему.*
- **предлошки предмет**: *Постојано зборуваме за него.*
- **прилошка определба**: *Отидовме кај нив.*
- **атрибут**: *Секој ученик ќе одговара на оваа тема.*
- **именски дел на прирокот**: *Книгите ќе бидат овие.*

Кога се обраќаме на некое лице со кое немаме секојдневна комуникација или се однесуваме кон тоа лице со почит, му се обраќаме со *Вие* и тоа го пишуваме со голема почетна буква, без разлика на позицијата во реченицата: *Откако Вие програмирате, работава убаво оди. // Ние Ви благодариме Вам, професорке, за целиот вложен труд!*

Честопати, заменките во реченициите се испуштаат, а реченицата е, сепак, разбирлива за тоа на кого се однесува дејството на глаголот, бидејќи тоа е јасно од самата глаголска форма која има различни наставки за различни граматички лица: *Додека програмираат, не можеме да работиме. // Научив што треба да кажам!*

Добро е да се знае!

Во македонскиот јазик постои и форма за индиректен предмет (остаток од стариот дативен падеж) од лично-предметната заменка *што* и таа гласи *чуму*: *Чуму ти е пенкалово кога сѐ пишуваш на компјутер?*

Не ја наведовме погоре во лекцијата затоа што веќе звучи архаично и малку се употребува.

Прашања и задачи:

1. **Во следниов кус текст замени дел од именките со заменки (каде што е можно) за да нема повторување на зборовите.**

   Во нашиот клас дојде нов ученик. Ученикот дојде од Германија. Ученикот не знаеше да зборува добро македонски. Професорката по македонски јазик му помагаше на ученикот. Професорката правеше дополнителни вежби за ученикот. Ученикот ги совлада лесно дополнителните вежби. Ученикот беше горд што почна течно да зборува македонски јазик.

2. **Во следните реченици пронајди ги показните и личните заменки:**
   - Неа ја видов вчера во библиотека.
   - Овој ќе донесе чаша вода?
   - Вас ве викнаа кај директорот.
   - Овие се најдобрите ученици!
   - Мене ме поканија на роденден.
3. **Дополни со соодветна лична заменка:**

   ___ сум ученик во петто одделение.

   ___ ли сте новите соседи?

   ___ и неговата сестра дојдоа на забава.

   Марија е умна, ___ секогаш има одлични оценки.
4. **Препиши ги реченициte во тетратка, така што ќе ја внесеш кратката форма за директен или за индиректен предмет на празното место:**

   Татко ми ___ купи нова играчка.

   Мајка ми ___ раскажа интересна приказна.

   Пријателите ___ поканија на роденден.

   Учителката ___ даде награда.
5. **Дополни со соодветна лично-предметна заменка:**

   ___ е твоето име?

   ___ книга ја читаш сега?

   ___ е оваа торба? (на кого припаѓа)

   Девојчето ___ мајка е докторка е моја пријателка.

   Не знам ___ да прашам за помош.
6. **Дополни со соодветна показна заменка:**

   ___ книга (блиску до мене) е мојата омилена.

   ___ куќа (далеку) е многу убава.

   ___ деца (овде близу) играат фудбал.

   ___ е твојот брат?

Глаголи

Направи листа со одлики на глаголите.

Дискутирај за граматичките категории кај другите менливи зборови за кои учеше досега. Најди ги разликите и сличностите.

Глаголите се полнозначни, менливи зборови со кои се означува некакво дејство, процес, случување, состојба. Дејството изразено со глаголот најчесто го врши некое живо суштество (човек или животно: *работи, копа, јаде, бере, учи* и др.), а состојбите, случувањата и процесите можат да бидат врзани и со нешто живо (*некој спие, стои, лежи, носи* и сл.), но и со предмети или појави во природата (*ветрот носи гранки, сонцето изгрева, реката жубори, книгата лежи на масата* и сл.). Постојат и глаголи што изразуваат состојби или процеси за кои не се знае вршителот и тие глаголи се викаат безлични (*врне, грми, снежи, се стемнува, се разденува* и сл.).

Граматички категории

Граматичките категории што ги разликуваат глаголите се: лице, време, начин, вид, преодност, број, род и залог.

Категоријата **лице** дава информација за вршителот на дејството, односно дали е тоа говорителот (прво лице), соговорникот (второ лице) или некој што е надвор од говорната ситуација (трето лице). Секоја глаголска форма што содржи информација за лицето се вика **лична глаголска форма**. Информацијата за лицето (вршителот на дејството) кај глаголите во македонскиот јазик се дава преку наставките, кои најчесто се различни за трите лица во еднина и трите лица во множина (*спијам, спиеш, спие, спиеме, спиете, спијат*). Само кај времињата или начините кои немаат посебни наставки за сите лица, треба да се појави и личната заменка пред глаголот за да знаеме за кое лице се работи: *ти читаше/тој читаше; јас би работел/ти би работел/тој би работел.*

Категоријата **време** се врзува за одредено време – момент или подолга временска рамка – кога се случува дејството/состојбата. Дејствата можат да се вршат во моментот на зборување (сегашноста), пред моментот на зборување (во минатото) и по моментот на зборување (да се случат во иднина). Според тоа, постојат три основни глаголски времиња: **сегашно** (*мислам, спијам, патувам*), **минато** (*мислев, спиев, патував*) и **идно** (*ќе мислам, ќе спијам, ќе патувам*).

Категоријата **начин** дава информација за личниот однос на говорителот кон дејството. Доколку лицето (говорителот) ја предава информацијата без да заземе личен став кон неа, станува збор за **исказен** начин. Кога говорителот го искажува дејството во вид на заповед, тогаш се истакнува **заповедниот** начин. Ако дејството се предава со изразување став за можност, желба, потреба, тогаш се зборува за **можниот** начин на изразување на дејството.

Разликите во претставувањето на глаголските дејства се изразуваат со категоријата **вид**. Глаголите во нивната основна форма (формата што се сретнува во речниците), ја содржат информацијата дали дејството претставува продолжителен процес, траење или, пак, е заокружено или завршено дејство. Според тоа, глаголите се делат на две групи: **свршени и несвршени** глаголи. Свршените глаголи изразуваат завршено, заокружено дејство (*тропне, даде,*

седне, купи). Несвршените глаголи изразуваат дејство што не е завршено (трае, се одвива): *плива, чита, јаде, спие*. Како посебна подгрупа во рамките на несвршените глаголи се **повторливите** глаголи, кои изразуваат продолжително дејство, кое се одвива во правилни временски интервали (*седнува, потпевнува, поскокнува*).

Категоријата **преодност** се изразува според тоа дали дејството што е означено со глаголот преминува врз трпителот на дејството, врз предмет или не преминува. Според тоа, глаголите се делат на две групи: **преодни и непреодни**. Преодните глаголи употребени во реченица отвораат место за предмет: *пишува* (*книга*), *гледа* (*човек*), *носи* (*торба*). Непреодните глаголи најчесто означуваат дејства што не бараат предмет крај себе: *оди, плива, спие*. Како посебна група се издвојуваат **повратните** глаголи, на пример, *се чешла, се мие, се облекува*.

Категоријата **број** кај глаголите се изразува со форми за еднина и за множина кај сите лични глаголски форми, а од неличните глаголски форми кај глаголската придавка (*јаден/јадени*), кај глаголската именка (*јадење/јадења*) и кај глаголската л-форма (*јадел/јаделе*).

Категоријата **род** кај глаголите ја имаат глаголската л-форма во еднина (*читал, читала, читало*) и глаголската придавка, исто така само во еднина (*читан, читана, читано*).

Категоријата **залог** кај глаголите ја претставува позицијата од која се гледа на дејството: кога се изразува дејството од позиција на тој што го врши (вршителот на дејството – подметот) тогаш имаме активен залог (*Библиотекарката издаде десет книги денес*), а ако го изразуваме дејството од позиција на тој што го трпи (трпителот на дејството – предметот) тогаш имаме пасивен залог (*Десет книги се издадени денес*).

Класификација на глаголите

Кај глаголите се разликуваат **три** составни дела:

– **општ дел**

– **основен вокал**

– **наставка**



Класификацијата на глаголите е направена според вокалот на кој завршува глаголот во **трето лице еднина сегашно време**.

Приказ на глаголските групи според основните вокали:

а-група: трча, бара, прашува

е-група: лаже, грее, пее

и-група: стои, мисли, седи

Врз основа на вокалот што се јавува во **прво лице еднина, минато определено свршено време**, т. е. вокалот пред наставката, групите се делат на подгрупи, раздели:

а-група → нема раздел (секаде се јавува – а)

и-група

и – раздел – прати → пратив
е – раздел – изгори → изгорев
а – раздел – прележи → прележав

е-група

а – раздел – викне → викнав
е – раздел – сопре → сопрев
о – раздел – рече → реков

раздел без основен вокал – чуе → чув

Запомни!

Глаголите се полнозначни, менливи зборови со кои се означува некакво дејство, процес, случување и состојба. Граматичките категории што ги разликуваат глаголите се: лице, време, начин, вид, преодност, број, род и залог. Класификацијата на глаголите е направена според вокалот на кој завршува глаголот во трето лице еднина сегашно време.

Прашања и задачи:

1. Во тетратка, класифицирај ги наведените глаголски форми според глаголската група на која ѝ припаѓа менуваниот глагол: *броевте, чувме, носеле, издржавме, изгори, сушат, рековме, замоливме, молеле, читаме, испеаја.*

   а) а-група _____

   б) и-група _____

   в) е-група _____

2. Наведи ги основните форми на овие глаголи, така што да бидат разделени општиот дел од основниот вокал: *пливаме, седнав, ветуваше, броеше, вози, пиеја.*
3. Кои од наведените глаголи се од несвршен вид:

   ветува, изгори, учи, тропнува, падне, наоѓа, издржи, рече, чуе, носи.

4. Определи на кој раздел му припаѓаат следниве глаголи од и-група: *стори, ослепи, исполни, прележи, истури, оздрави, прати, изгори, издржи, оглуви.*

Прости и сложени глаголски форми

Прости глаголски форми	Сложени глаголски форми
Сегашно време Минато определено несвршено време Минато определено свршено време	Минато неопределено несвршено и свршено време Предминато време Идно време Минато-идно време Идно-прекажано време
Заповеден начин Нелични глаголски форми	Можен начин Сум-конструкции Има-конструкции

Прости глаголски форми

Простите глаголски форми се состојат од една глаголска зборoформа.

Сегашно време (ПРЕЗЕНТ)

Сегашното време е едно од трите основни глаголски времиња. Тоа ја претставува појдовната точка при одредување на времињата бидејќи за да се одреди минатоста и идноста, најнапред се зема моментот на зборување.

Кај сегашното време се изразува совпаѓање меѓу моментот на зборувањето и моментот на извршувањето или одвивањето на глаголското дејство.

За еднина А/И/Е-група	За множина А/И/Е-група
1л. -**м** слушам/мислам/јадам	1л. -**ме** слушаме/мислиме/јадеме
2л. -**ш** слушаш/мислиш/јадеш	2л. -**те** слушате/мислите/јадете
3л. -**Ø** слуша/мисли/јаде	3л. -**ат** слушаат/мислат/јадат

Сегашното време во своето основно значење се образува само од несвршени глаголи, додека од свршените глаголи само во одделни конструкции, со помош на партикули или сврзници (*ако, да, дури да/не, додека да/не, ќе*).

Пример: *Ана слуша музика. // Ана сака да ја слушне оваа песна.*

Сегашното време може да означува и:

– минатост: *Едно време, одиме на излет со него и...*

– идност: *Задутре одам на излет.*

Минато определено несвршено време (ИМПЕРФЕКТ)

Основното значење на ова време е искажување минато засведочено дејство во одвивање, во траење (се искажува дејство што се вршело или се извршувало во минатото како процес, како траење). Ова значење се искажува со формите од несвршени глаголи.

	А-група (чита)	И-група (коси)	Е-група (спие)
Еднина	1л. чита-в	1л. косе-в	1л. спие-в
	2л. чита-ше	2л. косе-ше	2л. спие-ше
	3л. чита-ше	3л. косе-ше	3л. спие-ше
Множина	1л. чита-вме	1л. косе-вме	1л. спие-вме
	2л. чита-вте	2л. косе-вте	2л. спие-вте
	3л. чита-а	3л. косе-а	3л. спие-ја

И ова време со своите форми може да има различни значења, кои повеќе или помалку се разликуваат од неговото основно значење.

Со формите на ова време и со употреба на честичката *да*, или сврзникот *ако* се изразува значење на услов: *Да дојдеше порано, немаше да има проблем за сместување. // Ако не врнеше денес, ќе одевме на прошетка.*

Како што се забележува од првиот пример (*да дојдеше*), во ваква употреба минатото определено несвршено време може да се образува и од свршени глаголи.

Минато определено свршено време (АОРИСТ)

Формите на ова време изразуваат засведочени дејства што се извршиле во минатото, т. е. се предаваат во нивната заокруженост, завршеност (во присуство или со учество на оној што зборува).

		И-група		
	А-група (прочита)	и-раздел (прати)	е-раздел (оздраве)	а-раздел (издржа)
Еднина	1л. прочита-в	1л. прати-в	1л. оздраве-в	1л. издржа-в
	2л. прочита-Ø	2л. прати-Ø	2л. оздраве-Ø	2л. издржа-Ø
	3л. прочита-Ø	3л. прати-Ø	3л. оздраве-Ø	3л. издржа-Ø

Множина	1л. прочита-вме	1л. прати-вме	1л. оздраве-вме	1л. издржа-вме
	2л. прочита-вте	2л. прати-вте	2л. оздраве-вте	2л. издржа-вте
	3л. прочита-а	3л. прати-ја	3л. оздраве-а	3л. издржа-а

Е-група	е-раздел	о-раздел	раздел без основен вокал
Еднина	сопре-в	реко-в	чу-в
	сопре	рече	чу
	сопре	рече	чу
Множина	сопре-вме	реко-вме	чу-вме
	сопре-вте	реко-вте	чу-вте
	сопре-а	реко-а	чу-ја

Овие форми исто така имаат вторични значења, но ретко се користат.

Можат да се јават со значење на услов: *Кажав ли еднаш, не повторувам веќе!* Можат да се јават и со значење на идност: *Ако биде летото топло, се стопивме како сладолед!*

Разликата меѓу формите за минато определено несвршено и свршено време се темели врз разликата во видот меѓу глаголите.

Научи повеќе!

Во западното македонско дијалектно наречје сè уште се употребува минато определено свршено време (аорист) од несвршени глаголи, со цел да се каже заокружено дејство што се одвивало подолготрајно: *Таа спа, спа, се изнаспа.*

Заповеден начин (ИМПЕРАТИВ)

Со заповедниот начин говорителот изразува заинтересираност за вршење (извршување) на глаголското дејство, која се предава во вид на заповед кон соговорникот или соговорниците за да биде дејството извршено. Се разликуваат форми за изрекување директна и индиректна заповед.

Заповеден начин (ИМПЕРАТИВ)	Директна заповед	Индиректна заповед
	(2 лице, едн./мн.) -ј/-јте – *пеј/пејте* -и/-те – *јади/јадете*	(1, 3 лице) нека/да + СЕГАШНО ВРЕМЕ *да одам; нека/да оди*
	Одречна форма	
	не + заповеден начин (*не читај!*) немој/те + да + глагол во сег. време (*немој да читаш!*)	

Негираните форми за заповеден начин од свршените глаголи немаат вистинско заповедно значење, туку изразуваат заплашување: *Не стани од масата, па ќе видиш!*

Нелични глаголски форми

Глаголска л-форма

Оваа нелична глаголска форма го добила своето име според наставката -л (за машки род), -ла (за женски род), -ло (за среден род) и -ле (за сите три рода во множина). Оваа форма се нарекува нелична глаголска форма бидејќи не разликува лице, а ја разликува категоријата род во еднина. Се образува и од свршени (*читал*) и од несвршени глаголи (*прочитал*). Притоа, постојат и свршени и несвршени форми од сите глаголи: *носил/носел, плетол/плетел*). Од овие парови, првите форми многу ретко се употребуваат.

Кај глаголите од свршен вид има исто така две форми: *паднал/паднел, останал/останел, фатил/фател*, но вторите се употребуваат само со честичките *ќе* и *би* или со сврзниците *да* и *ако*. Примери: *Тој паднал. // Тој ќе паднел да не го придржел другар му.*

Со оваа форма се градат неколку сложени глаголски форми (перфект, плусквамперфект, идно-прекажано време, можен начин).

Л-форма	Промена по род и по број **-л, -ла, -ло, -ле** *викал/-ла/-ло/ле, шетал/-ла/-ло/-ле, цртал/-ла/-ло/-ле;* *паднал/-ла/-ло/-ле, научил/-ла/-ло/-ле.*

Глаголска придавка

Глаголската придавка има карактеристики и на глаголот и на придавката. Се добива од глаголски корен, но морфолошки е придавка, што значи дека ги поседува особеностите на придавка и се врзува за именката, а воедно се усогласува со неа според родот, бројот и определеноста. Се образува со додавање на следните наставки: 1) **-н, -на, -но, -ни** (*бере-н/-на/-*

но/-ни) и 2) **-т, -та, -то, -ти** (*скина-т/-та/-то/-ти*). Со вторите наставки со **-т** се образуваат глаголски придавки од глаголи со општ дел на **н**. Кај некои глаголи се образуваат двојни форми на глаголска придавка: *дерен-дран/берен-бран* и сл.

- Посочените наставки се додаваат на основните вокали **а** и **е**. Основниот вокал **а** се појавува кај сите глаголи од **а**-група (*прочитан*) и кај некои глаголи од **е**- и од **и**-група (*скинат, задржан*), додека основниот вокал **е**, кај останатите глаголи од **е**- и од **и**-група (*испиен, најаден, подмладен, искосен, достоен*).
- Глаголската придавка во македонскиот јазик најчесто е во функција на дел од глаголските конструкции со *сум* и со *има*: *Тој е најаден. // Тие го имаат положено тој испит.*
- Глаголската придавка може да има и атрибутска функција: *учен старец, расплакано дете.*

Глаголска придавка	
Со именка (придавска функција): *учен човек*	**-н, -на, -но, -ни** (*бере-н/-на/-но/-ни*)
Со помошен глагол (глаголска функција): *Тој има учено во странство*	**-т, -та, -то, -ти** (*скина-т/-та/-то/-ти*)
	Двојна форма (*дерен-дран/берен-бран*)

Глаголска именка

Образувањето на глаголската именка е карактеристично само за несвршени глаголи со додавање на наставката **-ње**. Оваа наставка се додава на основниот вокал **а** кај глаголите од **а**-група, а на основниот вокал **е** кај глаголите од **е**- и од **и**-група. Примери: *читање, јадење, мислење, учење, смеење* и др.

Глаголската именка е форма која се добива од глагол, а се однесува како именка, значи во неа има нешто глаголско и нешто именско. Во промената се однесува како именка (има род, број и определеност), а се изведува од глаголска основа. Глаголската именка најчесто изразува име на дејството, но без укажување на вршителот. Значи кај глаголските именки недостасуваат главните граматички категории за глаголот, а тоа се лицето и времето.

Постојат ситуации во кои се сретнуваат глаголски именки образувани од свршени глаголи, со додавање на наставката **-ние**.

Глаголската именка најчесто заменува зависна реченица: *Едно влегување, седна да јаде.* (= Кога влезе, седна да јаде.).

Глаголска именка	Несвршени глаголи: **-ње** (*чекање*)
	Свршени глаголи: **-ние** (*воспитание*)

Глаголски прилог

Неличната глаголска форма добиена од глагол, а со прилошка функција и значење, се нарекува глаголски прилог. Означува дејство временски паралелно со друго дејство, при што и

времето и вршителот на дејствата се исти. Се образува од несвршени глаголи со додавање на наставката **-јќи**. Таа се додава на основниот вокал **а** кај глаголите од **а-група**, а на основниот вокал **е** кај глаголите од **е-** и од **и-група**. Примери: *сакајќи, јадејќи, одејќи* и сл.

Пример за изразување дејство временски паралелно со друго дејство: *Поткривнувајќи со ногата, тој успеа да дојде до дома.*

Глаголскиот прилог може да замени дел-реченица со различни значења: *Знаејќи дека е тежок испитот, Бојана учеше цели два месеца.* (= Затоа што знаеше дека е тежок испитот, Бојана учеше цели два месеца.).

Глаголски прилог	Паралелно дејство несвршени глаголи (**-јќи**)

Сложени глаголски форми

Сложените глаголски форми се состојат од две компоненти (зборoформи). Во нивниот состав учествува една проста глаголска форма, како и формите на помошните глаголи **сум/има** и честичките **ќе, би**.

Минато неопределено несвршено и свршено време (ПЕРФЕКТ)

Основното значење на минатото неопределено време е изразување дејства кои се одвивале во минатото, но без да бидат врзани за определен момент од тоа минато. Се образуваат од сегашното време на помошниот глагол **сум** и **л-формата** на менуваниот глагол, кој може да биде свршен или несвршен. Во македонскиот јазик, формите на минатото неопределено време изразуваат и незасведоченост на дејството, односно говорителот ја добил информацијата од некој друг и тоа го нарекуваме прекажаност. Ова е посебно изразено во третото лице: *Тој ја научил лекцијата. // Си биле една баба и еден дедо.*

Промената на глаголите е претставена во табелата:

Минато неопределено несвршено и свршено време (ПЕРФЕКТ)	**сум** (сегашно време) + глагол во л-форма	*сум (про)читал*

од несвршени глаголи (*чита, носи, пее*)

Еднина	**Множина**
1л. *сум читал, сум носел, сум пеел*	1л. *сме читале, сме носеле, сме пееле*
2л. *си читал, си носел, си пеел*	2л. *сте читале, сте носеле, сте пееле*
3л. *читал, носел, пеел*	3л. *читале, носеле, пееле*

од свршени глаголи (*прочита, износи, испее*)	
Еднина	**Множина**
1л. *сум прочитал, сум износил, сум испеал*	1л. *сме прочитале, сме износиле, сме испеале*
2л. *си прочитал, си износил, си испеал*	2л. *сте прочитале, сте износиле, сте испеале*
3л. *прочитал, износил, испеал*	3л. *прочитале, износиле, испеале*

Покрај основното значење перфектот се употребува:

- за изразување заповед со партикулата *да*: *Веднаш да си напишал домашна работа!*
- за искажување констатација: *Колку си се разубавила!*
- претпоставки: *Веројатно заборавила за состанокот!*

Предминато време (ПЛУСКВАМПЕРФЕКТ)

Оваа сложена глаголска форма означува дејство што се случило пред друго дејство во минатото. Тоа е основното значење на предминатото време. Неговите форми се образуваат од глаголот *сум* во минато определено несвршено време и глаголската л-форма, најчесто од свршен глагол. Пример: *Откако беше излегол во дворот, го видел новиот автомобил, паркиран пред гаражата.*

Предминато време (ПЛУСКВАМПЕРФЕКТ)	**сум** (мин. определ. време) + глагол во л-форма *бев прочитал*
Еднина (*прочита, прати, излезе*)	**Множина**
1л. *бев прочитал, бев пратил, бев излегол*	1л. *бевме прочитале, бевме пратиле, бевме излегле*
2л. *беше прочитал, беше пратил, беше излегол*	2л. *бевте прочитале, бевте пратиле, бевте излегле*
3л. *беше прочитал, беше пратил, беше излегол*	3л. *беа прочитале, беа пратиле, беа излегле*

Ова време сè поретко се употребува во македонскиот јазик и не се употребува секогаш со значење на предминатост, туку со значење на одамна завршено дејство или дури и на дејство што се случило по некое друго во минатото: *Откако разговаравме, сосетката беше ја прочитала новата книга.*

Идно време (ФУТУР)

Сите дејства што се случуваат по моментот на зборувањето, на временската оска припаѓаат кон категоријата идност, односно се изразуваат со употребата на идно време. Ова време не спаѓа во зоната на реалноста, ами во зоната на нефактивноста, т. е. во зона на планирани дејства. Пример: *Ќе учиме и ќе постигнеме успех на сите полиња.* Во некои ситуации, идноста може да биде изразена и од аспект на некој минат момент: (*Минатиот месец дознав дека тие ќе одат на одмор заедно.*).

Формите на идно време се образуваат од честичката **ќе** која му се додава на глаголот во сегашно време.

Идно време (ФУТУР)	**ќе** + глагол во сегашно време	*ќе (про)читам*
	Одречна форма	
	не + идно време (*не ќе одиш*) нема + да + глаголот (сег. време) (*нема да одиш*)	

(*игра, носи, везе*)

Еднина	**Множина**
1л. *ќе играм, ќе носам, ќе везам*	1л. *ќе играме, ќе носиме, ќе веземе*
2л. *ќе играш, ќе носиш, ќе везеш*	2л. *ќе играте, ќе носите, ќе везете*
3л. *ќе игра, ќе носи, ќе везе*	3л. *ќе играат, ќе носат, ќе везат*

Минато-идно време

Со формите на ова сложено време се изразува таква идност која не следува по моментот на зборувањето (сегашноста) туку по некој друг минат момент. Настаните се случиле по некој настан, а пред сегашниот момент (моментот на зборување). Пример: *Децата ќе одеа на екскурзија минатата недела.*

Најчеста употреба на ова време е во главната дел-реченица при изразување нереален услов:

Да дојдеше навреме, ќе одевме на Водно.

Се образува од честичката **ќе** и минато определено несвршено време на глаголот, кој може да биде од свршен или несвршен вид.

Минато-идно време	**ќе** + глагол во мин. опр. несврш. време; (не)сврш. вид глаголи	*ќе одев/ќе отидев, ќе отидеше*
	Одречна форма	
	не + мин.-идно време (*не ќе одев*) немаше (3л. мин. определ. време) + да + глаг. (сег. време) (*немаше да одам*)	

	Несвршен вид (*вика, крои, пече*)	Свршен вид (*викне, скрои, испече*)
Еднина	1л. *ќе викав, ќе кроев, ќе печев*	1л. *ќе викнев, ќе скроев, ќе испечев*
	2л. *ќе викаше, ќе кроеше, ќе печеше*	2л. *ќе викнеше, ќе скроеше, ќе испечеше*
	3л. *ќе викаше, ќе кроеше, ќе печеше*	3л. *ќе викнеше, ќе скроеше, ќе испечеше*
Множина	1л. *ќе викавме, ќе кроевме, ќе печевме*	1л. *ќе викневме, ќе скроевме, ќе испечевме*
	2л. *ќе викавте, ќе кроевте, ќе печевте*	2л. *ќе викневте, ќе скроевте, ќе испечевте*
	3л. *ќе викаа, ќе кроеја, ќе печеа*	3л. *ќе викнеа, ќе скроеја, ќе испечеа*

Идно прекажано време

Идното прекажано време се темели врз категоријата незасведоченост. Станува збор за индиректно пренесени дејства што се случуваат во моментот или треба да се случат во иднина, а кои на говорителот му се соопштени со посредство на друга личност. Примери: *Децата ќе оделе денес на екскурзија. // Децата утре ќе оделе на екскурзија.*

Ова време се употребува во главната дел-реченица во условните зависносложени реченици за условени дејства што се прекажани од друг: *Ако ги поправеле оценките, ќе оделе на екскурзија. // Да сте ги научеле лекциите навреме, родителите ќе ви дозволеле да одите на екскурзија.*

Во образувањето на идното прекажано време учествуваат честичката ќе и формите на минатото неопределено (свршено и несвршено) време.

Идно прекажано време	ќе + глагол во мин. неопр. време	*ќе сум читал (прочитал)*
	Одречна форма	
	не + идно прекажано време (*не ќе сум одел*) немало (л-форма во ср. род) + да + глаг. (сег. време) (*немало да одам*)	

(*чека, носи, каже*)
Еднина
1л. *ќе сум чекал, ќе сум носел, ќе сум кажел*
2л. *ќе си чекал, ќе си носел, ќе си кажел*
3л. *ќе чекал, ќе носел, ќе кажел*
Множина
1л. *ќе сме чекале, ќе сме носеле, ќе сме кажеле*
2л. *ќе сте чекале, ќе сте носеле, ќе сте кажеле*
3л. *ќе чекале, ќе носеле, ќе кажеле*

Можен начин

Со можниот начин говорителот претпоставува, посакува или изразува можност некое дејство да биде извршено. Се употребува за изразување молби, во благослови и клетви и во условни реченици за изразување можен услов: *Би ми помогнал ли? // Кога би те погодил истиот проблем како мене... // Кога би дошол, би оделе заедно.*

Се образува со честичката **би** и **л-формата** на глаголот.

Можен начин (потенцијал)	би + л-форма (сврш. и несврш. глаг.) *би зборувал*
Еднина	(јас, ти, тој/таа/тоа) *би зборувал, -ла, -ло*
Множина	(ние, вие, тие) *би зборувале*

Глаголски конструкции со СУМ и со ИМА

Самото нивно име укажува на првата составка во овие сложени глаголски форми (**сум/има**). Како втора компонента се јавува глаголската придавка, образувана од преодни и од непреодни глаголи.

Овие глаголски конструкции се развиле во македонскиот јазик под балканско влијание и денес се мошне чести во современиот јазик, посебно за изразување резултативност, односно искажување резултат од претходно завршено дејство. Примери: *Јас сум дојден кај тебе со убава вест. // Јас имам дојдено кај тебе двапати.*

Формите на помошниот глагол **сум** ги покажуваат времето, лицето и бројот, додека глаголската придавка го именува дејството, носејќи ги ознаките на родот и на бројот (*бев пристигнат*).

Сложените глаголски форми составени од помошните глаголи **има/нема**, како втора компонента ја имаат глаголската придавка, но само во среден род еднина (*имам купено, немам јадено*).

Сум и има конструкции	Помошен глагол **СУМ** и **ИМА/НЕМА** + глаголска придавка (среден род)
	имам учено, имав учено, сум имал учено, ќе имам учено, ќе сум имал учено, бев имал учено, би имал учено
	сум дојден, бев дојден, сум бил дојден, ќе сум дојден, ќе бев дојден, ќе сум бил дојден, би бил дојден

Запомни!

Простите глаголски форми се состојат од една глаголска зборoформа. Како прости глаголски форми се јавуваат: сегашно време, минато определено свршено и несвршено време, заповеден начин, глаголска л-форма, глаголска придавка, глаголска именка и глаголски прилог.

Сложените глаголски форми се состојат од две компоненти (збороформи). Во нивниот состав учествува една проста глаголска форма, како и формите на помошните глаголи **сум/има** и честичките **ќе, би**. Како сложени глаголски форми се јавуваат: минато неопределено свршено и несвршено време, предминато време, идно време, минато-идно време, идно прекажано време, можен начин и **сум/има** конструкциите.

Прашања и задачи:

1. **Запиши ги во тетратка глаголските форми што ќе ги забележиш во следниот текст, напиши на која форма ѝ припаѓаат (проста или сложена), потоа замени ги простите форми со сложена глаголска форма.**

Научник тврди дека пронашол знаци за постоење на паралелен универзум

Идејата за постоење на паралелен универзум постои одамна, но доказите за тоа упорно им бегаат на научниците. Но, еден космолог тврди дека е на прагот за наоѓање докази кои би го потврдиле постоењето на овој интересен и никогаш недокажан феномен.

Научникот Ранга-Рам Чери од Калифорнискиот институт за технологија, кој дошол до овие докази, вели за да се разбере за што се работи, неопходно е да се знае како настанал универзумот, а тоа е познатата теорија на Големата експлозија (Биг бенг).

Она што космологот Чери го пронашол е „испакнување" во вселенското зрачење што е доказ за постоењето на паралелен универзум.

Научникот верува дека при судрување на различни универзуми доаѓа до појава на „меурчиња" кои ги забележал во своето истражување.

Сепак, космологот е скептичен за своето откритие и вели дека веројатноста е 30 проценти дека има траги од големото откритие и дека тоа што го открил може да биде само голема дамка од вселенска прашина.

Космологот Чери вели дека засега сè е хипотеза, но вложен е голем труд. Ова потенцијално откритие најверојатно ќе ја добие својата потврда за 15 до 20 години, кога ќе стапи на сцена следната генерација научници кои ќе работат со помодерна технологија од денешната.

– Потрагата за друг универзум е предизвик – нагласи Чери.

До ова сознание Чери дошол благодарение на моќниот телескоп „Планкт", кој се наоѓа во Европската вселенска агенција.

Извор:
sitel.com.mk

2. **Каква е дадената глаголска форма, проста или сложена?**

   пишувам, сум пишувал, напиша, ќе пишувам, пишував, имам напишано, би пишувал, пишувај!, бев пишувал, ќе сум пишувал.

3. **Препиши ги реченициите во тетратка и пополни ги празните линии со соодветна проста глаголска форма (презент, имперфект, аорист или императив).**
   - Вчера цел ден _____ (*чита* – имперфект) книга.
   - Утре _____ (*пишува* – презент) писмо до баба ми.
   - _____ (*чита* – императив) гласно за сите да те слушнат!
   - Минатата недела _____ (*напише* – аорист) состав за училиште.
   - Секое утро _____ (*станува* – презент) во 7 часот.

4. **Препиши ги реченициите во тетратка и пополни ги празните линии со соодветна сложена глаголска форма (перфект, футур, има-конструкција итн.).**
   - До сега _____ (*прочита* – перфект) три книги овој месец.
   - Утре _____ (*пишува* – футур) тест по математика.
   - Ако имав време, _____ (*чита* – можен начин) повеќе романи.
   - Веќе _____ (*напише* – има-конструкција) две писма.
   - До вечер _____ (*заврши* – футур) со домашните задачи.
   - Пред да дојдеш, јас веќе _____ (*јаде* – плусквамперфект) ручек.

5. **Претвори ја дадената форма во спротивната (проста ↔ сложена).**
   - Читаше → (перфект)
   - Сум пишувал → (имперфект)
   - Ќе читам → (презент)
   - Напише → (има-конструкција)
   - Би спиел → (имперфект)
   - Имам прочитано → (аорист)

6. **Напиши по една реченица во тетратка со секоја од следниве форми:**
   - Перфект од глаголот „учи"
   - Футур (идно време) од глаголот „патува"
   - Има-конструкција од глаголот „гледа"
   - Можен начин од глаголот „помага"
   - Аорист од глаголот „дојде"
   - Имперфект од глаголот „игра"

7. **Во следните реченици има грешки во употребата на прости/сложени форми. Поправи ги!**
   - Вчера сум отишол на пазар.
   - Утре сум читал книга.
   - Досега бев изгледал три филма.
   - Ако би имал пари, купив нов велосипед.
   - Веќе имам заврши со задачата.

Прилози

Образување и функции на прилозите во реченицата

Прочитај ги примерите и размисли на кој збор се однесуваат зборовите што се задебелени:
Тој трча **брзо**. // Таа е **многу** умна. // Јас сум **целосно** сигурен.

Прилозите се **неменливи полнозначни зборови** што првенствено го дополнуваат и го определуваат глаголот според место, време, начин, количество или степен. Тие можат да дополнуваат и придавки, други прилози, па дури и именки.

Прилозите најчесто се образуваат со преосмислување на стари падежни форми од именки, како на пример: *лете, зиме, дење, ноќе, утре, денес/денеска* и др.

Голем број прилози се добиени од придавките и најчесто се совпаѓаат со формата на придавката за среден род еднина: *бледо, радосно, убаво, храбро, бескрајно, среќно* и др.

Дел од прилозите се добиени од броеви: *двојно, тројно, двократно, петкратно, вторпат, третпат* и др.

Прилозите се добиваат и со сраснување на предлози со други полнозначни зборови, или со сраснување на предлози со предлози, како на пример: *набрзина, напролет, постепено* (предлог + именка), *одеднаш, досега, засега, понекогаш* (предлог + прилог), *однапред, назад, напред* (предлог + предлог) и др.

Прилозите можат да бидат образувани и од два полнозначни збора: *едноподруго, честопати, утредента, вчеравечер* и др.

Класификација на прилозите според значењето

Основна функција на прилозите во реченицата е да го определат прирокот според некоја околност, односно да имаат функција на прилошка определба. Каква околност ќе изразат зависи од нивното значење. Во македонскиот јазик, прилозите се делат на следниве главни видови:

1. **Прилози за место** (одговараат на прашањето **каде?**)

Примери: *овде, таму, горе, долу, близу, далеку, лево, десно, наваму, натаму, дома, надвор, внатре, некаде, никаде, секаде.*

Реченици: *Книгата е **овде** на масата. // Оди **горе** по скалите.*

2. **Прилози за време** (одговараат на прашањето **кога? или од кога? до кога?**)

Примери: *сега, тогаш, утре, вчера, денес, вечер, рано, доцна, одамна, некогаш, никогаш, понекогаш, после, потоа, дење, ноќе, зимоска, лани.*

Реченици: *Ќе дојдам **утре**. // Веќе **одамна** не сум те видел.*

3. **Прилози за начин** (одговараат на прашањето **како?**)

Примери: *брзо/бргу, полека, добро, лошо, силно, слабо, така, вака, онака, инаку, јасно, чисто, високо, ниско, машки, пријателски, тешко, смешно, некако, секако.*

Реченици: *Тој зборува **јасно и гласно**. // Напиши го **така** како што ти кажав.*

4. Прилози за количество и степен (одговараат на прашањето **колку?** или **до колкав степен?**)

Примери: *многу, малку, доволно, колку, толку, двојно, тројно, премногу, сосема, целосно, речиси, скоро, едвај.*

Реченици: *Сега работиме **премногу**. // Таа е **сосема** среќна.*

Прашални и односни прилози: Некои прилози се користат и како прашални (*каде?, кога?, како?, колку?*) или односни – релативни (што поврзуваат реченици: *Не знам каде отиде.*).

Степенување на прилозите: Прилозите што опишуваат некоја особеност или количество можат да имаат степени на споредба:

- основен: *брзо, бавно, убаво, јуначки, многу;*
- компаратив: *побрзо, побавно, поубаво, појуначки, повеќе;*
- суперлатив: *најбрзо, најбавно, најубаво, најјуначки, најмногу* и сл.

Прилозите за начин во македонскиот јазик најчесто се совпаѓаат по форма со формите на придавките за среден род еднина бидејќи се добиени од нив. Примери: *Марија пее **убаво**. // Петар чита **брзо**. // Стојан скокна **високо**.* Спореди со формите на придавките кои ја определуваат именката, а не глаголот: ***убаво** дете, **брзо** коњче, **високо** дрво*. Затоа, внимавај при анализата дали зборот определува именка (тогаш е придавка) или определува глагол (тогаш е прилог).

Прилозите за количество во македонскиот јазик можат да се јават и во членувана форма: *многуте книги, малкуте ученици* и сл.

Прилогот *после* не смее да се употребува пред именка како предлог!

Прашања и задачи:

1. Определи го прилогот во реченицата и посочи од кој вид е (место, време, начин, количество/степен).
   - Вчера доцнев на час поради сообраќајот.
   - Книгата ја оставив горе на полицата.
   - Тој трча многу брзо.
   - Ќе се видиме вечер во кафулето.
   - Девојчето пее убаво и јасно.
   - Имам време денес.
   - Одамна не сум бил таму.
   - Сосема ја разбрав задачата.

2. **Препиши ги реченициите во тетратка и пополни го празното место со соодветен прилог од заградата (искористи го секој само еднаш).**

   (*овде, утре, полека, многу, доцна, горе, така, никогаш*)

   - _____ не сум видел толку убаво зајдисонце.
   - Оди _____ по скалите за да не паднеш.
   - Клучевите се _____ на масата.
   - Ќе дојдам _____ наутро.
   - Таа е _____ среќна со новиот подарок.
   - Не доаѓај _____, часот почнува во 8.00.
   - Напиши го _____ како што ти диктирам.
   - Птиците летаат _____ кон југ.

3. **Избери го точниот прилог од понудените.**

   - Кога ќе дојдеш кај нас? – Ќе дојдам (а. сега б. овде в. таму).
   - Колку книги имаш прочитано? – (а. далеку б. многу в. горе) книги.
   - Како се чувствуваш денеска? – Се чувствувам (а. вчера б. добро в. надвор).
   - Каде ја стави торбата? – Ја ставив (а. полека б. внатре в. одамна).

4. **Образувај компаратив и суперлатив од следниве прилози.**

   - брзо → _____ → _____
   - убаво → _____ → _____
   - малку → _____ → _____
   - доцна → _____ → _____
   - добро → _____ → _____
   - високо → _____ → _____

5. **Состави прашање со прашален прилог (каде, кога, како, колку) и потоа дај одговор со соодветен прилог.**

   Пример: П: Каде живееш? О: Живеам овде во Скопје.

   - (прашање со каде)
   - (прашање со кога)
   - (прашање со како)
   - (прашање со колку)

6. **Поврзи ги двете реченици со соодветен прилог (каде, кога, како, колку).**

   Пример: Го оставив капутот. Ти кажав каде. → Ти кажав каде го оставив капутот.

   - Ќе дојдам кај вас. Тогаш ќе имате слободно време.
   - Тој готви. Јас никогаш не сум пробал така убаво јадење.
   - Не знам. Толку пари ќе чини патувањето.

7. **Во тетратка напиши по една реченица со секој од следниве прилози, така што прилогот ќе биде на различна позиција во реченицата (на почеток, во средина или на крај).**

   - вчера
   - брзо
   - многу
   - таму
   - убаво
   - сега

Предлози

Предлозите се **службени зборови** што стојат пред именки, заменки или други зборови и означуваат однос меѓу зборовите во реченицата (место, време, начин, причина итн.). Тие се **неменливи** и секогаш се пишуваат **одделно** од зборот до кој се наоѓаат.

Предлозите се делат на **прости** и **сложени**.

Прости предлози

Овие предлози се добиени од еден збор и тие се најчестите.

Најупотребувани прости предлози:

Предлог	Главно значење	Примери
во	место (внатре), време	во куќата, во 2025 година
на	место (површина), време, припадност	на маса, на празник, на баба ми
со	друштво, средство, начин	со пријател, со автобус, со радост
од	потекло, оддалечување, материјал	од Скопје, од страв, од дрво
за	цел, предмет на мисла, време	за подарок, за тебе, за еден час
до	граница во место/време, приближување	до училиште, до утре, до него
пред	место (пред нешто), време	пред врата, пред ручек
под	место (под нешто)	под кревет
над	место (над нешто)	над планина
кај	место (кај некого/нешто)	кај баба, кај изворот
преку	место (преку нешто), начин	преку мост, преку интернет
без	отсуство	без пари, без гости
против	спротивност	против правилата

Сложени предлози

Сложените предлози се образуваат од:

- два или повеќе прости предлози (на пр., *накај, спроти, наспроти, заради, поради, помеѓу, измеѓу*);
- предлог + именка/заменка (на пр., *според, покрај, сосе*).

Најчести сложени предлози:

Предлог	Значење	Примери
според	согласно, според нешто	според законот
спроти	спроти нешто (место)	спроти училиште
покрај	покрај нешто (место)	покрај река
заради	цел, намера	заради тебе
поради	причина	поради дожд
помеѓу	меѓу две нешта	помеѓу нас
наспроти	спротивно на	наспроти очекувањата

Забелешка: Сложените предлози се пишуваат слеано: *спроти, според, покрај*.

Прашања и задачи:

1. **Определи дали предлогот е прост или сложен.**
   во, според, со, покрај, заради, на, меѓу, преку.
2. **Дополни со прост или сложен предлог.**
   - Книгата е _____ масата. (на/под)
   - Ова е подарок _____ тебе. (за/заради)
   - Живеам _____ моите родители. (со/кај)
   - _____ законот, тоа е забрането. (според/против)
   - Отидов _____ мостот. (преку/покрај)
   - Тоа се случи _____ дождот. (поради/од)
   - Седи _____ мене. (до/покрај)
   - _____ очекувањата, тој успеа. (наспроти/против)

Внимавај!

Разлика меѓу предлог и прилог

- **Предлог:** стои пред именка/заменка (***на*** **масата,** ***со*** **тебе,** ***по*** **тебе**).
- **Прилог:** најчесто го дополнува прирокот со некоја околност (Оди ***горе***. ***После*** дојди кај мене.).
- Ако зборот не може да стои сам и мора да оди со именка, тоа е **предлог** (на пр., ***по*** **настанот**). Ако може да стои сам, тогаш е **прилог** (на пр., ***после***).

Сврзници и сврзувачки зборови

Сврзниците и сврзувачките зборови се **службени зборови** што служат за поврзување на делови од реченица или за поврзување на дел-реченици. Тие означуваат логички односи (додавање, спротивставување, причина, последица, услов итн.) и помагаат текстот да биде поврзан и течен, т. е. да претставува една целина.

Сврзниците можат да бидат координациски (приредувачки) и субординациски (подредувачки).

Сврзувачките зборови најчесто се прилози или заменки со сврзничка функција.

Сврзници

Сврзниците се **неменливи** и не можат да стојат сами како членови во реченицата.

а) Координациските – приредувачки сврзници поврзуваат рамноправни делови (дел-реченици или членови во реченица). Се делат на:

Вид	Сврзници	Примери
Составни	*и, па, та, не само што – туку и*	Јас читам **и** ти пишуваш.
Спротивни	*а, но, ама, ами, туку*	Сакав да дојдам, **но** врнеше.
Разделни	*или, и – и, ни(ту) – ни(ту), час – час*	Ќе одиме на кино **или** ќе одиме на театар.
Заклучни	*значи*	Светилката свети, **значи** се вратиле.
Исклучни	*само, само што, единствено што*	Вечерата е убава, **само** не ми се јаде.

б) Субординациските – подредувачки сврзници ја поврзуваат зависната реченица со главната. Означуваат однос на зависност.

Вид	Сврзници	Примери
Причински	*бидејќи, оти, зашто (затоа што), дека*	Не дојдов **бидејќи** врнеше.
Последични	*така што, што*	Учев многу, **така што** добив одлична оценка.
Целни	*за да, да*	Учев **за да** поминам.
Условни	*ако, доколку, кога* (со значење *ако*)	Ќе дојдам, **ако** имам време.

Временски	*кога, додека, штом, откако, пред да*	Ќе ти се јавам **кога** ќе стигнам.
Допусни	*иако, дури и да, макар што*	Ќе дојдам, **иако** сум уморен.
Начински	*како да*	Таа одеше **како да** е манекенка.
Декларативни	*дека, оти, да, што*	Ти кажувам **дека** тој е одличен.
Релативни	релативни заменски зборови	Таа ја најде книгата **што** ја бараше.

Сврзувачки зборови

Сврзувачките зборови што имаат сврзувачка функција се, всушност, **заменките, заменските придавки и прилозите.** Тие најчесто поврзуваат две дел-реченици во рамките на зависносложените реченици и секогаш припаѓаат на зависната дел-реченица.

Примери:

*Ја видов ученичката **што** победи на натпреварот.* – Зависносложена односна реченица поврзана со сврзувачкиот збор *што.*

*Таа жалеше **што** не замина на екскурзија.* – Зависносложена исказна реченица поврзана со сврзувачкиот збор *што.*

Значи, лично-предметната заменка *што* може да биде сврзувачки збор во различни видови зависносложени реченици.

Формите на заменските зборови што можат да се јават како сврзувачки средства се следниве:

Вид	Зборови	Примери
Односни заменки	*кој, што, чиј*	Човекот **кој** дојде вчера е мојот чичко. Книгата **што** ја читам е интересна.
Прашални заменки	*кој, што, чиј*	Тој праша **чие** е ова дете. Бараме информација **кој** го паркирал автомобилот овде.
Заменски придавки	*каков, колкав*	Ќе ти кажам **каков** проблем имам. Ќе подготвиш толкав проект **колкав што** е предвиден.
Заменски прилози	*каде што, како што, колку што, кога, зошто* и др.	Ќе одам **каде што** ме сакаат. Ќе работам толку **колку што** ќе можам. Тие научија убаво, **како што** прават секогаш. Ќе ти кажам **кога** ќе стигнам. Прашувам **зошто** доцниш. Не знам **каде** го ставив клучот.

Од прегледот на заменските форми се гледа дека улога на сврзувачки средства имаат односните заменки, заменските придавки и заменските прилози (главно во релативните реченици), како и сите прашални заменски зборови (во декларативните реченици).

Прашања и задачи:

1. **Означи дали сврзникот е координациски или субординациски:**

   но, бидејќи, или, за да, а, ако, па, така што.

2. **Препиши ги реченициите во тетратка и на празното место впиши го соодветниот сврзник (координациски или субординациски).**
   - Учев цел ден, _____ сум уморен.
   - Ќе дојдам _____ не врне.
   - Не сака кафе, _____ сака чај.
   - Студено е, _____ облечи се топло.
   - Дојди _____ разговараме.
   - Тој е висок, _____ слаб.

3. **Препиши ги реченициите во тетратка и на празното место впиши го соодветниот сврзник/сврзувачки збор:**
   - Сакам да патувам _____ сакам да посетам нови земји.
   - Тој вети дека ќе дојде _____ не се појави.
   - Можеш да избереш боја, _____ сина или црвена.
   - Многу работевме, _____ успеавме.

4. **Избери го точниот сврзник од заградата.**
   - Врнеше силно, (па/бидејќи) останавме дома.
   - Тој е талентиран, (меѓутоа/за да) не вежба доволно.
   - Ќе успееш (ако/или) работиш вредно.

5. **Во тетратка напиши по една реченица со:**
   - сврзникот „иако"
   - сврзникот „зашто"
   - сврзувачкиот збор „каков што"
   - сврзувачкиот збор „каде што"

Честички

Честичките се **неменливи зборови** кои го **модификуваат** или го **прецизираат** значењето на други зборови, групи зборови или на цела реченица. Тие се важни за нијансирање на мислата и за стилот на изразување. Честичките служат за истакнување или за определување на други зборови или за образување на некои граматички форми.

Во зборувањето, некои честички служат за тврдење или за одрекување, како што се честичките *да* и *не* (*ни, ниту*), други служат за прашување, како честичките *дали, ли, зарем, нели*, а, пак, некои честички служат за искажување заповед, како честичките *да* и *нека*.

За образување на некои граматички форми во македонскиот јазик се употребуваат следниве честички: *ќе, би, да, нека, по-, нај-, било, -годе*. Како примери ќе ги посочиме: честичката *ќе* со која се образува идното време: (*тие ќе дојдат*), честичката *би* со која се образува можниот начин (*таа би направила сè за него*), како и честичките *по-* и *нај-* со кои се образуваат степенувани форми (компаратив и суперлатив: *поубаво, најубаво*).

Има и честички што се употребуваат за истакнување делови од реченицата.

Примери: *Наставничката **дури** и го пофали Јане за одговорот. // **Само** родителот најдобро го познава своето дете. // **Ене** ги убавите цвеќиња*!

Поделба на честичките според значењето

Вид честичка	Функција	Најчести примери	Примери во реченица
За засилување	Го засилуваат или го нагласуваат значењето	*и, барем, дури*	Тој **и** мене ме изненади. **Барем** еден пат кажи вистина! **Дури** и јас не знаев.
За изделување	Изделуваат (ограничуваат) еден дел од мноштво	*само, уште, единствено*	**Само** ти можеш да ми помогнеш. **Уште** овој пат пробај.
За определување	Точно определуваат, прецизираат	*токму, имено, баш*	**Токму** ти ми требаше! **Имено** тој го рече тоа. **Баш** сега дојде.
За количественост	Означуваат количество, степен, приближност	*токму, скоро, одвај, речиси*	**Скоро** паднав. **Речиси** ништо не јадов. **Одвај** го дочекав.
За посочување	Посочуваат на нешто видливо или блиско	*еве, ене, ете*	**Еве** ја книгата! **Ене** го доаѓа! **Ете** што се случи.

- Некои честички (на пр., **токму**) можат да спаѓаат во повеќе групи во зависност од контекстот (определување или количественост).
- Оваа поделба е **семантичка** – се фокусира на значењето што честичката го додава во реченицата.

Добро е да се знае!

Честичката *ќе* (*тој ќе работи, ќе работеше, ќе работел* и сл.) во македонскиот јазик е настаната од глаголот *сака*.

Прашања и задачи:

1. **Определи каков вид честичка е секоја и на што се однесува:**
   - Дури и тој не успеа.
   - Само уште малку трпение.
   - Баш ти благодарам!
   - Речиси ништо не видов.
   - Ете го автобусот!
2. **Дополни со соодветна честичка:**
   - _____ да можам да ти верувам. (изделување)
   - _____ и јас би сакал да дојдам. (засилување)
   - _____ сега ми треба помош. (определување)
   - _____ не дочекав да заврши филмот. (количественост)
   - _____ ја книгата што ја бараше. (посочување)
3. **Составете реченици (во парови – 10-мина). Секој пар составува по една реченица за секој вид честичка (вкупно 5 реченици). Користете различни честички од табелата погоре. Пример: За засилување → *Барем еден ден одмори си!***
4. **Анализа на текст (групна активност – 10-мина)**

   Прочитајте го текстот и најдете ги сите честички од поделбата. Класифицирајте ги!

   Еве што се случи вчера! Токму кога излегов од училиште, почна да врне. Скоро ништо не носев со себе. Уште еден час чекорев по дождот. Дури и чадорот го имав заборавено дома. Ете, баш тогаш ме најде соседот и ме донесе со автомобил.
5. **Креативна задача (на час или за дома)**

   Напиши краток расказ или дијалог (8-12 реченици) за некоја смешна или необична ситуација. Мора да користиш барем:
   - 2 честички за засилување
   - 2 за изделување
   - 1 за определување
   - 1 за количественост
   - 1 за посочување

   Потцртај ги честичките и на крајот напиши на која група ѝ припаѓа секоја од честичките.

Извици

Извиците се неменливи зборови со кои се изразуваат чувства, расположенија, реакции или се повикува некој. Тие не се поврзуваат граматички со другите зборови во реченицата, но внесуваат емоционална боја и живост на говорот. Со извици можеме да изразиме: радост, тага, страв, изненадување, болка, восхит, повик или заповед.

Извиците често се употребуваат во разговорниот јазик, во дијалози, но и во уметничката литература.

Видови извици

Извиците, според функцијата што ја вршат кога ќе се употребат во исказот, се делат на:

а) Извици за чувства и расположенија (со нив се изразуваат различни емоции): *ах, ох, ех, уф, леле, браво*. Пример: ***Ах**, колку е убав денот!*

б) Извици за повикување (со нив се повикува или се привлекува внимание): *еј, ој, ало*. Пример: *Еј, дојди овде!*

в) Извици за обрнување внимание (се користат за охрабрување или за наредба): *ајде, марш, стоп*. Пример: *Ајде, почни!*

г) Ономатопејски зборови во функција на извици (со нив се имитираат звуци од природата, животните или предметите): *бум, трас, кап-кап, тик-так, мјау, ав-ав*. Примери: *Се слушна силно **бум**. // Часовникот отчукуваше – **тик-так, тик-так**.*

Еден ист извик може да се употреби со различни функции, во зависност од ситуацијата и од начинот на неговиот изговор. Пример, со извикот *леле* се изразуваат три различни значења:

1. изразување болка, страв: *Леле, ја скрши раката!*
2. изразување чудење: *Леле, колку врне!*
3. изразување восхит: *Леле, колку убаво зајдисонце!*

Пишување и интерпункција

- По извиците најчесто се става извичник (!) и тогаш извикот е сосем изделен од реченицата. Пример: ***Леле!** Колку е студено.*
- Кога извикот стои на почетокот на реченицата, се одвојува со запирка. Пример: ***Ах**, колку сум уморен.*

Запомни!

Извиците се неменливи зборови што изразуваат чувства, реакции, повик или имитирање и ја прават реченицата поизразна и пожива.

Прашања и задачи:

1. **Одреди ги извиците во реченициите.**
   - Ах, колку е убаво времето денес!
   - Еј, почекај ме малку!
   - Се слушна силно бум од дворот.
   - Леле, каква изненадувачка вест!
   - Ајде, почнуваме со работата!
2. **Поврзи ги извиците со значењето што го изразуваат.**

а) ах	1. пофалба
б) еј	2. повик
в) браво	3. заповед
г) стоп	4. чувство (изненадување/восхит)
д) бум	5. звук

3. **Дополни ги реченициите со соодветен извик (*ах, еј, леле, ајде, браво*).**
   - _____, конечно заврши часот!
   - _____, дојди овде веднаш!
   - _____, колку е студено надвор.
   - _____, сите сме подготвени, да тргнеме!
   - _____, одлично ја реши задачата!
4. **Одреди каков вид извик е означениот (за чувство, за повик, за внимание, за имитирање)!**
   - **Уф**, колку е тешка задачата.
   - **Ало**, дали ме слушаш?
   - **Марш**, веднаш надвор!
   - Се слушна **тик-так** од часовникот.
   - **Браво**, одличен одговор!
5. **Напиши ги правилно реченициите во тетратка, внимавајќи на употребата на правописните знаци.**
   - Ах колку е убав денот
   - Еј дојди тука
   - Леле каква грешка направив
   - Ајде да почнеме
   - Браво одлично

Модални зборови

Модалните зборови се зборови или изрази со кои говорителот го искажува својот став кон она што го соопштува. Со нив се изразува личен впечаток, оценка, увереност, сомневање, претпоставка или тврдење за некоја појава, настан или мислење.

Тие не ја менуваат содржината на соопштеното, туку покажуваат **како говорителот ја доживува таа содржина**.

Модалните зборови не се посебна зборовна група, туку се групирани според нивната функција во реченицата. Тие по потекло можат да бидат прилози, придавки, именки, глаголи и др.

Покрај поединечни зборови, говорителот често употребува и **модални изрази** – зборовни групи што имаат модално значење.

Со модалните зборови и изрази говорителот може да искаже:

- **увереност/сигурност**
- **претпоставка**
- **лична оценка или впечаток**
- **тврдење**
- **сомневање/неверување**

Видови модални зборови и изрази

а) Модални зборови за увереност и тврдење. Со нив говорителот покажува дека е сигурен во она што го кажува (*сигурно, навистина, секако, бездруго*). Пример: ***Сигурно ќе успееме на тестот.***

б) Модални зборови за претпоставка. Со нив се искажува можност или личен заклучок, без целосна сигурност (*веројатно, можеби, изгледа, највероjатно*). Пример: ***Веројатно ќе врне дожд попладне.***

в) Модални зборови за сомневање и неверување. Со нив говорителот покажува сомневање или недоверба *(тешко, едвај, сомнително).* Пример: ***Тешко дека тој ќе дојде навреме.***

г) Модални изрази за лична оценка и впечаток. Со нив се изразува личен став или мислење *(според мене, по мое мислење, ми се чини, според мое мислење).* Пример: ***Според мене**, оваа задача е тешка.* Како што се гледа од примерот, за оваа функција се употребуваат модални изрази, а не одделни зборови.

Модални изрази

Примери на модални изрази:

Глаголски:

- *мислам дека*
- *може да се каже дека*
- *се чини дека*
- *не верувам дека*
- *верувам дека*
- *јасно е дека* и др.

Именски:

- *на крајот на краиштата*
- *без сомнение*
- *за големо чудо*
- *за среќа* и др.

Примери: 1) *Мислам дека учениците се подготвени.* 2) *Се чини дека времето ќе се влоши.*

Позиција во реченицата

Модалните зборови и изрази најчесто стојат:

- на почетокот на реченицата;
- вметнати во средината на реченицата.

Тие често се одвојуваат со запирка. Примери: ***Веројатно, ќе дојдеме. // Тој, според мене, нема право.***

Запомни!

Модалните зборови и изрази покажуваат **став на говорителот** кон она што го соопштува – дали е сигурен, се сомнева, претпоставува или дава лична оценка.

Прашања и задачи:

1. **Одреди го модалниот збор или модалниот израз во реченицата.**
   - Веројатно утре ќе има тест.
   - Според мене, оваа приказна е многу поучна.
   - Тој сигурно знае што прави.
   - Мислам дека учениците се подготвени.
   - Можеби ќе дојде подоцна.
2. **Одговори што искажува модалниот збор: увереност, сомневање, претпоставка, лична оценка.**
   - Сигурно ќе победиме.
   - Според мене, задачата е лесна.
   - Навистина си вложил труд.
   - Можеби ќе врне дожд.
   - Тешко дека тој ќе се согласи.
3. **Препиши ги реченицата во тетратка, така што ќе го пополниш празното место со соодветниот модален збор или израз (*веројатно, сигурно, можеби, според мене, се чини дека*):**
   - _____ ќе задоцниме ако не тргнеме веднаш.
   - _____ тој ја кажува вистината.
   - _____, оваа лекција е интересна.
   - _____ ќе има промена на времето.
   - _____ сите ученици ја разбрале темата.
4. **Состави по една реченица со следните модални зборови или изрази:**

   сигурно, можеби, според мене, мислам дека, се чини дека.
5. **Во следните реченици одреди: а) кој е модалниот збор/израз; б) што искажува говорителот.**
   - Се чини дека тестот ќе биде тежок.
   - Според мене, таа одлука не е правилна.
   - Веројатно тој ја заборавил задачата.
   - Сигурно ќе најдеме решение.

Правопис и правоговор

Зборот **правопис** (грч. *orthographia* = запишување на зборот онака како што се изговара), во потесна смисла значи правилен начин на пишување, правилна употреба на графичките знаци и на интерпункцијата во даден јазик, додека во поширока смисла значи збир на правила за пишување на зборовите, кој исто така го одразува развитокот и напредокот на јазичната практика.

Зборот **правоговор** (грч. *orthoepia* < *orthos* = правилен, *epos* = говор), значи правилен изговор на напишаното и кажаното.

Правописните правила и законитости се уредуваат според три принципи:

- **фонолошкиот** (фонетски) принцип, кој се однесува на звуковната страна, односно за секој глас постои буква, графема, а се изговара така како што се пишува, или се пишува како што се изговара;
- **морфолошкиот** принцип, кој ја разгледува структурата на зборот, односно изделувањето на морфемите во еден збор;
- **етимолошкиот** принцип, кој ги одразува правописните норми врз основа на постариот период на развојот на јазикот.

Македонскиот правопис го следи фонолошкиот принцип, односно се пишува како што се изговара!

Добро е да се знае!

На 7 јуни 1945 година е донесен првиот современ Правопис на македонскиот јазик. Најголема заслуга за неговото создавање има основоположникот на македонскиот стандарден јазик, Блаже Конески. Оттогаш, ние пишуваме и читаме според јасно утврдени правила кои го чуваат богатството на нашиот јазик.

Интерпункциски знаци

Правописните и интерпункциските знаци се знаци кои се користат во различни функции. Интерпункцијата претставува систем од писмени знаци со кои се означуваат почетокот и крајот на реченициte; границата и односите меѓу дел-реченициte и меѓу реченичните членови; интонацијата, темпото и паузите при зборувањето.

Интерпункцијата ги опфаќа и правилата за употреба на интерпункциските знаци.

Правописните знаци служат за разбирање на конкретен збор или група зборови во реченицата.

Некои знаци се користат и како правописни и како интерпункциски.

Во реченицата се среќаваат следниве интерпункциски знаци: точка (.), запирка (,), прашалник (?), извичник (!), точка и запирка (;), две точки (:), три точки (...), загради – заоблени и квадратни ([]), црта (тире) (–), наводници („“) и полунаводници (‘ ’) и (‘ ’).

Дел од интерпункциските знаци се користат и како правописни. Тука спаѓаат: точка (.), запирка (,), две точки (:), црта (тире) (–), цртичка (-), апостроф (’), коса црта (/), загради, ѕвездичка (*), надреден знак (ˉ), акцентски знак (ˊ), белина (празно место) и др.

Основните интерпункциски знаци, *точка*, *прашалник* и *извичник*, всушност, ја заменуваат интонацијата од усниот говор, а интерпункциските знаци: *запирка*, *точка и запирка*, *две точки* и *три точки* ја заменуваат паузата што ја правиме при зборувањето во различни делови на исказот (реченициte). *Заградите*, *цртата*, *полунаводниците* и *наводниците* се користат за: одвојување делови од исказот што претставуваат наши дополнувања на реченицата (*заградите*), истакнувања на делови во реченицата (*наводниците*, *полунаводниците* и *долгата црта*).

Точка (.) се користи како интерпункциски и како правописен знак.

Интерпункциски се пишува:

- на крајот од расказните реченици (на пример: *Денес ќе ручаме подоцна.*) и
- на крајот од реченициte со кои се искажува блага заповед (на пример: *Јади убаво, те молам.*).

Правописно се пишува:

- кај скратениците, на пример: и сл., и др., итн., г. (но, не кај сите!);
- кога набројуваме зад редните броеви ако се напишани со арапски цифри, на пример: 1. _ _ _;
- кај датумите исто така, ако се напишани со арапски цифри се пишува, а ако се напишани со римски цифри не се пишува точка, на пример: 12.2.2018 г./12. II 2018 г.

Прашалник (?) е интерпункциски знак и не се употребува како правописен знак. Со него се бележи прашалната интонација, односно промената на тонот од ниска кон висока точка.

Прашалникот го употребуваме:

- на крајот од прашалната реченица во чиј состав има прашални зборови или изрази, на пример: *Кога ќе дојдеш кај Зоран?*
- на крајот од алтернативно прашање со сврзникот *или*, на пример: *Ќе дојдеш или не?*
- на крајот од прашална реченица што не содржи прашален збор или израз, на пример: *Ќе одиме кај мама?*

Извичник (!) е интерпункциски знак. Со него се бележи извичната интонација, односно различниот интензитет на покачување на тонот. Тонот го покачуваме при изразени чувствени состојби или реакции, повикување, нагласена заповед, забрана, поттик или желба за вршење некое дејство итн.

Извичник се пишува:

- на крајот од извичните реченици со кои се изразува чувствена состојба или реакција (возбуда, радост, чудење, воодушевеност, изненадување, предупредување, страв, лутина, гнев, итн.), на пример: *Земјо моја, татковино мила!*
- извичникот се пишува и кога употребуваме именка за да повикаме некого: *Јане! Дојди ваму!*

Запирката (,) како интерпункциски знак означува куса пауза во зборувањето и со неа се одделуваат: реченични членови, вметнати делови или елементи што треба да се изделат во реченицата.

Во проста реченица, запирка се пишува при:

- Набројување во делови од реченицата нанижани без сврзници: *Тие добија леб, сирење и компот. // Маја, Ана, Дарко јадеа во дворот. // Таа купи прекрасен, син, свилен фустан.*
- Пред сврзникот *како и/како ни*: *На собирот се обратија сите добитници, како и директорката.*
- При дополнување со податоци пред делот со прирокот или друг вид дополнување во форма преземена од натписи или од директен говор: *Заради контрола на квалитет, разговорот ќе биде снимен. // Погледнете го знакот, забранет правец!*
- Дополнување со географски поим: *Бевме на конференција во Вроцлав, Република Полска.*
- По глаголскиот прилог: *Одејќи по патот, таа најде сребрена паричка.*
- Придавски или именски атрибут напишан по именката: *Го гледав езерото, белузлаво и сино како небото над Охрид.*
- Вметнат дел во реченицата: *Токму во тој момент, на задоволство на сите присутни, одекна нејзиниот моќен глас.*
- Датум како појаснување на реченицата: *Испитот се одржа вчера, втори октомври, во амфитеатарот.*
- Поздрави или обраќања со име или професија: *Здраво, може да се видиме на кратко? // Маријо, дојди веднаш! // Професоре, извинете!*

- Модални зборови и изрази, честички и други изделени коментари на говорникот: *Според мене, треба повеќе да читате. // Еве, тоа е најдобрата фотографија. // Таа одговори, „Да".*

Запирка во сложената реченица:

- Независносложените реченици без сврзници се одделуваат со запирка: *Таа јадеше, пиеше, се радуваше.*
- Независносложените составни реченици со *па, та* се одделуваат со запирка: *Јас дојдов, па ти види.*
- Независносложените спротивни реченици со сите сврзници се одделуваат со запирка: *Таа јадеше, а тој гледаше телевизија.*
- Зависносложените реченици, кога се во инверзија се одделуваат со запирка: *Кога таа влезе, сите станаа. // Бидејќи вие знаете најдобро, го почитувам вашиот став.*
- Повеќе за употребата на запирката во сложените реченици види во Правописот на македонскиот јазик (2017)!

Точка и запирка (;) се пишува:

- За одделување независни реченици во составот на сложена реченица во која веќе се употребени запирки: *Не е лесно да учиш и да вежбаш; да се дружиш со другарките и да помагаш дома; да бидеш најдобар во класот. // Треба да се оди на тоа езеро, сино, сино; да се почувствува неговата енергија; да се вдише свежиот ветар што пирка од Галичица.*
- Кога следува реченица како дообјаснување или завршна мисла: *Не се знае колку долго ќе трае полагањето; овој тип државна матура првпат се воведува.*
- За набројување одделни зборови, именски групи или зборовни состави кои во себе содржат запирка, па со точката и запирката ќе се направи изделување на целините што се набројуваат: *Заменките се зборови што служат за: 1) посочување на учесниците во разговорот; 2) заменување на претходно спомнат учесник во разговорот; 3) упатување нанапред и наназад во текстот, односно катафора и анафора; 4) сврзување на дел-реченици во релативни, декларативни и други типови зависносложени реченици и сл.*

Две точки (:) се пишуваат:

- При набројување по делот од реченицата на кој се однесуваат содржините што се набројуваат: *Научете: броеви, прилози и предлози.*
- При набројување по изразите: *како, имено, на пример, следново, и тоа* и др.: *Донесете продукти и тоа: јајца, путер, брашно и ореви.*
- Кога се набројува во вертикална низа:

  Да не заборавите:

  - *тренирки,*
  - *патики,*

- *вреќа за спиење.*

Забелешка: нема две точки ако вертикалното набројување следува по некој наслов:

- *Содржина*
- *Предговор*
- *Главен дел*

- За да се дообјасни дел од реченицата или целата реченица: *Треба да се внесат и овие податоци: образование, познавање јазик и компјутерски вештини.*
- Пред директен говор или цитат: *Уште еднаш праша: „Влегуваат ли сите активности во финалната оценка?"*

Три точки (...) се пишуваат:

- На крајот на незавршен исказ (без празно место пред нив, без белина по последниот збор): *Сега треба да се работи многу, да се мисли, да се планира... // Никој не ја знае мојата тајна...*
- На крајот на незавршен исказ од прашални или од извични реченици: *Оди момче!... // Оди и најди ја девојката!...*
- За да се означи застој во говорот: *До... добро де! // Ало... кого барате?*
- Прекин во натамошно набројување: *Тие помогнаа за развој на културата, писменоста, образованието...*

Загради ( ) [ ] се пишуваат:

- Кога треба да дадеме некое појаснување, белешка или повторена информација со друг збор, ставаме загради: *Македонските производи (пиперки, домати, лубеници) се секогаш барани на пазарот. // Тие се викаат координациски (приредувачки) сврзници.*
- Во заграда може да се внесе и дел-реченица што е во смисловна врска со претходниот исказ или е дообјаснување на авторот на претходната реченица: *Ова е специфична професија (и затоа е многу барана). // – Ќе дојдете ли во Охрид? – И повеќе од сигурно. (со широка насмевка)*
- Во загради се стават дидаскалиите во драмските текстови:

  СИМОН (*Станува. Го зема шишето. Се гледаат.*): Не можам, не тебе.

  АНЃЕЛЕ: Алал вера. (*Пауза. Му ја подава сообраќајната дозвола.*)

- Во загради се стават упатства или библиографски податоци во научни текстови: *Конески ја потврдува оригиналноста на тие македонски особености (фонетски и морфолошки) во ова свое дело* (Конески 1981: 120-123).
- Во заграда се става извичник или прашалник за личен став на зборувачот: *Тој (?) ти го кажа тоа?*

- Во заграда се ставаат три точки за намерно испуштен дел од цитиран текст: *Целните зависносложени реченици имаат допир со причинските (...) Така реченицата „Дојдов за да те видам" може да се трансформира во причинска (...)*
- Во квадратни загради се внесуваат забелешки на читателот, лекторот и сл. во неизворен текст: *Наградниот [награденият] расказ се издвојува од другите.*

Црта (–) (тире) се пишува:

- На почеток и во средина на текст и се одделува од двете страни со белина.
- При пренесување директен говор: *– Знаете дека тоа се казнува со закон?*
- Пред забелешката за тоа кој го зборува директниот говор: *– Дојди на консултации утре – му рече професорката.*
- Пред и по објаснувачки дел на средина од реченица: *Јас сум нова – рече таа – може да влезам?*
- За да се одделат објаснувачки делови во реченицата, апозиција, наслови и сл.: *Неговата мајка пристигна – весела и расположена – и им понуди да јадат. // Таа – девојката на Марко – и самата не беше свесна што се случува. // Погледни го знакот – забрането паркирање!*
- Пред зборовите *тоа, сè, сите, сето, само, само тоа, сето тоа, ништо* и др., со кои се воведува нагласување на претходно кажаното: *Ресен, Битоа, Прилеп – сите спомнати градови требаше да се посетат во еден ден. // Љубовта – тоа е вечно воспеано чувство.*
- За да се нагласи содржина спротивна на претходната или ако е прирокот оддалечен од другиот дел на реченицата: *На пари спие – покрив нема. // Кандидатите што ги исполнуваат сите услови и кои се најмногу заинтересирани – не можат да дојдат.*
- Каде што се испушта прирокот: *Резервирала билети за вас – не и за мене. // Градот – огледало на неговите жители.*

Полунаводници (' ') и (' ') се пишуваат:

- Кога е текстот напишан во наводници, ако внатре во него сакаме да изделиме некој збор: *„Таа е многу учтива, секогаш со 'благодарам, повелете', но и со нескриена дискретност".*
- Кога толкуваме значење на некој збор (' '): *Разбој 'направа за ткаење'.*

Наводниците („ “) се интерпункциски знак и не се употребуваат како правописен знак. Влезните наводници се пишуваат долу („) на почетокот, а излезните наводници се пишуваат горе (“) на крајот од исказот.

Наводници се пишуваат:

- Во цитати, нечии искази што се претставуваат директно, онака како што се кажани или напишани, на пример: *Тој рече: „Денес се чувствувам добро". // „Денес", рече тој, „се чувствувам добро." // Томи рече: „Денес ќе си одиме порано".*

- За издвојување туѓи искази во наше кажување: *Преку мислата дека „јазикот е нашата единствена татковина" е изразен ставот на Б. Конески за значењето на македонскиот јазик.*

Забелешка: Општопознати изреки и пословици не се пишуваат во наводници: *Две лубеници под една мишка не се носат, се вели во народната мудрост.*

- Пред излезните наводници може да се напише друг интерпункциски знак, според потребите на исказот: *Бабата им рече на внучињата: „Ќе дојдете на вечера?" // Професорот извика пред своите ученици: „Прекрасни сте! Се гордеам со вас!"*
- За да се одделат зборови со преносно значење или зборови што сакаме да ги издвоиме: *Таква „претстава" во нашата куќа, уште никој не направил! // Формите со „сум-перфектот" можат да изразуваат прекажаност, посебно во третото лице и во еднина и во множина.*
- Кај имиња на установи, весници, филмови, хотели и др. Примери: *Денес го посетив училиштето „Владимир Полежина". // Најубавите детски песни се објавуваа во списанијата „Другарче" и „Развигор". // Нивниот училиштен весник се вика „Ученичка искра".*
- Наводници не мора да се пишуваат кога се даваат имиња на широко познати институции или наслови што се очекувани во текстот или се на корица на книга: *Пелистер го победи Вардар. // Блаже Конески – Граматика на македонскиот литературен јазик.*

Знаци за директен говор

- При писмено изразување, директниот говор се обележува со наводници или со црта (тире). Примери: *Младиот човек вели: — Не плаши се! // Вечерта Марија го прекори: „Доста е. Треба да мислиш на својата иднина!".*

Прашања и задачи:

1. **Вметни интерпункциски знаци во следниот текст онаму каде што недостигаат.**

Луѓето коишто имаат поголем круг пријатели имаат повисок праг на толеранција на болка откриваат истражувачите од Оксфорд Во новата студија објавена во Научни извештаи *Scientific Reports* докторандот од универзитетот Оксфорд Катерина Џонсон *Katerina Johnson* ја истражувала невробиологијата на пријателските врски. Нејзиното истражување било под менторство на проф Робин Данбар пронаоѓачот на познатиот Данбаров број кој ги застапува постулатите дека луѓето во основата имаат 150 пријатели од кои една третина се сметаат за блиски

Нејзиниот фокус на истражување бил производството на хормонот ендорфин кој природно се наоѓа во телото и при негово ослободување се добива чувство на задоволство и намалување на болката Студијата започнала како испитување на една теорија позната како мозоко-опоидна теорија на социјално поврзување според која социјалните интеракции активираат позитивни емоции кога ендорфинот се врзува со опоидните рецептори во мозокот Ова поврзување ни го дава чувството на добросостојба кога се гледаме со пријателите

За да ја испитаме оваа теорија се потпревме на фактот дека ендорфинот има моќен ефект на ослободување од болка посилен дури и од морфиум изјави Џонсон

Исто така истражувачите откриле дека оние коишто се фит и оние кои кажале дека се под стрес имаат помал социјален круг и покрај фактот дека оние кои биле фит имале повисок праг на болка Овие податоци може да укажуваат на интересно објаснување, односно дека оние кои вежбаат наместо преку социјализација ослободуваат ендорфин преку вежбање Големите социјални мрежи им помагаат на луѓето подобро да се соочат со стресот или можеби заради стресот и неговите причини луѓето имаат помалку време за социјални активности намалувајќи го кругот на пријатели додава Џонсон.

Во студијата се заклучува дека ваквите истражувања се важни бидејќи укажуваат дека квантитетот и квалитетот на нашите социјални врски влијаат врз нашето физичко и ментално здравје и дури можат да бидат фактор кој одредува колку долго ќе живееме Токму затоа разбирањето зошто индивидуите имаат различни големини на социјални мрежи и можните невробиолошки механизми што се инволвирани притоа се важно поле за истражување

Извор:
pharmanews.mk

2. Одговори кој интерпункциски знак недостасува на крајот од секоја реченица и зошто.
   - Колку часот е сега
   - Колку е убав денеска
   - Не доцни на час
   - О Боже колку сум среќен
   - Кој дојде вчера кај вас
3. Пополни ја празнината со точен знак (. , ! ? ...)
   - Што правиш вечерва__
   - Тој е најдобриот ученик во одделението__
   - Престанете да зборувате__
   - Дали ќе дојдеш на роденденот__
   - Ах каков убав сон сонив синоќа__
4. Стави запирки каде што се потребни.
   - Марија која е од Битола студира во Скопје.
   - Кога ќе дојдеш кај нас ќе јадеме палачинки.
   - Тој купи јаболка круши банани и портокали.
   - Да бидеме искрени задачата беше тешка.

- Мојот брат Петар е инженер.
- Утре ако врне ќе останеме дома.

5. **Пополни со две точки (:) или наводници („ “) каде што е потребно.**
   - Тој рече __ Никогаш повеќе нема да доцнам.
   - На таблата пишуваше __ Домашна задача стр. 45.
   - Таа праша __ Каде си бил вчера __
   - Најпознатата македонска народна песна е __ Билјана платно белеше __.
6. **Стави црта (тире) или загради каде што е потребно.**
   - Тој е многу талентиран __ пее свири глуми.
   - Скопје __ главниот град на Македонија __ е многу убав.
   - Највисоката планина во Македонија е Кораб 2753 м.
   - Јас __ вели тој __ никогаш не сум бил таму.
   - Таа има три деца __ две ќерки и еден син __.
7. **Стави ги сите потребни интерпункциски знаци во следниве текстови.**
   - Кога ќе дојдеш кај нас праша баба ќе донесеш ли леб
   - Ах колку сум уморен извика тој по трката
   - Во продавницата купивме млеко сирење путер јогурт и јајца
   - Таа рече Никогаш веќе нема да те излажам
   - Најубавите градови во Македонија се Охрид Битола Скопје и Штип
8. **Поправи ги интерпункциските грешки во следниве реченици.**
   - Колку е часот.
   - Тој рече, „Ќе дојдам утре“
   - Кога врне, останuваме дома, играме карти, читаме книги.
   - Дали си гладен? Праша мајка ми.
   - Браво, одличен си.
9. **Во тетратка напиши краток дијалог (5-6 реплики) меѓу двајца ученици кои разговараат за училишна задача. Користи: наводници, прашалник, извичник, запирки и црта.**

   Пример:

   – Кажи ми, што имаше за домашно? – праша Ана.

   – Математика и македонски – одговори Петар.
10. **Објасни го значењето на зборовите *асистент* и *шофер* со македонски зборови и со соодветен интерпункциски знак.**

Лексикологија

Лексикологијата е наука за зборовите како единици на речничкиот состав (лексиката) на еден јазик. Зборот лексикологија е од грчко потекло и е составен од зборовите ***lexis*** (збор) и ***logos*** (учење).

Поддисциплини на лексикологијата се:

- **семантика** – ја изучува внатрешната, значенската страна на зборот;
- **етимологија** – ги истражува потеклото и развојот на зборот;
- **лексикографија** – ги изучува принципите за составување речници;
- **фразеологија** – ги изучува затврдените зборовни состави, односно фразеолошки изрази.

Речничкиот (зборовен) состав на еден јазик ги опфаќа сите зборови: стари и нови, домашни и туѓи, општонародни и дијалектни итн.

Поим за збор

Зборот е најмала самостојна лексичка единица со свое значење.

Морфемата е најмалата јазична единица што има свое значење, но за разлика од зборот, таа најчесто не стои самостојно, туку заедно со една или со повеќе други морфеми го гради зборот.

Зборот е низа од гласови што се нижат линеарно (односно едноподруго). Зборот може да се состои и од само еден глас, на пример: сврзниците *и*, *а*, формата на глаголот *сум* во трето лице еднина (*е*) и сл.

1. **Зборот е:** низа од гласови или еден глас (а, е, и) / основна јазична единица

Зборот е во тесна врска со поимот (односно со претставата во нашите глави за нешто)

2. Зборот се состои од два дела: форма (низата од гласови што го сочинува зборот) и содржина (неговото значење, едно или повеќе, бидејќи зборовите многу често во различни ситуации добиваат различно значење).

Состав на зборот:

збор (двостран знак)

форма (надворешна, звучна страна)

содржина (внатрешна, значенска страна)

Пример:

Зборот ГЛАВА формално се состои од пет гласови наредени во низа: Г + Л + А + В + А.

Содржината на овој збор се сите негови значења:

1. *Сите имаме глава за да мислиме со неа!* (Глава како дел од човечкото тело и како место каде што се наоѓа мозокот.)
2. *Тој е глава на фамилијата.* (Глава со значење на одговорно лице, предводник.)

3. Освен основното лексичко значење, зборот има и граматички значења кои се изучуваат во морфологијата и во синтаксата, а се изразуваат со различни наставки и претставки.

лексичко → се изразува преку основниот дел на зборот и со афикси (префикси, суфикси и интерфикси), со кои образуваме слични зборови од истата основа: *глава/глав-ен, глав-атар* и сл.

граматичко → се изразува преку наставките за граматичките категории: *глав-а, глав-и* (граматичка категорија број), *глава-та, глава-ва, глава-на, глави-те, глави-ве, глави-не* (граматичка категорија определеност) итн.

Лексичко значење:	Граматичко значење:
ж е н -ка	т р ч а -ме
-ски	-вме
-иште	-ш

Полнозначните зборови (именките, заменките, придавките, глаголите, прилозите и модалните зборови) ги имаат двете значења, и лексичко и граматичко.

Службените зборови (предлозите, сврзниците, честиците и извиците) имаат главно граматичко значење, а поконкретно лексичко значење добиваат во реченицата, односно во контекстот.

Овде се дадени само дел од значењата на зборот *глава*. Откриј ги другите негови значења или прочитај повеќе во официјалниот дигитален речник на македонскиот јазик: https://makedonski.gov.mk/

Основни типови лексички значења

Основните зборови со кои почнал да зборува човекот како свесно суштество, биле еднозначни и конкретни. Но со текот на времето, повеќето зборови почнале да добиваат по повеќе значења, меѓу кои и апстрактни значења.

Денес лексичкиот состав на современиот македонски јазик се состои од мошне голем број зборови, кои можеме да ги поделиме според различни карактеристики:

1. Според предметот/поимот на кој се однесуваат, зборовите можат да имаат конкретно и апстрактно значење. Примери:

конкретно	апстрактно
книга, чаша, Сонце, дете	*среќа, идеја, мисла, хуманизам*

2. Според бројот на значења, зборовите се делат на еднозначни и повеќезначни.

Примери:

еднозначни	повеќезначни
леб, стол, глагол и др.	*коса, крило, блок* и др.

3. Лексичкото значење кај повеќезначните зборови може да биде:

директно	преносно
(основно)	(метафорично)
црна волна	*црна судбина*
висок човек	*високи идеали*

4. Според меѓусебниот однос на зборовите (нивното значење и формата), постојат 4 типови лексички значења:

1) **синоними** – различни по форма, а со приближно исто значење: *основа – база – темел – подлога; непријател – душман; доктор – лекар.*
2) **хомоними** – со иста форма, а со различно значење: *кит* (1. животно и 2. материјал за обработка), *коса* (1. на главата на човекот, 2. алатка, 3. планинска страна), *блок* (1. за цртање и 2. за градење), *лист* (1. орган на дрвото, 2. дел од тетратка, 3. тенко парче од некоја материја и 4. задниот дел од ногата од колената до глуждот), *син* (1. машко дете во однос на своите родители и 2. боја).
3) **антоними** – со спротивно значење: *север – југ, горе – долу, црно – бело, висок – низок, сака – мрази, чесен – нечесен.*
4) **пароними** – блиски по изговор (пишување), а со различно значење: *статус – статут, адресат – адресант, фрактура – фактура, тест – текст, фонт – фонд.*

Прашања и задачи:

1. **Напиши во тетратка два пара од синоними што ти ги користиш, а не се горе наведени.**
2. **Пронајди антоними во следнава строфа од песната „Везилка" од Блаже Конески:**

Два конца парај од срцето, драги,

едниот црн е, а другиот црвен,

едниот буди морничави таги,

а другиот копнеж

и светол и стрвен.

Речнички (зборовен) состав

1. Речнички состав на еден јазик е целокупноста на зборовите во тој јазик и тоа: домашни и туѓи, стари и нови, општонародни и дијалектни.

Речничкиот зборовен состав на секој јазик е во постојана поврзаност со општествено-политичките промени. Како што се менуваат општеството и потребите на луѓето, така се збогатува речничкиот состав со нови зборови за нови предмети и поими. Притоа, тоа збогатување може да биде со приспособување на постојните зборови, односно со додавање ново значење на постојниот збор (како што е зборот *глувче* збогатен со ново значење за дел од компјутер), со позајмување на зборот (како што е зборот *маус*), или со приспособување на домашен збор со додавање странска определба, како што е *веб-страница* (наместо *веб-сајт*). Треба да истакнеме дека дел од зборовите што означуваат предмети и поими што не се веќе во употреба застаруваат и излегуваат од употреба делумно или целосно. Затоа во лексиката има и слој што се класифицира според тоа колку е зборот во употреба и дали е стар или нов.

2. Речникот на современиот македонски јазик содржи околу 100 000 збора, кои во моментов се запишани во официјалниот дигитален речник на македонскиот јазик. Но, македонскиот јазик со сите негови дијалектни и разговорни форми, како и со терминолошките форми, има барем уште 100 000 збора, што одделно се забележуваат во разни помали речници. Сето ова е очекувано, затоа што лексичкиот состав на секој јазик е динамичен и отворен за промени.

Класификација на зборовите

Зборовите како дел од речничкиот состав на македонскиот јазик можат уште да се класифицираат според неколку различни принципи: според процесот на обновување, според потеклото на зборовите и според формата и сферата на употреба.

Лексиката според процесот на обновување

Зборовите според процесот на обновување се делат на **стари** и **нови зборови**. Старите зборови можат да бидат **архаизми** и **историзми**. Новите зборови се сите зборови што навлегуваат сега во јазикот или како потреба за именување нови поими и предмети или како новосоздадени зборови од некоја личност (најчесто писател или поет). Новите зборови се нарекуваат **неологизми**.

1. **Архаизми** → застарени зборови со кои се означуваат предмети и појави што се познати во современоста, но за нив постојат синоними во современиот јазик: *еким* – лекар, *даскал* – учител, *терзија* – кројач, *аскер* – војска, *аберција* – гласник.

2. **Историзми** → вид архаизми што означуваат предмети и поими што ги нема во современоста (ѝ припаѓаат на историјата) и за нив нема синоними: *кмет, цар, кадија, ага, арач* и др.

3. **Неологизми** → новосоздадени зборови кои не навлегле доволно во активниот речник (само кај одредена класа, само во одредена област).

Во активниот речник навлегуваат на следниот начин:

а) со заемање (позајмување) (предметот + зборот): *видео, мотел, компјутер* и др.;

б) со средства од сопствениот јазик: *печатач, виљушкар, наивец* и др.;

в) со преосмислување: *пајак, глувче, снег* и др.

Зборовите што некогаш биле неологизми, со промена на општествениот систем, можат да станат историзми. Пример: неологизам → историзам: *СССР, СФРЈ, самоуправување* и др.

Лексиката според потеклото на зборовите

Лексиката според потеклото се дели на домашна и туѓа лексика.

I Домашни зборови

Во оваа група зборови спаѓаат сите зборови што се од словенско, т. е. од прасловенско потекло. Се разбира, еден голем дел од овие зборови се заеднички и за сите индоевропски јазици, односно имаат ист корен: *мајка, сестра, волк*, сите броеви од *еден* до *десет* и други. Црковнословенизмите, всушност, не се посебна група, тие се исто така од словенско потекло, но се архаични бидејќи се користеле во книгите со религиозна содржина и како архаични дошле до денешни дни, па денес ги користиме со посебно експресивно значење.

1. **Индоевропски**: *мајка, сестра, волк, заб, нос, уво* и др.;

2. **Прасловенски**: *глава, рака, нога, лице, срце, баба, внук, девер, дедо, зет, брдо, брег, даб, дрво, гулаб, јагне* и др.;

3. **Црковнословенски**: *возвиши, злодејание, успокои.*


II Туѓи зборови

Туѓите зборови можат да бидат директно преземени од друг јазик, најчесто соседен, но можат да бидат и преземени преку јазик посредник.

Начини на заемање:
- **со непосредно преземање**: грчки, бугарски, српски, руски, турски, германски и др.;
- **со посредство на трет јазик** (англиски, турски, српски): латински, германски, персиски, арапски.

1. **Интернационализми** – (меѓународни зборови) ги има во повеќе јазици, најчесто се по потекло од старогрчкиот и од латинскиот јазик:

Примери: *театар, резиме, ниво, мајстор, ректор, филологија, сфера* и др.



2. **Турцизми** – во македонскиот јазик има преку 3 000 зборови дојдени од турскиот јазик или преку турскиот јазик (од арапскиот или од персискиот).

– Архаизирани: *даскал, џам, ефендија, адет, одаја;*

– Во разговорниот јазик: *мерак, марифет, табиет;*

– Во неутралната лексика: *боза, алва, сарма, мусака, ќебап.*

3. **Варваризми** – туѓи зборови употребени како во мајчиниот јазик:

Примери: *мистер, сињора, блузон, утакмица, певаљка, бите, љубим руке* и сл. (се користат во литературата, на пр., во книгите од нашиот познат писател Живко Чинго, во книгите од Мирослав Крлежа и кај други автори).

Словенска лексика	Несловенска лексика
русизми: *чистка, болшевик, горд, лукав, мечта* и др. **бугаризми**: *движение, одличие, скрб, гибел* и др. **србизми**: *брод* (кораб), *влада, седница* и др. Прифатени грешки: *запоставеност, купатило, сунчање, дизалица, пепељара* и др.	**грцизми**: *икона, оти, ела, лимон, ангел* и др. **латинизми**: *цар, вино, оцет, Коледе, клисура* и др. **италијанизми**: *папарацо, погача, балкон, маџа* и др. **француизми**: *биро, мода, палто, тантела* и др. **албанизми**: *чупе, ровја, беса* и др. **персијанизми**: *бостан, килим, чешма, чадор* и др. **арабизми**: *кибрит, маало, мајмун, касап* и др. (дојдени преку турскиот јазик).

Лексиката според формата на употреба

Според формата на употреба, лексиката се дели на писмена и на усна.

Стандардниот јазик функционира во две форми:
- **усна** (разговорна)
- **писмена (книжно-литературна)** лит., наука, администрација и училишта

Според формата на употреба лексиката се дели на:

1. **Разговорна лексика** – во усна форма на стандардниот јазик (неофицијален исказ): *гајле, мајтап, раат, аир, типка, фраер.*

2. **Книжна лексика** – во писмена форма на станардниот јазик (зборови земени од јазикот на писателите, од народниот јазик и новосоздадени зборови): *доблестен, сочувствен, велики, се тревожи, предочува.*

3. **Поетска лексика** – во уметничката литература (поезија), се добива сликовитост и изразност: *звонеж, взор, зајдисонце, лаеж.*

Лексиката според сферата на употреба

Лексиката според сферата на употреба се дели на:

1. **Општонародна (неутрална) лексика** – најголемиот дел од усната и од писмената форма на стандардниот македонски јазик: *човек, живот, пријател, маж, еден, движи, оди, купува, учи, книга, девојка, собир* и др.

Турцизми: *боза, алва, мусака* и др. неутрални турцизми.

2. **Дијалектна лексика** – претставува разговорна (усна) лексика на определена територија, а може да се употреби и во книжевноста (во драмата „Бегалка", во романот „Крпен живот" и во други дела): *ареса, вонка, дреа, глобок, заек, бева* и др.

3. **Професионализми** – зборови што се употребуваат од страна на луѓето со одредена професија (златари, новинари, спортисти, ѕидари...): *сложување* (редење на буквите) – печатарство; *прелом* и *фрактура* (скршеница) – медицина; *блинкер* – рибари; *полувреме, гол* – спорт; *греда, плоча* – градежништво; *наднаслов* – новинарство.

4. **Терминолошка лексика** (термини) – тоа се зборови со кои се именуваат специјални предмети, појави и поими во науката, техниката и културата: *геодезија, елизија, катода, динамо, реакција, атом, инфлуенција, софтвер.*

5. **Жаргонска (арго) лексика** – зборовите што припаѓаат на овој вид лексика се во употреба само кај одделни социјални групи, професии и средини: *гагација, напнува, типка, лајкне, тагне, дилитне, рандом* – немаат литературен карактер, а имаат замена во литературниот јазик и се употребуваат за да не бидат разбрани од другите луѓе.

Лексиката според степенот на употреба

Во секојдневното општење, секој човек употребува помалку зборови отколку што знае. Затоа, за зборовите што се употребуваат секојдневно велиме дека претставуваат активна лексика, а за зборовите што се знаат кога ќе се слушнат или ќе се прочитаат, но не се користат од страна на даден говорител, велиме дека претставуваат пасивна лексика.

Речникот на поединецот:
- **активен** (зборови што ги употребува)
- **пасивен** (зборови што ги разбира, но не ги употребува често)

Писмените луѓе и интелектуалците користат од 4 000 до 5 000 зборови во своето зборување. Кај писателите, тој број е многу поголем и се движи од 20 000 до 30 000 зборови.

Прашања и задачи:

1. **Според ваша процена, колку зборови од мајчиниот македонски јазик користите секојдневно како активна лексика?**
2. **Со што би можеле да го збогатите својот личен фонд на зборови од мајчиниот јазик?**
3. **Дали позајмувањето зборови го збогатува или го осиромашува македонскиот јазик?**

   Обиди се да објасниш преку примери.

4. **„Преведи" ги во тетратка следните жаргонски реченици на стандарден македонски јазик:**
   - Еј, многу ме напнува овој тип!

   Стандардно: _____

   - Ајде да го дилитнеме фајлов.

   Стандардно: _____

   - Поминавме гага во киното.

   Стандардно: _____

5. **Одреди го правилниот збор во реченицата:**
   - Ми пристигна фактурата/фрактурата за електрична енергија.
   - Напишавме многу интересен тест/текст на часот по македонски јазик.
   - Тој го промени својот статус/статут на социјалните мрежи.

   Јас сум адресант/адресат, односно лицето што го прима писмото.

1.3 СЛУШАЊЕ, ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ

Слушање со разбирање

„Природата му дала на човекот еден јазик и две уши, за да може да слуша двојно повеќе отколку што зборува." – Епиктет

Основни елементи на писменоста кај човекот се слушањето, читањето и пишувањето.

Слушањето е најзастапената комуникациска активност – истражувањата покажуваат дека дури 42 % од времето поминато во комуникација припаѓа на слушање. Но, слушањето не е само пасивно примање звуци; тоа е активен, ментален процес што се одвива низ пет клучни фази. Ако само една од овие фази „затаи", целата комуникација може да пропадне. Со слушањето се развива мудрост и се создава длабока поврзаност со опкружувањето во кое се живее.

Карактеристики на слушањето

Доброто слушање е изградено од три основни вештини: став, внимание и приспособување. Тоа бара концентрација и фокусирање на мислите на определен проблем. Постојат три нивоа на слушање. **Првото ниво** е физичко *слушање*, односно се слушаат звуци кои преку звучните бранови удираат на ушните тапанчиња со доволна сила за таа да се претвори во нервен импулс, кој се пренесува до мозокот. **Второто** или повисоко ниво значи дека слушањето е перципирање звуци. Перципирањето може да се дефинира како едуцирано слушање, поточно звукот го идентификуваме со класа звуци кои претходно се обработени во нашата меморија. **Третото** и највисоко ниво се јавува кога слушањето е разбирање на звуците во форма на порака.

Видови слушања

Пасивно слушање е кога слушањето се сведува на примање зборови во заднина, кога слушателот не е запознаен со содржината на тоа што се слуша, ниту, пак, се покажува дека е учесник во комуникацијата преку говорот на телото.

Селективно слушање е форма на слушање кога слушателот се „вклучува" за да ги слушне само оние делови што го интересираат, а потоа повторно се „исклучува".

Буквално слушање е кога слушателот ја слуша содржината и тоа што некој го кажува, но ги исклучува другите елементи на комуникацијата (боја и висина на гласот, тон, гестови) и честопати не го разбира тоа што се кажува.

Активно слушање е кога слушателот го следи соговорникот, разбира што зборува, ги следи невербалните знаци на однесување, поставува прашања.

Слушањето е присутно во различни околности, на пример во секојдневни разговори во семејството, во училиште, на работа и сл.

Фази на слушање

Според современата комуникациска и психолошка литература, процесот на слушање може да се опише преку неколку меѓусебно поврзани фази.

Примање (регистрирање сигнал)

Ова е почетниот, физиолошки чекор. Сетилото за слух ги регистрира звучните бранови од околината. Како што вели Епиктет, имаме „две уши" за овој сигнал да биде примен со полн интензитет. Тука е клучна концентрацијата – ако има премногу бучава или ако мислите ни лутаат, сигналот нема ни да стигне до нашиот систем.

Разбирање (когнитивна обработка)

Во оваа фаза, мозокот го декодира сигналот. Се обидуваме да сфатиме што точно значат зборовите на соговорникот. Во оваа фаза се формира смислата, т. е. новите информации ги поврзуваме со она што веќе го знаеме (претходно знаење и контекст).

Меморија (помнење на релевантното)

За да биде слушањето ефективно, мора да го задржиме кажаното. Без меморија, комуникацијата го губи континуитетот. Ова ни овозможува да се сеќаваме на почетокот на реченицата додека соговорникот да стигне до крајот или да запомниме важни факти за подоцнежна дискусија.

Толкување (препознавање на намерата и ставот)

Ова е најкритичната и најсубјективната фаза. Тука не ги анализираме само зборовите, туку и тонот на гласот и емоцијата. Се прашуваме: *Зошто го кажува ова? Дали е саркастичен или сериозен?* Тука најчесто настануваат недоразбирањата бидејќи нашето толкување зависи од нашите вредности и моменталното расположение.

Одговарање (вербална или невербална реакција)

Ова е финалниот чекор, кој му покажува на соговорникот дека сме биле присутни. Одговорот може да биде збор, но може да биде и само кимнување со главата или контакт со очите. Квалитетот на нашата реакција е огледало на тоа колку успешно поминале претходните четири фази.

Добриот слушател секогаш треба да ги активира **концентрацијата** – умствено да е присутен за време на слушањето и **говорот на телото** – ставот на телото, очите да му бидат насочени кон изворот на пораката; да **се воздржува од прекинување** на соговорникот – прашањата да ги поставува во паузите и да биде свесен за **просторот на тишината**, т. е. да научи дека тишината е услов за добро слушање.

Прашања и задачи:

1. **„Детектор на фази“**

   Прочитај ги следниве сценарија каде што комуникацијата не успеала. Одреди која фаза од процесот на слушање „затајува“.

   1. Наставникот зборува, но ученикот гледа низ прозорец и воопшто не ги регистрира звуците.
   2. Соговорникот користи премногу стручни зборови што другиот не ги разбира, па тој не ја сфаќа пораката.
   3. Пријателот ти го кажа својот телефонски број, но ти го заборави веднаш штом го слушна.
   4. Мајка ти ти вели: „Браво, многу си паметен/а“, бидејќи си направил/а бељa, а ти мислиш дека навистина те фали (не го препознаваш сарказмот).
   5. Професорот те прашува нешто, ти си го слушнал/а и си го разбрал/а, но само молчиш и гледаш во подот без никаква реакција.

2. **Скенирај го кјуар-кодот и проследи ја епизодата (или првите 5-7 минути). Додека слушаш, фокусирај се на фазите на разбирање и меморија.**

   Прашања за проверка на разбирањето:

   – Фаза на разбирање: Која е главната тема на разговорот? Обиди се да ја сумираш во една реченица.
   – Фаза на толкување (став *наспроти* факт).
   – Запиши по еден факт што го изнесоа говорниците (податок, настан, бројка).
   – Идентификувај еден личен став на водителот. Кои зборови го откриваат тој став? (внимавај на модалните зборови: *веројатно, за среќа, очигледно*).
   – Емоционални елементи: Каков е тонот на говорниците? (ентузијастичен, загрижен, саркастичен или смирен?) Како влијае тоа врз начинот на кој ја „толкуваш“ пораката?

3. **„Парафразирај и одговори“**

   Избери една мисла од поткастот од претходната вежба што ти се допадна најмногу.

   Чекор 1 (парафразирање): Прекажи ја таа мисла со свои зборови, почнувајќи со: *Говорникот смета дека...* или *Во поткастот беше истакнато дека...*

   Чекор 2 (став): Напиши го твојот одговор на таа мисла. Дали се согласуваш? Зошто? Користи најмалку еден модален збор за да ја изразиш својата сигурност.

4. **Пронајди ги темата, целта и клучните информации во:**

   а) Говорот б) Поткастот в) Веста г) Интервјуто

Читање со разбирање

Читањето со разбирање се дефинира како **писменост за читање со разбирање**, преку кое читателот може да го користи, да го вреднува текстот што го чита, истовремено размислувајќи за текстот во насока да се постигнат цели, да се развијат сопственото знаење и потенцијалот. Способноста да се читаат информации, да се носат заклучоци, критички да се анализираат текстови и да се умее да се поставуваат прашања е од суштинско значење за успех во сите сфери на животот. А сето тоа е основната потребна компетенција за читањето со разбирање или правењето смисла на прочитаното. Ова значи дека читањето со разбирање е важна способност во животот на секој човек.

Стручната литература за читањето со разбирање вели дека тоа е способност која овозможува читање текст со истовремена анализа на неговото значење. Во овој процес се користат две, меѓусебно поврзани способности: **читање зборови** (декодирање на симболите на страницата) и **разбирање јазик** (откривање на значењето на зборовите и реченициите).

Едноставно кажано, читањето со разбирање е чин на разбирање на она што се чита. Тоа е еден од столбовите на читањето. Кога едно лице чита текст, тоа вклучува сложена низа когнитивни процеси.

Постојат два елемента кои се неопходни и го сочинуваат процесот на читање со разбирање: **богат речник (вокабулар)** (знаење на многу зборови) и **разбирање на текстот**. За да се разбере текстот, читателот мора да биде способен да го открива значењето на зборовите кои се користат во текстот. Ако некои зборови немаат смисла или не го знаеме значењето, тогаш и целиот текст тешко ќе се разбере. Критичкото размислување налага читателот во процесот на читање да биде конструктивно ангажиран за да може да го чита „тоа што му треба".

Основните четири чекори во процесот на читање се: прва средба со текстот, разбирање на идејата, афективна реакција на текстот и критичко размислување за содржината. Читателот треба да знае што чита и да умее да ги открие:

Видот на текстот: На видот на текстот упатуваат насловот, поднасловот, содржината, јазикот и темата.

Композицијата на текстот: Композицијата на текстот се препознава визуелно преку видливо издвоени делови или според следственоста на содржината во текстот. Издвоените делови и пасуси зборуваат за композицијата, но и за видот на текстот. Треба да се разликува композиција во уметнички и во неуметнички текстови.

Темата на текстот: Темата на еден текст може да се препознае во самиот наслов на текстот, во клучните зборови во содржината на текстот, во поврзувањето на деловите, ликовите/личностите, опишаните настани и појави во текстот.

Контекстот на текстот: Контекст на еден текст претставуваат скриените мисли кои се читаат во текстот и кои можат да се откријат со разбирање на метафоричните значења на зборовите и со разбирање на целата ситуација за која се зборува.

Видот на јазикот во текстот: Јазикот во еден текст овозможува да се одреди видот на текстот при процесот на читање и да се согледа дали станува збор за уметнички, публицистички, административен или новинарски текст и сл.

Клучните зборови во текстот: Во секој текст или уште во насловот или во поднасловите, постојат клучни зборови кои овозможуваат мисловна насоченост на читателот и му помагаат да го разбере текстот. На пример, ако насловот на текстот е *Нуклеарните централи во современиот живот*, тогаш за разбирање на текстот читателот го активира своето знаење за нуклеарните централи во денешно време и ги извлекува (потцртува) сите зборови во текстот за кои смета дека се клучни за разбирање.

Чекори кои треба да се почитуваат при читање текст

Кога се чита текст по сопствен избор, тогаш и фокусот на вниманието на читателот и разбирањето се потпираат на емоциите и на индивидуалното знаење. Кога се чита текст со дадени насоки и со цел, чувствата се оставаат настрана и кон текстот се пристапува со намера да се најдат одговорите на поставените барања. Чекорите се исти, но вниманието и доживувањето се различни. Пред да се пристапи кон читање на еден текст, треба да се одговорат некои основни прашања и да се следат чекори за разбирање на текстот што се чита.

Чекори во процесот на читање со разбирање	Додека се чита се поставуваат прашања
Прва средба со текстот: – вид – композиција	Зошто се чита текстот? Каков е текстот што се чита? Колку е долг текстот?
Разбирање на идејата: – наслови, поднаслови, тема – јазик	Темата се поврзува со насловот?! Има зборови за кои треба да се открие значењето.
Афективна реакција на текстот: – поврзување информации – поврзување на клучни зборови и пасуси	Видливите информации треба да се поврзат со насловот. Одредување на клучни зборови и пасуси.
Критичко размислување за содржината: – спротивставени пасуси и информации – веродостојност на содржината	Во кој пасус има најмногу информации што може да се поврзат со темата? Зошто во одредени пасуси има различни информации и факти? Читателот не се согласува со авторот и со мислењето што е дадено во анализата. Кои аргументи го потврдуваат ставот на читателот?

По првото или по второто читање на текстот ги поставуваме следните прашања:

1. Која е првата асоцијација по читањето на текстот?
2. Дали насловот одговара на текстот? Зошто да/зошто не?
3. Каков е текстот?
4. Има ли непознати зборови во текстот?
5. Има ли порака текстот?

Запомни!

Ако се знае зошто се чита, тогаш при секоја средба со каков било текст треба да се чита: чекор по чекор, да се потцртува (запишува) сѐ што бара подлабоко размислување, да се поставуваат прашања, да се извлекуваат и да се поврзуваат информации и да се направи сопствена стратегија како ќе се чита еден текст.

Интересни тајни на модната индустрија

Модната индустрија крие многу тајни кои се непознати за повеќето од нас. Ви претставуваме десет интересни факти кои ќе ве остават изненадени.

Модерните жени не можат да си го замислат животот без накит. Но, мажите се тие кои почнале да ги носат овие модни додатоци со цел да го истакнат својот социјален статус.

Сите имаме копчиња на ракавите на своите јакни, но ретко кој знае дека оваа идеја потекнува од големиот император Наполеон Бонапарта. Тој им наредил на неговите кројачи да почнат да шијат копчиња на ракавите со цел неговите војници да не можат со нив да си ги бришат носовите.

Во 18. век мажите и жените ја фиксирале својата фризура со големо количество крем за коса направен од говедска маст и потоа покриен со прав од пченично или од оризово брашно. Бидејќи капењето се сметало за опасно, а фризурите биле премногу масивни за да се мијат, паразитите биле редовни „станари" во косата на луѓето.

Детската мода во денешно време е важна колку и онаа за возрасни. Секоја мајка сака нејзиното дете да изгледа убаво и модерно. Но, знаете ли дека модата за најмалечките датира од пред само 200 години? Претходно децата морале да носат помали копии на дизајните за мажи и жени.

Сѐ до 19. век не постоеле манекенки и манекени, па дизајнерите користеле мали кукли за да им ги демонстрираат нивните креации на потрошувачите. Ова можеби било добра идеја бидејќи не морале да трошат огромни суми на пари за модни ревии.

Многу познати мажи носат бради, меѓу кои се вбројуваат Бред Пит, Џорџ Клуни, Роберт Патинсон... Запуштениот изглед навистина секси им стои на повеќето од нив. Но, доколку истите живееле во Русија во времето на Петар Велики, тие ќе морале да плаќаат посебен данок за своите бради. Оваа такса била воведена за да ги тера мажите да се бричат и да изгледаат „поевропски". Кратките фризури денес се многу вообичаени и никој нема да се изненади доколку види девојка потстрижена кратко. Сепак, ситуацијата не била ваква отсекогаш. До пред некој период, само неверните жени ја носеле косата кратка. Тоа било обележување на нивната нечесност.

Сигурно сте забележале дека бременоста е многу популарна во Холивуд. Многу мајки, како Миранда Кер, Анџелина Џоли итн., постојано го промовираат мајчинство-

то како тренд. Оваа „мода" воопшто не е нова. Во 15. век, бременоста била популарна до тој степен што девојките кои не очекувале бебе, под облеката ставале перници за да создадат илузија на труднички стомак.

Рачно направената облека денес е многу ценета низ светот и се смета за престижна бидејќи е апсолутно ексклузивна. Но, до 1850 година, 70 проценти од луѓето сами си правеле облека. Модата секако не им значела ништо – она што им било важно била удобноста.

Доколку ги разгледате модните списанија, како на пример „Вог", ќе забележите дека кај манекенките се истакнуваат природните разбушавени веѓи, но во периодот на Ренесансата, модните следбенички си ги бричеле своите веги. Добар пример за тој тренд е сликата на Мона Лиза.

Извор: ИДИВИДИ

Читаме, се прашуваме, разбираме

Текст	Прашања и извлекување клучни зборови и пасуси	Дали е така откако го прочитав текстот неколку пати?
Интересни тајни на модната индустрија *Модата крие многу тајни кои се непознати за повеќето од нас. Ви претставуваме интересни факти кои ќе ве остават изненадени.*	На што ме асоцира насловот на текстот? Тајни – се мисли на начинот како модните креатори ги креираат моделите. Мода – што било модерно во минатото.	Во овој текст се говори за модата во минатото, така што мојата прва асоцијација не е точна.
Модерните жени не можат да си го замислат животот без накит. Но, мажите се тие кои почнале да ги носат овие модни додатоци со цел да го истакнат својот социјален статус. Сите имаме копчиња на ракавите на своите јакни, но ретко кој знае дека оваа идеја потекнува од големиот император Наполеон Бонапарта. Тој им наредил на неговите кројачи да почнат да шијат копчиња на ракавите со цел неговите војници да не можат со нив да си ги бришат носовите.	По првото читање на текстот се прашував: – Што сè било модерно во минатото? – Кој ги вовел копчињата на ракавите?	Ги открив/извлеков информациите: – Мажите први почнале да носат накит. – Наполеон.

Во 18. век мажите и жените ја фиксирале својата фризура со големо количество крем за коса направен од говедска маст и потоа покриен со прав од пченично или оризово брашно. Бидејќи капењето се сметало за опасно, а фризурите биле премногу масивни за да се мијат, паразитите биле редовни „станари" во косата на луѓето.

Детската мода во денешно време е важна колку и онаа за возрасни. Секоја мајка сака нејзиното дете да изгледа убаво и модерно. Но, знаете ли дека модата за најмалечките датира од пред само 200 години? Во тоа време децата морале да носат помали копии на дизајните за мажи и жени.

Сè до 19. век не постоеле манекенки и манекени, па дизајнерите користеле мали кукли за да им ги демонстрираат нивните креации на потрошувачите. Ова можеби било добра идеја бидејќи не морале да трошат огромни суми на пари за модни ревии.

Многу познати мажи носат брада, меѓу кои се вбројуваат Бред Пит, Џорџ Клуни, Роберт Патинсон... Запуштениот изглед навистина секси им стои на повеќето од нив. Но, доколку истите живееле во Русија во времето на Петар Велики, тие ќе морале да плаќаат посебен данок за своите бради. Оваа такса била воведена за да ги тера мажите да се бричат и да изгледаат „поевропски".

(...)

– Зошто Наполеон наредил да има копчиња на ракавите?

– За да не ги бришат војниците носовите.

– Какви фризури носеле мажите и жените во 18 век?

– Цврсти фиксирани фризури како шлемови.

– Како ги одржувале фризурите да бидат цврсти?

– За да им стојат цврсти ги мачкале со крема. Таа била направена од говедска маст, ама затоа често имале вошки како „станари" во косата.

– Што дознаваме за детската мода?

– Децата во минатото морале да носат иста облека како возрасните.

– Кои биле манекени во минатото?

– Во улога на манекени дизајнерите користеле кукли.

– Брадата кај мажите и плаќањето такса?!

– Во времето на Петар Велики мажите кои носеле брада требало да плаќаат данок.

Прашања и задачи:

1. Прочитај го дадениот текст и одговори на поставените прашања.

Мозокот на тинејџерите се развива различно во зависност од тоа дали се ноќни птици или ранобудници

Веќе е 23 часот среде недела, а светлото во собата на вашиот тинејџер сè уште свети. Вие сакате тој да се наспие за следниот ден, но тоа е вистинска борба. Ново истражување покажува што се случува со мозоците и однесувањето на тинејџерите по години откако ќе станат ноќни птици.

Истражувачи од Универзитетот во Мелбурн истакнуваат дека утврдиле дека промената во шемата на спиење го зголемува ризикот од проблеми со однесувањето и го одложува развојот на мозокот подоцна во адолесценцијата. Но, не се сите вести за ноќните птици лоши.

Шемите на спиење на луѓето се менуваат за време на нивните тинејџерски години. Тинејџерите може да останат будни подолго, да заспиваат подоцна и да спијат до подоцна следниот ден. Многу тинејџери, исто така, се менуваат и од ранобудници стануваат ноќни птици. Тие се чувствуваат попродуктивни подоцна, преферираат да си легнуваат подоцна и да се будат подоцна следниот ден.

Таа промена може да дојде во судир со нивните обврски. Хроничниот недостиг на сон може да е објаснувањето зошто тинејџерите кои се ноќни птици се во поголем ризик од емоционални и проблеми со однесувањето.

Истражувањата посочуваат и дека ранобудниците и ноќните птици имаат различна структура на мозокот. Тука се вклучени разликите и во сивата и во белата материја, кои се поврзуваат со разликите во меморијата, емоционалната благосостојба, вниманието и емпатијата.

Но, дали тоа што се ноќни птици го зголемува ризикот за подоцнежни емоционални и проблеми со однесувањето кај тинејџерите? Или дали емоционалните и проблемите со однесувањето водат до тоа некој да стане ноќна птица?

Истражувачите се обиделе да одговорат на овие прашања така што со години следеле тинејџери.

Тие побарале од повеќе од 200 тинејџери и нивните родители да пополнат серија прашалници за спиењето на тинејџерите, како и за нивната емоционална и благосостојбата во однесувањето. Учесниците ги повториле прашалниците неколку пати во текот на седум години. Тинејџерите биле и на две скенирања на мозокот во рок од неколку години за да се испита развојот на мозоците. Научниците се фокусирале на мапирање на промените во структурата на белата материја, за која во претходни истражувања се покажала дека е различна кај ранобудниците и ноќните птици.

Научниците утврдиле дека кај тинејџерите кои станале ноќни птици во раната адолесценција (на околу 12-13 години) имало поголема веројатност да имаат проблеми со однесувањето неколку години подоцна. Тука се вклучуваат поголемата агресија, прекршување на правилата и антисоцијални однесувања. Сепак, кај нив немало зголемен ризик од емоционални проблеми, како анксиозност или нерасположеност.

Важно е да се напомене дека таа врска не се јавила во обратната насока. Со други зборови, научниците утврдиле дека пораните емоционални и проблеми со однесувањето не влијаеле врз тоа дали тинејџерот ќе стане ранобудник или ноќна птица во доцната адолесценција.

Истражувањето покажало и дека тинејџерите кои станале ноќни птици имале различна стапка на развој на мозокот од оние што останале ранобудници. Научниците утврдиле дека белата материја кај ноќните птици не се зголемувала до истиот степен како кај тинејџерите ранобудници. Знаеме дека растот на белата материја е важен во тие години за да го поддржи когнитивниот и емоционалниот развој.

Сепак, истражувањето покажало дека можеме да ги промениме навиките. На пример, изложувањето на светлина (дури и вештачка) го менува нашиот цикардијален ритам, што може да влијае врз нашиот сон. Па, минимизирањето на изложувањето на светлина и екрани навечер може да е еден од начините за промена на навиките. Изложувањето на светлина наутро, исто така, може да помогне во менување на внатрешните часовници. Така, може да го охрабрите вашиот тинејџер да појадува надвор, на пример, на балкон, пред да оди на училиште.

Извор:
www fakulteti.mk

1. Кој е главниот проблем што се опишува во воведот на текстот?
2. Како се манифестира недоволниот сон кај тинејџерите?
3. Што откриле истражувачите од Универзитетот во Мелбурн во врска со шемите на спиење и развојот на мозокот?
4. Како се менуваат навиките за спиење кај тинејџерите во текот на адолесценцијата?
5. Зошто хроничниот недостиг на сон може да биде поврзан со проблеми со однесувањето кај „ноќните птици"?
6. Која е разликата во структурата на мозокот меѓу ранобудниците и „ноќните птици", според текстот?
7. Како истражувачите се обиделе да добијат податоци за спиењето и однесувањето на тинејџерите?
8. Кои проблеми со однесувањето почесто се јавуваат кај тинејџерите што станале „ноќни птици" во раната адолесценција?
9. Што покажуваат резултатите во врска со емоционалните проблеми кај „ноќните птици"? Објасни.
10. Како се разликува развојот на белата материја кај ранобудниците и кај „ноќните птици"? Зошто е тоа важно?
11. Кои начини за промена на навиките за спиење се предлагаат во текстот?
12. Како можат да помогнат промените на навиките за спиење?

13. Според текстот, што најмногу ги карактеризира „ноќните птици“?
    а) Потреба за пократок сон;
    б) Преференција да легнуваат и да се будат подоцна;
    в) Спиење само преку ден;
    г) Неможност да се концентрираат воопшто.

14. Кое прашање се обиделе да го одговорат истражувачите?
    а) Дали тинејџерите читаат пред спиење;
    б) Дали исхраната влијае врз успехот во училиште;
    в) Дали ноќната будност води до проблеми со однесувањето или обратно;
    г) Дали физичката активност го намалува стресот.

15. Колку долго траело следењето на тинејџерите во истражувањето?
    а) Една учебна година;
    б) Две недели;
    в) Седум години;
    г) Еден месец.

16. Кој бил еден од методите што ги користеле научниците за да ги добијат податоците?
    а) Дневници за исхрана;
    б) Интервјуа со наставници;
    в) Прашалници за сон и за однесување;
    г) Медицински операции.

17. Што утврдиле научниците во врска со агресијата кај „ноќните птици“?
    а) Дека исчезнува со возраста;
    б) Дека не постои воопшто;
    в) Дека има поголема веројатност да биде присутна;
    г) Дека се јавува само кај возрасни луѓе.

18. Каква разлика во мозочната структура била откриена кај „ноќните птици“?
    а) Поголеми очи;
    б) Намалена активност на срцето;
    в) Помал раст на белата материја;
    г) Недостаток на сива материја, целосно.

19. Со што е поврзан растот на белата материја според текстот?
    а) Спортски резултати;
    б) Висината и тежината;
    в) Когнитивен и емоционален развој;
    г) Боја на коса и на очи.

20. Кој пример се наведува како практичен начин за изложување на утринска светлина?
    а) Спиење со вклучена светилка цела ноќ;
    б) Долги прошетки доцна навечер;
    в) Појадување на отворено пред училиште;
    г) Гледање телевизија наутро во темна просторија.

21. Што се наведува како негативна последица од хроничен недостиг на сон?

а) Подобрување на спортските способности;

б) Намален апетит за слатки;

в) Поголем ризик од проблеми со однесувањето;

г) Поголема потреба за вода.

22. Кој заклучок НЕ го поддржува текстот?

а) Навиките за спиење можат да се менуваат;

б) Изложувањето на светлина влијае врз внатрешниот часовник;

в) Емоционалните проблеми секогаш предизвикуваат станување „ноќна птица";

г) Структурата на мозокот се разликува кај различни типови спијачи.

2. **Прочитај ги дадените текстови и формулирај прашања.**

Дали креативноста може да се научи?

Во модерната култура, креативноста е синоним за елитна група професионалци – од танчари до музичари. Се смета дека овие лица се „природно надарени", но дали креативноста е вродена или може да се создаде?

Во новото видео на „Brain Craft's", со наслов „Тајната на креативноста", водителката Венеса Хил објаснува дека ако ги пуштите мислите да лутаат, тоа може да доведе до креативност, независно дали сте професионалец или почетник.

Според „Brain Craft's", 30 проценти од времето во денот луѓето го поминуваат во лутање со мислите. Некои научници теоретизираат дека тоа може да ви го одвлече вниманието од она што го доживувате како пречка или да ѝ овозможи на вашата потсвест да работи на проблемот без да се потпира на повисоките когнитивни функции.

Лутањето со мислите исто така може да ја поттикне способноста на мозокот да го преиспита начинот на кој гледате на проблемот, што ќе ви овозможи да најдете врска на две навидум неповрзани работи и да дојдете до ново креативно решение.

Едно истражување објавено во „PLoS One", открива дека генетиката може да игра суштинска улога во креативноста. Семејствата кои колективно покажуваат подобри резултати на тестовите за музички вештини или на тестовите за креативност, многу е веројатно дека имаат екстра копија од генот глукоза мутаротазе. Овој ген учествува во ослободувањето на серотонинот, невротрансмитер кој ги промовира нервните врски. Оваа дополнителна копија ја зголемува продукцијата на серотонинот и способноста на мозокот повторно да го користи.

Истражувачите исто така укажуваат дека нивото на креативност влијае и врз особините на личноста. Спремноста за преземање ризици и отвореноста кон нови искуства исто така се поврзуваат со креативноста. Сепак, дури и да не сте креативни по природа, оваа вештина може да се тренира, да се усовршува или да се учи.

Во одделни истражувања била направена споредба помеѓу успешни професионални танчари, уметници и музичари со почетници во тие области. За време на се-

сиите за импровизација, кога од учесниците било побарано да состават мелодија од пет тона, ментално да направат цртеж или ментално да изведат танц, се покажало дека искусните професионалци на друг начин размислуваат за задачата и вклучуваат други области од мозокот во споредба со почетниците.

Креативноста не е само индивидуална способност, туку може и да се учи. Таа е под влијание и на културолошките и на биолошките фактори. На пример, училиштата ги учат учениците како да ги практикуваат нивните креативни вештини преку поттикнување отворен дијалог со различни идеи, а не само ограничен начин на размислување во училниците.

Затоа, ослободете го умот и негувајте ја својата креативност.

Извор:
enauka.mk

Кои се ризиците од тоа што децата поминуваат повеќе време на социјалните мрежи?

Експертите во секое ново истражување истакнуваат дека децата поминуваат многу повеќе време со медиумите отколку кога било досега, па токму поради тоа предупредуваат на потребата тоа време да се ограничи, како и на ризиците што се јавуваат.

Времето со медиумите некогаш и сега

Истражувањето на фондацијата „Kaiser Family" објавено во 2010 година, покажа дека дури и тогаш децата на возраст од 8 до 18 години просечно поминувале по 7 часа и 38 минути на ден консумирајќи медиумски содржини, иако тој број е всушност многу поголем, ако се земе предвид дека децата често користат повеќе медиуми во исто време (на пр., додека играат видеоигри слушаат музика на радио). Денес, тинејџерите посветуваат и до 9 часа на ден на медиумите. Затоа, не е чудно што дури 66 % од родителите веруваат дека нивните деца поминуваат премногу време пред екраните, а 59 % од нив сметаат дека нивните деца се зависни од мобилните уреди.

Кога зборуваме за помали деца, во Хрватска, во 2017 година, Поликлиниката за заштита на деца и млади на градот Загреб го спроведе првото национално истражување за деца од предучилишна возраст и нивното време пред малите екрани. Резултатите покажуваат дека меѓу речиси 700 предучилишни деца, не постои ниту едно кое не користи барем еден електронски уред, и дека предучилишните деца поминуваат во просек 2,4 часа во текот на еден работен ден и 3 часа за време на викендите пред екраните. Експертите посочуваат дека децата до 18 месеци тре-

ба да имаат минимален, или речиси никаков контакт со медиумите, децата од 18 до 24 месеци треба да гледаат исклучиво едукативна содржина под надзор, а децата од 2 до 5 години со медиумите треба да поминуваат максимум 1 час дневно во текот на неделата и за време на викендите до 3 часа консумирајќи медиумска содржина. Во повеќето случаи, родителите не ги следат овие препораки.

Никогаш поголема популарност на апликација („Тикток")

Иако „Јутјуб" е сè уште апликацијата на која децата поминуваат најмногу време, „Тикток" опасно ѝ се доближува зад петиците. Според најновите истражувања објавени во 2020 година, децата просечно поминуваат по 85 минути дневно на „Јутјуб" и по 80 минути на „Тикток".

„Тикток" е релативно нова социјална мрежа, лансирана под името Musical.ly, а во 2018 година е преземена од страна на кинеската компанија Byte Dance која ѝ го менува името. Но, целата содржина и корисниците остануваат и автоматски се префрлаат на новата платформа. Апликацијата е наменета за создавање, уредување, коментирање и споделување на кратки видеа (до 15 секунди) на која било тема. Се здоби со популарност поради забавниот карактер и едноставноста на користење. Некои посочуваат дека апликацијата „Тикток" е како создадена за во карантин, затоа што подразбира снимање видеа во затворени простории – речиси сите видеа се снимени во соби или некаде внатре во домовите, додека на „Инстаграм" се поставуваат слики од патувања, дружења и разни активности на отворено.

Токму „Тикток" е одговорен за брзото зголемување на употребата на социјалните мрежи. Досега апликацијата е преземена повеќе од 2 милијарди пати и само во првиот квартал на 2020 година, бележи дури 315 милиони преземања – повеќе од која било апликација досега во еден квартал. Најголем број на корисници има во Индија, по што следуваат Кина и САД, со 800 милиони активни корисници месечно. Иако и апликациите „Инстаграм" и „Снепчет" бележат големо зголемување на преземања и на корисници, „Фејсбук" и понатаму останува водечката социјална мрежа.

Опасности на интернет

Иако социјалните мрежи и генерално интернетот во целина имаат голем број предности, важно е да се биде свесен за ограничувањата и предизвиците кои се исправуваат пред нас. Без разлика дали се работи за гледање телевизија, играње видеоигри, комуницирање преку паметни телефони или активности на социјалните медиуми, медиумите лесно можат да станат средство кое предизвикува зависност. Кога зборуваме за интернетот, мора да бидеме свесни дека тоа е огромен виртуелен простор во кој е невозможно законски да се регулираат сите интернет-содржини.

Децата најмногу му пристапуваат на интернетот преку паметните телефони кои се лесни и преносни и со тоа стануваат составен дел од активностите во секојдневниот живот на децата. Ги користат за време на оброците, пред спиење, веднаш

по будењето, па дури и за времето што го поминуваат со семејството и пријателите. Токму затоа што децата можат да ги носат со себе каде и да сакаат, исто така можат и лесно да се скријат од своите родители доколку сакаат потајно да го поминат времето сурфајќи. Исто така, децата и младите развиваат начини на користење на медиумите кои се сосема различни од оние што ги користат нивните родители. Тие веќе не прават разлика помеѓу реалниот и виртуелниот свет. Покрај зависноста, постои голем проблем со содржината со која децата се среќаваат во медиумите. На пример, на „Тикток", социјалната мрежа која се здоби со најголема популарност кај децата, можеме да видиме дека во втората половина на 2019 година отстраниле дури 49 милиони видеа поради нивната несоодветна содржина. Во една четвртина од овие случаи се работело за голотија или сексуални активности. Речиси сите социјални мрежи биле поврзани со некои скандали кои, пак, биле поврзани со корисниците. Така, „Тикток", во тоа време познат како Musical.ly, се најде на суд поради нелегалното собирање информации за деца под 13-годишна возраст и поради тоа се согласиле да платат казна од 5,7 милиони долари за кршење на Правилата на COPPA.

На „Фејсбук" минатата година беше објавена снимка во живо од масовното убиство на 49 лица во Нов Зеланд. Од „Фејсбук" посочуваат дека дознале за поставувањето на видеото на интернет дури откако полицијата ги известила за тоа.

Снимката била веднаш отстранета, но сепак била присутна доволно долго за луѓето да ја видат, да ја преземат и да продолжат да ја споделуваат на други социјални мрежи. Тука се јавува проблемот со препознавање на насилна и несоодветна содржина која се објавува на интернет. Со проверката на содржината што се објавува на мрежите се занимава вештачката интелигенција, на којашто, како што можеме да видиме од овој пример, многу лесно ѝ се провираат содржини што никогаш не би смеело да се објават.

Речиси половина од родителите, како загриженост во врска со употребата на новите медиуми, ја истакнуваат содржината што ги охрабрува децата на самоповредување. Еден случај што потврдува дека родителската грижа не е без причина е токму самоубиството на девојчето Моли Расел. Нејзините родители директно го обвинуваат „Инстаграм" за овој трагичен случај, поради содржината до која нивната ќерка имала пристап преку апликацијата, а таа се однесува на цртежи, видеа и слики што покажуваат најразлични методи на самоубиство. По тој инцидент, „Инстаграм" се заложи дека ќе даде сè од себе за да ги отстрани сите вакви содржини и дека ќе го спречи нивното објавување на мрежата.

Времето што децата го поминуваат со медиумите од почетокот на кризата со коронавирусот, односно пандемијата предизвикана од вирусот ковид-19, драстично се зголеми. Доколку само го пресметаме вкупниот број на часови што децата наместо во класично училиште ги поминувале во онлајн настава преку интернет или настава преку телевизија, времето пред екраните веќе се зголемува, во споредба со периодот пред март оваа година (2020, н. з.). Покрај тоа, поради забраната за напуштање на домовите, наместо да играат на отворено, децата поминуваа

повеќе време покрај екраните, комуницирајќи со пријателите или едноставно забавувајќи се со цртани филмови, серии, видеоигри и особено со социјалните мрежи.

Употребата на (новите) медиуми запира само кога децата спијат. Пред избувнувањето на пандемијата, децата биле вклучени во интеракција „лице в лице" барем за време на часовите, а моментално и тој дел е префрлен во виртуелниот свет. Социјалните мрежи веќе не се алтернативен начин, туку станаа една од основните форми на социјализација на децата и младите.

Зголеменото време што децата го поминуваат со медиумите ја наметнува можноста тие да бидат изложени на поголем број ризична содржина. Со прекумерна употреба на медиумите и несоодветната содржина на интернет, постои долг список на опасности со кои може да се соочат децата. Од лажно претставување, педофилија, насилство меѓу врсниците, хакерство, кражба на идентитет итн. Ова се сè проблеми што нема да исчезнат со текот на времето, туку само можат да ескалираат.

Речиси сите експерти кои се занимаваа со влијанието на масовните медиуми врз децата ја истакнаа клучната улога на родителите. Родителите треба да имаат функција на медиумски едукатори кои ќе ги запознаваат децата од рана возраст со сите позитивни и негативни страни на медиумите. Сепак, самите родители честопати немаат доволно знаење и информации за новите медиуми и посочуваат дека децата се постручни од нив. Одговорноста честопати се пренесува на воспитно-образовните институции, а наставниците и учителите посочуваат дека тие самите не се доволно образовани за да ги едуцираат децата во однос на медиумите. Секој може да чека со прекрстени раце за некој друг да направи или да преземе нешто или да се обиде да стори сè што е во негова моќ за да им помогне на децата на најдобар можен начин да се справат со предизвиците со кои се соочуваат секојдневно.

Што можеме да сториме?

Можеме да инсталираме разни апликации за да ги следиме децата, да поставуваме правила и да воведуваме ограничувања што би можело да помогнат, но само едукацијата, комуникацијата во училиштето и семејството и поттикнувањето на децата да размислуваат критички може да дејствуваат превентивно и да помогнат во препознавањето на потенцијалните опасности.

Се наметнува прашањето, дали воопшто времето што децата го поминуваат со медиумите некогаш ќе се врати во состојбата во која што беше пред ковид-19, или, како и многу други работи, ќе стане „новото нормално".

Денес, со толку голема медиумска доминација во животот на децата и младите, повеќе од кога било досега, потребно е образование и охрабрување да се размислува критички за медиумите. Време е медиумската писменост да го добие својот простор – во училиштето, семејството, приватниот и јавниот живот – што одамна го заслужува.

Извор:
okno.mk

Пишување

Пишувањето е вештина на изразување на сопствените мисли, чувства, идеи и знаења преку пишан збор. За разлика од зборувањето, пишувањето бара поголема прецизност, логичка поврзаност и избор на соодветен стил. При пишувањето се користат различни извори од повеќе автори кои треба да бидат означени во текстот според одредени правила.

Извори и авторство

Наведувањето на изворите е клучна вештина во академското и во новинарското пишување. Тоа обезбедува транспарентност, веродостојност и почит кон авторското право, а воедно помага да се избегне плагијат. Кога се пишува аргументативен или истражувачки текст, често се користат туѓи идеи. Нашата задача е тие идеи да ги претвориме во сопствен, оригинален текст, при што секогаш јасно ќе го означиме авторството. Употребата на информации од различни извори и нивното поврзување во нов, оригинален став е процес на синтеза. Во овој процес ученикот станува автор кој анализира, споредува и изведува заклучок.

Начини на користење извори во текст при пишување

1. **Директно цитирање** се користи кога изразот на авторот е уникатен и не може да се преработи без да се изгуби неговата сила. При преземање текст од збор до збор секогаш се користат наводници и се наведува авторот.

Пример 1: Според Блаже Конески: „Јазикот е нашата единствена татковина".

Пример 2: Како што вели Епиктет: „Природата му дала на човекот еден јазик и две уши, за да може да слуша двојно повеќе отколку што зборува".

2. **Парафразирање** е преработување на туѓа мисла со свои зборови, но со задолжително наведување на авторот.

Пример: Како што истакнува Прличев во својата автобиографија, борбата за јазикот е поврзана со достоинството на народот.

3. **Фусноти (белешки под линија)** е кога на крајот од реченицата се става мал број, а на дното од страницата се наведуваат целосните податоци за изворот. Овој начин најчесто се користи во научни трудови и во стилот Чикаго.

Пример: [1]Блаже Конески, *Собрани песни* (Скопје: Македонска книга, 1987), 23.

Постапка	Што правиме?	Дали користиме наводници?	Дали се наведува извор?	Цел
Директно цитирање	Го пренесуваме текстот од збор до збор	Да	Да	Да се зачува оригиналниот израз
Парафразирање	Ја преработуваме туѓата идеја со свои зборови	Не	Да	Да покажеме разбирање на идејата

Синтеза	Поврзуваме идеи од повеќе извори во нов став	Не (освен ако има цитат)	Да	Да создадеме нова, аргументирана целина

Листа на литература – на крајот од трудот, сите извори се подредуваат по азбучен ред според презимето на авторот.

Книга:

Презиме, Име. (година). *Наслов на книгата.* Град: Издавач.

Интернет-страница:

Наслов на статијата. (година). Преземено од: целосен линк (датум на пристап).

Документ/Закон:

Наслов на законот. Службен весник на РСМ, број/година.

Дигитално наведување – во дигитални текстови се користат:

– Директен линк (hyperlink);
– *DOI* (Digital Object Identifier) – траен идентификациски број за научни трудови.

Запомни!

Секогаш наведувај извор кога користиш туѓа идеја. Користи наводници при директен цитат. На крајот од текстот направи листа на литература. Комбинирај повеќе извори за да создадеш сопствен став.

Коментар е текст што содржи мислење, објаснување, толкување и вреднување на дадено дело, настан, појава и слично. Во поширока смисла, со овој поим се опфаќаат сите усни и писмени текстови што претставуваат реакција на авторот на определена тема. Најчесто употребуван коментар е аналитичкиот, кој претставува критички текст што содржи сеопфатно продлабочување и расветлување на одредена тема. Во него секогаш се содржи ставот на пишувачот/говорителот за темата за која се пишува или се говори. Во новинарството, коментарот е специфичен жанр, каде што авторот има слобода (и обврска) да го изнесе својот субјективен став.

Карактеристики на коментарот

Устен/пишан:

– Критичко размислување за даден текст;
– Сопствен суд;
– Внесување аргументи (позитивни или негативни);
– Поткрепа на аргументите;
– Анализа;
– Хронологија на мислите;
– Специфичен јазик (стандарден, течен, специфични изрази, фрази или зборови...);
– Интонација и акцентирање во говорењето.

Структурно, коментарот е составен од два дела. Во првиот се изложуваат фактите за темата, а во вториот ставот, проценатa и мислењето на авторот за презентираните податоци.

Рецензија е вид текст во кој авторот дава критичка оценка за некое дело или настан. Најчесто рецензии се пишуваат за филм, телевизиска серија, книга, музички албум, видеоигра или друг медиумски производ во печатен, електронски или дигитален медиум.

Рецензијата не претставува прераскажување на содржината на делото, туку во неа се дава анализа за неговите квалитети и слабости. Авторот на рецензијата има задача да го информира читателот и да го убеди во своето мислење преку аргументи и примери. Јазикот во рецензијата е јасен и прецизен, со користење придавки и со избегнување навреди и неосновани критики.

Структурно, рецензијата е составена од три дела, **вовед, главен дел и заклучок**. Во воведот се наоѓаат основните информации за делото (наслов, автор, жанр, година) и кратка најава за темата. Во главниот дел е вметната кратка содржина во која без откривање на клучните пресврти се анализираат ликовите, стилот, атмосферата, темата и пораката. Во овој дел од рецензијата се вметуваат аргументи за личниот став, како и за предностите и за недостатоците на она што се анализира. Во заклучокот се изнесува крајната оценка и препорака за оние на кои би им се допаднало делото.

Писмо е општ поим за различни документи во пишувана форма. Во зависност од односот со оној со кого се комуницира, разликуваме два вида писма: лично и деловно. Личното писмо е писмена форма на слободна комуникација меѓу блиски лица (пријатели, роднини, другари). Неговата основна цел е размена на мисли, чувства, впечатоци, информации од секојдневниот живот или подлабоки лични доживувања.

Личното писмо е неформално, спонтано и слободно во изразот. Тонот може да биде интимен, емотивен, шеговит или сосема разговорен, зависно од односот меѓу испраќачот и примачот. Иако неформално, личното писмо најчесто има свои карактеристични елементи. Во горниот десен агол се наведува местото и датумот на пишување. Обраќањето е топло и блиско, па во зависност од личните односи на лицата, можат да се употребат различни изрази (мила, драга, пријателе, здраво...). Содржината на писмото е слободна и без ограничувања. Во завршниот дел се вметнува поздрав, кој исто така е слободен (со љубов, искрено твој/твоја...) и потпис. Личното писмо се пишува во прво лице.

Деловното писмо служи за официјална комуникација меѓу институции, фирми, организации и сл. Неговата основна цел е формално да се пренесе информација, барање, известување, понуда, жалба, потврда или договор. Во деловното писмо се користи официјален, јасен и неутрален стил, без емоции и без разговорни изрази. Односот меѓу испраќачот и примачот е службен, па затоа писмото мора да биде уредно, прецизно и правилно структурирано. Деловното писмо се пишува во второ лице множина (службено „Вие“). Деловното писмо најчесто ги содржи следните елементи: основни податоци за испраќачот (име на организацијата со адреса, телефонски број) и за примачот – поставени на врвот од десниот и левиот агол, службено обраќање и јасно организирана композиција во еден или повеќе пасуси, со конкретни информации, аргументи и барања. Завршната формулација е учтива и службена („Со почит“, „Ви благодарам однапред“), а на крајот на писмото стои потпис и печат од испраќачот.

Прашања и задачи:

1. Парафразирај ја следната мисла и наведи автор: „Книгите се огледало на општеството".
2. Напиши краток пасус (5-6 реченици), во кој ќе искористиш: еден директен цитат, една парафраза, и ќе направиш мала синтеза од два извора.
3. „Јазичен калеидоскоп" (приспособување на контекстот). Целта е учениците да научат како иста информација се пренесува до различна публика.

   Сценарио: Треба да го соопштиш својот став за нова видеоигра или книга што си ја прочитал/а (рецензија).

   Улога А: Зборуваш со твојот најдобар пријател на одмор (неформален јазик, жаргон).

   Улога Б: Даваш изјава за училишниот весник или за вести на телевизија (формален јазик, стандарден израз).

   Задача: Соучениците треба да ги препознаат јазичните средства (зборови, фрази, интонација) кои се смениле во двата настапа.
4. „Адвокат на спротивната страна" (критичко размислување)

   Задача: Ученикот добива тема и мора да ја застапува страната со која лично не се согласува.

   Цел: Да се пронајдат валидни аргументи и извори дури и за ставови кои ни се туѓи. Ова ги учи учениците на објективност и на почитување на туѓото авторство на идеи.
5. Напиши краток коментар (позитивен или негативен) за драмска претстава или за изгледан концерт што ти оставиле голем впечаток.
6. Подготви устен коментар на тема „Книгата или филмот – што остава посилен впечаток?". Користи ги дадените насоки: вовед (претставување на темата), главен дел (два аргумента) и заклучок (личен став).
7. Дополни го дадениот пример за пишан коментар. Финалниот текст искористи го за подготовка на устен коментар.

   Поемата „Сердарот" од Григор Прличев ми покажува дека вистинската храброст не е само индивидуален подвиг заради себеистакнување туку одговорност кон заедницата. Темата на поемата е борбата на Македонците против насилството и разбојничките банди на Гегите, прикажана преку јунакот Кузман Капидан, сердар кој ги брани своите луѓе од опасностите што ги носат непријателите.

   Во поемата се гледа како Кузман со својата чета им се спротивставува на Гегите кои безмилосно грабаат и уништуваат. Тој не се плаши од многубројната чета на непријателот, дури и кога борбата изгледа безнадежно тешка – токму неговата решителност ги охрабрува селаните да не се предадат. Овој мотив јас го сметам за суштински: храброста не е само да трчаш кон опасноста, туку да дадеш надеж кога другите се предаваат.

   Дополнително, во поемата посебно се истакнува сцената со мајката Неда, која го чека враќањето на својот син. Кога конечно ја дознава трагичната вест за неговата смрт, не дозволува таа болка да стане причина за очај – таа ги повикува другите да бидат храбри и да продолжат без нејзиниот син. Оваа мајчина храброст ја сфаќам како доказ дека вистинската храброст не е само физичка сила, туку и способност за одржување на човечноста и на надежта.

   Сердарот ми покажува дека личните одлуки, делата и примерот пред другите може да ја издигнат целата заедница. Моето лично мислење е дека поемата нè учи

оти вистинска храброст значи да живееш и да се бориш не само за себе туку и за оние што зависат од тебе.

8. Кои се трите основни дела на рецензијата?
9. Што треба да се напише во заклучокот на рецензијата?
10. Напиши рецензија (10-15 реченици) за: прочитана книга, изгледан филм или видеоигра. Внимавај во текстот на рецензијата да има: вовед, кратка содржина, анализа и заклучок со препорака.
11. Напиши лично писмо до лице по твој избор (пријател, член на семејството, соученик, роднина што живее во друг град или држава).
12. Претвори лично писмо во деловно (писмо до пријател за барање услуга, официјално барање до институција).
13. Искористи ги податоците од двете критики (анализи) за песната „Т'га за југ" и напиши нов, сопствен текст со оригинален став.

А. Песната „Т'га за југ" е – тоа е општопознато – најсилната песна на К. Миладинов. Таа е „жалната" и страсната воздишка за родниот крај. Со јаки компарации поетот си ја доловува саканата татковина, која добива една натприродна светлина и убавина, за разлика од суровата и мрачна московска средина. Како народниот поет и Константин бара нешто невозможно за тоа време, „но остварено денес":

„Орелски крилја как да си метнех
и в наши ст'рни да си прелетнех!"

Орелските крилја му се потребни за да летне како орел во облаците и да се најде во родната земја, за да провери:

„Да видам дали с'нце и тамо
мрачно угревјат, како и вамо".

Па ако и таму не го најде она што го бара, светлина и сонце, тој ќе лета понатаму, сè додека не најде таква земја:

„к'де с'нцето светло угревјат,
к'де небото звезди посевјат".

Кондензирано, со густи бои и тешки тонови, осамотениот поет ни ја прикажува московската природа и своето срце полно со студени и „мисли темни":

„Овде је мрачно, и мрак м' обвива,
и темна м'гла земја покрива;
мразој и снегој, и пепелници,
силни ветришча и вијулици,
околу м'гли и мразој земни,
а в гр'ди студој и мисли темни".

Очаен и болен, несреќен, поетот се бори да се ослободи од тешката атмосфера и крилата му се единствен спас за да може да долета до родниот крај.

Харалампие Поленаковиќ – Поетот К. Миладинов

Б. По општа оцена, најзначајна поетска творба на Константин е неговата елегија „Т'га за југ". Носталгијата кон родниот крај, што се чувствува како призвук и во други негови песни, тука добила најсилен поетски израз, напуштајќи ја конечно народната и минувајќи кон романтичната поетика. Нежен и разболен, осамен, тој овде одедаш е понесен од силна желба да добие „орелски крилја", волшебно да си прелетне во „наши ст'рни" („да видам Стамбол, Кукуш да видам"). Тој нездржан копнеж за враќање особено се засилува поради острата и сурова клима во Москва, на која не можел да се адаптира, отсликувајќи ја со напластени мрачни слики, сред кои е студено и болно да се живее, онака како што ја доживеал и почувствувал тој:

„Овде је мрачно, и мрак м'обвива,
и темна м'гла земја покрива;
мразој и снегој, и пепелници
силни ветришча и вијулици,
околу м'гли и мразој земни,
а в гр'ди студој и мисли темни".

Затоа посилно пак кликнува по орелските крилја, веднаш да си прелетне „на наши места" („да видам Охрид, Струга да видам"), да си ја стопли душата во родното поднебје, поетски обновено во сеќавањето во раскош од бои и светлини:

„Тамо зората греит душата
и с'нце светло зајдвит в гората;
тамо дарбите природна сила
со с'та раскош ги растурила:
бистро езеро гледаш белеит,
или од ветар сино – темнеит;
поле погледниш или планина,
сегде божева је хубавина".

Во оваа вдахновена композиција на убави глетки, се открива и поетската дарба на Константин со која сугестивно го доловува драгиот охридски пејзаж, низ озрачени поетски слики, полни во поетска светлина.

Душко Наневски – Поезијата на К. Миладинов

Тема 2

ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

Оваа година, ќе се запознаеш со периодизацијата на литературата од втората половина на 16 век до средината на 19 век. Ќе ги продлабочиш знаењата за литературните епохи и правци и нивните развојни фази условени од општествено-историските услови. Овие информации ќе ти помогнат да ги осознаеш карактеристиките на литературниот правец и неговото влијание врз другите уметности. Делата што ќе ги прочиташ, ќе ти помогнат да ги осознаеш историските периоди во кои создавале писателите. Ќе можеш да ги согледаш основните белези на литературните правци: барок, класицизам, просветителство и романтизам и да направиш споредба на нивниот развој во светската и во македонската литература. Читајќи ги литературните дела и друг вид текстови ќе осознаеш дека читањето со разбирање влијае врз развојот на комуникациските способности, врз употребата на јазикот во различни ситуации, врз начинот на размислување и врз развојот на креативноста. Стекнатите вештини преку читањето и толкувањето на литературните текстови се применливи и корисни за учење и стекнување знаења во сите други области.

Насоки кои може да ги користиш за полесно разбирање на сите содржини за кои ќе учиш во рамките на предметот Македонски јазик и литература:

- Запиши ги почетните асоцијации за секој поим. Врати се на тие записи откако ќе сметаш дека имаш доволно знаење. Спореди ги новите сознанија со почетните асоцијации.
- Извлечи ги и организирај ги на свој начин (во табели, подредени во некаков ред) сознанијата за поимите.
- Поставувај си прашања себеси или на наставникот или на соучениците во текот на часот или кога ќе ги читаш или ќе ги учиш содржините. Секое прашање е добредојдено и плод на твојата љубопитност! Одамна рекле: „Не постојат погрешни прашања“.

Резултати од учењето

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- да слушаш и да читаш со разбирање литературни текстови од различни литературни периоди (барок, просветителство, класицизам, романтизам);
- да анализираш литературни текстови користејќи литературно-теориски поими од наратологијата и поетиката карактеристични за литературните периоди и нивните претставници;
- да објаснуваш и да разликуваш карактеристики на литературните дела преку примери од македонската и од светската литература, вклучувајќи ја македонската народна литература и нејзините собирачи;
- да формулираш аргументирани и критички ставови за литературни дела и културно-општествени појави, поврзувајќи ги со современи контексти;
- да создаваш оригинални текстови – различни типови есеи и креативни текстови во стих и во проза, со почитување на јазичните норми, структурата и правилата за пишан израз.



2.1 ЛИТЕРАТУРА

Периодизација на литературата

Развојот на уметноста е тесно поврзан со цивилизацискиот развој на човекот. Литературата, како уметничка творба на човекот, позната и како уметност на зборот, се менувала и се развивала под влијание на културните и на општествените услови во општествата во светот. Развојот на науката, политичката состојба отсликана преку воените судири и општествените промени во државите го менувале светогледот на човекот, кој, како уметник, сето тоа го прикажувал во своите дела. Преку разноликоста на темите, литературните форми на изразување, користењето на јазикот и преку стилските изразни средства се откриваат и карактеристиките на секоја литературна епоха, односно литературен правец.

Белезите на почетните литературни епохи и најзначајните претставници од развојот на литературата се изучуваа минатата учебна година.

Пред да продолжиш со запознавањето на литературните епохи што следуваат, потсети се на основните карактеристики на старите литератури (античката литература), средниот век (средновековната литература), хуманизмот и ренесансата.

Избери ги поимите кои соодветствуваат со барањата во табелата подолу и внеси ги во тетратка.

Слеаност на религијата и литературата; опис на подвизите на јунаците; се опејуваат божествата кои живеат во дворци; литературните текстови се богати со метафори, симболи и алегории; ода, химна, дитирамб, елегија, епиграм, епитаф, херојски епови, трагедија, комедија и сатирска драма; Гилгамеш, Хомер, Софокле, Аристофан, Библија, Куран, „Махабхарата“ и „Рамајана“, „Жаби“; Св. Кирил и Методиј, Св. Климент Охридски, Црноризец Храбар, „Панонски легенди“, житија, похвални и поучителни слова, трактати, апокрифи, средновековни романи и раскази, литературни школи, народно творештво; Бог е во центарот на вниманието; човекот е во центарот на вниманието; преродба на општествениот и на културниот живот; човекот, кој некогаш бил заробеник на црквата, сега е насочен кон образованието и кон науката, ослободен од црковните стеги; народниот јазик полека го истиснува латинскиот јазик; Данте Алигиери, Франческо Петрарка, Џовани Бокачо, Лодовико Ариосто, Торквато Тасо, Мигел де Сервантес, Вилијам Шекспир, Франсоа Рабле; „Божествена комедија“, „Пеколот“; „Канцониерот“, „Декамерон“, „Дон Кихот“, „Ромео и Јулија“.

Литературна епоха/правец	Временски период	Карактеристики	Претставници	Дела
Најстари литератури				
Средновековна литература/словенска писменост				
Хуманизам/ренесанса				

Барокот во литературата

Појава, особености, претставници

Во историјата на литературата е забележано дека од втората половина на шеснаесеттиот век (1570 година) и во поголемиот дел од седумнаесеттиот век, се случиле големи промени во доминантниот поглед на светот, во естетиката и во начинот на литературното творење. Овој период е познат под името **барок** или уште наречен „златен век“ и е првата голема литературна епоха што литературните историчари се обидуваат да ја дефинираат според карактеристиките што се уникатни за одреден начин на уметничко творење.

Поимот „барок“ веројатно потекнува од португалскиот збор *barroco* (или од шпанскиот *barrueco*) што значи неправилен, необработен бисер кој го користеле златарите во Португалија.

Според историчарите, оваа епоха во уметноста била создадена како одговор на Католичката црква на протестантската реформација на Мартин Лутер. Папите Лав X и Јулиј II инвестирале многу средства за да ја вратат славата на Рим како центар на христијанството, поканувајќи уметници од цела Италија да учествуваат во неговата изградба. Овие општествени случувања во повеќето европски држави поттикнале голем број верски војни, а падот на медитеранските градови предизвикал значајни промени во политичката и во социјалната структура на Западна Европа. Во 17 век се појавил нов општествен систем – апсолутистичката монархија. Шпанија и Франција биле првите апсолутни монархии, со политичка и економска моќ во рацете на владетелите. Најпознат таков монарх бил францускиот крал Луј XIV („Државата, тоа сум јас.“).

Откривањето нови поморски патишта кон Исток, а особено откривањето на Америка, значело селење на економските центри на Европа од брегoвите на Средоземното Море кон брегoвите на Атлантскиот Океан. Така, трговските градови на Италија морале да им го отстапат местото на Шпанија и на Холандија, кои станале новите трговски и поморски сили. Новите големи научни откритија овозможиле менување на погледот на човекот кон светот, природата и кон сопственото постоење. Тие внеле несигурност, сомневање и чувство на нестабилност што директно се одразило во барокната уметност и во литературата.

Научници	Пронајдоци
Галилео Галилеј	Телескопот
Јоханес Кеплер	Законите за движењето на планетите
Антони ван Левенхук	Микроскопот
Рене Декарт („Мислам, значи постојам.“)	Ново размислување за природата, засновано на разумот и на физичките закони
Френсис Бејкон („Знаењето е моќ!“)	Вистинската цел на секоја наука е практичната полза
Исак Њутн	Класичната механика

Барокот во уметноста

Промената на научната мисла во периодот на барокот ги менувала и стилските обележја на уметностите. Сликарството, музиката, архитектурата, литературата се уметностите во кои барокните обележја се највпечатливи.

Сликарството се карактеризирало со силни бои и создавање илузија на длабок простор, што се постигнувало со примена на радикални перспективни решенија во сложени и често дијагонално компонирани слики.

Најрадикалните барокни карактеристики се појавиле во творештвото на италијанскиот сликар **Микеланџело Мериси да Караваџо**, кој во неколку слики со световни теми отелотворил суштински карактеристики на нов стилски израз, со нагласување на драматичноста на настаните и прикажување на грдото во контраст со возвишеното. Други познати барокни сликари биле: **Петер Паул Рубенс, Рембрант, Диего Веласкез** итн.



„Вдахновението на Св. Матеј" од Караваџо

Стилските обележја се менувале и во **архитектурата**. Се граделе зданија со претерано украсени фасади, плоштадите се декорирале со фонтани со раскошни скулптури. Градителите се обидувале да додадат колку што е можно повеќе декорации, скапоцени материјали во црквите и во репрезентативните палати, како мермер, оникс и алабастер. Архитектонски, секоја зграда морала да остави впечаток на луксуз и просторност однадвор.



Плоштадот „Св. Петар" во Ватикан

Барокната архитектура се создала во Италија, а потоа се проширила низ цела Европа (во Франција како дворски стил на Луј XIV, во Шпанија, Фландрија и Холандија како граѓанска уметност...). Најважни архитекти биле Џовани Лоренцо Бернини, Франческо Боромини и Гуарино Гуарини, а по нив следувале Пјетро да Кортона, Јохан Бернард Фишер фон Ерлах и Балтазар Нојман.

Музиката што се создавала за време на барокот се одликувала со полифоничност, што била одраз на раскошот на овој период. Исто така,

во овој период, големите мајстори Страдивари, Амати и Гварнери изработувале разни видови жичени инструменти: виолини, виолончела, харфи итн. Барокната музика ја рефлектирала суштината на времето, а тоа биле емоциите и движењето по секоја цена. Ова бил период кога кралските и аристократските куќи вработувале композитори и имале свои оркестри. Музички форми типични за барокот се: фуга, токата, свита, инвенција, опера и ораториум. Познати претставници на барокот се: Јохан Себастијан Бах, Георг Фридрих Хендл, Антонио Вивалди и др.



▲ „Семејство музичари" од Јан Минсе Молинар

Барокот во литературата

Барокот, како литературна епоха (или литературен стил), во Европа го опфаќа периодот од 1570 до 1670 година. Според историјата на литературата, тој претставувал реакција или спротивност на претходната литературна епоха – хуманизмот и ренесансата.

Барокната литература се одликува со доминантно навраќање кон религиозни, па дури и кон мистични теми што претставува целосна спротивност на ренесансата. Главно стилско обележје на оваа епоха во литературата е употребата на мноштво фигури и нагласување на изразот, а не на содржината. За авторот било важно да покаже како се справува со јазикот, како може да користи стилски фигури во сè, додека содржината има најчесто еден мотив кој е опишан со богати јазични украси. Сите овие обележја се обединети во одреден прекумерен акцент на стилот и на изразувањето. Ваквите обележја, односно уникатни феномени, биле именувани по значајни писатели во земјите, во Италија, маринизам по Марино, во Шпанија, гонгоризам по Гонгора, во Англија, еуфуизам по приказната „Еуфуи" од Џон Лили, а во Франција, прециозност, по прекарот на дамите кои Молиер ги исмевал во комедијата „Смешните кокети" (*Les précieuses ridicules*).

Лирската поезија најдобро ги илустрира стремежите на барокните поети за разубавување на изразите што ја фрлаат содржината во заднина. Во творбите на писателите од ова време има богатство изразни и версификациски форми како што се антитезата, парадоксот, игрите со зборови, метафората, хиперболата. Честа поетска појава во барокот се графичките творби, кои со распоредот на стиховите исцртуваат разни геометриски или други фигури. Калиграмот, како поетска форма, потекнува уште од антиката, од т.н. *carmina figurata*, односно *carmen figuratum* или *песна-слика*. Ваквиот стихотворен облик бил особено негуван во барокот, но се појавува и во подоцнежната литература. Во поновата светска литература, калиграмот го возобновил Гијом Аполинер, кој во 1914 година ги објавил своите први калиграмски песни. Четири години подоцна, во 1918 година постхумно е објавена неговата поетска збирка „Калиграми", што претставувала смел чекор во поврзувањето на уметноста на зборот и

сликарската уметност. Во таа смисла, мошне илустративни се песните-слики во форма на дожд, на човек, на Ајфеловата кула, на коњ итн.

Калиграмите се присутни и во македонската современа поезија. Во поетските книги на Елена Пренџова, Владимир Мартиновски и на други поети се среќаваат песни во форма на око, на чадор, на водопад и сл.



▲ Песна на Аполинер во форма на Ајфеловата кула

Око

За првпат го виде погледот
во
очи.
На љубовта – ѝ погледна неа

ЕЛЕНА ПРЕНЏОВА

ПЕПЕРУГА

(*филигран*)

дури и сребро
можело леко
да лета
кога

душата
се шета
низ спомени
од минати лета

ВЛАДИМИР МАРТИНОВСКИ

Италијанскиот поет **Џамбатиста Марино** (1569 – 1625) се смета за значаен претставник на барокот во Италија и, според него, овој правец е именуван како **маринизам**. Во 1602 година ја објавил збирката песни „**Рима**". Најзначајниот стих што ја опишува неговата поезија е: „**Целта на поетот е да воодушевува**", па затоа не е изненадувачки што неговиот стил се карактеризира со мноштво необични метафори и споредби. Во 1614 година ја објавил збирката „Лира", во која е содржан дел од збирката „Песни", како и сонети, канцони, мадригали со љубовна, еротска, пастирска и морална тематика. Поезијата на Марино се одликува со особена совршеност и оригинален стил, во кој се користат метафори, хиперболи, антитези и други стилски фигури. Исто така, неговата поезија е ос-




▲ Џамбатиста Марино

лободена од стегите на ренесансното имитирање на класиците и од интимната нишка на петраркистите. Во своите дела, Марино ги следел „модата и вкусот на векот".

Најзначајното дело на Марино, за кое бил наречен најголем поет на своето време, а кое подоцна било вклучено и во Индексот на забранети книги, е епот „Адонис". Епот содржи дваесет песни со речиси 50 000 стихови напишани во октави, а во него се раскажува за митот за Венера и за младиот убавец, Адонис.

По примерот на поезијата на Марино, маринизмот постепено ги опфатил речиси сите европски литератури. Основна карактеристика на маринистичката поезија се еротските и хедонистичките мотиви искажани со прекумерно украсен јазик. Поетите маринисти ги воспевале сладострасноста, сетилноста и задоволствата.



▲ Насловната страница од епот „Адонис"



▲ Насловната страница од стихозбирката „Рима"

Во Шпанија, најзначаен поет на барокот е **Луис де Гонгора** (1571 – 1627). Тој е најистакнатиот претставник на поетската школа во шпанската литература на почетокот на седумнаесеттиот век, наречена *култеранизам* (од *culta*, учен). Барокот во Шпанија е наречен **гонгоризам** според Гонгора. Поезијата на Гонгора изобилува со игри на зборови, необични слики и разновидни метрики. Во неа, содржински доминира песимистичкиот однос кон животот и аристократскиот презир кон народот, а култот кон префинетоста Гонгора го создава преку формата.

Летрилја

Letrilla

Фортуна што дава
напишано не е:
Црно кога бараш, тогаш бело ќе е,
кога бараш бело, тогаш црно сè е.

Колку патој течат
и само ги следат
оние што делат
почести и среќа!
Почести на едни,
за друг пранги бедни.
Црно кога бараш, тогаш бело ќе е,
кога бараш бело, тогаш црно сè е.

Некогаш го зема
од стариот козар
и залакот заден,
додека ја спрема
најкуцата коза
јаренца да даде.
Црно кога бараш, тогаш бело ќе е,
кога бараш бело, тогаш црно сè е.

Зашто в едно село
едно момче зело
само јајце едно
па го бесат бедно,
другиот дур' шета
со кражбата сета.
Црно кога бараш, тогаш бело ќе е,
кога бараш бело, тогаш црно сè е.

ЛУИС ДЕ ГОНГОРА

Во епиката доминираат еповите во кои најчести се историските теми со религиозни мотиви. Главен претставник на барокниот еп е **Торквато Тасо** (1544 – 1595). Во 1575 година го објавил епот **„Ослободениот Ерусалим"**, кој е напишан во октави и е поделен на дваесет пеења. Епот на Тасо може да се разбере како обид за поврзување на класичниот еп, заснован на традицијата на Хомер и на Вергилиј, со нова христијанска митологија и нов начин на литературно изразување. Темата е Првата крстоносна војна и освојувањето на Ерусалим, но ликовите се приспособени на барокниот поглед на светот и на типот на човекот од тоа време: уживањето во земното (слава, љубов кон жената) и осознавањето на смртноста (свртувањето кон Бога) се двете страни меѓу кои се наоѓаат ликовите.

ПРВО ПЕЕЊЕ

1
Оружјето набожно го воспевам јас и водачот
што светиот Христов го ослободи гроб.
Со ум и со рака делото го стори
и во славниот поход страдање сети,
и залудно пеколот се крена и залудно
народот мешан на Азија и на Либија за оружје се фати.
Господ сила му даде и под знаменитости свети
војската своја распуштена ја збра.

3
Знаеш дека светот го привлекуваат дела,
каде што Парнас ласкавиот замајувачки стихови шири
и дека вистината украсена со стихови нежни
и најнеумоливиот со измама го плени.
Така, на чедото болно со течност медна
работ на чашата му се кваси:
за прикриен горчлив сок тој да испие
и со измама во живот да се врати.

ВТОРО ПЕЕЊЕ

35
„Ох, смрт моја, со среќа закитена!
Ох, среќно мое слатко маченишство,
да може гради со гради да се потпреме,
душата моја на усните твои да издивне
и со мене ти во ист миг да појдеш,
задниот твој здив со мојот да се спои".
Така во плач нејзе ѝ зборува
а таа благо му одговара:

36
„Ох, пријателе, други жалби за цели повисоки ова време
бара.
Не мислиш ли на гревовите твои? Помисли
каква богата награда Бог за праведните има!
На Бога посвети му го страдањето свое
и болката веднаш поблага ќе стане
и весел гледај кон закрилата вечна.
Гледај го убавото небо и сонцето што
нѐ мами и утеха ни дава".

СЕДМО ПЕЕЊЕ

51
Ноќта пред бојот, свирепиот паганин
одвај главата за одмор ја спушта,
на нозе е уште дури небото во темница се вие,
виделина никаде, дури ни на врвот од ридот нема.
„Оружјето дај го", му вика на штитоносецот,
овој пак опремата ја стокмил веќе цела,
не онаа обичната, туку онаа што
како дар скапоцен кралот му ја дарува.

52
Без многу да разгледува оклопот го граба,
за тоа човечиште товар тежок не е,
на себе сабја своја запашува,
од стар ков и изработка фина.
Како комета што зад себе
крвава остава трага и со зрак вжарен сјае,
која кралства менува и со болести страшни коси,
за тираните зли коб крвава носи (...)

ДЕВЕТНАЕСЕТТО ПЕЕЊЕ

130
Водачот одговара: „Како и секогаш,
мудрост и љубов да искажеш знаеш,
сепак, дилемата да ја решиме веднаш.
На отворено поле против душманот ќе излеземе,
не му прилега на освојувачот на Истокот
да остане затворен во бедемите или во логорот.
Душманот нека ја искуси нашата храброст
на отворено поле и во полн наш сјај.

131
Нема да ја издржат славата на победите наши,
ни изгледот горделив победнички
ни оружјето наше, скротени нивните сили ќе бидат,
темел силен за владеењето наше.
Кулата веднаш под наша власт ќе падне,
никој во тоа нема да нѐ спречи".
Тогаш замолчи врховниот водач и замина,
ѕвездите што излегуваат на сон го повикуваат.

Извадоци од „Ослободениот Ерусалим", ТОРКВАТО ТАСО

За време на барокот се случува пресврт во **прозата**, при што писателите ја отстрануваат од употреба имитацијата на прозните модели од минатото. Особено во барокот, прозата станува важна алатка за ширење наративни, филозофски и сатирични полемики. Во периодот на барокот, најчести прозни дела се **пикарските** и **витешките** романи.

Драмата во барокот е разновидна. Во неа доминираат историски и филозофски теми како и теми од секојдневниот живот, но речиси секогаш до одреден степен драмата ја претставува барокната двојност на човековата свест. Главен претставник е **Педро Калдерон де ла Барка** (1600 – 1681), автор на поетско-филозофската драма **„Животот е сон"**, која е напишана во стихови и содржи три чина. Низ стиховите на драмата се застапени барокни стилски фигури (мноштво метафори и антитези). Атмосферата е во барокни бои, црно-бела слика на животот и прашања за тоа што е, всушност, животот и каква е разликата помеѓу сонот и реалноста.

Животот е сон, звучен запис

Лопе де Вега е еден од најважните драматурзи и поети од **златната доба** на шпанската литература. Тој го обновил шпанскиот театар во време кога театарот почнал да се прифаќа како масовен и културен феномен во Шпанија. Лопе де Вега создал нова драмска формула во која трагичното и комичното се мешаат, а тројното единство е нарушено: единството на дејството (да се раскаже една приказна), единството на времето (во текот на 24 часа или малку повеќе) и единството на местото (на кое се одвива дејството или на соседни локации). Трите главни теми на неговите дела се љубовта, верата и честа, испреплетени во прекрасни полустихови. Како поет, Де Вега му припаѓа на барокот по раскошниот, музички хармоничен и разигран лиризам што го исполнуваат богатите структури на народното пеење – глоси, летрилји, романси.



▲ Лопе де Вега

ДЕТЕНЦЕВО НОСИ ЦВЕТ...

Letrilla

Este niño lleva un flor...

Детенцево носи цвет,
а други не.
Детенцево толку мило
носи цвет,
што благородно ми било,
носи цвет.
Жената в срце што ѝ било
носи цвет.
Ќе стане тоа стројно, силно,
и господар на овој свет.
Детенцево носи цвет,
а други не.

ЛОПЕ ДЕ ВЕГА


COMEDIAS,
FAMOSAS
DEL POETA LOPE
DE VEGA CARPIO,
Recopiladas por Bernardo Gralla.
DIRIGIDAS A DON VALERIAN BOYL,
AÑO DE M.DC.V.
CON LICENCIA.
Acosta de Francisco Miguel mercader de libros.

▲ Насловна страница од збирка со комедии од Де Вега

Стилски карактеристики на барокната литература

Стилските обележја ја прават впечатлива литературата во периодот на барокот. Барокната литература создала нови форми во литературното творештво. Таа се заснова на еден главен принцип: колку е подраматично, толку е подобро. Сите стилски обележја на барокот се забележуваат во сите литературни видови и форми од таа епоха. Клучните карактеристики на барокната литература вклучуваат сложени метафори кои често ги надминуваат границите на логиката. Наместо едноставни споредби, барокните автори создаваат цели мрежи од симболи кои се преклопуваат едни со други. На пример, Калдерон де ла Барка во „Животот е сон" ја користи метафората на сонот на седум различни нивоа на значење – од филозофско до теолошко.

Антитезата станува главен стилски инструмент. Љубовта и смртта, светлината и темнината, гревот и спасението – сите се спротивставени во вечен конфликт. Барокните писатели создаваат текстови кои функционираат како театарски претстави на хартија. Нивниот стил доаѓа до израз поради прекумерното присуство на орнаменти што се манифестира преку натрупување на декорации, епитети и сложени синтаксички конструкции. Парадоксот се провлекува низ целата барокна литература како нишка. Авторите намерно поставуваат логички противречности за да ја истакнат сложеноста на човековата природа – „живите мртви", „гласната тишина", „светлосната темнина" стануваат вообичаени изрази.

Во барокот се создава нова, необична поезија која изразува слободно чувство и се карактеризира со чудна форма. Во поезијата преовладуваат сонети и епиграми, а лирските песни се занимаваат со темата на љубовната болка и со минливоста на земниот живот и земските

вредности. Во лириката е присутно изненадувањето, со богатство од изразни средства во кои доминираат антитезата, парадоксот, играта со зборови, метафората, хиперболата, графичките игри на сликање разни геометриски или други фигури (*carmina figurata*) со стихови.

Темите во еповите се извлекуваат од националните истории и се во духот на христијанството. Освен еповите, се појавуваат и прозни дела, витешки и сликовни романи во кои се шират наративни, филозофски и сатирични полемики.

Драмата ја отсликува длабоката раздвоеност на барокниот човек: жестината на неговите страсти и грубоста на општествените случувања, со интензивно мешање на трагичното и на комичното. Специфични драмски форми од овој период се мелодрамата и либретото за барокните опери.

Запомни!

Барокот е правец во уметноста кој е присутен во Европа од втората половина на 16 и 17 век. Терминот „барок" потекнува од португалскиот збор *barroco* (или од шпанскиот *barrueco*), што значи неправилен, необработен бисер. Барокот бил одговор на Католичката црква на протестантската реформација на Мартин Лутер и на многубројните верски војни во повеќето европски држави. Сликарството се карактеризирало со силни бои и создавање илузија на длабок простор, а архитектурата со претерано украсени фасади. Плоштадите биле централно место на барокната архитектура, каде што главна декорација биле фонтаните со раскошни скулптури. Музиката во барокот се одликувала со полифоничност, што била одраз на раскошот на овој период.

Барокот, како литературна епоха (или литературен стил) на европскиот континент, го опфаќа периодот од 1570 до 1670 година. Тој претставува спротивност на претходната литературна епоха, ренесансата. Барокната литература се одликува со доминантно навраќање кон религиозни, па дури и кон мистични теми. Литературниот стил во барокот се карактеризира со употреба на мноштво фигури и нагласување на изразот, а не на содржината. Авторот користи стилски фигури во сè, додека содржината обично се занимава со еден мотив. Пренагласеноста во украсувањето на јазичниот израз е позната под имињата *маринизам*, *гонгоризам* и *прециозност* и се смета за една од доминантните одлики на барокот. Драмата во барокот е разновидна. Таа обработува историски и филозофски теми и случки од секојдневниот живот, но речиси секогаш до одреден степен ја претставува барокната двојност на човековата свест. Доминираат барокни стилски фигури (мноштво метафори и антитези). Атмосферата е изразена во барокни бои, а сликата на животот е црно-бела.

Познати барокни изреки:

„Државата, тоа сум јас". (*L'état, c'est moi.*)

„Мислам, значи постојам". (*Cogito ergo sum.*)

„Зграпчи го денот!" (*Carpe diem!*)

„Запомни дека си смртник". (*Memento mori.*)

Прашања и задачи:

1. Во кој историски период се појавува барокот?
2. Од каде потекнува терминот „барок" и што значи?
3. Кои се главните карактеристики на барокната уметност?
4. Кои литературни жанрови се најзастапени во барокот?
5. Каков е јазикот и стилот на барокните литературни дела?
6. Кои теми доминираат во барокната литература?
7. Кои се најзначајните европски претставници на барокната литература?
8. Кој е придонесот на Педро Калдерон де ла Барка во барокната литература?
9. Како барокот се разликува од ренесансата?
10. Анализирај ја во тетратка песната од табелата, со извлекување на зададените елементи.

Автор	Мотив	Стилски фигури карактеристични за барокот
На една ружа *A una rosa* Се роди ти вчера, а утре ќе мрееш; за векот толку кус животот кој ти го даде? За да живееш малку блесокот ти е граден и за да бидеш нешто со цутењето грееш. Ако те прелага толку убавината куса, знај дека набргу таа развеана сосема ќе е, зашто во убавината твоја веќе скриено сè е што води кон прераната, кон смртта твоја пуста. И кога еднаш рака груба ќе ми те скине според законите што природата ја следат животот твој во груба издишка веднаш ќе згине. Немој да развиваш зашто насилник веќе те гледа, не потерувај, немој предвреме ти да цветаш зашто ќе побрза тогаш кон тебе смртта клета. ЛУИС ДЕ ГОНГОРА		

11. Спореди ги примерите за калиграми што се дадени како примери. Напиши коментар или личен есеј во кој ќе го искажеш твојот став за оваа поетска форма.

Наместо чадор

(Метеоролошка прогноза
по полноќните вести)

Ајде пак
да си потпивнеме
две-три голтки од дождот
и пак лесно да ги прескокнеме
маглите и снеговите од под мостот

Ај
де
пак
да
спи
еме
врз
об
лак

(Велат утре ќе е
претежно ведро)

Сепак подај
го наместо чадор
твоето бедро

Од поројов немам
подобро засолниште
од твоето здолниште

ВЛАДИМИР МАРТИНОВСКИ

Боите на виножитото

Виножитото
имаше седум бои
Со
нејзината
љубов тој
седумнаесет.
гледаше

ЕЛЕНА ПРЕНЏОВА

Обетки

*

Нејзе
„Обетки пак
со три зрна
ко три зрнца
од капина црни"
три капки крв
засирени
в жедни
очи
ѝ врнат.
Знај:
вратот на
Афродита е
совршена белина
– слонова коска –
и
сјај.

*

Нејзе
„Обетки пак
со три зрна
ко три зрнца
од капина црни"
три капки крв
засирени
в жедни
очи
ѝ врнат.
Знај:
вратот на
Афродита е
совршена белина
– слонова коска –
и
сјај.

ЈОВАН КОТЕСКИ

Класицизмот во литературата

Истражи за општествено-политичките состојби во Европа во 17 век! Потсети се на одликите на ренесансата и на нејзиното влијание врз човекот.

Појава, особености и претставници

Класицизмот е стилска формација во уметноста која опстојувала во Европа во 17 и 18 век, како реакција на претходните барокни стилови. Овој период се појавил во време кога општествата се стремеле кон ред, разум и хармонија, а на уметноста се гледало како на средство за воспитување на човекот и подучување на јавноста. Тоа бил период на апсолутизмот (владеењето на апсолутистичката монархија), но и време кога науката и технологијата бележеле забрзан развој. Во Франција, кралот Луј XIV ја концентрирал целата власт во свои раце и воспоставил апсолутна монархија, а дворот станал центар на културни реформи и норми за уметноста. Во Англија се развиле парламентарни институции кои ги регулирале образованието и културните активности, додека во Русија, Петар Велики спровел реформи за европеизација на државата, воведувајќи строг ред во администрацијата, војската и во културата. Во вакви уредувања, уметноста и литературата биле средства за утврдување на редот и нормите на општеството, а авторите често добивале поддршка од државата или од дворот за да создаваат дела кои ќе ги промовираат хармонијата, разумот и моралните идеали.

Во 17 и 18 век се случиле значајни научни откритија кои го означиле преминот кон модерната наука. Овој период е време во кое разумот, експериментот и научниот метод станале основа за објаснување на природата. Рене Декарт ја развил аналитичката геометрија, Вилијам Харви го открил крвотокот. Во хемијата, Антоан Лавоазје ја поставил основата на модерната хемија и го открил законот за зачувување на масата, а Едвард Џенер ја направил првата вакцина против сипаници.

Класицизмот во литературата

Литературниот правец класицизам своето име го добил од латинскиот збор *classicus* што значи класичен, односно одличен, извонреден и се поврзувал со уметноста во античките времиња. Историчарите и теоретичарите на литературата, пак, ги создале поимите неокласицизам и псевдокласицизам, обидувајќи се да најдат термин што ќе се одвои од првичното значење на зборот „класичен".

„Тешкотиите се појавуваат уште со самиот термин, зашто придавката 'класичен' се употребува за означување на античките литератури, па голем број научници епохата која тежнее кон потпирање врз класичните дела, особено врз оние од римската литература, ја нарекуваат *неокласицизам* или, пак, *псевдокласицизам* за да се нагласи разликата со епохата на античката литература". (Солар 2005, 157)

Главна инспирација на класицизмот била античката литература. Авторите твореле по примерот на грчките и на римските дела, прифаќајќи ги принципите на хармонија, пропорција и логичка структура на дејството. Трагедиите од античките автори биле модел за прикажување

идеализирани херои и морални конфликти, додека комедиите служеле како пример за сатирично прикажување на човековите слабости и на општествените пороци.

Класицизмот, како свој поглед на светот, го прифатил филозофскиот правец рационализам, според кој разумот е единствениот или главниот извор на сознанието. Суштинската одлика на класицизмот се темелела на спротивставување на разузданите чувства во ренесансата и на нарушувањата на хармонијата и мерките во барокот. Класицизмот инсистирал на хармоничност, систематичност и почитување на утврдени правила.

Во центарот на вниманието на класицизмот била природата и човекот како главна фигура во неа. Според принципите на класицистите тие инсистирале при изборот на темата да се внимава на убавината и на разумот. Според нив, не можело да се создаде творба без инспирација и разум како и без почитување на основните правила што ги поставиле. Така, морало да се почитуваат единството на времето, местото и дејството и не било дозволено мешање на литературните родови, а формата и содржината на творбата морале да бидат во идеален сооднос. Класицистичкиот стил се одликувал со вистинитост, јасност, возвишеност и едноставност. Целта била да се спои убавото и полезното, па така творбата морала да биде забавна, но и поучна, да подучува и да воспитува.

Во класицизмот не биле застапени и не биле еднакво вреднувани сите литературни родови и видови, па така, според стилот, творбите биле поделени на високи, средни и ниски. На високиот стил му припаѓале: **епопејата, трагедијата, одата** и **химната**. Ликовите биле кралеви и јунаци, а содржината била возвишена во историска, национална и морална смисла. На средниот стил му припаѓале: **елегијата, идилата, сатирата** и **баснata**, а во нискиот стил спаѓала **комедијата**, во која секојдневниот живот на обичните луѓе бил уметнички обработен.

Најзначаен претставник на поетиката на класицизмот од литературно-теориски аспект е **Никола Боало**, кој ги систематизирал и ги озаконил сите теориски поставки на класицизмот. Тој бил познат како литературен критичар и теоретичар, кој своите ставови за литературата ги искажал во поетската расправа „Поетската уметност", издадена во 1674 година. Книгата доживеала голем успех кај образованата француска аристократија и Боало бил прогласен за идеолог на францускиот класицизам. Во „Поетската уметност" тој ги дал основните насоки на класицистичката литература. Како награда и признание за ова дело, Боало бил назначен за официјален дворски историограф на кралот Луј XIV и станал член на Француската академија на науките.

Поетската уметност

I 27-38

Која било тема да се обработува, пријатна, или возвишена,
секогаш разумноста со рима да се согласува;
Едната и другата се чини залудно се мразат;
Римата е робинка принудена да ја потчинат.
Кога најпрво се трудиме да ја побараме,
Размислата лесно се навикнува да ја пронајде;
Под моќта на немилосрдниот разум таа попушта
и, наместо да ја спречи, ја притегнува и збогатува.

Но, штом ја занемаруваме, се бунтува таа,
и за да ја стигнеме, по неа трча смислата.
Сакајте го разумот: и секогаш вашите состави
сал' од него да црпат и сјај и вредности.

.....

I 163-174

Творете слободно, понекоја наредба што ве притиска,
но не фалете се на претерана брзина
пребрз стил, кој трча римувајќи,
помалку разум од слабо расудување ќе означи.
Претпочитам поток кој, на песокта мека,
во ливада преполна цветови прошетува полека,
отколку надојдена река која, со бурно течење,
се тркала, преполна чакал, на кално земјиште.
Постепено побрзајте и не обесхрабрувајте се,
дваесет пати обработете го делото ваше:
Поправајте го без престан и одново коригирајте;
Додадете понекогаш и често бришете.

НИКОЛА БОАЛО

Високите уметнички дострели, класицизмот ги остварил во делата на: Пјер Корнеј, Жан Расин, Жан Батист Поклен Молиер, Жан де Лафонтен и други.

Запомни!

Класицизмот е движење кое се појавило во Европа во 17 век. Во класицизмот, разумот претставувал основа за сознанието кај човекот. Литературните видови биле поделени на високи, средни и ниски според стилот, а основната цел била да се спои убавото и полезното. Најпознат теоретичар на класицизмот бил Никола Боало со неговата теориска расправа „Поетската уметност".

Прашања и задачи:

1. Кога и каде се појавил класицизмот?
2. Наведи ги причините за појавата на класицизмот.
3. На кој филозофски правец се темели класицизмот?
4. Набројги претставниците на класицизмот.
5. Кој е најпознатиот теоретичар на класицизмот?
6. Кои литературни видови биле најмногу вреднувани во периодот на класицизмот?
7. Како се класифицирани литературните родови во класицизмот?
8. Поделете се во 3 групи и направете твит на теми за технологија, екологија и пријателство, користејќи ги стилските и вредносните белези на класицизмот.

Пјер Корнеј

Биографија

Во француската литература, еден од најзначајните претставници на класицизмот е Пјер Корнеј (1606 – 1684). Тој е роден во Руан, во Нормандија, во службеничко семејство. Студирал право, но никогаш не станал адвокат поради неговата екстремна срамежливост и отсуството на талент за ораторство. Од 1629 година живеел и творел во Париз како водечки драмски писател на француската сцена. И покрај тоа што бил повлечен, младиот Корнеј бил редовен посетител на приемите кај познатите семејства во градот. Убавите девојки од приемите му биле инспирација за поетските творби што им ги посветувал.



▲ Пјер Корнеј

Корнеј бил дел од избраниците на кардиналот Ришелје кои требале да ја реализираат неговата визија за драма во која ќе се нагласува доблеста на човекот. Поради строгите барања на кардиналот, Корнеј се откажал од укажаната доверба. Тој бил примен во Француската академија во 1647 година.

На почетокот од својата кариера, Корнеј пишувал комедии, а подоцна ѝ се посветил на трагедијата, со која постигнал најголем успех. Во неговите драми доминираат темите за честа, должноста, моралниот избор, херојството и за судирот меѓу личните чувства и општествените обврски. Неговите ликови се силни, решителни и морално возвишени, но често се соочуваат со тешки внатрешни конфликти. Разочаран од неприфаќањето на неговите последни дела, Корнеј умрел во 1684 година во својот дом во Париз.

Творештво

Една необична љубовна авантура го поттикнала Корнеј да ги напише првите дела со кои ја привлекол литературната јавност во Франција. Имено, негов пријател се вљубил во некоја девојка и бидејќи немал храброст да ѝ ја искаже својата љубов, го замолил Корнеј да го направи тоа. Тој го исполнил барањето на пријателот, но девојката се вљубила во Корнеј. Искуството од оваа љубовна игра го поттикнала Корнеј да го збогати бројот на ликовите и да се продлабочи во нивните внатрешни чувства, да внесе специфични заплети кои би го движеле дејството во делата што ги создавал. Љубовниот триаголник бил основа за создавање на неговата прва драма, комедијата „Мелита“, во 1625 година. Корнеј создал комедија со лесни и читливи стихови, со љубовна содржина и ликови од секојдневниот градски живот. Во 1629 година, комедијата била прикажана во Париз и постигнала огромен успех. Набргу по првото дело ја напишал и трагикомедијата „Клитандар“, која имала сложен заплет и развлечена содржина. И покрај огромниот успех кај публиката, Корнеј не ги постигнал сопствените очекувања, па продолжил со творечката работа и ги напишал комедиите „Вдовица“, „Галерија во судската палата“, „Придружничка“ и други.

Во триесеттите години на 17 век започнал со пишување трагедии со кои постигнал најголем успех. Во 1635 година била прикажана неговата прва трагедија „Медеја“, во која тема е

легендата за Медеја од грчката митологија, која ги убила своите деца за да му се одмазди на неверниот маж Јасон. „Медеја" била прифатена со воодушевување од критиката и од публиката. Корнеј бил задоволен од успехот, но не и занесен, затоа продолжил неуморно да работи.

Интересот за шпанската литература и за шпанските теми биле извор за создавање на следните дела. Кон крајот на 1636 година, Корнеј ја создал трагикомедијата „Сид", која исто така се занимавала со шпанска тематика. Таа постигнала огромен успех и го одредила местото на Корнеј како централна личност на француската драматургија. Покрај „Сид", Корнеј е автор и на трагедиите „Хорацај", „Сина", „Полиект", „Серторај" и други.

Во своите дела, Корнеј често ги претставувал политичката моќ и моралот на владетелите, критикувајќи ја нивната етика („Сина"). Пишувал и за поставувањето на патриотизмот пред семејството, прикажувајќи ликови кои го жртвуваат семејството заради државата („Хорацај"). Преку внатрешната борба на ликовите искажана преку монолози и дијалози, Корнеј го истражувал влијанието на емоциите врз човекот, кој се соочува со избор меѓу општествени и лични очекувања.

Корнеј ги градел своите ликови преку конфликт во кој се вкрстуваат волјата и должноста, семејната и индивидуалната чест, но и повисоките, надиндивидуални интереси што ги победуваат чувствата. Ликовите во неговите трагедии се типични класицистички продукти во кои разумот ги победува страстите. Исто така, во своите дела Корнеј прикажува како човекот во тоа време, бранејќи ја својата чест, во согласност со аристократскиот морал на феудалното општество, се воздигнува и се облагородува и само така станува достоен за почит и за љубов во општеството.

Интерпретација на „Сид"

Инспиран од шпанската легенда за јунакот Родриго Дијаз, Корнеј во 1636 година го напишал најпознатото дело, „Сид".

Драмата „Сид" формално е трагикомедија, но делото содржи силни трагични елементи. Отстапувањата од строгите правила на класицизмот во структурата и во содржината на трагикомедијата поттикнале литературна дискусија позната како „Расправата за Сид". И покрај тоа, делото доживеало голем успех кај публиката.

Трагикомедијата „Сид" е напишана во стихови и составена од пет чина. Главниот лик на приказната е шпанскиот национален херој Сид, а целиот заплет е преземен од драмата „Младоста на Сид", напишана од шпанскиот писател Гилен де Кастро. При пишувањето на „Сид", Корнеј користел историски извори и легенди за кастилскиот херој Сид поради што бил обвинет за плагијат.

Дејството се одвива во Шпанија, во 11 век, и ја прикажува љубовта помеѓу Родриго и Химена, која е ставена на сериозно искушение. Конфликтот на нивните родители е причина за главниот драмски судир меѓу љубовта и честа.

Првиот чин започнува со разговор помеѓу Химена и Елвира, нејзината дадилка. Елвира ѝ кажува на Химена дека нејзиниот татко, дон Гомес, нема ништо против таа да се сврши со младиот благородник, Родриго (Сид), син на дон Диего. Но, се случува неочекуван конфликт помеѓу дон Диего и дон Гомес. Дон Диего смета дека неговата чест може да се одбрани само со двобој и смрт на дон Гомес. Тој ќе побара неговиот син Родриго да го предизвика дон Гомес

на двобој, со што ќе го одмазди својот татко и ќе ја одбрани семејната чест. Родриго е во дилема дали да ја брани честа на семејството или љубовта кон Химена.

Веднаш на почетокот на **вториот чин** е средбата помеѓу дон Гомес и кастилскиот благородник дон Аријас, кој му ја пренесува кралската порака: дон Диего да се извини, за да се избегне двобојот. Гордоста не му дозволува извинување, па двобојот е неизбежен. Химена е очајна и не знае што да прави, надевајќи се на среќен крај, но пристигнува веста дека дуелот започнал и оти Родриго го убил дон Гомес. Таа вознемирена оди кај кралот, со барање да го казни со смрт убиецот на нејзиниот татко, бидејќи така ќе го исполни долгот и ќе ја одбрани честа на семејството.

Дејството во **третиот чин** започнува кога Родриго оди во домот на Химена и ѝ ја нуди својата глава како цена за убиството на татко ѝ. Химена е растргната од две чувства: од една страна, таа ја посакува смртта на Родриго, а од друга страна не сака да го загуби саканиот. Дон Диего насекаде го бара својот син, за да му соопшти дека кон градот се приближуваат Маврите, барајќи од него да ја покаже храброста на бојното поле.

Во **четвртиот чин**, до Химена пристигнува веста за херојството на дон Родриго, кој ја победил маварската војска и ги заробил нивните кралеви. Целиот град слави, но Химена достојно ја бара одмаздата за смртта на својот татко. Во меѓувреме, кралот го прима дон Родриго и му укажува најголеми почести за постигнатото дело. Во дворецот доаѓа Химена за да бара правда за својот татко. За да ја открие нејзината љубов кон Родриго, кралот ѝ кажува дека тој загинал во борбата. И покрај тоа што открива дека тоа не е вистина, Химена останува тврдоглава. Таа бара да се организира двобој во кој некој од рицарите би го убил Родриго, а за возврат таа би се омажила за победникот. Кралот го зема во заштита Родриго, но дон Диего се спротивставува, барајќи веднаш да се организира двобој во кој Родриго ќе ја сочува честа или ќе умре. Еден од благородниците, дон Санчо, кој е вљубен во Химена, прифаќа да се бори со дон Родриго.

Во **петтиот чин** е разврската на љубовта помеѓу дон Родриго и Химена. Треба да се одржи двобој меѓу дон Родриго и дон Санчо. Родриго планира да му дозволи на Санчо да го победи. Химена го моли да се бори храбро и да не дозволи победата да му припадне на Санчо. Со иста молба е и кралот, кој е против крвопролевање и кој бара од Химена да се омажи за оној што го љуби, односно за Родриго, но по неговото враќање од војната. Таа ја признава љубовта кон Родриго пред кралот, со молба да замине во некој манастир. Кралот ѝ соопштува дека нејзиниот сакан е жив, но оти е испратен во војна и ѝ ветува дека ќе се омажи за Родриго по неговото враќање.

Ликовите во „Сид“

Родриго е главниот јунак кој ја отелотворува идејата за совршен херој. Тој е млад, храбар и чесен витез, воспитан во духот на благородничката чест. Кога неговиот татко, дон Диего, е навреден од дон Гомес, Родриго се наоѓа пред тежок морален избор: дали да ја зачува љубовта кон Химена или да ја одбрани честа на семејството. Иако е свесен дека со убиството на дон Гомес ќе ја изгуби љубената, Родриго ја избира честа, која според нормите на феудалниот морал е над сè, покажувајќи голема морална сила и пожртвуваност. Подоцна, со своите херојски подвизи во борбата против Маврите, тој ја докажува својата храброст и лојалност кон татковината, со што го добива името Сид.

Химена е еден од најсложените ликови во драмата. Таа е благородна, достоинствена и морално силна жена, искрено вљубена во Родриго. Сепак, по смртта на нејзиниот татко, таа е принудена да бара правда од кралот, иако знае дека виновникот е човекот што го сака. Нејзината внатрешна борба меѓу љубовта и должноста кон семејната чест ја прави трагичен лик. Химена не дејствува од омраза, туку од чувство на обврска и почит кон татка си, што ја покажува нејзината морална зрелост и силата на карактерот.

Дон Гомес е горд и арогантен благородник, кој длабоко верува во сопствената чест и моќ. Тој го навредува дон Диего, сметајќи го за слаб поради неговата старост, со што го предизвикува судирот што ја движи целата драма. Неговата непромислена гордост и нетрпеливост го носат во смрт. Иако не е позитивен лик, дон Гомес ја претставува крајната форма на витешка гордост и чест, типична за времето во кое се одвива дејството.

Кралот во „Сид" е симбол на правдата, разумот и државниот ред. Тој настојува да ги помири личните конфликти со законите на државата и да ја зачува стабилноста на кралството. Иако е свесен за вината на Родриго, кралот ги препознава неговата храброст и заслугите во одбраната на татковината. Затоа, тој постапува мудро и умерено, обидувајќи се да донесе правична одлука која ќе ги задоволи и честа и правдата. Преку ликот на кралот, Корнеј ја истакнува важноста на разумот и државниот авторитет над личните страсти.

Инфантата е благородна, мудра и достоинствена принцеза. Таа е вљубена во Родриго, но се откажува од таа љубов поради општествениот статус.

Запомни!

Пјер Корнеј е еден од најпознатите претставници на францускиот класицизам. Тој направил многубројни иновации во класичната драма. Спротивно на драматурзите пред него, го поставил принципот според кој внатрешната драма е повозбудлива од надворешната, а внатрешните духовни конфликти на човекот се главниот двигател во општеството. Корнеј успеал да создаде психолошка драма која ќе биде основа на класичната драматургија.

Прашања и задачи:

1. На кој литературен правец му припаѓа Пјер Корнеј?
2. Кои теми најчесто ги обработува Корнеј во своите драми?
3. Кои други значајни дела ги напишал Пјер Корнеј, освен „Сид"?
4. Зошто ликовите на Корнеј се сметаат за морално силни и трагични?
5. На кој жанр му припаѓа делото „Сид" и зошто?
6. Од која легенда е инспирирано делото „Сид"?
7. Каков лик е Родриго и зошто се смета за класичен херој?
8. Во што се состои внатрешниот конфликт на Химена?
9. Каква претстава за честа дава ликот на дон Диего?
10. Што е поважно: љубовта или честа? Каков одговор нуди делото?
11. Дали конфликтите во „Сид" се актуелни и денес? Зошто?

12. Анализирај ги дадените извадоци од драмата „Сид".

ЧИН ПРВИ

Прва појава
ХИМЕНА, ЕЛВИРА

ХИМЕНА
Елвира, дали сѐ искрено ми рече?
Зар не скри нешто од мислите на татко?

ЕЛВИРА
Од тие мисли восхитена сум уште:
Со иста сила Родриго ваш го цени,
И ако добро во душата му читав,
Он отклик од вас знам, бездруго ќе бара.

ХИМЕНА
Но што те гони да тврдиш дека денес
со мојот избор се согласил он веќе.
Дал' в надеж уште, научи ме, да чекам.
Та таква мисла сѐ поретко се слуша;
зар слутиш дека љубовта би могла
и за нас двајца на слобода да биде?
И што ти рече што пред тебе и Санчо
и дон Родриго ги откри својте тајни?
Дал' сфати оти разликата е видна?
И зошто само јас едниот го сакам?
.....

ЧИН ВТОРИ

Трета појава
ИНФАНТАТА, ХИМЕНА, ЛЕОНОРА

ИНФАНТАТА
Химена моја, успокој се веќе.
И биди тврда, случајната болка
по таа бура ќе помине лесно.
Мал облак паднал над среќата твоја.
Што губиш ако задоцнува денес.

ХИМЕНА
Без надеж тлее тревожното срце.
Над мирно море ечи дива бура
и нас нѐ носи во сигурна пропаст.

Во својот пристан ненадејно гинам.
Јас љубев силно, бев љубена исто
и согласни татковците ни беа
до оној час што кавгата ја роди.
И таа вест судбоносна, о чујте,
ја сруши навек утехата да чекам.
О, глупа страст и гнасно себељубие,
од твојта власт најдобрите ќе паднат!
О суров долг, за сите мои желби
Ти колку солзи и воздишки ми бараш!

ИНФАНТАТА
Но што се плашиш од нивната кавга:
За миг се роди, за миг ќе згасне она.
Се крена врева, но сѐ ќе сврши добро
штом кралот сака и решил да ги смири.
А знаеш дека би могла сѐ да сторам
на твојта тага тој извор да ѝ секне.

ЧИН ПЕТТИ

Прва појава
ДОН РОДРИГО, ХИМЕНА

ХИМЕНА
Сред бел ден овде? Од кај ти таква дрскост?
Ти честа моја ја убиваш, Родриго.
Оди си!

РОДРИГО
Дојдов за последно збогум.
Во смрт јас одам и мојта љубов
пред овој пораз, овој смртен удар
најискрена благодарност ви должи.

ХИМЕНА
Да ти ќе умреш!

РОДРИГО
Кон тој миг јас летам:
И ваш ќе биде мојот срушен живот.

ХИМЕНА
Да, ти ќе умреш. Но дали дон Санчо
го плаши толку бестрашното ти срце?
Зар си толку слаб а он толку силен?
Во борба одиш а мислиш на смртта!
Без страв ти беше пред Маврите, пред татко,
во очај паѓаш од бојот со Санчо!
Зар твојта храброст те напушти сега!

РОДРИГО
Не одам в борба, ја барам твојта казна:
И мојот живот љубовта не ќе го брани
штом сакате да умрам уште денес.
О, јас сум храбар но немам веќе сили
да бидам против сегашните ви желби.
И уште вчера со смртта ќе се сретнев
да водев борба за своја лична цел:
Но јас ги бранев родината и кралот,
би сторил злочин ако ги бранев лошо.
јас не го мразам дотолку овој живот
за да го напуштам вероломно и подло.
Но сега мирно – штом барате – ќе умрам,
пресудата ме засега сал' мене.
За таа цел избравте друга рака,
(јас немав среќа од вашата да умрам):
Но ударот без отпор ќе го примам
и заради вас ѝ должам нејзе почит,
и свесен дека ја праќате во борба
за одбрана на вашта чест, Химена,
со голи гради неа ќе ја сретнам
и преку неа ќе ве славам вас.

ХИМЕНА
Присилена од овој тажен долг
со суровост ја гонам твојта храброст,
а љубовта ти налага да бидеш
беспомошен во двобојот со Санчо.
И опчинет запамети: ја браниш
и својта чест, не само својот живот.
Да, ти си славен, но ако умреш сега –
победникот е победен – ќе речат.

И од мене поскапа ти е честа,
ти својта рака ја потопи во крв,
и покрај страста отфрли го тој копнеж,
тој сладок сон да бидам уште твоја:
Но сепак нема повозвишен да станеш
штом сега сакаш да погинеш без борба.
О, каква сила ја уби твојта храброст?
Ти беше смел, што денес не си таков?
Дал' беше храбар за мојот само срам?
Без навреди зар не си смел, Родриго?
Зар толку жесток со татко ми ќе бидеш
победникот да позволиш да падне?
И без да сакаш јас тебе ќе те гонам,
штом бараш смрт одбрани ја ти честа.

ДОН РОДРИГО
Го убив контот, ги разбив сите Маври –
за мојта слава зар подвиг друг е нужен?
Одбраната ја отфрлам со презир.

13. Изработи „литературна визит-карта" за Корнеј која ќе содржи клучни идеи, симбол, цитат и кратка естетска мисла.

Жан Батист Поклен Молиер

Истражи: Молиер – уривач на општествените норми!

Биографија



Жан Батист Поклен Молиер

Жан Батист Поклен Молиер е француски писател и актер, еден од најголемите комедиографи во светската литература. Роден е во 1622 година во богато и угледно семејство на кралски декоратер. Иако студирал право, тој се откажал од правничката кариера и станал актер. Во 1643 година го основал Славниот театар, за кој преработувал италијански комедии и во текот на 12 години посетил многу градови во Франција. Поради финансиски тешкотии театарот пропаднал, а Молиер завршил во затвор. Во 1660 година почнал да работи во кралскиот театар во Париз. Смело влегол во борба против лицемерното општество, а заштитата од кралот го спасила од прогоните на тогашните аристократи, бидејќи секое негово ново дело предизвикувало протести и реакции. Дворјаните и свештенството биле здружени против Молиер, а тој секогаш им се спротивставувал со нова комедија. Со поддршката од братот на кралот почнала и неговата славна кариера, а неговата трупа го добила името „кралска". Умрел во 1673 година, една недела по премиерата на претставата „Вообразениот болен".

Творештво

Молиер напишал повеќе од 30 комедии во стихови од кои најпознати се: „Тартиф", „Дон Жуан", „Мизантроп", „Вообразениот болен", „Скржавец", „Смешните кокети", „Школа за мажи", „Школа за жени", „Граѓанин аристократ" и други. Во неговото драмско творештво се среќаваат различни видови комедии, а темите ги црпел од француското општество. Како познавач на француското општество и на човекот, тој на реалистичен начин ги претставувал состојбите со сите негативни, но и позитивни карактеристики. Ги критикувал сите слоеви во општеството: дворската средина, граѓанската класа, судот, полицијата, свештенството, учените жени, лекарите, лакеите, лихварите...

Комедиите на Молиер се одликуваат со смеа која градира од дискретност до разузданост и во која се мешаат иронијата и резигнацијата. Смешното доаѓа до израз кога индивидуата влегува во судир со разумот. Молиер ги користи комичните ситуации, недоразбирањата и забуните за да ги претстави недостатоците.

Интерпретација на „Тартиф"

„Тартиф" е комедија со елементи на фарса, комедија на карактери и комедија на нарави, а можат да се забележат и белези на комедија на интрига. Структурно, драмата е составена од 5 чина и е напишана во стихови. Тема е конфликтот во семејството на Оргон поради прифаќањето на свештеникот Тартиф и разобличувањето на религиозното лицемерство.

Дејството се одвива во 17 век во Париз, во куќата на Оргон. Во првиот чин е претставено семејството на Оргон и нивниот конфликт околу ликот на Тартиф. Тој и неговата мајка, мадам Пернел, го идеализираат ликот на Тартиф, а другите членови на семејството го гледаат онаков каков што е – лицемер и лажго. Тартиф не се појавува до третиот чин, но за него дознаваме преку кажувањата на другите ликови.

Во првиот чин, мадам Пернел се подготвува да ја напушти куќата бидејќи се чувствува навредена во сопствениот дом. Таа не им дозволува на другите да дојдат до збор и постојано го фали Тартиф, а сите останати ги осудува и навредува, поради што влегува во конфликти. Во вториот чин е вметната приказната за љубовта на Маријана и Валер, која станува причина за недоразбирање меѓу Маријана и татко ѝ, Оргон, бидејќи тој сака да ја убеди да го смени избраникот и да се омажи со Тартиф. Во третиот чин се појавува Тартиф, кој ги оправдува особините што му ги припишуваат Оргон и неговата мајка. Тој ѝ приговара на слугинката Дорина што носи деколтиран фустан и на тој начин ги предизвикува мажите. Лицемерноста на Тартиф уште повеќе се гледа во сцената со Елмира, во која тој отворено ѝ се додворува, а таа ја прифаќа неговата наклонетост, но под услов да не ја спречи венчавката на Маријана и Валер. Дамис е сведок на оваа сцена и сакајќи да го разобличи и да го отстрани Тартиф од куќата, на сите им кажува што се случило. Но, Оргон, заслепен од Тартиф, воопшто не му верува, па дури и го брка од дома и бара Маријана веднаш да се омажи за Тартиф. Во четвртиот чин е прикажано целосното разобличување на Тартиф и тоа во сцена која е наместена и е идентична како претходната во која Тартиф ѝ се додворуваше на Елмира. Сцената е комична, затоа што Оргон, за да биде директен сведок, е скриен под масата. Сознанието на оваа вистина е казната на Оргон, но не е само тоа, туку и финансиската последица од заслепеноста. Тој целиот имот му го препишал на Тартиф. Во последниот чин, Клеант (братот на Елмира) го осудува Оргон за неговото неразумно и непромислено однесување. Во куќата доаѓа Тартиф со полиција и го бара имотот за кој има документи. Но, се случува ненадеен пресврт. Полицаецот, наместо Оргон го апси Тартиф бидејќи се дознало дека тој е познат измамник, кој прогонуван од законот се криел зад разни имиња.

Во комедијата „Тартиф", Молиер преку семејна приказна алегориски го прикажал општествениот живот во Франција. Преку ликот на Тартиф, тој го критикувал свештенството кое преку својата набожност ги презело правата и моќите со кои ја ограничило слободата на луѓето.

Ликовите во „Тартиф"

Ликовите во драмата „Тартиф" можат да се поделат на две групи, група која го поддржува Тартиф и група што е против него. Едните, Оргон и мадам Пернел, се заслепени од набожноста на Тартиф, а другите, спротивно на нив, се ликовите кои со помош на здравиот разум успеваат да се ослободат од религиозното чувство и да ги согледаат вистинските намери на Тартиф.

Тартиф е лицемер, лажго и измамник скриен зад свештеничката наметка, кој ги користува слабостите на другите луѓе. Тој се претставува како набожен и милосрден богомолец, кој како вистински верник ја фали верата, но во суштината е беден, кутар и нечесен човек. Тартиф, со својата итрина и храброст која се граничи со дрскост, навлегува во животот на другите и ги заслепува. Својата подлост ја маскира многу вешто и секоја лага и злодело ги прикрива со виши цели, повикувајќи се на Црквата и на Господ. Неговиот лик е основа за заплетот во драмата. Лаком, ненаситен и развратен, не бира средства за остварување на целта.

Оргон е богат благородник, лековерен набожник и глава на куќата, па смета дека целото семејство треба да ги почитува сите негови одлуки. Неговата заслепеност се граничи со глу-

пост, па затоа не е во состојба да го препознае лицемерното пријателство и потпаѓа под влијанието на Тартиф за кој е подготвен дури и да се откаже од семејството, така што му го препишува имотот, го брка синот и му ја дава ќерка си за жена. На сите напади и укажувања за тоа каков е Тартиф, тој одговара со агресивност, дрскост и со голема нервоза и нетрпеливост. Не им верува на своите блиски, затоа мора да слушне со свои уши и да види со свои очи дека е измамен. За Оргон е поважен лажливиот туѓинец од сопственото семејство. Откако со свои очи ќе ја открие вистината, ја сфаќа грешката и ги увидува важноста и големината на љубовта.

Мадам Пернел е слична на својот син. Тие двајцата се на истата страна – го заштитуваат лицемерот толку слепо и фанатички и затоа се носители на смешното во драмата. Таа е религиозно заслепена, против земните уживања и смета дека сите што не мислат како неа – грешат. Па, дури е навредена од различното мислење на другите и затоа демонстративно ја напушта куќата.

Елмира е добра сопруга, мајка и снаа која сака да помогне во разобличувањето на Тартиф. Таа ја брани својата чест и го разубедува заслепениот сопруг, така што божем го заведува Тартиф.

Дамис е чесен и искрен млад човек кој се обидува отворено да му каже на татка си дека е заведен.

Дорина е посебно изграден лик преку кој се претставени широките народни маси и нивните позитивни особини: добрината, умноста, трезвеноста, здравиот разум и критичкиот став. Таа е многу интелигентна и веднаш ги сфаќа намерите на Тартиф. Иако е слугинка, таа јасно, преку лесен хумор, ги изнесува своите ставови. Целосно му е предадена на семејството и секогаш е тука за да помогне да се разрешат конфликтите. Особено ја поддржува Маријана, која е премногу мирна и покорна, и ѝ помага да му се спротивстави на татко ѝ и да се избори за својата љубов.

Запомни!

Молиер е еден од најпознатите комедиографи во светската литература. Во своите комедии, тој го исмевал француското општество, особено неговите високи слоеви, критикувајќи ги расипаноста и лакомоста на аристократијата. Напишал повеќе од 30 комедии кои и денес предизвикуваат интерес, па затоа постојано се застапени на театарските репертоари.

ПРВИ ЧИН

ПРВА СЦЕНА

МАДАМ ПЕРНЕЛ, ФЛИПОТА, ЕЛМИРА, МАРИЈАНА, ДОРИНА, ДАМИС, КЛЕАНТ

МАДАМ ПЕРНЕЛ
Ајде, Флипота, не сакам да ги гледам.

ЕЛМИРА
Брзате вие, не можам да ве следам.

МАДАМ ПЕРНЕЛ
Не, снао! Оставете ме здив да земам,
од љубезности потреба веќе немам.

ЕЛМИРА
Не љубезност, мајко, должност тоа ми е.
Но зошто така нѐ напуштате вие?

МАДАМ ПЕРНЕЛ
Зашто сѐ што гледам со своите очи,
ме тревожи страшно, не ми дава почин.
Тука од вас само навреди јас добив:
за секој мој совет, враќавте со подбив.
Секој вика, вреви во просторов штур,
та ова дом не е, туку панаѓур.

ДОРИНА
Но...

МАДАМ ПЕРНЕЛ
Чујте, мила, само слугинка сте вие,
но во устата долг јазик ви се крие.
Мислењата ваши, знам, немаат број!

ДАМИС
Но, бабо...

МАДАМ ПЕРНЕЛ
Вие сте глупак, внуку мој!
И јас, како баба, не можам да лажам,
веќе сто пати на татко ви му кажав,
дека сте глупав, лош, и расипник клет,
и го срамотите пред целиот свет.

МАРИЈАНА
Јас мислам...

МАДАМ ПЕРНЕЛ
О, внуко, ко јагне сте златно,
сѐ правите тивко, мошне деликатно.
А најопасна е најтихата вода,
затоа ја мразам потајната мода.

ЕЛМИРА
Но, мамо...

МАДАМ ПЕРНЕЛ
Снао, знам, ова не ви годи,
но лошиот навик в беспатица води.
Место убав пример да дадете така,
како што правела покојната мајка,
фрлате пари, се возите со чеза,
со облека нова, баш како принцеза.
Жена што го љуби верно својот маж,
не се кити толку, како гиздав паж.

КЛЕАНТ
Но, Мадам...

МАДАМ ПЕРНЕЛ
Знам. Вие сте ѝ брат, и вас
ве ценам многу и ве почитувам јас,
но, јас да бев Оргон, знајте, никогаш
не би ве пуштила ни миг во домов наш.
А имате такви животни максими
што чесен човек вас тешко да ве прими.
Ви кажувам сè што в срцево ми дрочи,
и не го голтам јас она што ми горчи.

ДАМИС
Знам, за вас сал Тартиф е човек со чест...

МАДАМ ПЕРНЕЛ
Да, тој е пример за добрина и свест,
па затоа мене бес ме фаќа в час
кога го клевети глупак како вас.

ДАМИС
Зар таков лицемер да трпам ден и ноќ
тој да ни прави ред со тиранска моќ,
да нема во домов шум, ни вик, ни смев,
без да види тој во тоа само грев?

ДОРИНА
Везден треба него секој да го слуша,
сè што ќе сториме, ќе е грев на душа.
Тој сака ревносно сè да контролира.

МАДАМ ПЕРНЕЛ
Дури не провери сè, тој нема мира.
По божјиот пат тој сака да ве води,
тоа треба сите вас да ве прероди.

ДАМИС
Не, бабо! Ни татко, ни најсвета жена
не ќе ме присилат него да го ценам.
Би излажал ако друго кажам тука,
штом го видам него, јас од јарост пукам.
Знам, со таков човек, без срам и без жал,
еден ден ќе дигнам невиден скандал.

ДОРИНА
Да, навистина е исто скандалозно,
да гледаш натрапник зол, суштество грозно,
кој ти дошол бос и со алишта стари,
што сигурно не вредеа ни пет пари,
да стигне до таму – да се заборави
и во твојот дом над тебе да се стави.

МАДАМ ПЕРНЕЛ
Ќе биде подобро, јас сигурна сум,
ако тргнеме по неговиот ум!

(...)

Извадок од „Тартиф"

Прашања и задачи:

1. Какви видови творби пишувал Молиер?
2. На кој начин Молиер им се спротивставувал на противниците на неговото творештво?
3. Зошто театарската група на Молиер ја нарекувале кралска?
4. Како Молиер го претставувал општеството во своите драми?
5. Кои општествени слоеви биле изложени на критика во делата на Молиер?
6. Потсети се на изученото за теорија на комедијата и пронајди ги елементите кои ова дело го вбројуваат во комедии.
7. Појасни врз основа на кои елементи комедијата „Тартиф" се смета за комедија на карактери и комедија на нарави.
8. Определи ги етапите на дејството во комедијата „Тартиф".
9. Објасни за што мадам Пернел ги прекорува членовите на семејството и како го претставува Тартиф.
10. Кој ја убедува Маријана да се бори за својата љубов?
11. Како можат да се групираат ликовите во драмата?
12. Кои ликови во драмата се носители на класицистичките одлики?
13. Издвој ги класицистичките погледи во комедијата.
14. Напиши есеј на тема: Француското општество претставено преку домот на Оргон.

Жан де Лафонтен

Биографија



▲ Жан де Лафонтен

Жан де Лафонтен е еден од најзначајните француски писатели во 17 век и најпознатиот баснописец во европската литература. Тој е роден во Шато Тјери во 1621 година. Образованието го започнал во родното место, а го дооформил во Париз, во 1636 година. Лафонтен почнал да студира теологија во Редот на ораторијците, но го напуштил во 1643 година. Потоа студирал право и станал адвокат во Парискиот парламент во 1649 година. Тој имал богат општествен живот и редовно се состанувал со најпознатите писатели од своето време: Боало, Молиер и Расин. Иако во младоста извршувал административни должности, Лафонтен не бил успешен државен службеник. Благодарејќи на поддршката од богати и влијателни покровители, особено од мадам Де ла Саблиер, тој можел целосно да се посвети на пишувањето и на литературниот живот во Париз. Во 1684 година, Лафонтен бил избран за член на Француската академија, што претставувало официјално признание за неговото литературно значење.

Две години пред да почине, тој се повлекол од општествениот живот, а под влијание на Црквата бил принуден да се откаже од своите дела во кои, според свештениците, се прикажувале неморални теми. Лафонтен починал во 1695 година во Париз, на 73-годишна возраст. Неговото литературно наследство има трајна вредност и е пример за уметничка едноставност, мудрост и морална поука.

Творештво

Литературната кариера на Лафонтен започнала релативно доцна, околу неговата триесетта година, кога почнал да пишува поезија и проза. Неговото богато творештво може да се подели во три главни категории: басни, приказни (раскази и новели) и разновидни дела, меѓу кои се вбројуваат и драмските творби. Првите литературни обиди на Лафонтен датираат од 1650-тите години. Со објавувањето на херојската поема „Адонис", Лафонтен дополнително го зацврстил својот литературен углед. Поемата „Сонот за Во" (*Le Songe de Vaux*), напишана во чест на неговиот покровител Никола Фуке, му овозможила влез во литературните кругови во Париз. Тој пишувал поеми и новели во стихови, кои биле наменети за возрасна публика и се одликувале со слободен дух, духовитост и сатиричен тон. Најпознато дело од овој период е збирката „Приказни и новели во стихови", објавена во 1665 година, додека неколку години подоцна, во 1669, го објавил прозното дело „Љубовта на Психа и Купидон", кое се одликува со стилска елеганција, духовитост и префинети описи на човековата, особено на женската психа.

Во 1668 година ја објавил својата прва книга со басни, кои оттогаш ги реобјавувал во повеќе збирки. Тој се инспирирал од античките баснописци Езоп и Федар, но им дал нова, оригинална форма на своите творби. Басните во првите шест книги се напишани во слободен стих. Животинските ликови во неговите басни зборуваат и се однесуваат како луѓе, симболизирајќи ги човековите карактерни особини – лукавство, гордост, алчност, мудрост или на-

ивност. Од неговите басни, кои длабоко навлегуваат во човековата природа, критикувајќи ги суетата, гордоста и злоупотребата на моќта, произлегуваат неговите мисли: „Често ни треба некој што е помал од нас“ и „Двојно е задоволството да се измами измамник“. Тој напишал 240 басни во кои доминираат мотиви извлечени од грчки и од латински писатели, во кои воведува настани, ги проширува описите и ја продлабочува карактеризацијата на ликовите.

Интерпретација на басни

Баснata е вид алегорична, поучна приказна во која главни ликови се животните. Нејзината специфичност се состои во фактот дека животните имаат човечки особини и чувства и се однесуваат како луѓе. Секое животно има изразена карактерна особина како што се: глупавост, тврдоглавост, фалбаџиство, итрина, плашливост... Типично за нив е тоа што не ги менуваат своите карактерни особини, што не е случај со човекот. Токму таа променливост на човечкиот карактер е тема за исмејување и критикување на човечките постапки.

Според формата баснata може да биде напишана во стих или во проза.

Басни	Анализа
Штурецот и мравката Штурецот летото го мина свирејќи на виолина и беше доста изненаден кога дувна ветер ладен. Полето пусто – ни трошичка од црвче или од мушичка! И отиде со раце голи кај Мравката да ја моли за една шепа зрна златни да ги мине дните гладни, до идната плодна жетва. „Сосетке, ти давам клетва за работа ќе се фатам, со камата ќе ти вратам!“ Но Мравката не дава заем тоа е нејзин порок знаен. „Што си правел среде лето?“ го праша Штурчето клето. „На секој гостин, стар и млад, му свирев мили песни јас.“ „Си свирел, значи секој час? Па сега танцувај во глад!“	Штурецот како симбол на безгрижноста, на мрзливоста и некој кој само сака да ужива во животот, и мравката, која е симбол на работливоста и на грижата како да се преживее зимата.

Лисицата и грозјето

Кума Лиса стигнувајќи до едно село,
мртва гладна виде една лоза
натежната со грозје зрело
и веднаш фати стрвна поза.
Богатата гозба ѝ се нудеше сама.
Но, бидејќи не можеше да ја достаса:
Уште е кисело, си рече, итрата дама,
ќе дојдам кога ќе довстаса.

Лисицата не може да стигне до грозјето и заклучува дека е кисело. Најчесто, човекот го омаловажува тоа што не може да го има.

Која човечка особина се препознава во лисицата?

Земјоделецот и неговите синови

Работајте, трудете се, како и јас:
тоа е богатство што најмалку недостига.
Еден земјоделец богат, чувствувајќи тој час,
дека смртта тукушто му пристига,
ги викна синовите и им рече со доверлив глас:
„Немојте имотот да го продадете вие
што нашите предци ни го оставија нам;
во него ќуп со злато се крие.
Јас точно местото не го ни знам,
но сал малку труд ви треба и пронајдете го.
По жетвата сето поле изорајте го.
Длабете, ровете, сè подлабоко копајте;
и ниедна педа не оставајте
каде што раката не минала и по двапати".
Умре таткото и синовите со лопати,
со казми, со копачи и со голем полет
почнаа да го испретураат сето поле.
Копни ваму, копни таму, секаде под небесниот свод,
така што на крајот од годината
полето донесе отсекогаш повеќе плод.
Ни трага од скриени пари. Но, за волја на вистината,
таткото беше мудар кога пред смртта
која на сè става крајна црта,
ги подучи дека во човечкото царство
работата е најголемо богатство.

Избери еден од дадените коментари за басната.

– Синовите се лакоми и наивни. Се „отепале" од работа и не нашле злато.

– Добро завршена работа дава резултати.

– Богатство стекнато со работа, освен материјално богатство, на човекот му дава духовно задоволство.

Избраниот коментар поткрепи го со стихови од басната.

Запомни!

Жан де Лафонтен е еден од најзначајните француски писатели во 17 век и најпознатиот баснописец во европската литература. Тој имал богат општествен живот и редовно се состанувал со најпознатите писатели од своето време: Боало, Молиер и Расин.

Неговото богато творештво може да се подели во три главни категории: басни, приказни (раскази и новели) и разновидни дела, меѓу кои се вбројуваат и драмските творби.

Басните во првите шест книги се напишани во слободен стих. Животинските ликови во неговите басни зборуваат и се однесуваат како луѓе, симболизирајќи ги човековите карактерни особини – лукавство, гордост, алчност, мудрост или наивност. Напишал 240 басни. Неговото литературно наследство има трајна вредност и е пример за уметничка едноставност, мудрост и морална поука.

Прашања и задачи:

1. Наведи три најпознати басни на Лафонтен и кратко објасни ја поуката од нив.
2. Наведи некои други дела на Лафонтен освен басните, вклучувајќи песни, поеми, комедии и раскази.
3. Како Лафонтен ги прикажува луѓето преку животните во неговите басни? Наведи пример.
4. Зошто неговите басни се достапни за читатели од сите возрасти?
5. Како Лафонтен ги користи иронијата и остроумноста во своите дела?
6. Зошто делата на Лафонтен се сметаат за важни и денес?
7. Од кои антички писатели се инспирирал Лафонтен?
8. Одбери една басна од Лафонтен и изработи стрип врз основа на содржината.

Просветителството во литературата

Истражи за научните достигнувања и историско-политичките услови во Европа кон крајот на 17 и почетокот на 18 век.

Просветителството во Европа

Кон крајот на 17 век, во европската литература и културата воопшто, се појавило значајно, културно, литературно и образовно движење познато под името просветителство, чие влијание се чувствувало до 19 век. Просветителството се појавило во услови на големи општествени промени: зајакнување на граѓанската класа, развој на науката, слабеење на феудалниот поредок и сè поголемо незадоволство од апсолутистичките монархии и доминантната улога на Црквата. Новите научни откритија и развојот на природните науки придонеле човекот да почне да го гледа светот преку разумот и искуството, а не преку догмата и авторитетот. Во овој контекст, просветителството ја нагласило потребата од општествена реформа, промени во образованието и ослободување на човекот од незнаењето и суеверието. Носител на идеите на просветителството била граѓанската класа, па затоа литературата во просветителството е антирелигиозна и антифеудална.

Во втората половина на 17 век, граѓанската класа во Англија успеала да ја симне неограничената власт на кралот и да воведе нови форми на општествен живот, што довело до забрзан развој на филозофијата и на уметноста. Настапил период на ослободување од догматичното влијание на Црквата и започнал развојот на науката. Филозофските реформи започнале со Френсис Бејкон и со Рене Декарт. Независните проучувања на природата и на духот, ослободени од каков било авторитет, биле основата на новата филозофија, која се развивала преку две теории: теорија на разумот (рацио) и теорија на експериментот. Претставници на првата теорија – **рационализмот**, се Рене Декарт (кој сметал дека човекот треба да мисли за да дејствува – „Мислам, значи постојам“) и Барух Спиноза. Претставник и втемелувач на втората теорија – **емпиризмот** бил Џон Лок. Тој сметал дека во душата нема ништо вродено и оти човекот се раѓа како **табула раса** (чиста, празна табла), без идеи и без предрасуди. Тој појаснувал дека човекот во текот на својот живот, под влијание на надворешниот свет и на видот на просветата, ги развива својот ум и наобразбата. Неговите идеи биле прифатени и во другите европски држави. Освен Џон Лок, за значајни мислители на просветителството се сметаат и Имануел Кант, Жан-Жак Русо, Монтескје, Волтер и други. Жан-Жак Русо ги истакнал идеите за природната добрина на човекот, за важноста на воспитанието и за правото на народот да учествува во власта, а неговите дела силно влијаеле врз политичката и педагошката мисла. Монтескје, преку своите анализи на општествените системи, ја развил идејата за поделба на власта како основа за праведно и слободно општество.

Големо значење во поставувањето на основите на просветителството имало објавувањето на Енциклопедијата во Франција, чија основна цел според Дидро била прибирање на знаењата од светот. Во Енциклопедијата големо внимание ѝ се посветило на историјата, која се третирала како историја на цивилизациите (не на династиите), на занаетите и на вештините. Дејствувањето на овие мислители и енциклопедисти значително ги поттикнало политичките случувања во европските земји кои придонеле за пропаѓањето на феудализмот и

за појавата на ново, буржоаско општество. Во тој период се засилил развојот на науката и на технологијата, па се формирале и нови научни дисциплини.

Во овој период, исто така, се создавале уметнички дела кои, според карактеристиките, можат да се вбројат и како класицистички дела, бидејќи повикуваат на разум и ред кај човекот. Но, истовремено содржат елементи на просветителството, затоа што имале улога за општонародно просветување. „Историчарите на европската и на светската литература се соочуваат со две фундаментални прашања: прво, дали класицизмот и просветителството можат да се одвојат како два посебни периода или треба да се спојат во една епоха? И второ, дали треба да се даде приоритет на литературната техника, што би довело до можноста сè да се стави во рамките на класицизмот или на преовладувачкиот и сеприсутен поглед на светот, кој бара одреден дух на креативност од литературата, што води до врамување на сè во рамките на просветителството. Не постои договорен одговор на ниту едно од овие прашања, а сè е уште посложено поради фактот што во средината, а особено кон крајот на осумнаесеттиот век, се појавија низа влијателни литературни дела со висока уметничка вредност, кои, според нивните суштински карактеристики, би можеле да се разберат и како дела од следната голема литературна епоха, романтизмот. Во вакви дилеми, историчарите на литературата често, едноставно, ги напуштаат вообичаените имиња на големите епохи, одлучувајќи се за хронолошки дефиниран 'осумнаесетти век'. Сепак, таквото напуштање на какви било ознаки не е особено соодветно за преглед на историјата на светската литература, која не се стреми да ги реши сите прашања на периодизацијата, туку ги зема епохите само условно и ги дефинира главно според стилските карактеристики." (Солар 2003, 145)

Просветителите сметале дека човековиот развој треба да се темели на сопствениот разум и на искуството. Затоа, моќта на Црквата, како и нејзините догми, биле отфрлени, а науката и литературата се популаризирале меѓу граѓанството преку неделни весници и енциклопедии. Првите просветителски идеи се појавиле во Холандија, а потоа се проширile во Англија, Франција, Германија, Русија и во други европски земји.

Писателите во просветителството се залагале за заштита на слободата на човекот и за општонародно просветување ослободено од секакви предрасуди и заблуди. Преку литературно-уметничките дела се афирмирала борбата против општествената нееднаквост. Во овој период во Англија, писателите се насочиле кон проучување и кон опишување на приватниот живот и на обичаите во современа Англија, изразувајќи ги противречностите на времето.

Литературата во просветителството имала хуманистички дух. Таа била свртена кон човекот како општествено битие кое имало потреба од образование и од просветување. Тоа условило и преориентација во јазикот, при што предност имал народниот јазик во интерес на обичниот човек. Следејќи ги просветителските идеи, литературните творби имале цел да објаснат, да подучат, да образоваат и да воспитуваат. Жанровската разновидност била слична на онаа од класицизмот. Застапени биле епот, трагедијата, баснata, биографијата и патописот. Просветителите дополнително ги вовеле сатирата и општествената драма. Посебен развој е забележан кај прозата, т. е. кај таканаречениот граѓански роман, во кој се обработувале разни теми (семејството, патувања, морални и филозофски проблеми и интимата на поединецот).

Во драмското творештво биле застапени трагедијата и граѓанската драма. Трагедијата ги задржала класичниот дух и содржината, но во граѓанската драма, како нов вид, биле при-

сутни трагичното и комичното. Во театарот, драмата станала средство за општествена критика и за морална поука, а ликовите често претставувале типични претставници на одредени општествени слоеви или на човечки карактери.

Најзначајни претставници на литературата и на филозофијата од времето на просветителството во Англија се Даниел Дефо и Џонатан Свифт. Во Франција, Волтер и Дени Дидро, кој бил главен уредник на триесет и петтомната Енциклопедија, и во Русија, Александар Николаевич Радишчев и Иван Андреевич Крилов.

Идеите на просветителството силно се одразиле и во другите уметности. Ликовните уметници тежнееле кон јасност, ред и рационалност. Уметниците се инспирирале од античката уметност, прикажувале хармонични композиции и теми поврзани со моралот, разумот и со граѓанските вредности. Во сликарството и во скулптурата, творците сè повеќе се оддалечувале од религиозната мистика и се насочувале кон човекот, секојдневниот живот и историските настани.

Композиторите во просветителството настојувале музиката да биде разбирлива и урамнотежена, со јасно изразена мелодија. Делата на автори како Хајдн и Моцарт го одразувале духот на времето преку хармонија, ред и чувство за мера.

Просветителството кај јужнословенските народи

Јужнословенските народи во 18 век се наоѓале под ропство на Австроунгарската и на Османлиската Империја. Хрватите, Словенците и дел од Србите биле подложни на германизација од страна на Австрија. Во втората половина на 18 век дошло до општествени промени кои овозможиле јакнење на граѓанската класа и појава на нови просветителски идеи. Притоа, за разлика од европското просветителство, кај јужнословенските народи овој процес се разликувал затоа што народите во Европа биле слободни, а јужнословенските народи биле под туѓа власт. Ваквата општествена положба кај јужнословенските народи била причина за тоа просветителските идеи да се насочат кон ослободување, развој на граѓанската свест и поттикнување на образованието. Јужнословенските просветители се залагале за зацврстување на народниот јазик во литературата и во училиштата, со цел подигнување на националната свест. Делата кои биле создавани имале поучна содржина и немале многу уметнички вредности бидејќи основната цел им била избавување на населението од заостанатоста.

Запомни!

Просветителството во Европа се појавило кон крајот на 17 и почетокот на 18 век. Делата од овој период биле антирелигиозни и антифеудални. Тие имале воспитна и морализаторска содржина и служеле за просветување на човекот. Главен настан од периодот на просветителството било објавувањето на триесет и петтомната Енциклопедија во Франција.

Прашања и задачи:

1. Што претставува просветителството како движење/идеологија?
2. Кои се основните белези на просветителството?
3. Кој општествен слој е носител на просветителските идеи?
4. На што се темелат основите на просветителството?
5. Каков вид книги го означуваат периодот на просветителството во Франција?
6. Со каква цел биле создавани литературните творби?
7. Зошто на јужнословенските просветители им било важно јазичното прашање?
8. Во што се разликуваат просветителските идеи кај јужнословенските народи од оние во европската литература?
9. Каква содржина имале делата кои се создавани во јужнословенското просветителство?
10. На кој начин се зацврстувала националната свест и се образовало јужнословенското население?
11. Напиши есеј од 80 до 100 збора на тема: Придобивките од просветителството во развојот на човештвото.

Волтер (Франсоа-Мари Аруе)

Биографија

Волтер е еден од најзначајните претставници на европското просветителство и еден од највлијателните мислители и писатели на 18 век. Тој бил истакнат „енциклопедист", што во поширока смисла значи дека бил „човек со универзално знаење" и со исклучителен талент. Волтер е роден во Париз во 1694 година. Го посетувал средното училиште на језуитите каде што изучувал латински, теологија и реторика. Спротивно на желбите на неговиот татко, кој сакал тој да стане адвокат, Волтер решил дека сака да стане писател. Духовитоста која ја поседувал го направила популарен меѓу аристократските семејства со кои се дружел.



▲ Волтер

Тој бил ненадминат критичар и памфлетист, еднакво величен и напаѓан, затворан и прогонуван. Во текот на својот живот, Волтер бил принуден неколку пати да ја напушти Франција поради своите ставови. Во 1726 година, откако го навлекол гневот на аристократите, бил принуден да го напушти Париз и да оди во Англија. За време на престојот во Англија, Волтер стапил во контакт со англиски филозофи, политичари и писатели, кои имале значително влијание врз неговата подоцнежна филозофија. Волтер бил во постојани конфликти со претставниците на владејачките институции на државата и на Црквата. Тој ги застапувал напредните идеи, бил против религиозното суеверие, верската нетрпеливост, фанатизмот и христијанските догми.

Еден од важните моменти во животот на Волтер бил неговиот престој во Ферне, мал француски град на границата со Швајцарија и во близина на Женева, каде што ги поминал последните години од својот живот. И покрај сите проблеми и прогонства, тој ја продолжил работата таму.

Умрел во 1778 година во Париз, неколку месеци откако присуствувал на премиерата на сопствената драма „Ирена". Неговата смрт го означила крајот на една од највозбудливите интелектуални кариери во француската историја.

Творештво

Волтер оставил огромно литературно творештво во различни области и литературни жанрови. Познати се неговите филозофски дела (филозофскиот речник, филозофските писма или англиски писма) и Трактатот за толеранција кои и во денешно време имаат значење. Во неговото творештво се среќаваат повеќе есеи (Есеи за манирите...), драми, сатири (Сиромавиот ѓавол, Понеделник) дела во проза, романи, раскази („Кандид", „Задиг", „Микромегас" и „Наивен"). На ова треба да се додадат многу научни дела, на пример, за физиката на Њутн, многубројни полемики и публицистички дела и преписки во околу 10 000 писма.

Интерпретација на „Кандид“

„Кандид или оптимизам“ е класифициран како филозофски роман. Тој е исполнет со хумор и низа ситуации што го придружуваат еден несреќен млад човек. И покрај сите проблеми, тој не се колеба во верата што му ја всадил неговиот ментор, велејќи дека нашиот свет е создаден како најдобар од сите светови и оти сите нешта и сите настани имаат своја причина. Според ова учење, Кандид ја доживува и ја анализира секоја несреќа што го снаоѓа додека талка по светот. Неговата љубов кон прекрасната Кунегонда е движечката сила зад сите дејства и несреќи што ги доживува, што тој ги прифаќа, верувајќи дека сè мора да биде така.

Сите ситуации во кои се наоѓа му докажуваат дека во светот во кој живее, само несреќата може да преживее и да трае. Во својот млад живот, тој доживува многу тажни моменти, тепања, камшикувања, измами и кражби, сè поради неговата наивност и вербата во човековата добрина.

Кандид е израснат во луксузен замок со децата на баронот. Нивниот професор е многу учениот Панглос, физичар и филозоф. За него, сè на светот е создадено со цел: „Носовите се направени за да носат очила“.

Панглос има афера со слугинката Пакета. Шетајќи низ шумичката, Кунегонда, ќерката на баронот, ќе ги види вљубени. Ќе помисли дека научникот ѝ држи „лекција по експериментална физика“ на слугинката. Затоа што и самата има склоност кон науката, одлучува да го искористи Кандид за истиот експеримент и да го натера да ја бакне. Но, Кандид ќе настрада и ќе биде исфрлен од замокот.

Заплетот на романот не следи никаква поврзаност меѓу ликовите кои не се типично карактеризирани. Тие се само површно опишани без никакви посилни емоционални карактеристики. Со ваквиот опис, се постигнува ефектот читателот да не ги набљудува ликовите и настаните реалистично, туку да обрне внимание на ироничниот начин на раскажување што се протега низ целиот роман. Парадоксално, животот на Кандид е проследен со многубројни несреќи, а тој сè уште оптимистички верува дека сè околу него е совршено. Еден од најсилните настани е земјотресот во Лисабон, каде што Кандид и неговиот учител Панглос стануваат сведоци на огромна природна катастрофа што ќе одземе илјадници животи. Наместо разум и сочувство, властите реагираат со религиозен фанатизам, организирајќи јавно верско судење и казнување за да ѝ се додворат на судбината. Овде Панглос завршува на бесилка, а Кандид е сурово казнет, што ја нагласува апсурдноста и нечовечноста на таквите постапки. Понатаму, Кандид против своја волја е регрутиран во војската и директно се соочува со ужасите на војната. Тој е сведок на масовни убиства, разурнати села и страдање на невини луѓе, додека владетелите ја прикажуваат војната како херојска и неопходна. Волтер, преку овие сцени, ја разобличува бесмисленоста на воените конфликти и ја критикува политичката моќ што се гради врз човечка болка и уништување. По долгите патувања и разочарувања, Кандид конечно се обединува со Кунегонда, но сфаќа дека идеализираната среќа не постои. На крајот, ликовите се повлекуваат на мала фарма, каде што продолжуваат расправите за смислата на животот. Кандид, поучен од сите страдања, доаѓа до заклучокот дека е најважно „да ја обработуваме нашата градина“. Оваа порака симболизира практичен труд, скромност и лична одговорност како единствен начин човек да живее достоинствено и смислено. Со ова, Волтер ја заокружува својата критика на слепиот оптимизам и порачува дека дејствувањето и разумот се поважни од празните филозофски уверувања.

Следејќи го протагонистот низ многу ситуации, може да се види критиката на авторот за војната, насилството, човековата глупост и непочитувањето на ближниот. Критика за религиозната нетолеранција и потценувањето. Поучен од животот, младиот човек созрева и сфаќа дека, за да стане животот во кој верува навистина совршен, мора да го уреди и да работи на тоа совршенство, а не да се предава на текот на животот. Мудриот совет на Турчинот му го отвора новиот поглед на животот на Кандид: „Работата отстранува три големи зла: досадата, порокот и сиромаштијата". На крајот, поучен од ова знаење, тој вели, „но ние мора да ја обработуваме нашата градина".

„Кандид" е најпознатото дело што ја претставува Волтеровата критика на филозофскиот оптимизам, идеја популаризирана од Лајбниц, според која, светот во својата суштина е најдобриот од сите можни светови. Главниот лик, Кандид, го симболизира невиното прифаќање на ова наивно и ирационално верување, кое Волтер сатирично го прикажува како заблуда. Овој оптимизам е буквално тестиран од низа несреќи што го снаоѓаат Кандид, додека целиот свет, со своите неправедни и трагични настани, покажува дека ни приближно не е совршен.

Ликовите во „Кандид"

Кандид е интелигентен млад човек со мека природа и едноставен дух. Израснат е во замокот на баронот Тундер-тен-тронк и наивно верува во зборовите на учителот Панглос дека светот е прекрасно место и оти сè е такво какво што треба да биде. Се вљубува во ќерката на баронот, Кунегонда, и кога баронот ги здогледува заедно зад завесата, го исфрла од замокот.

Кандид, на крајот, осознава дека светот не функционира онака како што го учел неговиот учител Панглос. Тој сфаќа дека нема смисла да размислува за проблемите во светот, туку оти негова задача е да ја обработува својата градина.

Кунегонда е млада, убава девојка, ќерка на барон. Таа ги губи своите родители и потоа доживува трагична судбина. Престојува во затвор, заробена е од Дон Исакар и Големиот инквизитор. Преку ликот на убавата Кунегонда, Волтер ја покажува превртливоста на животот.

Учителот Панглос е физичар и филозоф, учител и воспитувач на дворот на баронот. Тој го гледа светот целосно оптимистички и неговото учење се сведува на набљудување на светот како најдобро можно место. Тој верува дека сè има цел и сè се случува со причина. Поради неговите изјави, тој е осуден на смрт, но преживува благодарејќи на несмасноста на инквизиторот.

Запомни!

Волтер е еден од најзначајните претставници на европското просветителство и еден од највлијателните мислители и писатели на 18 век. Тој бил истакнат „енциклопедист", што во поширока смисла значи дека бил „човек со универзално знаење" и со исклучителен талент. Оставил огромно литературно творештво во различни области и литературни жанрови.

„Кандид или оптимизам" е класифициран како филозофски роман и е најпознато дело на Волтер.

ПРВА ГЛАВА

(...)

Панглос предаваше метафизико-теолого-космоло-нигологија. Тој чудесно знаеше да докажува дека во никој случај не постои последица без причина и дека во овој најдобар од сите можни светови, замокот на баронот е најубавиот од сите замоци, а госпоѓата е најдобрата од сите можни бароници.

„Докажано е, велеше тој, дека работите не може да бидат поинакви: бидејќи сè е создадено со некаква цел, неминовно сè треба да има најдобра цел. Добро можете да забележите дека носовите се создадени за носење очила, па затоа имаме очила. Нозете, очигледно, се создадени за да бидат облечени и затоа носиме панталони. Камењата се создадени за да бидат делкани и од нив да се градат замоци, затоа нашиот Господар има прекрасен замок; најголемиот барон во нашава покраина треба да има најдобро живеалиште; а бидејќи свињите се создадени за јадење, ние преку цела година јадеме свинско; според тоа, оние што избрзале да речат дека сè е добро, кажале глупост; требало да речат дека сè е најдобро."

Кандид внимателно го слушаше и наивно му веруваше, зашто сметаше дека госпоѓица Кунегонда е бескрајно убава, но никогаш немаше храброст да ѝ го каже тоа. Тој дојде до заклучок дека, по среќата да се родиш како барон Тундер-тентронк, вториот степен на среќата би бил да бидеш госпоѓица Кунегонда, третиот, да ја гледаш секој ден, а четвртиот, да го слушаш учителот Панглос, најголемиот мудрец во таа покраина и, според тоа, на целата земја.

(...)

.....

ТРИЕСЕТТА ГЛАВА

(...)

Овој разговор побуди нови размислувања, а Мартин заклучи дека човекот е роден за да живее во грчовите на неспокојството или во летаргијата на здодевноста. Кандид не се согласуваше со тоа, но не тврдеше ништо. Панглос призна дека тој секогаш ужасно страдал, но, бидејќи еднаш веќе тврдел дека сè оди кон најдоброто, секогаш го поддржуваше тоа и не веруваше во ништо друго.

Конечно, една работа ги зацврсти одбивните начела на Мартин, го расколеба Кандид повеќе отколку кога и да било порано, а мошне го збуни Панглос. Тоа беше кога еден ден ги забележаа Пакета и свештеникот Жирофле, во крајна беда, како се приближуваат кон нивниот имот; тие многу брзо ги изеле трите илјади пијастри што им ги даде Кандид, притоа се разделиле, се смириле, пак се скарале, ги затвориле, избегале од затворот и на крајот брат Жирофле се потурчил. Пакета продолжила насекаде да го врши својот занает, но веќе ништо не заработувала.

„Нели јас убаво предвидов, му рече Мартин на Кандид, дека она што им го подаривте ќе отиде на ветар, набргу ќе се распрсне и дека тоа ќе ги направи уште понесреќни. Вие и Какамбо бевте до гуша полни пијастри, а не бевте поради тоа посреќни отколку брат Жирофле и Пакета."

– Охо! – рече Панглос обраќајќи ѝ се на Пакета, значи, небото ве доведе тука, кај нас, кутро мое девојче! А знаете ли дека вие ме чиневте еден дел од носот, едно око и едно уво? А вие, што сте се направиле? Како изгледате сега! Ех, што е овој живот и овој свет! Оваа нова случка ги натера да филозофираат повеќе отколку кога и да било порано.

Во нивното соседство живееше еден многу прочуен дервиш кого го сметаа за најдобар филозоф на Турција; тие отидоа кај него да го прашаат што мисли за сè. Панглос почна прв и го праша: „Учителе, дојдовме да ве замолиме да ни кажете зошто е создадено едно толку чудно животно како што е човекот? – А зошто тебе те интересира тоа? – му одговори дервишот; зар тоа е твоја работа? – Но, мој почитуван отче, се јави Кандид, на Земјава има толку многу ужасни несреќи. – Многу важно! – рече дервишот, дали има несреќи или среќи. Кога Неговата Висост праќа брод за Египет, се грижи ли дали им е добро или лошо на глувците што се во бродот? – Па што да правиме? – праша Панглос. – Да молчиш, одговори дервишот. – Јас се надевав, рече Панглос, дека со вас ќе поразговарам малку за причините и последиците, за овој најдобар од сите можни светови, за потеклото на злото, за природата на душата и за предодредената хармонија".

(...)

Извадоци од „Кандид" (издание „Полица" 2021, превод Паскал Гилевски)

Прашања и задачи:

1. Во какви општествени и историски услови живеел и творел Волтер?
2. За кои основни идеи се залагал Волтер во своето творештво?
3. Што претставува делото „Кандид" според жанрот и зошто?
4. Против која филозофска идеја е насочена сатиричната критика во „Кандид"?
5. Прочитај ги главите 17 и 18 и опиши го општественото уредување во Елдорадо.
6. Спореди ги ликовите на Мартин и Панглос.
7. Зошто Кандид е протеран од замокот на баронот?
8. Каков лик е Кандид и што симболизира неговата наивност?
9. Зошто „Кандид" и денес се смета за актуелно дело?
10. Дали Кандид, на крајот, станува оптимист, песимист или реалист? Образложи.
11. Пронајди примери на сатира или ирониja во делото и објасни ги.
12. Како се развива ликот на Кандид од почетокот до крајот на делото?
13. Прочитај ги извадоците од „Кандид" од Волтер и од „Кандид во Земјата на чудата" од Венко Андоновски и постапи по следните барања:
    а) пронајди ги сличностите;
    б) посочи ги разликите на двата извадока;
    в) објасни што се открива низ дијалозите на ликовите.
14. Спореди ги истоимените ликови во делата „Кандид" од Волтер и „Кандид во земјата на чудата" од В. Андоновски

„Кандид во земјата на чудата"
(В. Андоновски)

„Кандид"

ПЕТТА ГЛАВА

БУРА, БРОДОЛОМ, ЗЕМЈОТРЕС И ШТО СЕ СЛУЧИ СО ДОКТОР ПАНГЛОС, СО КАНДИД И СО АНАБАПТИСТОТ ЈАКОВ

(...)

– Која може да биде *доволната причина* за оваа појава? – рече Панглос. – Ова е судниот ден на светот! – изусти Кандид.

Морнарот невоздржано се загна накај урнатините, право во пресрет на смртта, за да најде пари и, откако ги најде, алаво ги зграпчи, опиен од среќа, потоа се напи вино и ја купи љубовта на првата девојка со добра волја што ја сретна во урнатините на срушените куќи, меѓу мртовци и луѓе кои тогаш издивнуваа. Панглос истовремено го влечеше за ракавот велејќи му: „Пријателе мој, тоа не е убаво, вие не се сообразувате со општиот разум; сте избрале лош момент за такво нешто. – Добога! – одговори тој; јас сум морнар роден во Батавија; четири пати го газев распетието на моите четири патувања во Јапонија; и ти мене ли најде да ми зборуваш за тој твој општ разум!"

Неколку камења од еден ѕид што се уриваше го рани Кандид и тој лежеше на улицата покриен со одлушнати делови. Му рече на Панглос: „Оф леле, донеси ми малку вино и масло; јас умирам. – Овој земјотрес не е ништо ново, рече Панглос; американскиот град Лима минатата година претрпе исти потреси; исти причини, исти последици; сигурно има некоја подземна сулфурна жила што се протега од Лима до Лисабон. – Нема ништо поверојатно од тоа, рече Кандид; но, жити Бога, малку масло и вино. – Како веројатно? – одврати филозофот; јас тврдам дека таа работа е докажана". Тогаш Кандид се онесвести и Панглос му донесе малку вода од блиската фонтана.

ВОЛТЕР

„Кандид во Земјата на чудата"

ПАНГЛОС: Но, да видиме што може да се спаси. Ве праша ли судијата како прави мачето?

КАНДИД: Ме праша!

(Панглос се удира по ќелата)

КАНДИД: Што е?

ПАНГЛОС: Пропаднавме! И што му рековте?

КАНДИД: Дека прави мјау-мјау.

ПАНГЛОС: А тој ви рече: „Значи, мјаука". Потем ве праша како прави кучето. А вие му рековте: „Ав, ав". Тој тогаш ви рече: „Значи, авка", што не е логично. Кучето лае, што значи дека всушност, логично е тоа да прави „лај, лај", а не „ав, ав". И потем заклучи дека сте софист, оти изведувате погрешни заклучоци.

КАНДИД: Така беше.

ПАНГЛОС: А за што уште Ве обвинуваат?

КАНДИД: За софизам, за тиранија, за силување, за хомосексуализам во обид и за поминување на црвено!

ПАНГЛОС: Господи! Каков сложен случај! Од ова нема спас!

КАНДИД: Објаснете малку пологично.

ПАНГЛОС: Сè е јасно. Како софист, Вие не само што сте човек кој погрешно заклучува, туку можеби сте и шпион на Софија. Како тиранин сте шпион на Тирана. Значи, комплетен политички затвореник. Како хомосексуалец и силувач сте сексуален маниjак, а како човек што минал на црвено сте сообраќаен вандал. Нема закон кој не сте го повредиле во Земјата на чудата.

КАНДИД: Но, Вие говорите како да е тоа вистина!

ПАНГЛОС: Сакате да кажете дека ништо од тоа не сте сториле?

КАНДИД: Да. Но, всушност, не. Но, за тоа се нужни дополнителни објаснувања...

ПАНГЛОС: Во ред. Почнете од почетокот, оти тоа е најлогично. Не може да се почне од крајот, оти тогаш не би имало од што да се почне, што сè заедно нè наведува на помислата дека краевите служат како завршетоци, а почетоците како поаѓалишта.

КАНДИД: Ах! Колку сте во право!

ПАНГЛОС: Во животот не сум слушнал пологична емоција, мил мој! Зборувајте, Ве молам, оти горам од нетрпение да слушнам како Вие, еден логичар од Франција, сосема нелогично сте заслужиле бесилка во оваа чудесна, логична земја!

КАНДИД: Се случи вака...

(Затемнување)

ВЕНКО АНДОНОВСКИ

Доситеј Обрадовиќ

Истражи за одликите на басната како литературен жанр и за нејзиниот развој.

Биографија

Доситеј Обрадовиќ (роден Димитрие) е српски просветител и реформатор во револуционерниот период на националното будење и на преродбата. Роден е во 1742 година во градот Чаково, кој денес се наоѓа во Романија, а во тоа време бил под австроунгарска власт. Во неговата автобиографија „Живот и доживувања" (*Живот и приключенија Димитрија Обрадовића нареченога у калуђерству Доситеја*) можат да се прочитаат изворни информации за неговиот животен пат. Уште како ученик во чехословачкото основно училиште, се препуштил на мечтаењето и на религиозниот ентузијазам. По смртта на татко му, за да го извлече од мечтаењето и мистицизмот, неговиот чичко го отпишал од училиште и му дал работа како јорганџија во Темишвар.



▲ Доситеј Обрадовиќ

Сепак, желбата за наука, што ја открил во црковните книги, не го напуштила ниту подоцна и штом имал можност за тоа, ги напуштил занаетот и роднините и избегал во манастирот Хопово на Фрушка Гора. По три години монашки живот, го напуштил манастирот засекогаш. Од тој момент започнале неговите континуирани патувања заради учење. Патувал низ цела Европа, каде што ги примил идеите на европското просветителство и рационализмот. Во земјите и местата каде што престојувал (Хрватска, Албанија, Грција, Мала Азија, Романија, Одеса) најчесто се занимавал со учителска дејност. Престојот во Германија, Италија, Франција, Англија му овозможиле одблиску да се запознае со карактеристиките на уметноста и на литературата во периодот на класицизмот и на просветителството.

Се вратил во Србија, кога таа била слободна земја. Понесен од идеите кои ги воспримил од престојот во земјите од Европа, го иницирал отворањето на Великата школа и Богословијата. Заради неговите заслуги, тогашниот кнез Караѓорѓе го назначил за прв министер за просвета на Србија. Умрел во Белград во 1811 година.

Понесен од напредните европски идеи, тој работел на просветлување на својот народ. Со посветената употреба на српскиот народен јазик, Обрадовиќ дал најзначаен придонес во образованието на својот народ. Превел разни дела, меѓу кои најпознати се басните на Езоп, а потоа самиот напишал дела, првенствено од програмски тип, меѓу кои најпознати се „Животот" и „Поврзаното".

Творештво

За почеток на неговата творечка дејност се смета периодот на неговото учителствување во Далмација. Освен литературни дела, Обрадовиќ преведувал и создавал дела за потре-

бите на просветителската дејност (буквaрот „Ижица“ познат и како „Доситеева буквица“). Неговите први дела се преводи или преработки на популарни практично-морални списи од современ грчки и од италијански јазик. Прво го објавил делото „Живот и доживувања“, во кое го раскажал својот живот од раѓањето до триесет и деветгодишната возраст, со размислувања за потребата од училишта и од наука, како приказ на духовната заостанатост на монасите. Во делото „Совети на здравиот разум“ го претставил своето сфаќање за рационализмот и за просветителството.

„Писмо до Харалампие“ е напишано во 1783 година и се смета за прво печатено дело на Обрадовиќ, а кое претставува вид литературен манифест.

Во творештвото на Доситеј Обрадовиќ се вбројува и големата збирка преведени басни од Езоп, Лесинг и Лафонтен. При преводот на басните, Обрадовиќ правел своја преработка на содржината и ја поврзувал со состојбите во Србија. По секоја басна тој допишувал наравоучение – оригинален текст полн со поуки и совети.

Интерпретација на басни

Басна	Поука
Ковачот и неговиот пес Еден вреден ковач имал мрзлив, а угоен пес. Додека работел ковачот, песот цело време лежел во еден агол на ковачницата и не се грижел за ништо околу куќата. Штом ковачот ќе седнел да јаде, песот ќе се разбудел и ќе се стокмел до него, и тој готов да јаде. Најпосле, на ковачот му дошло преку глава од тоа. Ја затворил ковачницата, зел еден подебел стап, па му викнал на песот: „Затоа ли те хранам, за везден да спиеш? Кога јас удирам со чеканот и земјата под наковалната се тресе, а тебе тоа ти е приспивна песна. Штом почнам да мласкам, пак, ти веднаш скокнуваш, небаре шилци те бодат. Ми ги броиш залаците ѓоамити ти ме храниш, ненаситно мрзливо песиште!“ Потем, замавнал со дебелиот стап, удри-мавај по грбот на песот, му ја отворил вратата и му го покажал патот.	Во поуката на оваа басна, Обрадовиќ ја нагласува мислата: „Нема полош и посрамен занает од мрзливоста и денгубењето“.

Желката и орелот

Желката го молела орелот да ја научи да лета.

Орелот ѝ рекол: „Седи си мадро и терај си каде што си тргнала, поарно ќе ти биде, оти твојата снага не е за на високо".

Таа не го прифатила одговорот и продолжила да додева со молби.

Орелот ја зел, ја кренал високо, а потоа ја пуштил: „Ајде, летај сега!"

Желката кратко летала во воздух, но бидејќи немала крилја, треснала наземи и целата се искршила.

Да се мериме и да се познаваме себеси и да не бараме да бидеме тоа што не сме.

Запомни!

Доситеј Обрадовиќ е српски просветител и реформатор во револуционерниот период на националното будење и на преродбата. Обрадовиќ создавал и преведувал дела за потребите на просветителската дејност.

„Писмо до Харалампие" е напишано во 1783 година и се смета за прво печатено дело на Обрадовиќ, кое претставува вид литературен манифест. Објавил голема збирка преведени басни од Езоп, Лесинг и Лафонтен, во која допишувал наравоученија полни со поуки и совети.

Прашања и задачи:

1. Што претставува Доситеј Обрадовиќ за српската литература и просвета?
2. Кои делови од објавените басни претставуваат оригинално дело на Обрадовиќ?
3. Како Д. Обрадовиќ го претставил ликот на Лавот во своите басни?
4. Кој историски лик е опишан преку ликот на Лавот во басните на Д. Обрадовиќ?

Иван Крилов

Иван Андреевич Крилов е руски баснописец, сатиричар и комедиограф. Го читал Лафонтен, го преведувал и го преработувал, но се разликувал во тоа што во своите басни разработувал актуелни настани од рускиот општествен живот. Во нив изнесувал критика кон: човековите пороци, општествениот живот во Русија, судството (неправедноста), бирократијата (подмитливоста), цензурата. На крајот на 18 век, Крилов се обидел да издава литературно списание, но не постигнало позначаен тираж и не траело повеќе од една година. Сатирата и хуморот во неговите комедии му помогнале да добие признание во литературните кругови.



▲ Иван Крилов

Како специфичност на неговите басни се смета замената на нараторот со дијалог, т. е. преку дијалогот ја дознаваме содржината на басната. Тој внел човечки ликови, а животните ги класифицирал како угнетувачи и угнетени. Крилов ги пишувал басните во стихови и во нив често вметнувал народни поговорки наместо поуки. Руската басна преминува од алегориски приказ со морална содржина во сатира. Убавината на неговите басни е во јазикот кој е богат со деминутиви, архаизми и како таков е близок до разговорниот народен јазик. Секоја басна е мало уметничко дело исполнето со пресврти, со живописни слики, кои кај читателот предизвикуваат посебно внимание. Крилов ги приспособил европските басни (на Езоп, Лафонтен) на руската стварност и создал оригинален национален стил. Неговите басни се актуелни и денес, често се читаат и се цитираат пред сè поради нивната јасна морална порака и хуморот.

Басни, звучен запис

Прашања и задачи:

1. По што е познат Крилов во светската литература?
2. Од каде се инспирирал Крилов за своите басни?
3. Како ги приспособувал Крилов басните на Езоп, Лафонтен и на Лесинг?
4. Каква е улогата на моралот во басните на Крилов?
5. Прочитај една басна од Крилов и напиши есеј од 80 до 100 збора, во кој ќе ги појасниш пораката и поуката.
6. Напиши три народни поговорки кои произлегуваат од басните на Крилов.
7. Прочитај ги басните во продолжение и спореди ги, потоа напиши кус есеј во кој ќе ја изложиш споредбата.

Волкот и мачорот

Од шумата волкот побегна в село,
не на гости, ами да се спаси,
го бркаа за ајдучко дело –
не знаеше каде да се скраси.
В први порти сакаше да влезе,
но го спречи железното резе.
Страшна болка за срце го фати:
сегде само затворени врати.
Голем страв во очи му светна:
„Васко, брате, благословен да си,
се дружиме веќе многу лета,
кој селанец, кажи, ќе ме спаси
од овчари и нивните пцета?"
Многу лесно, оди докај Нове.
„Не не можам, јас му грабнав овен."

Тогаш појди да те скрие Мите,
по добрина е познат кај сите.
„Не, тој стара сметка ќе ми бара –
за два јарца со него сум скаран."
Е па тогаш јави се кај Лука.
„Тешко мене да ме најде тука!"
Но тогаш ќе те скрие Климе?
„Ни да чуе за моето име!"
Како тогаш и кој човек умен
да те скрие? Ти ќе страдаш куме!
Нема куќа во селово цело
кај што лошо не си сторил дело.
Па затоа нека не те чуди
што секој те гони и те куди.
Никој овде прост и глупав не е:
кој што сеел тоа нека жнее.

ИВАН КРИЛОВ

Волкот и жеравот

Волкот, додека јадел една овца, му застанала коска во грлото; почнал да завива и да офка, молејќи секого кој ќе помине оттука да му ја извлече коската, ветувајќи му голема награда. Долговратестиот жерав се полакомил за наградата, ја завлекол главата во волчјиот врат и ја извлекол коската, па летајќи над него, ја побарал наградата. А волкот, покажувајќи му ги своите волчји заби, му рекол: „Зарем мала награда ти е тоа што од вакви заби ја извлече главата здрава и цела?"

Наравоучение

Кој на познат злосторник му помага и добро му прави, што од него би можел да очекува? Лошиот човек меѓу добрите не е ништо друго, туку волк меѓу овци, на кого никој конак не треба да му даде; но каде и да го забележиш, бегај! Нека вика. За злото сожалување да имаш, тоа е како да праќаш на клада добри и мирни луѓе.

ДОСИТЕЈ ОБРАДОВИЌ

Просветителството во Македонија

Истражи за историската ситуација и за состојбата во Македонија од крајот на 18 и почетокот на 19 век.

Појава, особености и претставници

Во почетокот на 19 век, Македонија била во рамките на Османлиската Империја и животот на населението бил исклучително тежок. Поради несигурните услови во селата, луѓето почнале да мигрираат во градовите, што придонело за нивно зголемување, зајакнување и формирање на занаетчиски еснафи. Развиените трговски врски со европските градови им овозможиле на македонските трговци да го согледаат ширењето на културата и на просветата во Европа и да бидат првите поддржувачи на просветителските идеи на македонската почва. Идеите биле прифатени од македонската граѓанска класа, учителите и интелектуалците, кои заедно ја започнале културната и националната преродба на македонскиот народ.

Првите македонски просветители се образовале во манастирот Св. Јован Бигорски, престојувале на Света Гора, а потоа заминувале во тогашните поголеми центри. Анатолиј Зографски речиси две децении патувал во Молдавија, Влашко, а во Русија бил воспитувач на децата на царот Николај, кој во 1838 година го назначил за духовен дипломатски руски претставник во Атина. Партениј Зографски се школувал во Киев, Одеса, Москва, престојувал во Париз, вршел проповеди во Цариград; бил полиглот и знаел грчки, латински, хебрејски, француски, руски и бугарски јазик.

Со развојот на градовите, започнала борбата против грчката пропаганда и истиснување на грчкиот јазик од наставата и од Црквата, кој бил наметнат по укинувањето на Охридската архиепископија. Имено, кон крајот на 18 век, сите православни цркви на Балканот биле укинати и ставени под јурисдикција (владение) на Цариградската патријаршија (седиште на православните цркви), со која управувале фанариотите (грчките владици). Во црквите не смеел да се употребува црковнословенскиот јазик во литургиите и во образованието, кое до почетокот на 19 век се одвивало во манастирските училишта. Токму поради тоа, првите македонски просветители ја започнале борбата за обнова на Охридската архиепископија (да биде самостојна), за отворање училишта на македонски народен јазик, читалишта, библиотеки. Исто така, се грижеле за обезбедување образовани учители со развиена национална свест и со образование кое овозможувало воведување модерна настава. Се појавила потреба од учебници на македонски јазик, а на тој повик се одзвале македонските учебникари. Со првите објавени македонски учебници, речници и граматики, просветителското движење добило вистинска смисла. Главната заложба на просветителите била воведувањето на народниот јазик во училиштата, во печатените книги и во учебниците, со цел просветата да биде достапна за секого и на тој начин да се врши афирмација на македонскиот јазик и на македонската култура. Од тие причини, првите просветители, Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ, пишувале и објавувале книги во кои внесувале народни елементи од нивните говори.

Книгите кои се појавиле во овој период имаат историско-книжевно значење. Прв печатен текст на македонски јазик (охридско наречје) се среќава во книгата „Почетница“ или

„Началное обучение" од Данаил Москополец, чија година на објавување не е точно утврдена (според некои податоци, била објавена во 1794 година, а реиздадена во 1802). Составен дел од книгата е „Речникот на четири јазици". Делото имало енциклопедиски карактер и содржело текстови со практична содржина: совети од различен карактер, упатство за пишување различни видови писма, поуки за празниците на четири јазици: грчки, (аромански) влашки, македонски и албански јазик. Текстовите на застапените јазици во речникот се пренесени на грчко писмо бидејќи од 1767 година, кога била укината Охридската архиепископија, образованието се стекнувало на грчки јазик, па дел од првите просветители пишувале со грчки букви, а дел ја употребувале црковнословенската азбука, но текстот бил на македонски народен јазик. „Речникот" е значаен за македонската културна историја затоа што со неговото печатење во Венеција, по првпат во Европа се претставува македонскиот јазик (охридското наречје) во облик на печатена книга.

Најзначајните претставници на македонското просветителство се: Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Теодосиј Синаитски и Јордан Хаџи Константинов-Џинот.

Запомни!

Просветителството во Македонија се појавило на почетокот на 19 век. Главни носители на просветителските идеи во Македонија биле напредните македонски интелектуалци и трговците и еснафите кои тргувале во развиените европски градови.

Прв печатен текст на македонски јазик е „Речникот на четири јазици" и се смета дека е основата на денешниот современ македонски јазик.

Најзначајните претставници на македонското просветителство се: Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Теодосиј Синаитски и Јордан Хаџи Константинов-Џинот.

Прашања и задачи:

1. Какви биле историските и општествените услови во Македонија во 19 век?
2. Кој слој од населението придонел за ширењето на просветителството?
3. Кои се најзначајните претставници на просветителството во Македонија?
4. Кој е првиот печатен текст на македонски јазик и каква е неговата важност?
5. Објасни ја поврзаноста меѓу просветителството и националното будење на Македонците.

Јоаким Крчовски

Биографија

Со името на Јоаким Крчовски се поврзува почетокот на просветителскиот период во македонската литература. Јоаким Крчовски живеел и творел на преминот од 18 кон 19 век. За неговиот живот нема речиси никакви потврдени податоци, а постојат неколку преданија поврзани со неговиот живот. Според првото предание, Јоаким се нарекол Крчовски затоа што потекнувал од Кичево, а турскиот назив на градот бил Крчово. Другото предание вели дека бил од Кичево, но оти се преселил во Самоков, односно во Крива Паланка и во Кратово, каде учителствувал долги години. Третото предание кажува дека се родил во околината на Паланка од каде слегол во градот и таму останал.

Крчовски бил учител, книжевник, составувач, преведувач и проповедник. Учителствувал во манастирот Св. Јован Бигорски, во Крива Паланка, Кичево, Самоков, Кратово. Во 1817 година, тој се покалуѓерил и се потпишувал како монах и јеромонах. Крчовски е еден од првите кој ја увидел потребата од книги, но и потребата од воведување на народниот јазик во богослужбата и во просветата. Често патувал и имал контакти со луѓе од граѓанскиот сталеж. Се смета дека при едно такво патување, околу 1820 година, умрел.

Творештво

Јоаким Крчовски објавил пет дела, печатени во Будим, во периодот од 1814 до 1819 година. Петте книги што ги објавил имаат религиозна (црковна) содржина и претставуваат компилации и преводи од средновековната литература. Делата на Крчовски имале цел да поучат, да ги упатат читателите да живеат правилно и во духот на црковните учења. Во неговите книги се застапени и просветителски идеи и слики од секојдневниот живот. Во нив, Крчовски ги употребува североисточните македонски говори, но внесува и јазични особености од западномакедонските говори. Книгите на Крчовски биле отпечатени благодарение на македонските трговци и занаетчии.

Првообјавеното дело на Крчовски, **„Слово исказаное заради умирание"** (1814), е првата книга на македонски народен јазик. Таа претставува книшка од 30 страници и содржи две проповеди. Станува збор за обични практични текстови што ги употребувале свештениците за да ги придобијат и да ги воспитуваат верниците во христијански дух.

Во второто дело, **„Повест ради страшнаго и втораго пришествија Христова"** (1814), има две беседи. Темата во оваа книшка на Крчовски е вечната религиозна тема – судбината на душите на Судниот ден.



„Слово исказаное заради умирание"



„Повест ради страшнаго и втораго пришествија Христова"

Содржината на третото дело, **„Сија книга глаголемаја Митарства"** (1817), е преземена од житието на Василија Нови, со главен акцент на набожно-морализаторските карактеристики. Истовремено, делото е исполнето со апокрифни елементи, кои биле особено интересни за читателите.



▲ „Сија книга глаголемаја Митарства"



▲ „Чудеса пресвјатија Богородици"

„Чудеса пресвјатија Богородици" (1817) е четвртото дело на Крчовски и се смета за „прва збирка раскази или приказни преведени на народен македонски јазик" (Конески, 1986). Во расказите се прославува Богородица како заштитничка на луѓето, која ги одвраќа од патот на ѓаволот. Популарноста на оваа книга меѓу населението резултирала со 4 реизданија и многу преписи на делото.

Последното дело на Крчовски е насловено **„Различна поучителна наставленија"** (1819) и претставува зборник во кој влегуваат слова од некои црковни отци како Василиј Велики, Јован Златоуст и др. Тој во книгата ги напаѓа свештениците бидејќи малку им помагале на луѓето и не се залагале за народна просвета. Во критиките не ги иззема и богатите, зашто немале љубов и сочувство кон ближниот, кон сиромашните. Особено ги напаѓал оние кои го попречувале просветното издигање на народот.



▲ „Различна поучителна наставленија"

Преку своите дела напишани на народен јазик, Крчовски имал цел своите дела да ги доближи до обичниот човек и да ги направи поразбирливи за читателот.

Интерпретација на „Слово заради завист"

„Слово заради завист" е едно од словата од книгата „Различна поучителна наставленија". Во ова поучно слово, главна тема е зависта како негативна човекова особина. Крчовски го изградил словото врз основа на библиски приказни, а идејата му била како да се искорени најголемото човеково зло – зависта.

Во воведниот дел од словото, тој го изнесува своето мислење за зависта, именувајќи ја како „проклѣатија", „мерскаја" и „всепогана". Крчовски преку библиските легенди посочува каде се појавила зависта. Зависта првин се појавила меѓу ангелите. Ангелот кој светел како сонце меѓу другите ангели, му завидел на Бог зашто сакал да ја има божјата чудотворна моќ. Бидејќи тоа не било можно, од завист потемнел и станал црн ѓавол. За казна, Бог го исфрлил од рајот во пеколот за да се мачи вечно. Тој им завидел на Адам и на Ева во рајот и за да им нанесе штета се претворил во змија, која ја наговорила Ева да не ја послуша забраната од Бог и да касне од плодот на сознанието. Поради тоа, Адам и Ева биле казнети од Бог со протерување од рајот и одземање на бесмртноста. Зависта, исто така, била причина за првото братоубиство на земјата. Поради завист, Каин го убил својот брат Авел.

Во завршниот дел, Крчовски преку примери дава наравоучение во кое нагласува дека човекот нема ништо добро од зависта и оти таа му носи „салт на срце печал желби". Стилот на словото е раскажувачко-полемички. Јазикот во „Словото" е народен (кратовско-кривопаланечки) со примеси на јазични црти и од западномакедонските говори, како и зборови и изрази од старословенски, бугарски, руски, српски и турски јазик.

Слово заради завист

О прокљатаја и на Бога мерзкаја и всепогана и што губи души завист! Она е семја на секо зло и грех. Таја скверна завист, јадовита и гнусна, она испоганила небо и земља и запалила пламен вечнија муки.

Првиј согрешил на небеси Денница, сос завист и фодуллук. Така и Адам у рај што му заповедал Бог, не послушал и отпаднал од Бога. А по Адама и Каин испаден сос завист. Ама тија первии грехове излегли од дјавола што бил Денница. Адама и Каина тој ги научил на зло. Од завист помрачил се и потемнел што бил глава на ангелите, првиј над серафимите, најхубава Денница утро што изгрева и сијае. Прво видел неизреченаја хубавина што е колку три слнца – светлост божества. Паднал у завист, пак си подигнал срдцето на гордост, на фодуллук, па сакал да биде Бог. Рекл на срдцето си и на умо си: „Да се искачим на небото како Бога да бидем". Завист Денница ангела помрачи, потемни, падна у фодуллук. Не салт што мислил да биде равен токмо с Бога, но сакал да разумее божество. Денница сакал да излезе на високо место на небеси, и станал дјавол и паднал најдоле под земли, длабоко в бездну. Великиј, голем и светлиј ангел учинил се и станал страшниј дјавол темниј. Променил си онаја голема чест на вечна мука и изгубил божественних дарованиј светло истаканниј украшенија што го Бог бил украсил. А он останал гол, и како бил јак и тверд, на секо зло и от това се распалил повеќе у ненавист и душманл`к на Бога, сопира се Богу како богоборец и отступник. Кога познал зашто не може да учини нешто сопротивно на Бога, тој обрнал оружие да чини војска сос човеци. Има еден звер, свиреп и љут, име тому: барб, та многу ненавиди човеци и ако види човека трчи на него и сичка своја љутина излива докад да се насите. Така и дјавол што ненавиди добро не могл да учини некоја пакост на Бога, како видел человека одушевлен, сос душа, потрчал право на него и нападнал змиј јадовитиј како видел он Адама со слава и у почест увенчана у рај сладости и цар на сичко што е на земљата. Затова дјавол от завист се разранил и от ненавист, зашто е многу завистлив. Подговори и прелагал ги, склонил ги да не послушат Бога предеди наши. И тогива се зарадвал зашто ги видел испадени из рај. И кога чул зашто ги предал да умрат, како рекл им Бог – смертију ќе да умрете, – богоборец посрамисја што досади Богу. На човека отврнал, на Бога не могл да отврне, – каже свјатиј Василиј. Ами како пак не видел он зашто скоро не умират Адам и Ева, како што ги гледал смертни, не хтел да почека ни минута, учинил та скору влезнала у свето смерт: напоил јадом зависти Каиново срдце и рацете му вооружил и научил да го убие брата своего Авеља. И фанала земљата да се оскверњава сос кров човечка. Видиш ли колку зла од едно зло? Видиш ли како дјавол се наситил на сичко големо зло ненаситное свое намерение? Видиш ли додека дошла завист, исполнила?

И тако все това отступление било војска на небеси, што смутил се блаженниј што имал между ангели мир, зашто паднала Денница у бездна и како змија сос опаш свој трета част умних звезд, сиреч ангели. Зашто се разгорел у утробата землена неугасимиј огин вечниј муки. Еве това излегло од завист, зашто преступиле заповест божја Адам и Ева, и испадили ги от рај сладости. Терние и волчци осужден Адам сос пот да работи и да се труди да се храни, а Ева у жалости да ражда деца. Они били безсмертни, да не умират никога, а после станале да умират. Што ние бедни чеда нашли сме прадедините грехове, а и при това божија клетва и гнев, сѐ това изнела прокљата завист. Што брат неправедно, безчеловечно брата своего, што сос крв безгрешна он осквернил чистујy земљу, што отворил страшнаја врата клетви, сос неја влезнало у човеците смерт, сѐ това донела завист богоборства началница. Она учи да се не слуша заповед божја, братоубиственна мајка, смерти ходатаица, корен на сичко зло. Завист не е друго што, салт на сердце печал, жалба от благоуспешности ближњаго произходјаштаја. Кому некому комшијата му прокопсува, а кој е завистлив, он завиди, оттамо излази завист.

Запомни!

Јоаким Крчовски е првиот македонски просветител, кој пишувал на народен (кратовско-кривопаланечки) јазик, со примеси на западномакедонските говори, користејќи зборови и изрази од старословенскиот, бугарскиот, рускиот, српскиот и од турскиот јазик. Составил пет книги со религиозна (црковна) содржина. Иако немаат уметничка вредност, неговите дела се од големо литературно-историско значење за македонскиот јазик и за македонската култура.

Во 2022 година, Македонската православна црква – Охридска архиепископија го канонизира и го прогласи Јоаким Крчовски за светец.

Прашања и задачи:

1. Зошто е важен Јоаким Крчовски за македонската јазична и културна историја?
2. Колку дела објавил Крчовски и на кој јазик?
3. Какви се делата што ги составил Крчовски?
4. Што претставува „Слово заради завист"?
5. Како авторот ја претставува зависта: како личен грев или како општествен проблем? Образложи.
6. Објасни ја улогата на религиозните елементи во текстот.
7. Напиши кус есеј од 100 до 120 збора, во кој слично на Крчовски ќе се осврнеш на некој човечки недостаток (љубомора, омраза, предрасуда...).

Кирил Пејчиновиќ

Биографија



▲ Кирил Пејчиновиќ

Кирил Пејчиновиќ е значајно име во просветителството во Македонија. Од „Епитафот" издлабен на неговиот надгробен споменик, се дознава дека е роден во с. Теарце, Тетовско, околу 1770 или 1771 година. Се школувал во с. Лешок и во манастирот Св. Богородица Пречиста Кичевска, каде што се здобил со елементарни познавања за писменоста и за теолошката литература. Извесен период поминал како монах во манастирот Хиландар на Света Гора. По враќањето оттаму бил игумен на Марковиот манастир во Скопско. Кон крајот на 1817 или почетокот на 1818 година, го напуштил Марковиот манастир и се вратил во својот роден крај, во разрушениот манастир Св. Атанасиј во с. Лешок. Престојот во манастирот го искористил за негово обновување. И покрај сите тешкотии, тој успеал да ја постигне својата цел – како игумен, манастирот го претворил во клучен културно-просветен центар, со училиште во кое поучувал и стари и млади, им давал да препишуваат разни текстови, со што ги подготвувал за самостојна книжевна и творечка работа. Во 1835 година, самиот си го врежал епитафот на надгробната плоча. Умрел на 12 или на 24 март 1845 година и бил погребан во дворот на Лешочкиот манастир.

Творештво



▲ „Огледало"

Книжевната дејност на Кирил Пејчиновиќ е скромна, и по обемот и по уметничката вредност. Кирил Пејчиновиќ е автор на следните дела: „Огледало", „Утешение грешним", „Житие кнеза Лазара" и „Епитаф".

За време на престојот во Марковиот манастир ја напишал својата прва книга **„Огледало"**, отпечатена во Будим, во 1816 година. Книгата содржи дванаесет текста кои структурно можат да се поделат во два дела. Првиот дел го сочинуваат молитви кои се напишани на црковнословенски јазик и верско-обредни текстови со коментари на Библијата. Во вториот дел се беседите (проповедите), со кои на народен јазик (тетовски говор) го поучува народот и ги напаѓа суеверието и паганските обичаи.



▲ „Утешение грешним"

Второ дело на Кирил Пејчиновиќ е **„Утешение грешним"**, напишано уште во 1831 година и испечатено во 1840 година во печатницата на Теодосиј Синаитски во Солун, во која ја вложил својата заштеда за обновување на печатницата. Во знак на благодарност за помошта, Синаитски напишал предговор

кој бил вклучен во книгата. „Утешение грешним" содржи неколку проповеди и молитви, и една долга беседа. Книгата била напишана на македонски народен јазик, односно на тетовски говор и претставувала прирачник, т. е. требник за вршење богослужба на секој парохиски свештеник.

„Житие кнеза Лазара" е третото дело на Пејчиновиќ, посветено на српскиот кнез Лазар, кого Пејчиновиќ го сметал за градител на Лешочкиот манастир. Ова житие претставува последна хагиографија во македонската и во јужнословенската книжевност.

Последното дело на Кирил Пејчиновиќ е **„Епитафот"**. Се смета дека текстот на епитафот самиот го врежал на камена плоча во 1835 година, десет години пред својата смрт. Овој текст е интересен по својата содржина и по формата. Епитафот ги содржи најважните податоци од животот на Пејчиновиќ, кои се напишани во стихови десетерци и затоа се смета за **прв стихотворен обид** во новата македонска литература.

Стихови на глас трпезечки.
Теарце му негово рождение
Пречиста и Хиландар пострижение
Лешок му е негоо воспитание
Под плочава негоо почивание
От негово свое отшествие
До Христово второ пришествие
молит вас браќа негои љубимија
Хотјастија прочитати сија
Да речете: Бог да би го простил
Зере у гроб црвите ги гостил
Овде лежи Кирилово тело
У манастир и у Лешок село
Дај Бог за добро дело.

Интерпретација на „Слово за празниците"

„Слово за празниците" е проповед со која Пејчиновиќ се обидувал да го подучи македонското население за моралот. Во словото, тој води дијалог со соселаните за прашања од секојдневниот живот, па така успеал да даде слика на општествено-политичките односи во тоа време.

Најпрвин, тој се осврнува кон суеверието и бесмисленият и широкораспространет обичај на носење амајлии што чуваат од уроци и разни болести. Потоа ги критикува свештениците бидејќи не правеле доволно за просветувањето на неукото население. Тој, исто така, ги советува луѓето да бидат солидарни и несебични и да им помагаат на другите кои имаат помалку

од нив. Критикувајќи го начинот на кој луѓето ги чествуваат празниците, Пејчиновиќ укажува на умереноста при празнувањето.

„Слово за празниците" е напишана на народен јазик, на тетовско наречје, но е проткаена со елементи од другите македонски говори, со многу црковнословенизми и србизми, особено со турцизми и сл.

Стилот на Кирил Пејчиновиќ е препознатлив, народски. На моменти неговиот израз е поостар, а на моменти поблаг, што укажува на претпоставката дека понекогаш бил засегнат од конкретни проблеми. Во одредена мера е темпераментен проповедник што сака да поучува, но исто така знае и остро да укорува. Карактеристика на неговото пишување е честата употреба на дијалогот во кој ги пуштал селаните сами да зборуваат, нешто што се среќава првпат во македонската литература.

Неговото значење се согледува и во тоа што собирал стари ракописи по запуштените манастирски конаци, со што ги зачувувал од исчезнување. Ги обновувал манастирските библиотеки, обучувал и млади и стари за идна, книжевна работа, се залагал за зачувување на народноста и верата, како начин да се сочува самобитноста на еден народ.

Слово за празниците

Запомни!

Кирил Пејчиновиќ е значајно име во просветителството во Македонија. Како игумен на манастирот Св. Атанасиј во с. Лешок, го обновил и го претворил во клучен културно-просветен центар, каде што поучувал и стари и млади и ги подготвувал за самостојна книжевна и творечка работа. Собирал стари ракописи по запуштените манастирски конаци и ги зачувувал од исчезнување. Се залагал за зачувување на народноста и на верата, како начин да се сочува самобитноста на еден народ.

Во октомври 2022 година е прогласен за светец од страна на Македонската православна црква – Охридска архиепископија.

Прашања и задачи:

1. Кои информации за Кирил Пејчиновиќ ги содржи епитафот на неговиот надгробен споменик?
2. Колку книги објавил Пејчиновиќ во текот на својот живот?
3. Кое дело од Пејчиновиќ е објавено во Солун и во чија печатница?
4. Кое е значењето на делото „Житие кнеза Лазара"?
5. За што се смета „Епитафот", последното дело на Пејчиновиќ?
6. Каков стил доминира во „Слово за празниците"?
7. Објасни како „Слово за празниците" ги одразува идеите на македонското просветителство.

Теодосиј Синаитски

Биографија

Теодосиј Синаитски бил културен работник од почетокот на 19 век. Со својата книжевна и печатарска дејност придонел за културното издигање на македонскиот народ.

За неговиот живот нема речиси никакви потврдени податоци и она што се знае потекнува од усната традиција, полна со противречности и варијанти. Се вели дека бил роден во Дојран, меѓу 1780 и 1790 година, учел во грчки ќелијни школи во Цариград и откако ги завршил, се вратил во Дојран каде што се запопил. Патувајќи низ Македонија, се запознал со дејноста на Крчовски и на Пејчиновиќ и ја увидел потребата од учебници за просветување на населението. Исто така, сфатил и дека книгите што се печателе и се носеле од Будим, Виена, Белград биле многу скапи. По замонашувањето на Синајскиот Полуостров го добил името Теодосиј и ја додал придавката Синаитски. Таму почнал со преведување книги од грчки на словенски јазик, кои потоа ги праќал до училиштата низ Македонија. Тоа го поттикнало да размислува за отворање прва македонска печатница и за таа цел го избрал градот Солун, кој во тоа време бил важен економски центар.

Во науката не е точно утврдено кога била отворена печатницата во Солун. Според рускиот научник Виктор Григорович, печатницата била отворена во 1835 година. Првата книга била отпечатена во 1838 година, но при крајот на 1839 година печатницата била зафатена од пожар. Благодарејќи на материјалната помош од Кирил Пејчиновиќ, таа била повторно обновена во 1840 година и работела до 1842 година, кога повторно изгорела и престанала да работи. Во периодот додека работела печатницата (приближно четири-пет години), Синаитски отпечатил пет книги.


Според народното предание, Теодосиј, остарен и изморен се повлекол во Дојран, каде што станал воденичар и каде што умрел во 1843 година во несреќен случај.

Првата книга што излегла од печатницата на Теодосиј Синаитски е книгата „Началное учение со молитви утренија“ (1838) и тоа е првиот македонски буквар, наменет за децата и за потребите на училиштата во кои се образовале на мајчиниот јазик, составен од архимандритот Анатолиј Зографски од Лазарополе, кој дал и парична помош за печатницата.

Второто дело е „Кратко описание двадесјат манастирej обретајуштесја во Свјатој Гори Атонскоj“, отпечатено во 1839 година и претставува практичен водич со описи на дваесетте светогорски манастири. Во тоа време, Светогорскиот Полуостров го посетувале многу набожни луѓе од Македонија, од Балканот и од целиот свет, па за да им го олесни на македонските поклоници запознавањето на манастирите, ја отпечатил оваа книга. Утврдено е дека нејзин составувач е даскалот Камче од Ваташа.



„Началное учение со молитви утренија“



„Служение еврејско и все злотворение нихно“

Третото и најобемно дело печатено во оваа печатница било превод на една романска книга со наслов „Служение еврејско и все злотворение нихно", чиј автор е романскиот монах Неофит, а било преведено од прилепскиот учител Ѓорѓи Самуркаш и од Натанаил Стојанович, кои во 1839 година ја превеле книгата на прилепски народен говор. Содржината на ова дело е насочена против еврејските трговци со цел да им се урне угледот.

Едно од петте отпечатени дела во печатницата на Синаитски е „Утешение грешним" од Кирил Пејчиновиќ, на кое Теодосиј му напишал предговор („Предисловие") и тоа е единствениот зачуван текст што произлегол од неговото перо.

Петтото и последно отпечатено дело во печатницата на Синаитски било „Книга за научение трих јазиков", што претставува еден речник-тријазичник, каде во три колони се дадени зборови и реченици на македонски, на грчки и на турски јазик. Со тоа, ова дело претставува разговорник и советник за разни прашања од секојдневниот живот.



▲ „Книга за научение трих јазиков"



▲ „Предисловие"

Интерпретација на „Предисловие"

Во Предговорот („Предисловие") кон „Утешение грешним", Синаитски го искажува своето мислење за значењето на учителите и на народниот јазик. Тој му изразува благодарност на Пејчиновиќ за материјалната помош за печатницата и го вбројува меѓу учителите кои се бесмртни, зашто само книгата, идејата и поуката го прават човекот бесмртен, а не богатството и градењето замоци. Синаитски го нагласува своето високо мислење за учителите воопшто, кои ги става пред сите други и сето тоа е предадено на едноставен начин, преку стегната и јасна мисла. Откако ги наведува делата на Пејчиновиќ, Синаитски ја пишува најубавата ода – похвалното слово за Пејчиновиќ.

Првите македонски просветители го разбирале пишувањето на народен јазик како „понизок" стил во однос на „повисокиот", што го претставувал црковнословенскиот јазик. Тоа е особено сликовито изразено во овој предговор, во кој Синаитски го споредува црковнословенскиот јазик со клуч од злато и од сребро, а народниот јазик со клуч од железо и од челик што го отвора „срцето на простиот човек":

> „Еве кључ што отворует сердцето ваше, не кључ от злато или от сребро, но кључ от железо и чилик, что да не се вии, оти среброто и златото ест меко и се вие скоро, но железото со чилик не се вие. Кога да ест отворот сиреч откључот от злато или от сребро, та да не може ковчегот сиреч сердцето мое да отвори, что ми ест таков отвор (кључ). Нека ест од чилик и железо, та да отвори ковчегот, та да не ест од сребро и злато и да не може да отвори сердцето на простиот человек".

Токму реченицата во која Синаитски нагласува дека Пејчиновиќ не му го нуди златниот или сребрениот клуч на својот народ, туку му го дава најцврстиот клуч – од железо и од челик, е клучниот поттик за сите просветители и преродбеници да започнат борба за кодифицирање на македонскиот јазик. Со оваа мисла започнува македонското просветителство и се отвора патот за национална и за културна преродба на македонскиот народ.

Преку неговото „Предисловие", Синаитски дава слика на културната состојба во Македонија, ја нагласува потребата од просвета и е во потрага по највозвишениот симбол на народот, а тоа е мајчиниот јазик.

ПРЕДИСЛОВИЕ

Мнозина на старо време сакаха да остават некое вечно по своја смерт, ради да се спомни нихно име вечно, по свој народ: едни царови, други благородни мужи но не сподобиха се. Оти: все что сотрориха, или направиха, сето тлено е суетно на кое што беше радение нихно, да создадат некој град многонародни, или некој образ идолски, или некој столб велики, или некоја мудрост мирскаја и ради сије не сподбиха се да се спомни нихно име вечно; всето изгуби се и името нихно со мудроста нихна, оти беше раденето нихно все на мирољубие и не имаха смисла нихна ради душевное спасение, како да спасат некој человек от расторен ум сиреч: от гордост да го приведат на смирение, од сребролубие на милостиња, от завист на љубов.

И заради това остана раденијето нихно погубено и во всуета.

Глаголу и ради человеци богу избрани и православнија вери љубители: како непрестајно ревност имајат да помогнат на православните христијани, едни учители со поучение, други милостивии со помошт, таквија человеци истина велим: оти сегде сут у спомен и у похваление и у всегдашно ублажение. И како тука на овој век споменот им ест вечер, тако и Господ наредуе им венци нотсипаниј, и сут наследници во царство небесное. Блажен ест от љубочитатели христијани и твој человек преподобниј јеромонах Кирил что обретаетсја во монастир светаго Анастасија, ктитор бист кнез Лазар серпскиј, за овој отец глаголу, аште не бил он помогнал, не би била потправена и типографија наша, оти беше изгорела, и сега надееме на бога оти нели толко ја оправихме, има бог и за повише. Но овој блажениј человек со толку труд и со божественаја ревност за христински љубов зеде и приведе оваја книжица, глаголемаја: Утешение грешним; како седе и собра слово от божественое писание, от евангелие, от ветхаја завет от псалтир, и от книги глаголемија Илија Минијат, и от други примернини историјами да приведе ги со толкование на прости јазик болгарскиј Долнија Мисии скопскиј и тетовскиј.

Да ја читат и простио народ да ублажеат на таков православниј учител, оти можат да познајат от сие учение и не можат да речат, пошто не можеме да познаеме оти ест по славјански или по росиским јазик, еве ключ что отворует сердцето ваше; не ключ от злато или от сребро, но, ключ од железо и чилик, что да не се вии, оти среброто и златото ест меко и се вие скоро, но железото со чилик не се вие, кога да ест

отворот сиреч откључот од злато, или от сребро, та да не може ковчегот сиреч сердцето мое да отвори что ми ест таков отвор (кључ), нека ест од чилик и железо та да отвори ковчегот та да не ест от сребро и злато и да не може да отвори сердцето на простиот человек, еве љубезнии и православнии христијани со оваа книжница что поучаво преподобнии отец Кирил не можете да речете оти не можеме да познаеме еве все се познават од начало до конец.

И кога ќе чатите во таа книжница, да хвалите и да благодарите бога оти е дал таков учител во време наше и да молите па на бога и господа нашего Исуса Христа и на Пречистија матер јего да будеме вси православни наследници со всеми благоугодившиму богу и да славиме име светое его оца и сина и светаго духа амин.

Запомни!

Теодосиј Синаитски бил културен работник од почетокот на 19 век, кој со својата книжевна и печатарска дејност придонел за културното издигање на македонскиот народ. Тој е првиот македонски печатар, чија печатница била отворена во Солун. Синаитски е автор на предговорот („Предисловие“) кон делото „Утешение грешним“ од Кирил Пејчиновиќ.

Преку неговото „Предисловие“, Синаитски дава слика на културната состојба во Македонија и ја нагласува потребата од просвета на мајчин македонски јазик.

Прашања и задачи:

1. Истражувај за животот и делото на Синаитски и изработи куса биографија.
2. Што претставува делото „Предисловие“?
3. Со која цел Синаитски го напишал Предисловието?
4. Што симболизира клучот за кој зборува Синаитски во Предисловието?
5. Објасни ја споредбата на клучот (железен и челичен наспрема златен и сребрен).
6. На кој начин „Предисловието“ ги одразува идеите на просветителството?
7. Зошто просветата на мајчин јазик според Синаитски е важна?

Јордан Хаџи Константинов-Џинот

Биографија



▲ Јордан Хаџи Константинов-Џинот

Јордан Хаџи Константинов-Џинот бил народен просветител, филозоф и сестран деец. Џинот бил роден кон крајот на 1820 година или во почетокот на 1821 година во Велес. По завршувањето на ќелијното училиште во родниот град, се дообразовал во Самоков и во Солун. Станал учител на осумнаесетгодишна возраст (во 1838 година), го вовел народниот македонски јазик во новоотвореното световно училиште во Велес, ја осовременил наставата со воведување нови предмети и ги подготвувал учениците за понатамошниот граѓански живот. Во наставата применувал современи методи и набргу станал популарен, но дошол во судир со грчките свештеници. Од нив често бил клеветен и прогонуван, поради што училиштата каде што предавал во Скопје, Велес и во Прилеп биле затворени. Инаку, овие училишта биле отворани со финансиска помош на граѓанската класа и на црковно-училишните општини. Во Скопје било отворено училиште во 1848 година, во дворот на црквата Св. Богородица, каде што била изградена посебна училишна зграда со материјалната помош од градските првенци, од црквата и од неколку фамилии. Престојот на Џинот во Скопје го одбележал и неговиот најплоден творечки период. Краток период престојувал во Белград, а по враќањето во Македонија работел како учител во повеќе места.

Џинот бил осуден на затворска казна во Мала Азија, каде што бил понижуван и измачуван, поради што ослепел на едното око. Таму останал три години и со помош на роднините и пријателите бил откупен и вратен дома. Умрел во 1882 година во Велес.

Творештво

Џинот бил најразновиден автор во периодот на просветителството, од аспект на жанровите во кои творел. Освен како учител, тој се вреднува и како поет, автор на дијалошки творби, патописец, публицист, собирач на народни умотворби и на стари ракописи итн.



▲ „Таблица первај̀а"

Прво негово дело е „Таблица первај̀а", објавено во 1840 година. Станува збор за практичен школски текст, учебно помагало што се употребувало и во други словенски земји. „Таблица первај̀а" содржи 23 реда, со одреден број афоризми организирани во две колони на една страница. Таа е делумна преработка на Доситеевата „Ижица" и се смета за еден од првите преводи од српски на македонски јазик.

Џинот развил и богата публицистичка дејност, испраќал статии во Белград и во Цариград, се занимавал со прашања од областа на јазикот и на правописот, како и со собирање на лексички материјали. Тој е автор и на две збирки афоризми, кои ги составил за време на престојот во Скопје во 1856 година.

Џинот е еден од првите македонски поети, но неговите песни немаат уметничка вредност. Напишал вкупно девет песни во периодот на неговото учителствување, а во нив најочигледна е загриженоста и ангажираноста на учителот. Песните можат да се групираат според три мотивски јадра. Најприсутна е просветителската тема, каде што спаѓаат песните: „Рај божји", „Труд ми е името", „Плач на скопското училиште многотрудное", „Аврора" и „Дионис Вакхо". Историската тема е претставена во песните: „Горка чаша књаз Лазара последна тајна вечера", а блиски до неа се и творбите „Женитба Ива од Меглена" и „Припев оште од јазичества...". Последното тематско јадро ја опфаќа патриотската тема што се согледува во песната „Река Вардар" (Тушевски, 2003).

Песната **„Труд ми е името"** е објавена во 1851 година во „Цариградски весник". Таа содржи дидактични и поучни елементи, но нема уметничка вредност. Основен мотив во неа е размислувањето на поетот за човековите доблести: мудроста, љубовта и трудот. Песната има 48 стиха и може да се подели во три целини. Во првите пет строфи се претставени трите доблести мудроста, љубовта и трудот, како три убави девојки. Тука е забележлива наклонетоста на Џинот кон антиката преку митот за златното јаболко. Во втората целина (од 6 до 10 строфа) се осврнува на вредноста на трудот: „Но трудот е бесцено / дело совершено, / благородна чест носи, / бел образ приноси". (...) „Догде е ден се трудим, / дечиците будим / во наука, учение / и во просвештение."

На крајот, во последните две строфи, следува обраќањето на поетот до најмладите со поука за моќта на трудот. Во оваа песна на Џинот се провлекува најглавната просветителска нишка – трудољубивоста, бидејќи преку неа се доаѓа до знаењето.

Труд ми е името

1.

Три девојки поеха,
коло играеха,
уз флаута свиреха,
чинно поступаха.

2.

Од далече аз гледах
они што твореха.
на столици седеха,
мене ме позваха.

3.

Првата ми изрече:
„Аз сум мудрост", рече,
„та погледни хубаво
и расуди здраво".

4.

Втората ме погледна
за мене побледна:
„Афродита бесрамна
аз сум и огромна!"

5.

Третата ми привика:
„Труд аз сум“, извика,
„ти мене ме приимај
и Богу слава дај!“

6.

Но аз прелаштен од трите,
сакам ги и трите –
они абе станаха,
сја преобразиха.

7.

Три јабоки бидоха,
во мене дојдоха,
во серце ми влегоха –
гнездо сотвориха;

8.

Зато днеска и трите
ги љубим во дните,
најпаче се трудим,
труд да ме зоват судим.

9.

Но трудот е бесцено
дело совершено,
благородна чест носи,
бел образ приноси.

10.

Догде е ден се трудим,
дечиците будим
во наука, учение
и во просвештение.

11.

Болгарскија пилчиња
почтени дечиња,
ви следујте по Бога,
сос наука блага.

12.

Труд ќе вас научи
и ќе вас обучи
блажено да ступите,
добро да творите.

Дијалошките сцени на Џинот

Со името на Џинот е поврзана и појавата на првите драмски текстови, поточно „ученички разговори“. Токму заради оваа негова активност, Џинот се поврзува и со развојот на драмската уметност. Тие почетоци се означени како „Училишниот театар на Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ и се врзуваат со неговиот престој во Скопје. Џинот ги пишувал дијалошките творби што ги изведувале учителите и повозрасните ученици во училиштето, најчесто во недела, по богослужбата во скопската соборна црква Св. Богородица, околу 1838 година. Претставите биле бесплатни, а при изведбите се користеле и разни музички инструменти.

Драмските текстови (обиди) на Џинот можат да се поделат во три тематски групи: текстови за подигнување на патриотската свест кај народот, текстови со морализаторско-дидактичка содржина и текстови од класичниот период.

Драмската сцена „Разговор или прави человек“ спаѓа во групата драмски текстови со морализаторска содржина. Во неа учествуваат двајца граѓани и еден селанец, при што водечка улога има авторот, кој е затскриен зад името Сељако. Доброљуб и Благој се двајца граѓани

кои се во конфликт, а во средината е селанецот. Неговиот морал е сè уште изворно чист и тој им одржува долга поучна лекција во која им покажува на кој начин може да се стане „прави човек", односно христијанин.

Интересно е што во подемот на граѓанската, напредната класа, која особено го помагала развојот на просветителските идеи во Македонија, Џинот поучува преку ликот на обичниот селанец, кого го сметале за неписмен. Селанецот ги поучува граѓаните како да работат праведно, да го љубат доброто, да не хулат, да не се оддаваат на разни пороци. На крајот од оваа дијалошка сцена, тој дава наравоучение како ќе се постигне среќа и спокојство во животот. Двајцата граѓани се засрамуваат од незнаењето, но сепак, свесни за тоа, посакуваат да ги учат своите деца „по путо на истината, и во добро учение, и мудри учители".

Јордан Хаџи Константинов-Џинот живеел и творел на преминот меѓу просветителството и романтизмот (преродбата) во Македонија и бил најсестран културен деец во повеќе области. Но, пред сè, Џинот се смета за зачетник на македонската драмска уметност, на театарскиот живот, на патописот итн.

Запомни!

Јордан Хаџи Константинов-Џинот бил народен просветител, филозоф и сестран деец. Живеел и творел на преминот меѓу просветителството и романтизмот (преродбата) во Македонија. Тој е првиот автор на дијалошки сцени (драмски обиди) во македонската книжевност, со кои започнува развојот на театарскиот живот во Македонија.

Разговор или прави човек

Таблица первања

Прашања и задачи:

1. По што бил посебен како учител Јордан Хаџи Константинов-Џинот?
2. Што претставува „Таблица первања"?
3. Колку песни напишал Џинот и како се групирани?
4. Каква е песната „Труд ми е името" според мотивот и колку целини има?
5. Посочи ги белезите на просветителството во песната „Труд ми е името".
6. Во која група дијалошки сцени според темата припаѓа „Разговор или прави човек"?
7. Зад кој лик се крие Џинот во драмата?
8. Пронајди ги морализаторските и дидактичките елементи во дијалошката сцена.

Улогата и значењето на првите печатници во Македонија

Во науката има повеќе мислења за постоењето печатници на тлото на Македонија низ историјата. Се споменуваат и Македонци печатари, кои работеле во туѓи средини, како Јаков од Камена Река, на пример, кој работел во Венеција во печатницата на Божидар Вуковиќ во 1566 година. Патем, книгите од печатницата на Вуковиќ биле продавани во првата македонска книжарница на Кара Трифун во Скопје, која воедно била и прва книжарница кај Јужните Словени во 16 век. Еден век подоцна, се споменуваат имињата на монахот Нектариј Пелагониски, па јеромонахот Мелетиј Македонски и монахот Стефан, чија работа е лоцирана во Влашко, Романија. Постојат и некои мислења за печатници во кругот на охридскиот манастир Св. Наум, во манастирот Св. Јован Бигорски, манастирот Св. Атанасиј во Лешок, манастирот Св. Прохор Пчињски, сепак тие претпоставки не се потврдени со никаков текст печатен таму. Но, има докази за постоењето на две печатници во периодот на просветителството во Македонија, а тоа се печатницата на Теодосиј Синаитски во Солун и печатницата на Даскал Камче во селото Ваташа, Кавадаречко.

Печатницата на Теодосиј Синаитски во Солун

Печатарската дејност во Македонија ја започнал Теодосиј Синаитски. Тој се запознал со многу видни и богати македонски трговци и занаетчии, кои ја истакнале и ја потврдиле потребата од издавање печатени книги на мајчин јазик. Средбите со Кирил Пејчиновиќ, со Џинот, со Даскал Камче и со други напредни македонски дејци, биле пресудни за реализирањето на идејата на Синаитски за отворање македонска печатница во Солун.

Со согласност од Цариградската патријаршија, Синаитски отворил печатница во црквата Св. Мина. Печатницата функционирала како мало претпријатие со пет-шест вработени, а имала и книговезница, што говори дека Теодосиј Синаитски сакал да ги унапреди печатарството и книгоиздателството во Македонија. Според кажувањата на рускиот научник Виктор Григорович, солунската печатница на Синаитски била отворена во 1835 година, иако постојат тврдења дека можеби била отворена во 1838 година.

Во краткиот работен век, печатницата отпечатила неколку книги, од кои се зачувани пет. Објавувањето на овие книги го означил почетокот на истиснувањето на грчките книги и ширењето на книги напишани на македонскословенски јазик, кои, освен во Солун, се печателе и во Унгарија, Србија и во Русија.

Во печатницата на Синаитски биле отпечатени следниве дела: „Началное учение со молитви утренија", „Кратко описание двадесјат манастирej обретајуштесја во Свјатој Гори Атонскоj", „Служение еврејско и все злотворение нихно", „Утешение грешним" на Кирил Пејчиновиќ и „Книга за научение трих јазиков".

Печатницата на Даскал Камче во селото Ваташа

Даскал Камче (1790 – 1848) бил современик на Теодосиј Синаитски. Роден е во селото Корешница (Демир Капија) од каде што семејството се доселило во Ваташа. Сам се описменил и стекнал основно образование, па првин станал певец во ваташката црква и набргу бил

назначен за селски даскал (учител). Една година живеел на Света Гора, каде што го научил грчкиот јазик. При престој во Белград, набавил учебникарска литература и по враќањето во селото Ваташа, го подготвувал печатењето икони. Во 1847 година, помогнат од кавадаречкиот богат трговец Јовко Маркович, со кој склучил договор, Даскал Камче отишол во Белград да купи материјал за печатница во која би печателе словенски (македонски) книги. Но, дошло до спор меѓу нив, за кој не се знае како завршил. Непознато е каква судбина доживеала печатницата на Даскал Камче понатаму.

Освен овие две, постојат сознанија и за некои други печатници и печатари. Една од нив е печатницата на Кириjак Држилович, која била отворена неполна деценија по смртта на Теодосиј Синаитски, а работела до 1870 година. Со печатарство во Македонија се занимавале и други поединци, како печатарот Јоан Димитриевиќ Охриѓанин, кој во Цариград печател книги со поучна и со црковна содржина.

Работата на македонските печатари и печатници покажува дека во Македонија дејствувале учени и смели луѓе кои почнале да создаваат услови за мајчиниот јазик – македонскиот – да се издигне на ниво на книжевен јазик. Македонските просветители придонеле македонскиот народен јазик да навлезе во пишувана форми во книгите, речниците и со тоа ја започнале културната и националната преродба.

Запомни!

Во периодот на просветителството се појавиле првите печатници во Македонија: печатницата на Теодосиј Синаитски во Солун и печатницата на Даскал Камче во селото Ваташа, Кавадаречко. Печатниците придонеле за ширењето книги на македонски народен јазик, а со тоа и за описменувањето на народот на народен македонски јазик.

Прашања и задачи:

1. Кои биле најпознатите македонски печатници во 19 век?
2. Кои автори и дела се печателе во овие печатници?
3. Зошто печатниците биле важни за македонското просветителство?
4. Како печатниците го олеснувале образованието во тоа време?

Романтизмот во литературата

Истражи за политичките случувања во Европа кон крајот на 18 и почетокот на 19 век. Насоки за истражување: формирањето современо граѓанско општество, Француската револуција, декабристите во Русија, распадот на феудализмот.

Појава, особености, претставници

Појавата на романтизмот во уметноста е условена од општествените состојби во многу земји во Европа и во светот на преминот од 18 во 19 век. Хуманизмот и ренесансата, рационализмот и просветителството се движења кои претставуваат етапи во рушењето на феудализмот и создавање ново, граѓанско општество. Со Француската револуција (1789 – 1799) и со Индустриската револуција (од крајот на 18 и почетокот на 19 век), настапиле големи општествени и политички промени кои влијаеле врз културниот, литературниот, односно врз севкупниот живот. Но, капиталистите не ги остварило дадените ветувања за поубав и побогат живот, туку ја зајакнале експлоатацијата. Селанството исчезнало како класа, а милиони луѓе станале робови на капитализмот. Граѓаните во новото општество го чувствувале предавството на ветените идеали братство, еднаквост и слобода, што предизвикало чувство на општо разочарување кај буржоаската класа, вклучувајќи го и поетот како сведок и претставник на тој свет.

Во новото општество немало услови за слободно творење и размислување. Разочарувањето и незадоволството од современата буржоаска реалност го почувствувале и уметниците од граѓанската класа. Романтизмот се појавил како реакција на класицистичката и на просветителската литература (кои го величале разумот, гледале објективно на светот, поучувале). Романтичарите се залагале за слобода во творењето и за субјективен, личен став кон животот. Обземени од чувството на безнадежност и песимизам, се одвоиле од општествената реалност и побарале утеха во минатото и во традицијата, инспирирајќи се од средновековните и од фолклорните творби, бајките, епските јунаци, од мотивите од народните балади. Своите погледи ги насочиле кон желбите и доживувањата на својот внатрешен свет.

За зародиш на романтизмот се смета германскиот литературен правец *Sturm und Drang* (1770 – 1785), движење кое го одбележало крајот на просветителството и почетокот на романтизмот (Шилер, Гете). Романтизмот се појавил во почетокот на 19 век, речиси истовремено во Германија, Англија, Франција, Италија, Русија и во другите земји во светот и секаде покрај заедничките имал и свои специфични обележја. Писателот бил свесен за креативната моќ и имагинацијата ја сметал за главна творечка алатка во својата потрага по замисленото поседување на сѐ што било недостапно во реалноста. Творците во овој период го нагласувале индивидуалното, субјективното, ирационалното, имагинативното, личното, спонтаното, емоционалното, визионерското како нивни светоглед. За нив не постоела античката литература како идеал. Тие биле против нормирањето на литературата и против сите видови ограничувања на формите и на мотивите. Според М. Солар романтичарите ги отфрлиле сите правила на класицизмот и од уметноста очекувале да ги пренесува чувствата наместо поуките. Тие се потпирале на интуиција и имагинација со кои сметале дека може да се прикаже и тоа што разумот го отфрлал. Затоа, за романтизмот бил карактеристичен таканаречениот тво-

речки индивидуализам. Романтичарот ги рефлектирал своите тажни, песимистични емоции исполнети со страдања преку природата. Во делата на романтизмот провејува песимистичко расположение поттикнато од сознанието за неможноста од целосно остварување на замислите на индивидуата. Романтичарските творци создале дела во кои протагонистите се прикажани во парадоксално расположение (уживале во своите страдања). Индивидуата чувствува меланхолија, тага, **светска болка** (на германски ***Weltschmerz***), сака да се одвои од таквиот свет и посакува целосна слобода, која ја бара во природата. Типичниот романтичарски протагонист е незадоволен, тажен, неразбран од блиските, од средината, од општеството.

Во романтизмот се појавиле нови литературни жанрови како што се: поемата, романот во стихови, епистоларниот и историскиот роман, фантастичните драми и раскази. Се појавил култ кон народното творештво што подразбирало собирање, евидентирање и системско проучување на народните умотворби од секаков вид (песни, приказни, легенди, преданија, верувања, пословици, гатанки, молитви, клетви итн.).

Во романтизмот може да се определат **четири тематски целини** на создавање: во првата се застапени лични преокупации, чувства, лиризам, песимизам, субјективизам, јас-форма; во втората група се опфатени националните теми со интерес за минатото, за народното творештво; во третата тематска целина фокусот е кон егзотичните краеви и пејзажите како одраз на состојбата на човековата душа и на психичките состојби; четвртата тематска целина ги опфаќа окултното и мистичното, т. е. интересот за необичното, тајното, непознатото.

Претставници на романтизмот се: Фридрих Шилер, Јохан Волфганг фон Гете, Хајнрих Хајне, Франсоа Рене де Шатобријан, Виктор Иго, Џорџ Гордон Бајрон, Валтер Скот, Александар Сергеевич Пушкин, Михаил Јурјевич Лермонтов и други.

Особености	Литературни жанрови	Претставници
– Незадоволство од сегашноста и копнеж по нешто ново, непознато и далечно, бегство од реалноста; – Култ кон минатото, кон средниот век, хероизмот, мистицизмот и окултизмот; – Творечки индивидуализам, субјективност (изразување лични чувства, доживувања, страсти и соништа); – Сликање на жената; – Полна слобода во творечкото создавање; – Свртување кон народното творештво;	*Лирика* – Длабоки субјективни чувства; – Поетски индивидуализам; – Поетот е визионер и пророк; – Богатство од стилски средства; – Создавање лирски пејзаж; – Метафората и алегоријата пренесуваат подлабоки значења.	***Од Германија*** Фридрих Шилер Јохан Волфганг фон Гете Хајнрих Хајне
	Епика – Епски форми во стих (роман во стих) и во проза; – Лиризам во прозни текстови; – Субјективност и јас-форма на раскажување; – Песимизам и описи на природата;	***Од Англија*** Џорџ Гордон Бајрон Валтер Скот ***Од Франција*** Франсоа Рене де Шатобријан Виктор Иго

– Мечтаење по туѓи, непознати и далечни простори, егзотични земји; – Свет на човековите чувства; – Мешање на литературните родови и видови.	– Фантастични елементи; – Романи пишувани во форма на писма (епистоларни), дневник, мемоари; – Создавање расказ и роман.	***Од Русија*** Александар Сергеевич Пушкин Михаил Јурјевич Лермонтов ***Од САД*** Едгар Алан По
	Драма – Го негира класицизмот и е ослободена од традиционалноста; – Теми од историјата и средновековните легенди, народната традиција и националната митологија.	

Запомни!

Романтизмот во Европа се појавил кон крајот на 18 и почетокот на 19 век. Основни одлики на романтизмот се длабокиот индивидуализам и општото незадоволство. Делата создадени во романтизмот се исполнети со песимизам, меланхолија, чувство на отуѓеност и мечтаење по нешто ново и непознато. Типичниот романтичарски протагонист не чувствува припадност кон околината, општеството, кон татковината. Во романтизмот немало ограничувања, па творечката слобода овозможила мешање на литературните родови и видови.

Прашања и задачи:

1. Кои општествени настани влијаеле врз појавата на романтизмот?
2. Од каде романтичарите црпеле инспирација за создавање на своите творби?
3. Кои нови литературни видови се појавиле во периодот на романтизмот?
4. Каков бил односот на романтичарите кон природата и кон жената?
5. Кои тематски целини се застапени во делата на романтизмот?
6. Што се подразбира под поимот „култ" кон народното творештво?
7. Каква релација граделе романтичарите меѓу душевната состојба на ликот и природата?
8. Потсети се на одликите на класицизмот и направи споредба со одликите на романтизмот.

Џорџ Гордон Бајрон

Истражи за Бајрон, за неговите односи во семејството и неговата позиција во општеството.

Протолкувај го исказот на Бајрон: „Ако е вистина сето тоа што се зборува за мене, тогаш јас не сум за Англија, но ако е сето тоа лага – тогаш Англија не е за мене".

Биографија



Џорџ Гордон Бајрон

Во светската, односно во англиската литература, за најистакнат творец на романтизмот се смета Џорџ Гордон Бајрон. Тој е роден во 1788 година во Лондон. Потекнувал од аристократско семејство кое подоцна осиромашило. Физичкиот недостаток (едната нога му била покуса поради што го нарекувале и „куциот Аполон") му претставувал тешкотија уште од најраното детство. На десетгодишна возраст се здобил со титулата лорд. Рано останал без татко, а со мајка му имал необични односи, исполнети со силни изливи на мајчинска љубов, кои на моменти преминувале во физичко малтретирање. Поради специфичните семејни односи и телесната попреченост, Бајрон имал комплекс на пониска вредност. Уште како млад, во средината наметнал имиџ на несреќник и на грешник, мрачен сладострасник, кој во своите дела ја опишувал неизлечливата монотонија. Неговиот живот бил проткаен со бунт, протест и спротивставување на „мирниот буржоаски живот", што сметал дека е достоен само за презир. Водел бурен живот полн со скандали поради што ја напуштил Англија. Патувал низ Европа барајќи слобода за угнетените народи.

Историчарите на литературата честопати ја нагласуваат врската помеѓу животот на Бајрон и неговото литературно дело, претпоставувајќи дека неговата основна инспирација е секогаш неговата лична исповед. Неговиот светоглед е основа за појавата на **бајронизмот**, литературно движење во кое се искажува култ кон слободата, желба за патување во далечни и егзотични земји, нагласување на индивидуализмот и на човековото разочарување кое преминува во светска тага.

Бајрон се школувал во Хероу и во Кембриџ. Како богат лорд живеел во замокот на своите предци, оддавајќи се на боемски живот. Патувал низ Европа (Португалија, Шпанија, Малта, Грција, Турција, Албанија), а по враќањето во Англија, во 1812 година, ја објавил поемата „Странствувањето на Чајлд Харолд", чија тематска основа ја формираат доживувањата и впечатоците од патувањето. Бидејќи бил етикетиран како бунтовник, тој се преселил во Италија, а потоа и во Грција каде што сакал да се приклучи кон ослободителното движење. Се разболел од треска и умрел во 1824 година.

Творештво

Бајрон бил поет кој ги изразувал личната слобода, индивидуалните чувства и бунтот против општествените ограничувања. Тој ја ставал личноста и нејзиниот внатрешен свет во центарот

на своето творештво, спротивставувајќи се на строгите норми, моралните правила и лицемерието на општеството. Една од најпрепознатливите карактеристики на неговото творештво е создавањето на таканаречениот „бајроновски херој". Овој лик е осамен, горд, силен и страстен, но истовремено и трагичен. Тој често носи тежок товар од минатото, чувство на вина или неисполнета љубов, поради што се оддалечува од другите луѓе. Бајроновскиот херој е во постојан судир со светот и со општествените норми, што го прави симбол на бунтот и на индивидуализмот во романтизмот. Бајрон во своите дела силно ја изразувал идејата за слободата – и лична и национална. Тој ги осудувал тиранијата, неправдата и угнетувањето, а неговите ставови не се само литературни, туку и животни. Природата зазема значајно место во поезијата на Бајрон. Таа е прикажана како дива, моќна и возвишена, често во контраст со ограничувањата на човековото општество. Природните пејзажи ја одразуваат внатрешната состојба на лирскиот субјект – бурното море, планините и ноќните сцени симболизираат немир, слобода и духовна борба. Стилот на Бајрон е богат и разновиден. Тој користи силни емоции, контрасти и ирониј, а често комбинира лирски, епски и драмски елементи. Неговиот јазик е сликовит, експресивен и полн со симболи. Во делата „Странствувањето на Чајлд Харолд", „Дон Жуан" и „Манфред" се гледа неговата умешност да спои лична исповед со општи филозофски и општествени теми.

Поеми

„Странствувањето на Чајлд Харолд", „Абидонската невеста", „Корсар", „Ѓаур"

Хумористично-сатирични текстови

„Дон Жуан", „Небо и земја"

Драми

„Каин", „Манфред"

Интерпретација на „Странствувањето на Чајлд Харолд"

„Странствувањето на Чајлд Харолд" е индивидуалистичко-романтичарска поема. Структурно е составена од четири песни без класична композиција. Ова дело на Бајрон е специфично во однос на жанрот, бидејќи претставува композиција (четири прилично долги пеења) што одговара на еп, но сè во него е исполнето со субјективните лирски расположенија на главниот протагонист. Сè наликува на еден вид лирски патопис: главниот лик, Харолд, ја напушта својата татковина во доброволен егзил, поради „гревови" што остануваат непознати за читателот и талка, вознемирен и незадоволен од себе и од сопствениот живот. Описите се менуваат со размислувања, а основниот тон е секогаш некаков песимистички инает. Тема се патувањата и импресиите од посетите на неколку европски земји. Нарацијата е хронолошка, а нараторот е во трето лице (сезнаен и сеприсутен) и во прво лице (јас-форма).

Во експозицијата, нараторот дава опис на Чајлд Харолд, млад благородник кој наместо да се посвети на полезна работа, се оддава на разврзан живот. Заситен од таквиот живот, тој решава да замине на далечно патување со надеж дека таму ќе ги најде потребниот мир и спокојството. Без поздрав заминува во потрага по егзотични и непознати предели и тоа заминување кај него предизвикува болка и тага. Прво ги посетува Португалија и Шпанија, каде што сè уште се забележуваат трагите од ропската потчинетост. Чајлд Харолд, разочаран од глетката и помислата дека земјата на славните витешки времиња и подвизи е разурната, се надева дека тоа ќе се смени и ќе се вратат старите славни времиња. Неговата тага и разо-

чарувањето преминуваат во „светска тага" поради злото, несреќата и ропството кои ги има насекаде, па единствено утеха наоѓа во природата која сè уште не е уништена од човекот.

Во втората песна патувањето го продолжува во Грција и во Албанија, но сликата не се менува. При патувањето прави паралела меѓу славното минато на Грција и моменталната состојба во која се наоѓала државата. Некогашната Античка Грција сега пред него е покорена од Отоманската империја. Античките урнатини го симболизираат исчезнувањето на најголемите цивилизации. Во Албанија се среќава со поинаква култура и начин на живот. Воодушевен е од природата и од гордоста на народот како и од нивната храброст и желба за национална слобода. Разочаран и незадоволен од глетката тој го повикува народот на борба за ослободување.

Во третата и во четвртата песна, патувањето го продолжува во Италија, Швајцарија, Холандија и во други европски земји, со желба за себепронаоѓање и за совршенство и хармонија. Тој како осамен бунтовник постојано е во внатрешен судир со себе. Исполнет и среќен е само во природата. Сознанијата и импресиите се идентични како во претходните пеења, па тој не ја крие својата заложба за борба против социјалното и националното ропство.

Ликот на Чајлд Харолд

Чајлд Харолд е типичен романтичарски лик. Чајлд не претставува лично име туку средновековна титула за млад маж кој сè уште не станал витез. Потекнува од угледно аристократско семејство, а неговиот живот е разуздан и исполнет со гревови и со блуд. Огорчен, лут и разочаран, тој го обвинува женскиот род за сета болка што ја доживува. Заситен од секакви уживања, рамнодушен, тажен, осамен, свртен кон својот внатрешен свет и отуѓен од општеството, донесува одлука да ја напушти Англија и да отплови некаде каде што ќе најде забава, заборав и слобода. На патувањата среќава многу луѓе, но горчината не му минува бидејќи сфаќа дека човекот не е слободен. Според него, човек може да ја најде слободата само во природата, затоа што таму нема обврски кон општеството или кон семејството. Харолд е ликот преку кој говори Бајрон.

Проштална песна

О, збогум, роден крај. Ти сив
исчезнуваш зад морската шир.
А ветрот јачи; галеб див
со својот писко̀т руши мир.
На запад сонцето се крие
и ширта морска губи сјај;
се губиме по патот ние...
О, добра ноќ, мој роден крај!
По час и друг, пред зора-ал
ќе прсне тоа лачи пак;
ќе сретнам тогаш море сал,
но не и тебе брегу драг.

Глеј, дреме мојот замок убав;
во каминот ни плам, ни жар.
Во бршлен sидишта се губат
и вие таму песот стар.
„Мој пажу мал, приближи се
и речи зошто плачеш ти?
Те плаши бранот бурен, не?
Ил' мракот злобен, можеби?
Избриши се и глава горе:
На коработ е сè во ред;
одвај да може најбрз орел
тој кораб да го стигне в лет.

И нека да нѐ лула бран,
и ветрот нека праќа крик;
не ме плаши ни океан,
ни бурата со својот рик."
– Не чудете ми се, ве молам
сер Чајлд, што в тага тонам цел.
Разделбите со блиски болат...
Ме пратија по светот бел.
Од тате испратен јас бев,
му видов в очи светол лач;
за мама појќе ми е грев
што долго ќе ја гуши плач...
„Да, чудно солзите ти стојат;
успокојуваат, јас знам.
Да имав невиност јас твоја
би плачел како ти и сам.
Ти ела, верен слуго мој!
Зар повторно од бледност знак?
Те плашат бури ли без број,
а можеби и Француз-враг?"
– В малодушност јас не сум свенат.
Сер Чајлд, не се плашам ни јас!
Но дома оставив и жена.
Ме сакаше со силна страст.
Со децата ѝ минат дни
крај личниот ви голем двор.
Но, штом го спомнат татка си
– што ќе рече тој тажен створ?
„Те разбирам, ќе страда често.
Се запознав со твојот бол.
Но и да сум на твое место
со потсмев би го примил зол.
Зар има уште таков маж
што верува во женски стон?
Штом не си тука – нова драж
ќе блесне кај нив и во сон!
А страстите се стара тема;
за идни ништо не би дал.
Јас жалам само зашто нема
за некого да сум во жал.
А вака сам, сред море, мрак,
ко крадец некој што се скрил –
кај човечки ќе најдам траг
штом туѓ за луѓето сум бил!
Да, мојот пес... Два-три дни само
(дур' не свикне!) тој жал ќе таи,
но ако пак се вратам ваму
– ќе бидам пречекан со лај.
Мој корабе, да одиме!
Ти сечи бран, на долг сме пат!
Кај сакаш таму води ме,
но само не во татков кат.
Јас поздрав искрен вам ви праќам,
о, бранови со таква моќ.
На поздрав – поздрав, земјо, враќам:
мој крају роден – добра ноќ!"

Извадок од „Странствувањето на Чајлд Харолд"

Запомни!

Џорџ Гордон Бајрон е претставник на англискиот романтизам. Неговиот светоглед е основа за појавата на бајронизмот, литературно движење во кое се искажува култ кон слободата, желба за патување во далечни и егзотични земји, нагласување на индивидуализмот и на човековото разочарување кое преминува во светска тага. Негувајќи ја поемата, тој започнал еден нов поетски вид во литературата.

Прашања и задачи:

1. Што се дознава од првите стихови на Прошталната песна?
2. Кој е сопатникот на Чајлд Харолд?
3. Какви се чувствата на Чајлд Харолд и неговиот паж при разделбата?
4. Во која строфа од Прошталната песна може да се препознаат чувствата што ги има Чајлд Харолд и кон кого?
5. Пронајди ги романтичарските белези во Прошталната песна.
6. Пронајди го стихот што ги навестува промените на кои се надева Чајлд Харолд.
7. Кои стилски фигури се застапени во стиховите од поемата?
8. Толкувај ги синтагмите *култ кон слободата*, *незадоволство од реалноста* и *изразит субјективизам* и поткрепи ги со факти од поемата.
9. Што означува поимот „бајронизам"?
10. Направи споредба помеѓу Бајрон и Чајлд Харолд.
11. Напиши есеј на тема: Чајлд Харолд – алтер его на Бајрон.

Јохан Волфганг фон Гете

Истражи ги биографските елементи во романот „Страдањата на младиот Вертер".

Биографија



Јохан Волфганг фон Гете

Јохан Волфганг фон Гете е една од клучните фигури на германскиот романтизам. Роден е во 1749 година во Франкфурт на Мајна, во семејство на правник и кралски советник. Студирал право на универзитетите во Лајпциг и во Стразбур. Покрај правото, студирал и ботаника, хемија, анатомија итн. На покана на Карл Август, војвода од Саксонија-Вајмар, во 1775 година отишол во Вајмар, каде што вршел голем број политички задачи и станал главен советник на војводата. Гете имал значајна улога во планирањето на Вајмарскиот ботанички парк и обновата на војводскиот дворец, кои како целина се прогласени за светско наследство на УНЕСКО во 1998 година. Како научник во областа на биологијата, тој ја формулирал теоријата за метаморфоза на растенијата, во која архетипската форма на растението се наоѓа во листот. Многу е значајна теоријата за боите, што Гете ја сметал за свој најважен придонес во науката и, воопшто, за негово најважно дело. Тој тврдел дека боите не се само физички феномени туку дека зависат од светлината и од начинот на кој таа паѓа врз предметите, односно дека се прашање на индивидуална перцепција. Тој бил исклучително горд на својата работа и еднаш рекол: „Се гордеам што сум единствената личност во овој век која има вистински увид во науката за боите и тоа ми дава чувство дека сум надминал многу други". Од 1794 година, па сè до крајот на својот живот во 1832 година, престојувал во Вајмар и бил посветен на пишувањето.

Творештво

Гете пишувал поезија, романи и драми. Негови најпознати дела се драмата „Фауст" и романот „Страдањата на младиот Вертер". Неговата поезија, драмите и романите се меѓусебно поврзани, но истовремено покажуваат различни аспекти од неговите уметнички и филозофски погледи на светот.

Поезијата на Гете е исполнета со внатрешните чувства на човекот. Неговите стихови се одликуваат со искреност, емоционална длабочина и јасност на изразот. Најчести мотиви во неговата поезија се љубовта, природата, минливоста на животот и личното искуство. Природата за Гете не е само декор, туку жив учесник во поетскиот свет, преку кој се одразуваат чувствата на лирскиот субјект. Во раната поезија на Гете доминираат страста, немирот и бунтот, додека подоцна стиховите му стануваат посмирени, хармонични и исполнети со рамнотежа на чувствата.

Гете во своите драми го прикажува судирот меѓу човекот и светот, меѓу личните стремежи и општествените или моралните граници. Тој создава силни драмски ликови со богати психолошки профили. Преку дијалогот и драмската ситуација, авторот отвора филозофски и етички прашања за смислата на животот, за одговорноста и изборот. Најдобар пример за белезите на драмското творештво е делото „Фауст", кое се смета за ненадминлива трагедија во стихови во светската литература. Вечната човечка жед за знаење, за искуство и за вистина е прикажана преку борбата помеѓу Фауст и Мефистофел.

Драмите на Гете ги надминуваат традиционалните рамки, комбинирајќи лирски, епски и филозофски елементи. Внатрешниот развој на личноста е најчестата тема во романите на Гете. Тој во своите романи го прикажува духовното созревање на главниот лик, при што се истражуваат неговите чувства, сомневањата и конфликтите со околината. „Страдањата на младиот Вертер" е пример за роман во кој емоциите, индивидуализмот и трагичната љубов се во центарот на вниманието. Со својата разновидна жанровска продукција, Гете создава целосна слика за човекот – како чувствително, разумно и немирно суштество. Неговата поезија ја открива душата, драмата ја прикажува борбата, а романот го следи патот на човековото созревање, правејќи го неговото творештво трајна вредност во светската литература.

Интерпретација на „Страдањата на младиот Вертер"

„Страдањата на младиот Вертер" е роман во епистоларна форма. Епистоларен роман, пак, е роман во кој дејството се прикажува преку писма што ликовите си ги праќаат меѓусебно. Во овој роман, главниот лик Вертер му праќа писма на својот пријател Вилхелм, а некои од нив се толку интимни што романот наликува на дневник. Жанровски, романот може да се определи како љубовен, но во него можат да се најдат и психолошки, социјални и автобиографски елементи. Структурно е составен од два дела: во првиот доминира социјалната нееднаквост и забранетата љубов, а во вториот, страдањата на Вертер. Дејството се одвива во Германија, Валхајм (во мала провинциска средина и во градот) во 18 век (1771 – 1772 г.). Нарацијата е хронолошка, а ја реализира наратор во прво лице (персонален наратор), т. е. Вертер. Во епилогот на романот, како раскажувач се јавува и издавачот, кој ги раскажува последните денови од животот на Вертер и деновите по неговата смрт.

Во првиот дел од романот, Вертер заминува во мало провинциско место за да реши имотноправни работи поврзани со наследството на неговата мајка. Таму ја запознава Лота, ќерка на судски чиновник во која се вљубува, иако знае дека е свршена за Алберт. Додека Алберт е на патување, Вертер и Лота минуваат долго време заедно бидејќи и двајцата имаат исти интереси: прошетки во природа, музика, книги. Кога се враќа од патувањето, Алберт се спријателува со Вертер. Љубовта на Вертер кон Лота станува опсесивна. Не сакајќи да ја наруши хармонијата на свршениците, тој единствениот спас го гледа во заминувањето. Во пресрет на неговото заминување за кое никој не знае, тој ја посетува Лота, со која разговараат за смртта и за загубата на нејзината мајка. Иако е воодушевен од приказната на Лота, сепак, Вертер е цврсто решен да замине.

Во вториот дел од романот, Вертер е во град и е во служба на гласникот, кој се одликува со педантерија, раскош и глупавост. Единствениот пријател во новата средина му е грофот фон К., кој му помага на Вертер да се справи со осаменоста и да се адаптира на новата средина и на условите. Вертер влегува во конфликт со претпоставениот, поради што ќе биде тужен кај

министерот, кој ќе му даде родителски совет да го промени начинот на размислување, да заборави на идеалите и потем го ослободува. Во градот ја запознава благородната госпоѓица Б., со која често разговара за минатото, па дури и за Лота. Разочаран од лицемерието на луѓето што живеат во градот и од хиерархиските општествени односи, ја напушта службата. Враќањето во гратчето во кое живее Лота, наместо спасение ќе му донесе страдања. Честите посети во куќата на Лота кај Алберт создаваат сомневање и напнатост, па поради тоа Лота му забранува на Вертер да ја посетува. Распнат меѓу желбата да ја види саканата и моралните норми, тој е целосно раздразнет и помислува на самоубиство. Свесен дека не може да ја има Лота, еден ден пред Божиќ ќе ги позајми пиштолите од Алберт и точно на полноќ, за време на божиќната прослава, ќе се самоубие. Самоубиството не е прифатено од страна на Црквата, па затоа ќе биде погребан во близината на гробиштата на местото што го одбира сам – меѓу две липи.

Ликовите во „Страдањата на младиот Вертер"

Вертер е главниот лик во романот. Тој е типичен романтичар кој со задоволство се препушта на емоциите и смета дека среќата доаѓа кога срцето е задоволено. Ужива во природата што се рефлектира и врз неговите слики, а опишувајќи ги пејзажите во писмата се гледа поврзаноста на неговата емотивна состојба со годишните периоди. Тој е тврдоглав, а неговите постапки се инстинктивни без да послуша какви било совети од пријателите. Бранејќи ги сопствените ставови, често е во конфликт со средината и е директен противник на нехуманоста и на материјалистичките сфаќања. Сè што прави во животот го прави низ призмата на сопствените убедувања, отфрлајќи секакви правила. Занесен од своите фантазии, тој го губи чувството за реалност. Силните чувства го доведуваат во ситуација да ја изгуби способноста да расудува правилно, па единствен спас од таквата состојба наоѓа во смртта.

Лота е олицетворение на женственоста. Убава, шармантна, скромна, паметна, искрена, достоинствена жена, која се грижи за семејството по смртта на мајка ѝ. Таа е способна да даде сè што бара општеството од неа. Секојдневната монотонија ја надминува со читање книги и слушање музика. И покрај тоа што чувствува нешто кон Вертер, таа, сепак, му останува верна на сопругот. Лота, физички прекрасна и духовно совршена, претставува идеална романтичарска жена.

Алберт е млад, убав, образован човек кој е свршеник на Лота. Тој не е романтичен и не им се предава на чувствата, па на моменти е дури здодевен и ограничен. Своите одлуки секогаш ги темели на разумот, па така мудро одлучува несигурниот, но привлечен соперник да го има за пријател.

На 16 јуни

При третиот англиски танц, ние бевме втората двојка. Кога танцувајќи минавме низ редот – само мил бог знае со какво блаженство ја држев за рацете и ја гледав во очите, кои беа исполнети со краен израз на најискрено, најчисто задоволство – дојдовме до една жена, која претходно ми го привлече вниманието заради пријатниот израз на нејзиното немладешко лице. Таа ја погледна Лоте со насмевка,

застрашувачки крена прст и, додека пролетувавме крај неа, двапати значајно го изговори името Алберт.

„Кој е Алберт?“ ја прашав Лоте, „доколку не е дрско да прашам?“ Таа сакаше да ми одговори, ама моравме да се разделиме за да направиме голема осморка, и мене ми се причини дека видов замисленост на нејзиното лице, додека се вкрстувавме така еден пред друг. „Зошто да таам пред Вас?“ рече таа, кога ми ја подаде раката за променада. „Алберт е добар човек, со кого може да се каже дека сум свршена.“ За мене тоа не беше некаква новост (бидејќи девојките ми го кажаа тоа по пат), ама сега ми се причини како нешто сосема ново, бидејќи тоа уште не го поврзав со неа, која ми стана за кратко време толку бесценета. Толку требаше, се збунив, се заборавив и се најдов меѓу погрешна двојка, така што сè се смеша, и само благодарејќи ѝ на присебноста на Лоте, повторно сè брзо се доведе во ред.

Танцот уште не беше ни завршил, кога молњите, кои уште одамна ги гледавме како проблеснуваат на хоризонтот и за кои упорно сметав дека се само вечерни секавици, почнаа да стануваат посилни, и грмежот ја заглуши музиката. Три дами избегаа од редот, а нивните придружници појдоа по нив; настана општо безредие, музиката молкна. Природно е, кога ќе нè затекне несреќа или неочекувана потресеност среде задоволство, што тие ни дејствуваат посилно отколку инаку, делумно заради контрастот, ама главно заради тоа што нашите чувства се тука особено заострени и, следствено, полесно им се подаваме на впечатоците. Само на таа причина можам да ѝ ги припишам чудните гримаси кои ги видов кај многу од дамите. Најразбраната седна во еден агол, со свртен грб кон прозорецот, и ги затна ушите. Другата клекна пред неа и си ја зари главата во нејзиниот скут. Третата се втурна меѓу двете и, облеана во илјадници солзи, си ги прегрна сестричките. Некои сакаа да си отидат дома, а други, кои уште помалку знаеја што прават, не беа присебни да ја зауздат дрскоста на нашите млади палавковци, кои неуморно се обидуваа да ги фатат од усните на убавите страдалнички сите уплашени молитви, упатени кон небото. Некои од господата отидоа долу да испушат по едно луле намира; а останатото друштво ја прифати умната мисла на домаќинката да ни отстапи една соба, која имаше капаци и завеси. Штом влеговме таму, Лоте почна да реди столови во круг, а кога друштвото седна на нејзина молба, таа предложи да започнеме една игра.

Видов некои од нив како си ги стиснаа усните и како се протегнаа со надеж за сочен залог. „Ќе играме на броење!“ рече таа. „Сега внимавајте! Јас ќе одам во круг оддесно налево, а вие ќе броите така што секој мора да го каже бројот што следува; и тоа треба да оди брзо, без задржување, како брза стрелба, и кој ќе застане или ќе се збрка, ќе добие шлаканица; и сè така до илјада“, беше весело да се гледа: таа почна да оди во круг со подадена рака. „Еден“, почна првиот, вториот – „два“, следниот – „три“ и така натаму. Тогаш таа започна да оди побрзо, сè побрзо и побрзо; еден згреши: плес! Доби шлаканица и сред смеењето и следниот исто: плес! И сè побрзо и побрзо. Самиот добив две шлаканици и со искрено задоволство забележав дека тие беа посилни од оние кои таа гледаше да им ги одмери на останатите. Сеопшта смеа и врева ја заврши играта, и пред да се изброи до илјада. Поблиските се повлекоа настрана,

бурата помина, а јас ја допратив Лоте во салата. По пат таа рече: „Од шлаканиците заборавија на невремето, и на сè!“ не можев ништо да ѝ одговорам. „Јас бев“, продолжи таа, „една од најисплашените, и додека се правев бодра за да ги охрабрам другите, и самата станав смела.“ Дојдовме до прозорецот. Далеку некаде сè уште грмеше, прекрасниот дождец тропкаше по земјата, а окрепувачкиот убав мирис го исполнуваше обилно топлиот воздух околу нас. Таа стоеше потпрена на лактите, нејзиниот поглед ја проникнуваше околината; погледна кон небото, па кон мене, и ѝ ги видов очите полни солзи, ја стави својата рака врз мојата и рече: „Клопшток!“ Веднаш си споменав на прекрасната ода, која ѝ беше во мислите, и потонав во потокот од чувства, кој таа го излеа преку мене со таа лозинка. Не можев да се воздржам, се наведнав над нејзината рака и ја бакнав со блажени солзи. И одново ја погледнав в очи. Великану! Камо да го видеше твоето обоготворување во тој поглед; и сега не сакам никогаш повеќе да слушнам како го изговараат тоа твое често осквернето име!

На 18 јуни

Каде сакам да одам? Ќе ти откријам во доверба. Сепак, ќе треба да останам уште четиринаесет дена тука, а потоа, како што сум наумил, ќе ги посетам рудниците во ***; но, работата воопшто не е во тоа; само сакам да бидам поблиску до Лоте, тоа е сè. И му се смеам на сопственото срце – и му ја исполнувам волјата.

Извадоци од „Страдањата на младиот Вертер“

Запомни!

Јохан Волфганг фон Гете е една од клучните фигури на германскиот романтизам. Тој е поет, романсиер, драматург, есеист и филозоф, чие влијание и денес се чувствува во уметноста и во литературата.

Прашања и задачи:

1. Кој книжевен правец најмногу се поврзува со Гете?
2. Кое дело на Гете му донело голема слава како млад писател?
3. На кое дело Гете работел речиси сиот живот?
4. Зошто романот „Страдањата на младиот Вертер“ е роман во епистоларна форма?
5. Опиши како бил облечен Вертер и истражи за т.н. Вертерова треска.
6. Направи споредба помеѓу Вертер и Алберт.
7. Анализирај го љубовниот триаголник Вертер – Лота – Алберт.

8. Прочитај го првото писмо во извадокот погоре и откриј ја симболиката на невремето.
9. Подреди ги фабуларно според промените во природата (пролет, лето, есен, зима) размислувањата и случувањата на Вертер.
10. Објасни какви се ставовите на Вертер за животот во писмото од 16 јуни. 8. Пронајдија симболиката во датумот на смртта на Вертер (24 декември).
11. Препиши ја табелата во тетратка и романтичарските белези од првата колона поткрепи ги со примери од романот.

Белези	Примери од романот
Чувства над разум	
Описи на природата	
Страдање	
Неостварена љубов	
Идеализација	

10. Напиши есеј од 120 до 150 збора на тема: Опсесивната романтичарска љубов на Вертер.

Ернст Теодор Амадеус Хофман

Биографија



▲ Е. Т. А. Хофман

Ернст Теодор Амадеус Хофман е германски писател и еден од најзначајните претставници на германскиот романтизам. Роден е во 1776 година во Кенигсберг (денешен Калининград во Русија), а по образование бил правник и работел како државен службеник. Најголемиот дел од својот живот го посветил на уметноста, особено на литературата и на музиката. Во неговиот стил на живеење се согледува поделеноста на личноста: од една страна, Хофман дење водел прозаичен, граѓански живот на совесен службеник и татко на фамилијата, а од друга страна, навечер, тој бил во кафеаните меѓу уметници и музичари, во бесконечни дискусии за уметноста. И самиот бил свесен за овој расчекор и тоа го изразил во повеќе свои литературни дела. Живеел во време на големи општествени и духовни промени, кои силно се одразиле врз неговото творештво. Починал во Берлин, во 1822 година.

Творештво

Во своето творештво, Хофман го спојува реалното со фантастичното и покажува особен интерес за внатрешниот свет на човекот. Во делата како „Песочарот", „Златниот лонец", „Ѓаволските еликсири" и „Мачорот Мур", тој истражува теми поврзани со стравот, соништата, лудилото и границата меѓу разумот и фантазијата. Чест мотив во неговото творештво е опстојувањето на уметникот или чувствителниот поединец во рационалниот свет, при што често станува жртва на сопствената внатрешна нестабилност.

Хофман е автор и на неколку романи од кои најуспешен и најпознат е „Ѓаволските еликсири". Романот е напишан под влијание на англиските „готски" романи и во него е прикажана темата на двојството во човековата психа. Романот „Мачорот Мур" Хофман го пишувал кон крајот на животот и не го довршил. Во романот, авторот применил иновативна техника на испреплетување на две дејства: „Дневникот на учениот мачор Мур, филозоф и поет" и „Животот на диригентот Јохан Крајслер". Хофман наизменично ја прекинувал приказната за мачорот и внесувал фрагменти од биографијата на Крајслер.

Сонот, халуцинациите, состојбите меѓу стварноста и привидот се често присутни во духовниот живот на Хофмановите ликови. Минувајќи низ еден постојан судир меѓу реалноста и идеалот, ликовите на Хофман го покажуваат, всушност, вечното несогласување на човекот со сопствената земна судбина и неговиот напор да го досегне возвишеното, без разлика на казната.

Интерпретација на расказот „Витезот Глук"

Расказот „Витезот Глук" е типично дело на романтизмот во кое се испреплетуваат реалното и фантастичното, уметноста и духовното. Преку нарација во прво лице, авторот прикажува необична средба помеѓу раскажувачот и мистериозен човек кој тврди дека е витезот

Глук, славниот композитор Христоф Вилибалд Глук, иако, фактички, тој е мртов. Оваа средба внесува атмосфера на таинственост и сомневање, а читателот постојано се наоѓа меѓу прашањето дали станува збор за реална личност или за фантастична појава.

Преку разговорот меѓу двата лика, Хофман ја отвора темата за судирот меѓу вистинската уметност и нејзината површна, формална интерпретација. Витезот Глук е прикажан како силна и впечатлива личност, со остар критички став кон современата музика и нејзините изведувачи. Тој ја симболизира чистата, автентична уметност и уметничкиот гениј кој не прифаќа компромиси. Неговото длабоко и страсно зборување за музиката, како и неговото извонредно познавање на композицијата, упатуваат на тоа дека тој не е обичен човек, туку олицетворение на уметничкиот дух кој ги надминува смртта и времето.

Раскажувачот, од друга страна, е чувствителен и љубопитен набљудувач, кој претставува посредник меѓу читателот и фантастичниот свет на расказот. Тој е љубител на музиката, отворен за уметничко доживување, но сè уште врзан за рационалното и реалното. Неговата збунетост и восхитот при средбата со витезот Глук ја одразуваат состојбата на човекот кој се обидува да ја разбере вистинската уметност, но не е целосно подготвен да ја прифати нејзината мистична и духовна димензија.

Преку овие два лика, Хофман ја нагласува осаменоста на уметникот и неразбирањето со кое тој се соочува во општеството. Расказот испраќа порака дека вистинската уметност е вечна и духовна, но често потценета и погрешно толкувана.

„Витезот Глук“ претставува длабока уметничка и филозофска размисла за значењето на уметноста и за улогата на уметникот, прикажана преку симболични ликови и фантастична атмосфера, карактеристична за романтизмот.

(...) Таму седам јас, препуштајќи ѝ се на лесната игра на мојата фантазија што ми носи пријателски ликови со кои разговарам за науката, уметноста и за сето она што на човека треба да му биде највредно. Сè поживописна и поживописна станува масата што минува крај мене, но тоа воопшто не ми пречи, ништо не може да го заплаши моето фантастично друштво. Од светот на сништата ме оттргнува само тоа проклето трио на исклучително подлиот валс. Ги слушам само пискотливиот прв глас на виолината и флејтата и басот на крескавиот фагот; тие се искачуваат и се спуштаат, цврсто држејќи се еден со друг во октавите што го раскинуваат слухот. Несвесно, како човек обземен од ужасна болка, извикувам:

„Колку е ужасна оваа музика! Грозни се овие октави!“

Покрај мене некој промрмори:

„Проклета судбина! Уште еден ловец на октави!“

Ја исправам главата и дури сега станувам свесен дека не го ни забележав човекот кој седнал на истата маса и зјапа во мене и од кого што од тој миг не можев да го оттргнам погледот.

(...)

.....

(...)

„Иако морам да признаам дека овде Моцартовите ремек-дела на еден одвај сфатлив начин се одбегнуваат, сепак, нема сомнение дека делата на Глук достојно се изведуваат."

„Мислите? Еднаш сакав да ја слушнам 'Ифигенија на Таврида'. Кога влегов во театарот слушнав дека ја изведуваат увертирата од „Ифигенија на Авлида". Хм, си помислив дека станува збор за некакво недоразбирање; се прикажува *оваа* Ифигенија! Се изненадив кога го чув почетното анданте на 'Ифигенија на Таврида', а потоа настапи бура. Оттогаш минаа цели дваесет години! Се губи целиот ефект, целата добро смислена експозиција на трагедијата. Тивко море, бура, Грците ги отфрлаат на копното, операта е тука! – Како? Зар композиторот ја напишал операта онака случајно, за да може да се отсвири како да е некаква лесна дувачка пиеса, како што некому ќе му падне на ум?"

„Признавам дека тука е направена грешка. Сепак, луѓето прават сè за да ги воздигнат делата на Глук."

„Ах, да!" рече тој и се насмевнуваше сè погорчливо и погорчливо. Одеднаш скокна и ништо не можеше веќе да го задржи. Вчас исчезна и неколку дена потоа попусто го барав во Тиргартен.

.....

(...)

„Сето ова, господине, го напишав кога се вратив од царството на соништа. Но на профаните им го открив она што е свето и една смрзнувачки студена рака го допре ова пламено срце! Тоа не се скрши; но затоа бев проколнат да се движам меѓу профаните како некој дух на покојник – безобличен, никој да не ме препознае, сè додека сончогледот повторно не ме воздигне до вечноста. – Ха, ајде сега да ја отпееме сцената на Армида!"

И тој ја запеа завршната сцена на Армида со израз што ја трогна мојата душа. И овде забележливо отстапи од вистинскиот оригинал; но неговата изменета музика беше Глуковата сцена со речиси уште поголема моќ. Сè што може во најсилни потези да ги изрази омразата, љубовта, очајот и гневот, тој силно го изрази во тонови. Гласот му прилегаше на млад човек зашто се искачуваше од длабока тапост до пробивна сила. Секоја моја жиличка трепереше – јас бев надвор од себеси. Кога заврши, му се фрлив в прегратки и извикав сепак воздржувајќи се:

„Што е тоа? Кој сте вие?"

Тој стана и ме одмери со сериозен, пробивен поглед; но кога посакав натаму да поставам прашање, тој исчезна од собата сосе кандилото и јас останав во мрак. Минаа

околу петнаесет минути; изгубив надеж дека повторно ќе го видам и се обидов, ориентирајќи се според положбата на пијаното, да ја отворам вратата, кога одеднаш тој влезе во собата во везен, свечен костум, со раскошен елек, со мечот на колкот и со кандилото в рака.

И додека стоев втренчен во него, тој свечено ми пристапи, благо ме фати за рака-та и чудно насмевнувајќи ми се, рече: *„Јас сум витезот Глук!"*

Извадоци од расказот „Витезот Глук"

Прашања и задачи:

1. Кои уметности, покрај литературата, силно го интересирале Хофман?
2. Зошто Хофман се смета за типичен претставник на романтизмот?
3. Кои теми најчесто се појавуваат во неговите дела?
4. Каква улога има фантастиката во творештвото на Хофман?
5. Во кое лице е раскажан расказот и каков ефект има тоа врз читателот?
6. Кој е витезот Глук и зошто неговата појава е таинствена?
7. Кои фантастични елементи се присутни во расказот?
8. Како витезот Глук ја критикува современата музика?
9. Каква улога има раскажувачот во расказот?
10. Во кој извадок е највидливо прикажана осаменоста на уметникот?

Аделберт фон Шамисо

„Јас сум Французин во Германија и Германец во Франција; католик меѓу протестантите, протестант меѓу католиците; филозоф меѓу религиозните..., обичен меѓу учените и перфекционист за обичните работи; Јакобинец меѓу аристократите, а за демократите благородник... Никаде не сум дома."

Шамисо

Биографија



Аделберт фон Шамисо

Аделберт фон Шамисо е германски писател и поет (со француско потекло) од периодот на романтизмот. Роден е во Франција во 1781 година, во замокот Бонкур во Шампањ, но поради Француската револуција бил принуден да ја напушти татковината и да се пресели во Германија. Чувството на изгубениот дом и на неприпадноста што го следело низ животот силно се одразило во неговото литературно творештво.

Покрај литературата, Шамисо се занимавал и со истражување во природните науки, особено во ботаниката, што го вбројува меѓу најобразованите и најразновидни личности на своето време. Тој како научник бил вклучен во откривањето на метагенезата на одредени мекотели, а како филолог учествувал во проучувањето на австралоазиските јазици. Како ботаничар, бил дел од научно патување околу светот (1815 – 1818), при што водел дневник, „Патување околу светот со експедицијата за откривање на Романцов".

Шамисо останал активен во науката до крајот на својот живот, истражувајќи области како што се зоологијата и австралоазиските јазици. Објавените дела на Шамисо биле особено значајни меѓу научниците, заради неговиот посебен запис за историјата на природата на Калифорнија. Тој умрел во Берлин на 57-годишна возраст.

Творештво

Творештвото на Шамисо е разновидно. Пишувал поезија, балади и прозни дела во кои покажал особен интерес за внатрешниот свет на човекот и за неговите морални дилеми. Неговата поезија се одликува со романтичарска чувствителност, размислувања за љубовта, животот и судбината. Посебно е познат по циклусот „Песни на жената", во кој преку женски лирски субјект се прикажуваат различните фази од љубовниот и од брачниот живот. Во 1804 година го основал Нордстернбунд, друштво на берлински романтичари. Од 1807 до 1812 година Шамисо патувал низ Франција и Швајцарија, учествувајќи во литературниот круг на мадам Де Стал.

Шамисо ги напишал циклусот песни „Љубовта и животот на жената", во кои искажува едноставни емоции со сентиментална наивност вообичаена за германските романтичар-

ски стихови од тој период. Познати се и наративните балади и песни, како што се „Награда" и „Сала и Гомес". Најзначајното и најпознато дело на Шамисо е новелата „Чудните доживувања на Петер Шлемил", објавена во 1814 година, која му донела трајно место во европската литература. Приказната за Петер Шлемил уште за време на животот на Шамисо била преведена на повеќе светски јазици.

Интерпретација на „Чудните доживувања на Петер Шлемил"

Делото „Чудните доживувања на Петер Шлемил" е филозофска новела со фантастични елементи, во кое се анализираат длабоки прашања за човековиот идентитет, моралот и смислата на животот. Настаните поврзани со Петер Шлемил, Шамисо ги раскажува во прво лице, што му овозможува на читателот да ги следи внатрешните дилеми на главниот лик и постепено да го согледа неговиот морален развој.

Главниот лик, Петер Шлемил, на почетокот е прикажан како сиромашен, несигурен и наивен млад човек. Тој копнее по подобар живот и општествено прифаќање, но нема доволно самодоверба и животно искуство. Неговата различност предизвикува страв и недоверба, поради што Петер живее во постојана осаменост и немир. Токму поради таа слабост лесно подлегнува на искушението и прифаќа договор со мистериозниот сив човек, не размислувајќи за последиците. Во замена за ќесе што постојано дава злато, Петер ја продава својата сенка, што симболично значи дека се откажува од сопствениот идентитет и моралот.

Откако станува богат, кај Петер се појавува чувство на сигурност и моќ, но тоа брзо исчезнува. Тој открива дека, иако има пари, е отфрлен од луѓето. Живее без сенка, што кај него предизвикува страв и сомневање, па луѓето го избегнуваат. Петер длабоко страда поради осаменоста. Спас бара во љубовта, но и тука доживува разочарување. Жената што ја сака не може да прифати човек без сенка. Петер е напуштен од сите, со што се нагласува неговата трагична положба.

Со текот на времето, главниот лик духовно созрева. Од наивен и слаб, тој станува свесен за сопствената грешка и за вистинската вредност на човековиот морал. Кога сивиот човек повторно се појавува и му нуди да му ја врати сенката во замена за неговата душа, Петер покажува храброст и морална зрелост и ја одбива понудата. Овој чин ја истакнува неговата внатрешна промена – иако изгубил многу, тој не е подготвен целосно да се откаже од човекот во себе.

На крајот, Петер Шлемил се повлекува од општеството и го посветува животот на науката и на природата. Иако останува осамен, тој станува смирен, мудар и духовно исполнет. Неговата судбина покажува дека човек може да ја загуби надворешната среќа, но да ја пронајде внатрешната рамнотежа преку знаење, чесност и самоспознание.

Преку фантастични елементи и алегориска приказна, Шамисо ја критикува општествената средина во која човекот се вреднува според надворешниот изглед и материјалниот успех, а не според моралните вредности. Делото поставува важни прашања за идентитетот, слободата на избор и вистинските животни приоритети.

„Чудните доживувања на Петер Шлемил" е значајно дело на романтизмот и останува актуелно и за современиот читател, бидејќи потсетува дека човекот не смее да се откаже од своето достоинство, без оглед на искушенијата што ги нуди материјалниот свет.

– Но, добога, господине, му го прекинав зборот сѐ уште исплашен, што можам јас да сторам за еден човек кој...

Обајцата молкнавме и, ми се чини, се вцрвивме.

По неколку мига тишина, тој пак проговори:

– За ова кратко време, кога имав среќа да се наоѓам во вашата близина, јас повеќепати – дозволете ми, господине, тоа да ви го кажам – со неискажан восхит ја гледав убавата сенка што ја фрлавте на сонцето. Простете ми за моето малу послободно држење, но дали сте, можеби, склон да ми ја продадете оваа сенка?

Тој замолче, а мене ми се сврти во главата. Што да правам со овој чуден предлог да си ја продадам својата сенка? Тој мора да е луд! И, со изменет глас, што подобро ѝ одговараше на понизноста на неговиот глас, му одговорив вака:

– О-о, добар пријателе, зар не ви е доста вашата сенка? Тоа навистина е сосем чудна трговија...

Тој веднаш ми го прекина зборот:

– Во мојот џеб има нешто што на господинов не ќе му изгледа сосем без вредност. За неговата неоценлива сенка мислам дека и најголемата цена ќе биде мала.

Кожата пак ми се наежи, кога се сетив за таинствениот џеб. И просто не знаев како сум можел овој човек да го наречам „добар пријател". Пак зедов збор и се обидов со голема љубезност да се извинам за оваа недозволена блискост.

– Но, господине, простете му на својот верен слуга. Јас не разбирам добро што мислите. Како можете вие мојата сенка...

Тој пак ме прекина:

– Ве молам само за дозвола, овде на ова место, да ја кренам вашата благодарна сенка и да си ја ставам в џеб. Како тоа ќе го сторам, тоа си е моја грижа. Како доказ за својата благодарност, ќе му дадам на господинов да избира меѓу сите блага што ги носам во џебов: корен поскок и корен мандрагоре, вечна пара и вечен талир, тркалезна шамија на Орландовиот штитоносец, човечуле-врагуле. Но сето тоа не е за вас. Повеќе ќе ве интересира волшебното стапче Фортунатово, добро запазено и поправено, или неисцрпното ќесе, какво што имал и Фортунат...

.....

Невидлив, мојот мачител ме следеше и натаму и ми говореше прекорни зборови:

– Тоа, значи, е благодарност за маката што ја имав цел ден да го лекувам господинов што има слаби нерви. Добро, господине тврдоглавко, само бегајте од мене. Ние сме неразделни, знајте. Вие го имате моето злато, а јас вашата сенка. Тоа на обајцата не ни дава мир. Дали некогаш светот чул дека некој ја напуштил својата сенка?

Мене вашата сенка ме влече по вас, додека пак милостиво не ја примите и не ме ослободите од тој товар. Што сега на лесно срце пропуштивте да сторите, ќе морате после, кога ќе биде доцна, од нерасположеност и од здодевност. Не побегнавте од својата судбина...

Зборуваше постојано со ист глас. Залудно бегав. Тој не попушташе, постојано беше крај мене, потсмешливо зборуваше за златото и за сенката. Не можев да се приберам.

Низ пустите улици се упатив кон својата куќа. Кога се најдов пред неа и ја погледнав, одвај можев да ја познаам. Прозорците беа искршени, а зад нив сè беше мрачно и пусто. Вратата ја најдов заклучена. Од куќата не се слушаше ни глас.

Тој крај мене гласно се насмеа:

– Да, да, така е! Но својот Бендел несомнено ќе го најдете дома. Изморен мораше да отиде дома, па уште не излегува оттаму. Што ќе има тој да ви раскажува! Е, па останете со здравје! Денес ви пожелувам добра ноќ. До скоро видување!

Извадоци од „Чудните доживувања на Петер Шлемил

Прашања и задачи:

1. Кој е Аделберт фон Шамисо и во кој литературен период припаѓа?
2. Кои животни околности влијаеле врз неговото литературно творештво?
3. Во кои литературни видови творел Шамисо?
4. Кој е главниот лик во новелата „Чудните доживувања на Петер Шлемил"?
5. Што му нуди мистериозниот човек на Петер Шлемил и што бара за возврат?
6. Како реагира општеството кон Петер откако тој ја губи сенката?
7. Зошто Петер одбива да ја продаде својата душа?
8. Зошто ова дело се смета за типично романтичарско?
9. Каква порака им праќа Шамисо на читателите преку судбината на главниот лик?
10. Спореди го ликот на Петер Шлемил со други ликови од литературата кои прават „договор" со ѓаволот.
11. Дали денес постојат „сенки" што луѓето ги губат поради успех или пари? Наведи примери.
12. Замисли дека Петер Шлемил живее во денешно време. Што би можел да „продаде" наместо сенката? Напиши краток расказ.

Виктор Иго

Истражи за животот на Виктор Иго и за тоа кои негови дела биле инспирација за екранизација.

Биографија



Виктор Иго

Виктор Иго е еден од најзначајните француски поети и романописци во времето на романтизмот. Тој се родил во 1802 година во семејство на висок офицер во армијата на Наполеон. Во 1841 година станал член на Француската академија и сè повеќе учествувал во политичкиот живот. Неговиот став за општествениот живот се менувал, па во младоста застанал на страната на монархистите, потоа на демократите, во 1848 година се борел на страната на републиканците, а во 1855 година бил принуден да замине во егзил, каде што останал до распадот на Второто Царство. Во 1870 година се вратил во Франција каде што уживал во славата на најголем француски писател.

Творештво

Со драмата „Кромвел", а особено со предговорот кон драмата, што се смета за манифест на романтизмот, Иго бил препознаен како многу значаен писател на 19 век.

Поетската слава ја стекнал со своите лирски збирки „Ориентални песни" и „Есенски лисја". Во неговото творештво се вбројува грандиозниот потфат „Легендата на вековите", замислен како серија песни што би го опфатиле целиот развој на човештвото дотогаш.

Виктор Иго ги напишал и драмите „Еми Робсар", „Марион Делорм", која првин била забранета и цензурирана, затоа што ја критикувала монархијата, „Ернани", потоа „Кралот се забавува", драма која била забранета веднаш по премиерата затоа што го исмејувала француското благородништво. Меѓу познатите и успешни драмски дела на Иго се вбројуваат и „Анџело" и „Руј Блаз", која била прикажана во „Театарот на ренесансата".

Негови познати романи се „Клетници", „Богородичната црква во Париз", „Хан од Исланд", „Последниот ден на човекот кој е осуден на смрт" и други.

Според неговите романи се снимени голем број филмови. Иго се смета за водечка фигура во историјата на француската литература и политиката. Починал на 83-годишна возраст во Париз.

Интерпретација на „Клетници"

„Сè додека по силата на законот и обичаите ќе постојат социјални проклетства, кои вештачки го создаваат пеколот во полното цветање на цивилизацијата, додека човековата кобна предодреденост е посложена од божествената, додека не се решат три проблеми на нашето време: угнетувањето на луѓето кои стануваат пролетери, падот на жената пред гладот, ослабувањето на децата, додека во некои земји не се расчисти социјалната атмосфера, со еден збор, додека сè уште се можни сиромаштијата и незнаењето, ваквите книги не се некорисни."

Виктор Иго

Романот „Клетници" е ремек-дело кое Виктор Иго го напишал во прогонство. Тоа е неговото најпопуларно дело кое му донесе светска слава. Во него, Иго дава слика на своето време.

Главен јунак во романот е **Жан Валжан**. Неговиот живот претставува пат од огорчен и отфрлен човек до благороден, пожртвуван и милосрден. Тој има само дваесет и пет години кога мора да ја замени татковската фигура и да се грижи за издршката на својата сестра и нејзините седум деца. Младоста му поминува во тешка и неблагодарна работа. Зимата е студена и тешка, Жан останува без работа, а тоа значи дека и семејството останува без парче леб. Затоа што не гледа излез од ситуацијата, Жан е принуден да украде векна леб за да ги прехрани внуците. Го судат за *кражба и ноќно обивање во куќа*, за што добива пет години затвор на галија. Размислувајќи за своето дело и за казната што ја добил, тој го осудува општеството за својата несреќна судбина и се заколнува дека при првата можност ќе се пресмета со него. Некогашниот смирен работник станува злосторник.

По 19 годишната робија средбата со епископот Мириел претставува пресвртница во неговиот живот. Добрината и простувањето на епископот ја будат човечноста кај Валжан и тој решава да започне нов живот. Го менува идентитетот и како господин Мадлен, станува успешен индустријалец и градоначалник кој им помага на сиромашните. Неговата најголема борба е судирот меѓу законот и моралот. Додека инспекторот Жавер верува дека човекот засекогаш останува заробен од погрешните дела што ги сторил, Валжан покажува дека човекот може да се промени преку љубов, простување и добрина.

Жан Валжан е симбол на човечката преобразба, искупувањето и победата на добрината над неправдата. Преку неговиот лик Виктор Иго покажува дека ниту едно човечко суштество не е осудено засекогаш поради своето минато.

Фантина е една од најтрагичните женски ликови во романот „Клетници". Таа на десетгодишна возраст го напушта својот град и заминува да служи на околните фарми, а родителите никогаш не ги запознава. Како петнаесетгодишно девојче доаѓа во Париз, со надеж дека ќе си ја најде среќата. Убавата Фантина, колку што може, се труди да ја задржи својата чест, но заслепена од љубовта останува искористена и со уште една грижа повеќе – своето бебе. Оставена сама таа мора да се бори за опстанок и да се грижи за своето дете.

Поради сиромаштијата, таа ја остава Козета кај семејството Тенардје, мислејќи дека тие ќе се грижат за неа. Но, Тенардјеовци ја искористуваат нејзината беспомошност и постојано бараат пари за наводната грижа за детето. За да ги задоволи нивните барања, таа работи напорно и постепено се жртвува себеси. Кога почнува да работи во фабриката на г. Мадлен (Жан Валжан),

таа се обидува да живее чесно и достоинствено. Но, поради неправдата и суровоста на луѓето околу неа, таа е отпуштена. Соочена со сиромаштија и очај, таа е принудена да продава дел од своите лични работи, па дури и својата коса и достоинство, само за да ѝ испраќа пари на Козета.

И покрај страдањата, Фантина никогаш не ја губи најважната особина – мајчинската љубов. Сите нејзини постапки се водени од желбата да ја заштити својата ќерка и да ѝ обезбеди подобар живот. Нејзината трагедија покажува како сиромаштијата и неправедното општество можат да уништат еден невин живот. Фантина е симбол на сите угнетени и заборавени луѓе во општеството. Преку нејзиниот лик Виктор Иго ја критикува неправдата и покажува дека зад секое човечко страдање постои лична трагедија и борба за достоинство.

Гаврош е сиромашно париско дете кое расте на улица, без вистинска родителска грижа и заштита, но и покрај тешкиот живот останува весел, храбар, слободољубив и човечен. Тој е син на Тенардјеовци, луѓе кои се бездушни и себични, па затоа детето е принудено само да се снаоѓа. Наместо дом и сигурност, улицата станува негово прибежиште. Иако живее во сиромаштија, тој не се предава и покажува голема снаодливост и животна енергија. Неговиот лик е спротивност на бедата што го опкружува. Тој е дете без материјално богатство, но со огромно внатрешно богатство. Гаврош има остар ум, духовитост и способност дури и во најтешките моменти да се шегува. Неговата веселост не е знак дека не страда, туку начин да се спротивстави на суровиот свет. Неговиот живот завршува во Јунското востание во Париз кога застанува на страна на востаниците и им собира муниција под непријателскиот оган.

Преку Гаврош, Виктор Иго го прикажува страдањето на децата од сиромашните слоеви, но истовремено ја истакнува нивната храброст, достоинство и сила на духот. Иако е само дете, Гаврош покажува повеќе моралност и човечност од многу возрасни ликови. Тој е симбол на народниот дух, слободата и отпорот против неправдата. Неговиот лик покажува дека дури и во најтешки услови човекот може да остане храбар, добар и достоинствен.

Виктор Иго сметал дека едно општество кое е лошо организирано, какво што било тоа во неговото време, можело да ги преобрази чесните луѓе во криминалци и проститутки, т. е. да ги спушти на најниското општествено скалило.

Интерпретација на „Богородичната црква во Париз“

„Богородичната црква во Париз“ е роман во кој централното место го зазема катедралата Нотр Дам. За да го напише романот, Виктор Иго се инспирирал од зборот „судбина“, што го забележал во еден агол кај ѕвоната и кој опстанал и покрај многуте реставрации и обновувања.

Приказната во романот се плете околу грбавецот Квазимодо, кој бил пронајден како напуштено момче од архиѓаконот Клод Фроло, одгледан и назначен за ѕвонар, при што Квазимодо останал глув од звуците на џиновските ѕвона. Заплетот започнува кога Фроло се вљубува во прекрасната Есмералда, која е, всушност, дете украдено од Циганите (Ромите).

Дејството се одвива во 1482 година во Париз, кога младиот Пјер Гренгоар на својот неуспешен настап се запознава со Есмералда, а притоа вљубениот свештеник Клод Фроло му наредува на Квазимодо да му ја донесе на сила. Капетанот Фебус ја спасува Есмералда, а Квазимодо е уапсен и осуден. Есмералда го сожалува грбавиот Квазимодо, му дава вода, а тој се вљубува во неа. Поради нереализираните планови, свештеникот Фроло го прободува со нож капетанот Фебус, а за тоа е обвинета Есмералда. Квазимодо ја спасува и ја носи во богородичната црква која претставува засолниште за неа. Не знаејќи што се случува, нејзините пријатели ја напаѓаат црквата, а свештеникот и Гренгоар ја изнесуваат и Есмералда оттаму. Во сите овие случувања, Есмералда ја наоѓа својата мајка од која ја украле како бебе, но не успева да побегне од џела-

тите и завршува на бесилка. Квазимодо сфаќа дека сето тоа е дело на свештеникот, го турка од црквата и оди на местото каде што е ставено мртвото тело на Есмералда, за да умре покрај неа.

Овој роман може да се гледа од два аспекта: како мала љубовна приказна со несреќен крај, но и како критика на средниот век (на Црквата). Во центарот на оваа љубовна приказна е Есмералда. Во неа се вљубени Фроло и Квазимодо, а таа е вљубена во капетанот. Според клучните карактеристики, ова дело е типичен роман од романтичарската ера. Романот ги содржи сите особености кои ги воодушевувале романтичарите: исклучително страсни ликови, интересен и сложен заплет, обид да се разбере духот на средниот век, злото и доброто таму каде што не се очекуваат, контрастите на крадците од една страна и државните и црковните власти од друга страна и пред сè, вербата во моќта на сочувството. Иго од своја гледна точка го прикажал фундаменталниот општествен проблем на односот помеѓу слабите и немоќните од една страна и силните и моќните од друга страна, помеѓу угнетените и угнетувачите, помеѓу богатите и сиромашните, помеѓу среќните и несреќните.

Целиот роман се темели на антитеза. Катедралата Нотр Дам, религиска институција и олицетворение на архитектонската убавина, е исполнета со толку грдотии. Фроло, човек со чисто срце, кој поради страста прави многу злосторства. Квазимодо, грбавец и наказа, ја сака Есмералда нежно и искрено, иако знае дека е вљубена во Фебус, кој воопшто не се интересира за неа. Во романот само Есмералда и Квазимодо сакаат со чиста, невина љубов, додека со срцето на другите владее нескротлива страст.

Катедралата Нотр Дам има централно место во романот. Виктор Иго ја обожавал оваа црква, која била толку запуштена во деценииите по Наполеоновите војни, што властите во Париз планирале да ја срушат. Во нејзина чест, Иго го напишал романот „Богородичната црква во Париз". Романот бележел огромни успеси и го свртел вниманието кон оваа средновековна градба, подигнувајќи ја јавната свест за нејзината вредност. Сето тоа резултирало со нејзина обнова и опстанок.



▲ Нотр Дам, Париз

Ликовите во „Богородичната црква во Париз"

Есмералда е млада, убава и наивна девојка. Нејзиното име е Агнес, но откако ја украле Циганите од мајка ѝ, ја крстиле Есмералда. Таа е толку добра што животот однапред ѝ е предодреден на пропаст. Сите ја сакаат и со задоволство ги гледаат нејзините настапи на плоштадот, освен една жена за која на, крајот, се утврдува дека е нејзината мајка. Името го добила по каменот што го носела околу вратот заедно со плетеното чорапче што ѝ останало спомен од мајка ѝ и надежта дека ќе ги најде своите родители.

Квазимодо е ликот околу кој се плете дејството во романот. Неговата внатрешна убавина е голема колку што е одбивна неговата надворешност, што го формира впечатокот за него кај другите луѓе. Тој е роден грбав, слеп и куц. На Фроло му требало многу време и напор да го научи да зборува. На 14-годишна возраст станува ѕвонар. Иако му се единствената љубов, ѕвоната му ја скратуваат и последната можност за комуникација со луѓето, бидејќи поради нив го губи слухот. Оттогаш зборува со самотијата. Квазимодо е жртва на општеството во кое живее. Луѓето

му се смеат, или се подбиваат со него или, пак, се плашат од него, па поради тоа ги замразува. Единствената добрина што ја чувствува е грижата на Фроло за него, па затоа ја извршува секоја негова наредба и насекаде го следи. Квазимодо е најсреќен во црквата. Времето таму најчесто го поминува разговарајќи со статуите, затоа што мисли дека тие се единствените што го разбираат. Иако на почетокот е претставен како зол, откако ќе се вљуби во Есмералда, се гледа неговата вистинска душа. Тој е воодушевен од убавината на Есмералда, ја сака искрено и се грижи за нејзината среќа. Заради неа го изневерува и го убива својот господар, за кого сфаќа дека бил само инструмент во неговите раце. Од верен слуга се претвора во противник на свештеникот. Возвратеното внимание и грижата од Есмералда значи и враќање на самопочитта за Квазимодо. Тој конечно верува во себе и во својата добрина. Кога останува без неа, животот за него веќе нема никаква смисла и одлучува да умре покрај саканата личност.

Клод Фроло е средовечен маж кој станува свештеник поради родителите. Посетува многу училишта, па покрај теологијата учи и медицина. Откако умираат неговите родители, тој мора да стане свештеник, за да се грижи за својот помал брат. Таа грижа и сожалувањето на децата го тераат да го земе „малото чудовиште" Квазимодо. Од таа добрина не очекува ништо друго освен награда од Бог, но не за себе туку за брат му. Тој Фроло го снемува кога ќе се вљуби во Есмералда. Се претвора во старец кој не може да се бори со чувствата кои во него ги буди младата девојка. Својата љубов ја нарекува проклетство. Свесен е колку е обземен од љубовта и не може да се контролира себеси. Полека пропаѓа и прави злодела „во име" на љубовта. Обид за грабнување, за убиство, прекршување на заветот се само дел од работите на кои го тера страста. Толку е очаен што единствениот спас го гледа во нејзиното предавство или смрт. Фроло верува дека сè во животот е судбина и таа му служи како оправдување за постапките.

II (Четврта книга)

КЛОД ФРОЛО

Навистина, Клод Фроло не беше обична личност. По потеклото му припаѓаше на едно од оние средни семејства, што со рамнодушниот јазик на минатиот век се викаа висока буржоазија или мало благородништво. Тоа семејство имаше наследено од браќата Пакле еден имот во Тиршап, што се наоѓаше под париската епископија и чии дваесет и една куќа во тринаесеттиот век беа предмет на многу процеси пред Духовниот суд. Како сопственик на тој имот, Клод Фроло беше еден од *сто четириесет и седумте господари* што ја земаа закупнината од имотите во Париз и од неговите предградија; и во картотеката на манастирот Сен-Мартен-де-Шан долго време можеше да се прочита неговото име во својство на наследник меѓу дворецот Танкарвил, што беше сопственост на господарот Франсоа Ле Ре, и колеџот во Тур.

(...)

IV (Четврта книга)

ПЕСОТ И НЕГОВИОТ ГОСПОДАР

Сепак, постоеше едно човечко суштество кон кое Квазимодо не ја чувствуваше онаа злоба и омраза како кон другите луѓе и кое го сакаше исто толку, а можеби и повеќе од својата катедрала; тоа беше Клод Фроло.

Од проста причина, Клод Фроло го прифати, го посвои, го хранеше, го воспита. Кога беше малечок и кога ќе го нападнеа кучиња и деца, тој обично се криеше околу нозете на Клод Фроло. Тој го научи да зборува, да чита, да пишува. Надокрај, Клод Фроло го постави за ѕвонар. А да му ја дадат големата камбана на Квазимодо, беше исто како да му ја дадат Јулија на Ромео.

Исто така, благодарноста на Квазимодо беше длабока, страсна и беспределна; па иако челото на неговиот господар често беше стушено и сурово, иако неговиот говор обично беше остар, сув и заповеднички, сепак, ни за миг не слабееше благодарноста на Квазимодо. Тој му беше на архиѓаконот најбезропотен роб, најприврзан слуга, најбуден пес. Кога кутриот ѕвонар оглуве, меѓу него и Клод Фроло беше воспоставен еден таинствен јазик со знаци, што го разбираа само тие двајцата. На тој начин архиѓаконот беше единственото човечко суштество со кое Квазимодо можеше да општи. Во светов тој беше врзан само за две работи: Богородичната црква и Клод Фроло.

(...)

V (Четврта книга)

ПРОДОЛЖЕНИЕ ЗА КЛОД ФРОЛО

(...)

Бидејќи уште во младоста Клод Фроло го имаше минато речиси сиот круг на човечките хуманитарни, надворешни и дозволени знаења, беше принуден, ако не сакаше да запре ubi defuit orbis, да тргне понатаму и да бара друга храна за ненаситната дејност на својот разум. На науката особено ѝ прилега античкиот симбол со змијата што се каса за опашката. Се чини дека Клод Фроло го имаше доживеано тоа. Повеќе сериозни личности тврдеа дека тој, откако го исцрпел она fas на човечкото знаење, се осмелил да проникне во nefas. Велат дека со ред ги пробал сите јаболка од дрвото на знаењето и, дали од гладост или од заситеноста, надокрај пробал и од забранетиот плод. Како што веќе видоа нашите читатели, тој учествуваше во теолошките советувања на Сорбона, во собирите на уметниците кај иконата на Сен-Илер, во дискусиите на докторите по канонско право при Сен-Мартен, во конгрегациите на лекарите при Крстилницата богородична, ad cupam Nostrae Dominae; сите дозволени и добри јадења што тие четири големи кујни, наречени четири факултети, можеа да ги зготват и да му ги дадат на еден образован човек, тој лакомо ги изеде и ситоста му дојде пред да го надоли својот глад. Тогаш почна да копа понатаму, подлабоко под таа одредена, реална и ограничена наука; можеби ја стави на коцка својата душа и седна на онаа таинствена трпеза од алхемичари, астролози и херметичари на која во средниот век на еден крај седеле Авероес, Гијом од Париз и Никола Фламел и која продолжува на исток, при светлината на свеќникот со седум гранки, до Соломон, Питагора и Зороастер.

Справедливо или не, така претпоставуваа луѓето.

(...)

II (Деветта книга)

ГРБАВ, ЌОР, КУЦ

(...)

Во таа ќелија Квазимодо ја спушти Есмералда по своето незапирливо и победоносно трчање низ кулите и низ галериите. Во текот на тоа трчање, младата девојка не можеше да си дојде на себе, полузаспана, полубудна, чувствуваше само дека се качува во воздух, дека во него плива, лета, дека ја крева нешто од земјата. Одвреме-навреме ги слушаше громката смеа и заглушливиот глас на Квазимодо и, наполу отворајќи ги очите, матно го гледаше под себе Париз со неговите безбројни покриви од лиска и од ќерамиди, слични на некаков црвено-син мозаик, а над својата глава страшното и весело лице на Квазимодо. Тогаш повторно ги затвораше очите, таа мислеше дека тоа е крајот, дека ја погубиле додека беше замелушена и дека тој грозен дух што ја управуваше нејзината судбина повторно ја зграпчил и ја носи. Не се осмели да го погледне и сосем му се препушти.

(...)

Извадоци од „Богородичната црква во Париз"

Запомни!

Виктор Иго е писател, поет и драмски автор кој се смета за водечка фигура во францускиот романтизам. Во неговите дела се нагласува дуалниот поглед на светот со постојаната борба на доброто и злото.

Прашања и задачи:

1. Кои се најпознатите романи на Виктор Иго?
2. Каква била неговата улога во францускиот политички живот?
3. Какви општествени идеи застапувал во своите дела? 1. Кога се одвива дејството во романот „Богородичната црква во Париз"?
4. Што го инспирирало Виктор Иго да го напише романот?
5. Какво е значењето на катедралата Нотр Дам?
6. Пронајди го делот во кој е даден надворешниот изглед на Есмералда и опиши ја.
7. Пронајди го делот во кој е даден надворешниот изглед на Квазимодо и опиши го.
8. Направи споредба помеѓу Квазимодо и Есмералда од физички и од духовен/емотивен аспект, притоа поврзувајќи ги со другите ликови: Квазимодо со свештеникот, Есмералда со капетанот.
9. Во тетратка напиши неколку антитези од романот „Богородичната црква во Париз".
10. Зошто Клод Фроло сметал дека неговата љубов кон Есмералда е проклетство?
11. Изработи постер за проекција на филм според романот „Богородичната црква во Париз"

Александар Пушкин

Истражи за идеите и за заложбите на декабристичкото движење во Русија.

Биографија



Александар Пушкин

За најзначаен претставник на романтизмот во руската литература се смета Александар Сергеевич Пушкин. Тој е роден во 1799 година во Москва. Потекнувал од благородничко семејство, кое му овозможило приватни учители да се грижат за неговото воспитување. Од нив го научил францускиот јазик на кој читал француска литература, која, пак, влијаела врз оформувањето на неговата личност, како човек и како писател. Неговата дадијарка му ја всадила љубовта кон рускиот фолклор и кон рускиот народ. Во лицејот во Царско Село, во близината на Петроград, се здобил со солидно образование. Како приврзаник на идеите на револуционерното декабристичко движење бил протеран од Петроград, а слободољубивите мисли и непочитувањето на царската власт биле причина за постојан конфликт со власта. Загинал во двобој, во 1837 година, поради наводна љубовна афера на неговата сопруга. Поради стравување на власта од политички демонстрации, погребот на Пушкин бил организиран во тајност.

Творештво

За време на својот краток живот, тој напишал многу дела и се обидел во речиси сите литературни жанрови. Во текот на целиот живот пишувал лирски творби од кои најпознати се „Руслан и Људмила", „Заробеникот од Кавказ", „Фонтаната во Бахчисарај", „Цигани" и други. Најпозната трагедија на Пушкин е „Борис Годунов" и неговите таканаречени „Мали трагедии", особено „Моцарт и Салиери" и „Камениот гостин". Од другите дела на Пушкин кои се значајни во руската и во светската литература се „Повеста на Белкин", „Капетановата ќерка", „Дама пик" и „Евгениј Онегин".

Поезија

Лирски песни

„Мечтател", „Кон неа", „Зимска вечер", „Кон Чадаев", „Село", „Слобода", „Кон морето", „Пророк", „На поетот"

Поеми

„Руслан и Људмила", „Заробеникот од Кавказ", „Фонтаната во Бахчисарај", „Браќата разбојници", „Цигани"

Проза

Романи и раскази

„Евгениј Онегин", „Капетановата ќерка", „Повеста на Белкин"

Сказни

„Сказна за рибарот и рипката", „Сказна за мртвата принцеза"

Драма

„Борис Годунов", „Камениот гостин", „Моцарт и Салиери"

Интерпретација на „Евгениј Онегин"

„Евгениј Онегин" е роман во стихови. За оваа форма е карактеристично тоа што се мешаат епското и лирското (приказна со ликови која е предадена во стихови). Структурно, романот е составен од осум пеења со различен број песни. Во овој роман, Пушкин ја создал таканаречената **онегинска строфа**, составена од 14 стиха. Заплетот на овој прилично обемен роман – содржи повеќе од 5 600 стихови – е многу едноставен и е еден вид модел на романтичен роман, популарен во високата литература. Насловниот лик, млад петроградец, наследува голем имот, но наскоро му здосадува модерниот живот во метрополата и оди на село. Дејството се одвива во дваесеттите години на 19 век во Петроград, во руско село и во Москва. Нарацијата е хронолошка со паралелни сижејни линии кои ги реализира сезнаен и персонален наратор. Основна тематска линија е љубовта која се надополнува со претставување на животот во Русија (во градската и во селската средина), индивидуалната отуѓеност и емоционалната и моралната трансформација на ликовите. Љубовта во ова дело е претставена преку добропознатото мото „Не играј си со љубовта" и преку конструкцијата на заплетот според шемата: „Кога ме сака, јас не ја сакам, а кога ја сакам, таа не ме сака".

Романот започнува со биографијата на Евгениј Онегин, модерен млад човек кој живее удобен аристократски живот исполнет со балови и дружби со видно и угледно друштво. Таквиот живот брзо му здосадува, па незадоволен решава да се пресели на село, на имотот што го наследува од неговиот вујко. Таму се запознава и се зближува со соседот, Владимир Ленски. Тој е човек кој во животот се води од законот на срцето и е вљубен во Олга, една од двете сестри кои живеат на соседниот имот. По средбата на Онегин со Олга и со Татјана, Татјана на прв поглед се вљубува во Онегин и решава да му напише писмо во кое ќе му ја искаже својата љубов. Евгениј, иако ја сака Татјана, сепак ѝ вели дека не може да биде со неа бидејќи не верува во вечна љубов. Наспроти тагата на Татјана, Олга ужива во среќната љубов со Ленски. Онегин повторно му се препушта на безделничкиот живот и на здодевноста, очекувајќи да му ја разбие некаков нов прием. За разлика од него, Татјана е обземена од своите сништа и нивните претскажувања. Татјана ја подготвува прославата на именденот. На приемот, Онегин со непромислени комплименти и внимание ѝ дава лажна надеж на Татјана. Тој си поигрува со чувствата на Татјана која е тажна и страда, а Ленски, воочувајќи ја ситуацијата ја кани на танц. Онегин, иако смета дека на еден заводник како него не му доликува да се вљуби, сепак глетката што е пред него не му е пријатна, па ја поканува Олга со која ќе танцува и ќе ѝ се додворува, преминувајќи ги границите на пристојното однесување. Тогаш Ленски избувнува и го предизвикува на двобој. И покрај тоа што Олга му ја потврдува љубовта, сепак Ленски во името на честа го одржува дадениот збор. Онегин го убива Ленски погодувајќи го право во срцето, а потоа го напушта селото и се враќа во градот.

Кусо време по смртта на Ленски, Олга се мажи за еден офицер со кој заминува да живее во друг град и се разделува од Татјана. Таа останува сама и единствени пријатели ѝ се кни-

гите на Онегин преку кои, на некој начин, се запознава со него и ја разбира неговата душа. Татјана се мажи за кнез во Москва. На прием кој го организира нејзиниот сопруг, таа се среќава со Евгениј. На средбата, Татјана не покажува никакви емоции, а кај Онегин се разгорува потиснатиот љубовен оган и тој страда. Ѝ пишува љубовно писмо на кое не добива одговор, па ненајавено оди во посета кај Татјана и ја наоѓа како плаче читајќи го неговото писмо, ја моли за прошка, но Татјана му останува верна на својот сопруг, иако Онегин сè уште е во нејзиното срце.

Говорот на нараторот даден во прво лице е испреплетен со говорот на индивидуалните ликови, што овозможува воведување живописни описи, разновидни размислувања и сеќавања од митологијата и од литературата. Во основата, предавството на Онегин и неговата емоционална незрелост се насликани пејзажно.

Ликовите во „Евгениј Онегин"

Евгениј Онегин е роден во Петроград на Нева и потекнува од средноимотно благороднички семејство. Поради честите балови кои ги приредува татко му, семејството пропаѓа финансиски, па за да остане во елитното друштво мора да се задолжува. Онегин има површно образование кое не му дозволува да се занимава со некаква сериозна работа, туку му служи како подготовка за успех во салонско-балскиот живот. Тој е благородник, интелектуалец без работни навики. Неговото секојдневие се одвива според утврден редослед: престој во работната соба, ручек, театар, балови. Во работната соба, наместо да работи се дотерува, во театарот не ја гледа претставата, туку дамите и нивниот изглед, и не може да дочека да заврши претставата бидејќи брза да се пресоблече за бал. Презаситен од животот, разочаран од љубовта, ја напушта градската средина со надеж дека ќе живее поинаку. Но, тој во селото се однесува надмено кон соседите, не ја почитува женската личност, туку е донжуански тип љубовник, без искрени чувства кон девојките. Си поигрува со чувствата на Татјана и на Олга. Не ѝ одговара на Татјана поради неподготвеноста да ја изгуби слободата и да ги прифати брачните обврски.

Татјана Ларина е селска госпоѓица. Таа расте и духовно се развива во здрава селска средина во која владее патријархалниот начин на живот. Своето образование го стекнува читајќи книги и слушајќи ги приказните од нејзината дадијарка. Ужива во природата и во селскиот живот. Таа е опседната со толкување соништа, но и силно верува во љубовта, честа и достоинството. И покрај тоа што е свесна дека постапува спротивно од правилата, сепак ја изразува љубовта кон Онегин. Младоста, наивноста, првата љубов и разочарувањето од неа силно влијаат врз Татјана која е разочарана, тажна, осамена. И покрај љубовта што ја чувствува, таа достоинствено го одбива Онегин бидејќи сега е мажена, одговорна и стабилна жена која се грижи за сопствениот углед и за угледот на сопругот. Заминувањето во Москва не ја менува, па и покрај тоа што станува видна и богата дама, останува верна на претходните селски симпатии и носталгии.

Олга е сестра на Татјана и е нејзина спротивност. Таа е девојка која сака удобен живот исполнет со смеа и забава и со убава облека. Надворешно е убава и атрактивна, но во душата е празна. На сè во животот гледа површно, па и на љубовта, бидејќи таа за неа претставува игра. Иако му ја потврдува љубовта на Ленски, сепак не ѝ пречи да кокетира со Онегин и да ја предизвика несреќата. Олга за кусо време ја заборава својата „голема" љубов и се мажи.

Владимир Ленски е млад поет, син на селски спахија кој студира во Германија. Со Онегин дебатира на теми од науката, за доброто и злото, за предрасудите, за животот и смртта и за актуелни теми за кои се дискутира во руските интелектуални кругови. Ги чита Шилер и Гете и е во постојан поетски занес. За него, животот е тајна која може да му донесе чуда. Верува во сродни души и во пријателството, а со Олга го зближуваат разговорите во кои заедно го критикуваат селскиот спахиски живот. Во суштината, Ленски не се познава себеси, ниту, пак, животот бидејќи се вљубува во површната Олга без да забележи дека Татјана е неговата сродна душа. Противречностите со карактерот на Онегин, Ленски го доведуваат до двобој и до смрт.

Глава прва

XXIV

И јас ви давам (дал' ќе оди?)
на кабинетот опис мал,
кај воспитаникот на моди
облеката ја менувал!
И, сè што Лондон, градот бучен
кој на разонода е учен,
по бранот балтички в конвој
ни носи нам за дрво, лој,
и сè што Париз, вкусот гладен
кој одбрал занает за сè,
измислувајќи што ли нè,
за тој, за раскош што е страден –
со сè се краси овој кат
чиј стопан филозоф е млад.

XXVI

Ви паѓа погледот вам веднаш
врз новиот му тоалет...
Што носеше – јас уште еднаш
би изредил пред учен свет.
Знам, смело ќе е да го сторам,
но како писател – ќе морам.
На руски нема зборов знак
за pantalpon, gilet, за frac...
Но гледам, крив сум, и се корам
што толку беден, мојов стил
преисполнет и шарен бил
со туѓи зборови! Но творам
и еднашка сум зирнал зар
в „Академическиј словар"?

Глава осма

XXX

Но, без сомнение: Онегин
ко дете вљубен и со блен
во spleen-от љубовен тој сега
поминува и ноќ и ден.
Без трошка страв од таа совест
под прозорец Татјанин снове
и секој ден е таму сам.
Ко сенка трча – гори в плам
и пресреќен, пред толпа цела,
тој крзно ѝ наметнува
и погледот засветнува
од допирот на рака врела.
Ги враќа назад слугите,
ѝ држи шал пред другите...

XLV

Јас плачам... Ако за Татјана
спомените се јавиле –
слушајте ме: јас сè што стана,
сè што сте ми направиле
– но кога би се могло, јасно –
би претпочитала пред страсва,
пред тие писма и тој плач.
Та тогаш барем еден лач
на почитување се роди:
кон мојте мечти, младост, страст...
А сега?... што ве води вас
пред тие нозе?... Не ни оди:
со такво срце, ум и сè,
на ситно чувство роб да сте!

Извадоци од „Евгениј Онегин"

Запомни!

Александар Пушкин е прв поет кој ги изразил идеите на револуционерниот романтизам и ги поставил темелите на руската литература. Тој е основоположник на модерната поезија, на романот во стихови и на рускиот литературен јазик. Пушкин е првиот што ги отфрлил странските литературни примери и создал оригинална руска литература во која ги опишал трагиката на рускиот човек и неговите чувства, мисли и расположби. Иако претставник на романтизмот, неговите творби навлегуваат во реализмот според начинот на претставувањето и описите.



„Онегин" (1999), филмска адаптација



„Евгениј Онегин", опера на Петар Илич Чајковски

Прашања и задачи:

1. Кои биографски податоци го поврзуваат Пушкин со белезите на романтизмот?
2. Опиши го животот во руското село претставено во романот „Евгениј Онегин".
3. Направи споредба помеѓу ликот на Татјана и на Онегин.
4. Опиши ја работната соба на Онегин.
5. Преку кои описи во романот се отсликува отуѓеноста на благородниците од руската традиција?
6. Направи паралела како нараторот и Онегин гледаат на местата каде што се движи Онегин.
7. Прочитај го писмото кое Татјана му го испраќа на Онегин и посочи ги нејзините чувства и размислувања.
8. Издели ги романтичарските елементи во романот.
9. Коментирај го односот Татјана – Онегин – Ленски.
10. Опиши ја трансформацијата на Онегин.
11. Кој од ликовите е алтер его на Пушкин?
12. Со која постапка Татјана го заслужила епитетот „идеална руска жена"?
13. Пронајди ги деловите од романот во кои се опишани Татјана и Олга и направи споредба.
14. Направи споредба на ликот на Евгениј Онегин и на Чајлд Харолд.
15. Напиши есеј на тема: Типичниот романтичарски лик во потрага по себеси.
16. Истражувај кои дела од Пушкин се искористени за сценска изведба.

Михаил Лермонтов

„Не, не сум Бајрон, јас сум друг,
уште непознат избраник,
како и тој, од светот подгонет патник,
само со руска душа."

Лермонтов



Михаил Лермонтов

Биографија

Михаил Јурјевич Лермонтов е еден од најзначајните руски поети и писатели од 19 век и еден од главните претставници на рускиот романтизам. Тој се родил во 1814 година во Москва, во осиромашено благородничко семејство. По раната смрт на мајка му, растел под грижата на баба му, која му обезбедила добро образование, но и строго воспитување. Уште од млада возраст покажувал талент за уметност, особено за поезија, а бил запознаен и со европската романтичарска литература, која значително влијаела врз неговиот стил. До својата тринаесетта година успеал темелно да се запознае со францускиот, англискиот и со германскиот јазик. Лермонтов ја завршил Градската воена академија во Петроград. Иако живеел само 27 години, неговото дело е обемно, длабоко и со трајно значење. Тој загинал трагично во двобој во 1841 година.

Пресуден момент во неговиот живот била смртта на Пушкин, по која ја напишал песната „Смртта на поетот". Во неа остро ја осудувал руската аристократија и општествената неправда, поради што бил прогонет на Кавказ. Престојот на Кавказ станал важен извор на инспирација и силно се одразил во неговите дела преку мотивите на дивата природа, слободата и судирот меѓу човекот и општеството.

Творештво

Творештвото на Лермонтов се одликува со силна емоционалност, бунтовен дух и чувство на длабок внатрешен немир. Во неговите дела доминира ликот на осамен и разочаран поединец кој не може да се приспособи на општествените норми. Во творештвото на Лермонтов најчести мотиви се: револтот кон претставниците на повисокиот општествен слој, борбата против злото, култот кон природата, судирот меѓу доброто и злото. Доминантни теми се: слободата, љубовта, судбината, смртта и конфликтот меѓу личните идеали и реалноста.

Неговото најзначајно прозно дело е романот „Херој на нашето време", во кој преку ликот на Печорин го прикажува „излишниот човек" во руското општество. Покрај романот, значајни се и поемите „Демонот" и „Мцири", како и многубројните лирски песни во кои се изразени интимни чувства и филозофски размислувања.

Поезија

Поеми, повести во стихови

„Сашка", „Демонот", „Исмаил бег", „Мцири"

Проза

„Ашик Кериб", „Вадим", „Херој на нашето време"

Драма

„Маскарада", „Чуден човек", „Луѓе и страсти"

Песните со љубовен мотив во поезијата на Лермонтов се исполнети со чувство на измамени надежи, на измамена љубов, љубов кон природата, љубов кон Кавказ, страст. Љубовта во Лермонтовата лирика не е само миг на сладострастен грч. Љубовта кон жената е чувство кое е неминливо и вечно за човекот. Жената е храм кој и кога е срушен, останува свет. Неостварената љубов е карактеристична за Лермонтовата лирика, од која се наметнуваат мотивите на трагично талкање, безуспешно трагање по љубов и разбирање.

Интерпретација на песните „Смртта на поетот" и „Сон"

Голем број од Лермонтовите песни за време на своето создавање имале политичко значење. Најпозната меѓу нив е песната што ја напишал по повод смртта на Пушкин, во 1837 година. Централно место во неговата поезија зазема токму песната „Смртта на поетот", за која го „заработил" и првото прогонство во Кавказ. Иако Лермонтов не се познавал лично со Пушкин, тој сепак ги ценел неговите генијални творби.

Во изразите кои се исполнети со длабоки чувства, Лермонтов високо го оценува Пушкин како генијален поет, го црта грдиот лик на убиецот, ја повикува јавноста да даде мислење за вината за Пушкиновата смрт.

Во песната „Сон", Лермонтов ја прикажува трагичната судбина на поетот и на човекот како целина, користејќи го мотивот на сонот како граница меѓу животот и смртта. Лирскиот субјект е во далечна земја и е смртно ранет, а сонот му овозможува да ја доживее сопствената смрт.

„Лежев сам во долот од судбата тратен;
Наоколу круг од карпи збити виснал,
се истура врз ридјата сјајот златен,
а пак мене мртовечки сон ме стиснал."

Песната создава тивка, мрачна атмосфера, исполнета со чувство на осаменост и предодреденост, што ја прави особено драматична. Женскиот лик кој се јавува во сонот како сведок

на неговата смрт го нагласува судбинскиот и трагичен карактер на љубовта, која е нераздел-но поврзана со страдањето.

„Само една од нив се чинеше страда
и седеше сама со ликата блага,
Господ само знае што сонеше, млада,
нејзината душа втоната во тага."

Во оваа песна, Лермонтов го истакнува чувството на неизбежност од смртта и човечката немоќ пред неа, како и личниот поетски немир кој се поврзува со неговото претчувство за сопствената трагична судбина.

Смртта на поетот

На честа роб, поетот падна
од лагите на толпа бедна;
Со куршум в гради глава страдна
во жед одмаздничка тој сведна!...
Не можеше со срце свето
да гледа подлост, срам,
го крена гласот против светот
и падна... како преѓе сам.
Падна, и чуму солзи празни,
рој фалби, да се скрие вината,
и оправдување што дразни?
Го стори своето судбината!
О, не го гоневте ли вие
со злоба дарот негов стамен
и дувавте со отров скриен
во огнот одвај сал што стишал пламен?
Со радост сега пејте гнасна...
Од рани глава тој не крена;
Ко факел генијот му згасна
и, свечен, венецот свет свена.

Убиецот со совест ладна
нанишани и згрме така,
и погоден поетот падна,
не трепна пиштолот во рака.

И што е чудно тука? В небичас,
ко сите в дните што се влечат
по лов на чинови и среќа,
го свлече него судбата кај нас;
Ја презре, без да знае цена?
Земјата што сѐ му дава,
не штедејќи ѝ име, слава;
Не сфати со скудната глава
на кого рака крвава тој крена!...

И падна тој, во гробот спие
ко оној пејач мил и стамен
од чиста ревност бој што бие,
ко него убиен од подлец срамен.

Зошто од дружбата мила, во спокојот вглобен,
тој замина в светот завидлив и злобен
што не сака срца слободни и сон од страсти сплетен,
зошто на клеветникот му рака стегна,
зошто на ласките и лагата им подлегна,
тој што луѓето ги спозна како дете?...

Венец трнлив завиткан со лаври, о сурово дело,
му ставија тие на местото од венецот прежен
и крваво беше неговото чело
од бодежот ни најмалку нежен;
Последниот миг му беше до врв полн со отров леден
од шепотот подол на глупците сразен
и умре за одмазда залудно тој жеден,
со мислата дека сонот му е згазен.
Во молк се сега сите песни,
со звуци чудесни не ечат
и поетот во гроб се стеснил,
на устата со печат.
———————
А вие, потомци на пизма
и татковци по подлост што се знајни,
што згазнавте сурово со ропска чизма
врз името на племиња несреќни и сјајни!
вие, лаком џган што стои покрај тронот,
Слобода, Гениј, Слава, сѐ што столчи!
Вие стаени под стреа на законот,
сѐ, и суд и правда пред вас молчи!...

Но има божји суд, на развратот чеда,
недостапен за златото што сјае,
и тој е страшен и ве гледа,
тој однапред и мислите и делата ги знае.
Со клевети тогаш ќе се послужите вие;
но попусто ќе сте груби
и нема крвта ваша црна да ја доизмие
крвта на поетот правдољубив!

СОН

Среде жега пладневна, со куршум в гради,
лежев во Дагестан под сонце што пече;
Длабоката рана како облак чади,
и капка по капка крв од неа тече.

Лежев сам во долот од судбата тратен;
Наоколу круг од карпи збити виснал,
се истура врз ридјата сјајот златен,
а пак мене мртовечки сон ме стиснал.

Сонев смаен покрај огнови што горат
гозба в крајот роден среде тивка вечер,
и на неа жени за мене што зборат,
сите ведри и овенчани со цвеќе.

Само една од нив се чинеше страда
и седеше сама со ликата блага,
Господ само знае што сонеше, млада,
нејзината душа втоната во тага.

Го сонеше таа, со куршум во гради,
трупот знаен во Дагестан легнат в долот;
Длабоката рана црнее и чади,
и тече во капки крвта сосе болот.

Интерпретација на поемата „Демонот“

Од дамнина постои мит за бунтот на еден дел од ангелите против Бога, под водство на врховниот ангел. Исфрлен од небото, тој не запира во борбата со Бога. Тој ги наведува луѓето на непокорност кон Бога, им влева сомневање за неговата добрина поради што бидува прогонет од рајот.

Митот за бунтот на гордиот ангел го користеле многу автори, меѓу кои и Бајрон. Лермонтовиот Демон е близок со Бајроновиот Луцифер. Нарекувајќи го својот демон „дух на сознанието и на сомневањето", Лермонтов му дава голем ум и нескротлива гордост.

Приказната во „Демонот" е романтична: за духот зол што ја сретнува младата Тамара, свршеница на синот на кнезот, кој го води во погибел нејзиниот сакан за да ѝ се доближи на прекрасната жена, што ја усмртува со својата демонска љубов. Тој ја мами сладосно, тајно, низ пискотот на нејзината крв. Немирот што Тамара го чувствува во себе е голем. Таа ќе сака да избега од него, облекувајќи црна риза, но не може да избега од себеси.

Поемата „Демонот" е врвно достигнување на Лермонтов. Лирскиот елемент е силен, изразните средства достигнуваат совршенство, пејзажите се неповторливи, а емоциите на поетот се провлекуваат како нишки низ целиот сплет од стихови.

Прашања и задачи:

1. Од што се состои литературното творештво на Лермонтов?
2. Кои мотиви се среќаваат во поезијата на Лермонтов?
3. Истражи како престојот на Лермонтов во Кавказ влијаел врз неговата лирика.

Едгар Алан По

Истражи за љубовта на Едгар Алан По кон саканата и за неговиот живот по нејзината смрт.

Биографија

Едгар Алан По е роден во Бостон, во 1809 година, во семејство на уметници кои умреле млади. Во 1815 година бил посвоен од трговец од Ричмонд со кој заминал во Англија, каде што завршил колеџ. Се вратил во Ричмонд со намера да студира на Универзитетот во Вирџинија. Бил понесен од идејата да учествува во Граѓанската војна во Грција, но наместо тоа, ѝ се приклучил на армијата. Се запишал на Воената академија во Вест Поинт, но поради несоодветно однесување бил отпуштен. Се заинтересирал за литературата и почнал да пишува поезија и да работи како новинар во неколку списанија. Освоената награда за расказот „Ракопис најден во шише" ја поттикнала неговата литературна кариера. Се вљубил во својата прва братучетка, Вирџинија, со која тајно се венчал. Таа во 1847 година умрела од туберколоза, а По западнал во тешка психолошка криза, доживеал нервен слом и размислувал за самоубиство. Ова бил најтешкиот период во животот на Едгар Алан По. Умрел во 1849 година во Балтимор.



▲ Едгар Алан По

Творештво

Едгар Алан По пишувал поезија и проза. Тој стекнал најширока популарност и светска слава со посебниот вид кратки раскази. Со неговата поетска имагинација, изразувајќи ја психичката стварност преку симболи, тој се смета (заедно со Бодлер и со Рембо) за претходник на симболизмот. Многубројни историчари на литературата и критичари ја сместуваат неговата поезија во врвните литературни дела. Кратките раскази (напишал околу седумдесет) ги објавил во двотомната збирка „Гротески и арабески". Овие раскази се модел на денешните популарни хорор- и криминалистички приказни. Во прозата доминираат раскази со детективска содржина и научно-фантастични елементи. Расказите се исполнети со страв, ужас, мистика, смрт, филозофски размислувања, а ликовите се чудни и замислени. Тие го претставуваат човекот како играчка на судбината и ја расветлуваат мрачната страна на човековата душа. Поезијата на По, пак, е напишана во духот на романтичарските начела за совршенство. Во неа се застапени мотивите на мистериозното, полусвесното, а доминантна тема е смртта. Најпозната лирска песна на По е „Гарванот". Покрај расказите, По го напишал и авантуристичко-фантастичниот роман „Авантурите на Артур Гордон Пим". Генерално, поетиката на По изобилува со бизарна соновна фантазија и со лудило.

Поезија

„Тамерлан и други песни", „Гарванот и други песни", „Ѕвона"

Проза

„Гротески и арабески", „Авантурите на Артур Гордон Пим"

Интерпретација на „Гарванот"

Создавањето на „Гарванот" Е. А. По го појаснува во есејот „Филозофија на композицијата". Тој во него објаснува дека најтажната тема е смртта, а најпоетичната е жената. Така, „кога смртта ќе се поврзе со убавината" се добива најпоетичната тема „смртта на убавата жена".

Преранатa смрт на неговата сопруга, Вирџинија, го инспирирала Едгар Алан По да ја напише својата најпозната творба. „Гарванот" е елегична лирска песна во дијалошка форма. Структурно е составена од 18 строфи со по шест стиха, а секоја од нив завршува со звучно обоен рефрен. Во неа е претставен настан во кој на полноќ, лирскиот субјект има средба со ненадеен и непоканет гостин – птица. Гавранот (гарванот) во песната претставува симбол на несреќа, навестување на нешто лошо и смрт. Во фолклорот, се верува дека гавранот е единствената птица која може да оди во светот на мртвите и да донесе порака оттаму. Основен мотив во песната е тагата поради смртта на саканата Ленора. Песната започнува со прозаичен опис на состојбата во која се наоѓа лирскиот субјект. Уште во првите стихови се чувствува атмосферата, мрачна и злокобна, која ќе биде присутна до крајот на песната. Во експозицијата ни е претставен лирскиот субјект кој во декемвриска вечер, осамен и депресивен разговара со книгите од кои очекува спас за болката што ја чувствува поради смртта на саканата. Неговиот спокој го нарушува тропањето на прозорецот и појавата на неканетиот гостин, гавранот, со кој лирскиот субјект започнува разговор. Тој ја опишува птицата (полна со очај, смела и злобна), а нејзиниот поглед го чувствува длабоко во срцето. И покрај тоа што се обидува да го истера гавранот од собата и да живее со мислите за Ленора, сепак напорот е безнадежен. Јачината на болката уште повеќе се зголемува од нејзиниот одговор, кој му ја убива и последната капка надеж дека некогаш ќе ја види саканата.

Песната е халуцинантна визија реализирана низ персонификација што ги потврдува болката и скршеноста на духот на лирскиот субјект. Птицата е неговото потсвесно, второ јас. Дијалогот со птицата претставува дијалог со самиот себе, со растргнатата душа. Песната е мелодична и ритмички совршено обликувана преку стиховите со ист број слогови, рефренот и ефектот на гракање кој е доминантен во исказот на гавранот – „Nevermore" (Никогаш веќе).



Бронзена статуа на Едгард Алан По во Бостон, Масачусетс (САД)

Гарванот

Еднаш, среде полноќ една, покрај стари книги седнат,
дури водев в соба бледна со тајната ука спор,
дури дремлив тонев в скука, зачув некој тропнеж тука,
зачув некој како чука на портата однадвор.
„Некој гостин" – реков – „чука однадвор!"
Тоа сал и ниту збор.

Ах, си спомнам, многу јасно: в декемвриска вечер касна,
жарта в пепелта што згасна го засени мојот взор.
Жедно утрото го пекав; од книгите штуро чекав
спас од болот што ме штрека, бол по еден редок збор,
збор Ленора, свидна мома, тој ангелски убав створ,
Таа вечна неизгор.

А завесата од свила, в пурпур сета што се слила,
грозен шум во себе скрила. На ужас се чиниш створ!
Па срцето дури бие, јас го молам да се свие:
„Некој гост е што се крие пред портата однадвор –
доцен гост е што се крие пред портата однадвор" –
Тоа сал и ниту збор!

Веднаш срдито се вденав, мигум својот глас го кренав:
„Човек ли сте или жена, простете е мојот збор;
врз клепкиве дремка стежна, а пак вие в ноќва мрежна
тропнавте со усет нежна на вратата однадвор" –
тоа реков, порти ширум отворив и пратив взор –
Надвор мрак и ниту збор!

Длабоко во мракот страшен долго стоев втренчен, вџашен,
сонувајќи сон незнаен ни на еден смртен створ;
Спокој секаде се свлече, мирнотија в ноќта тече,
збор единствен што се рече беше тажен, шепнат збор,
збор, Ленора, што низ ехо се врати в одговор.
Тоа сал и ниту збор.

В собата штом дојдов назад, сетив: морници ме лазат,
зачув некој како чука пак со удар тап и спор.
Па си реков: „Дај, ќе идам до прозорецот, да видам,
треба сигурен да бидам таен ли е некој створ!
Да се смирам сал за малку од тропнежот однадвор"
Вон сал ветер развигор.

Пансурите штом ги турнав, преку мене нешто јурна,
низ прозорецот се втурна Гарван горд до темен взор.
Ни да климне глава само, ни да запре в таа штама,
но со лик на лорд ил' дама ко што дојде однадвор,
врз бистата на Палада, над вратата, овој створ
претна, седна и ни збор!

И со таа птица света, што пред малку тука слета
одважна и строга сета, почнав чуден разговор:
„Бувка немаш да се реси, сепак плашлива ти не си,
грозно, страшно сениште си, Брегот ноќен ти е двор –
речи, какво име носиш в Плутоновиот ти хор?"
Тој сал гракна: „Nevermore!"

Станав плен на почудица, кога таа грда птица
ја чув како зборна в мракот сосем јасен одговор!
Никој смртен жив створ вака, среде глува ноќна мрака,
не чул птица да му грака и да му праќа огнен взор –
птица или друга лишка да му праќа огнен взор
со збор еден: „Nevermore!"

Гарванот, штом седна таму, еден збор тој гракна само
в душа божем тој збор може сам да начне разговор.
Друго појќе ни да каже, ни да пафне пердув влажен,
дур' не сронив мрмор тажен: „Осамен сум долго створ.
И ти како мојта Надеж исчезнат ќе бидеш створ!"
Тој сал гракна: „Nevermore!"

Изненаден, мигнум трепнав, од одветот негов сепнат,
„Сомневање нема", шепнав, „Сѐ е тоа празен збор".
Од несреќен стопан сметен, кого пропаст го сплете
и го следи уште, ете, до песните преумор,
тажачките песни, припев на Надежта непрегор
од вечното: „Nevermore!"

Но Гарванот грак што сронi, макар тажен, в смев ме гони,
па на столот седнав сонлив со втренчен во него взор;
Врз кадифе глава веднам, но ми тежи мисла една,
мисла тажна, мисла бледна: кој е овој зловест створ?
Овој кобен страшен хишник каков ли е судботвор
со своето: „Nevermore!"

В плен на такви мисли седев, птицата со глед ја следев,
без да речам ниту еден, дури ниту еден збор;
В плен на такви мисли вивнат, понабргу потем стивнав
и врз кадифе да здивнам, се отпуштив нем и спор,
врз кадифето кај Она нема веќе ко жив створ
пак да седне, „Nevermore!“

Одненадеж, ми се чини, мирис воздухот да прими
божем крилни серафими кадат тамјан беспрекор;
„Страдалнику“, реков тогај, „Ова дар ти е од бога;
по ангели тој ти прати мир и непент којшто мати.
Испиј го и тогај мора да ја заборавиш Ленора!“
Грак се слушна: „Nevermore!“

„Пророку!“, му реков право, „Птица ли си или ѓавол!
Сеедно е кој те пратил! Сотона ли, друг ли створ!
Полн со очај, смел ил’ злобен, дојден ваму в крајов кобен,
в дом кај што цари ужас гробен, дај ми искрен одговор:
речи, дали Гилеада има цер за тој што страда?“
Тој сал гракна: „Nevermore!“

„Пророку!“, му реков право, „Птица ли си или ѓавол!
Те колнам во тој што в светот владее над секој створ,
речи ѝ на мојва душа, која јадови ја гушат,
дали повторно ќе ја гушка Ленора со љубен вор?
Дали пак во далек Еден ќе прегрне свиден створ?“
Тој сал гракна: „Nevermore!“

Нека биде тој збор сега збор разделбен, а не шега,
птицо или враже, бегај в Плутоновиот ти двор!
Не оставај пердув траги, спомени од твојте лаги,
остави ме в мисли драги, престани со твојот збор!
Од срцево извади го клунот свој, тој клун на нор!
Грак се слушна: „Nevermore!“

А Гарванот ни да претне, ниту пак за миг да летне
од бистата на Палада, туку како кобник створ
над вратата бдее, молчи, со поспани демон-очи,
и врз подот сенка дрочи, без да гракне ниту збор;
и врз таа сенка – темна, душава, знам, веќе нема,
да се крене. „Nevermore!“

препев: Гане Тодоровски

Интерпретација на расказот „Украденото писмо"

Во центарот на приказната во расказот „Украденото писмо" е човечката способност да го согледа очигледното. Преку ликот на Огист Дипен, По го истакнува значењето на анализата на човековата мисла. Дипен не доаѓа до решението со физичко пребарување или со технички методи, туку со разбирање на умот на противникот. Тој се става на местото на министерот Д. и заклучува дека интелигентен човек нема да скрие важен предмет на сложен начин, туку токму обратно – ќе го изложи на видно место, знаејќи дека никој нема да го воочи. Така, решението произлегува од способноста да се мисли „како другиот", а не со слепо следење на правилата. Полицијата е институција задолжена за истрага. Иако истрагата е темелна и упорна, сепак полицијата е заробена во протоколи, при што не успева да ја надмине сопствената методичност. Преку дејството на полицијата, По сугерира дека знаењето без имагинација и интуиција е недоволно, особено кога станува збор за сложени човечки ситуации. Со овој расказ, По ги критикува општеството и институциите кои се потпираат само на формални процедури. Украденото писмо има силна симболична функција. Содржината на писмото останува непозната, што покажува дека неговата вредност не е во информацијата сама по себе, туку во моќта што таа ја носи. Писмото станува средство за уцена и контрола, симбол на скриената моќ што произлегува од поседувањето тајна. Со тоа, По укажува дека во општеството често не владее оној што има сила, туку оној што има информации. Раскажувачот е сведок, но не и рамноправен учесник во аналитичкиот процес, што го поставува во иста позиција со читателот – вистината се открива дури кога Дипен ќе ја објасни. Овој наративен избор ја нагласува идејата дека вистинското разбирање доаѓа дури по промена на аголот на гледање.

„Украденото писмо" е расказ што ја надминува рамката на детективската проза и се претвора во размислување за човечката перцепција, интелигенција и моќ. По покажува дека најголемите тајни не се скриени во длабочините, туку често стојат пред нас – видливи, но неразбрани. Огист Дипен е ликот во фокусот преку кој е претставен идеалот за аналитичкиот ум. Тој е смирен, воздржан и исклучително самосвесен за сопствената интелигенција. Неговата надмоќ не произлегува од формалното образование или од службената позиција, туку од способноста да ја разбере човековата психа. Министерот Д. е антагонистот, но не е прикажан едноставно како негативен лик. Тој е интелигентен, културен и свесен за сопствената умешност. Неговата сила лежи во комбинацијата на рационалност и креативност, што му овозможува успешно да ја измами полицијата. Префектот на полицијата ја претставува официјалната власт и институционалниот пристап кон проблемите. Тој е вреден, истраен и технички прецизен, но ограничен од сопствените методи. Неговата неспособност не произлегува од недостаток на труд, туку од недостаток на флексибилност и имагинација. Преку овој лик, По ја критикува логиката на системот кој верува дека сè може да се реши со правила и процедури. Дамата од која е украдено писмото, иако речиси невидлива во дејството, има силна симболична функција. Таа ја претставува ранливоста на поединецот пред политичката и машката моќ, но и положбата на приватното во јавната сфера. По во овој расказ не прикажува само детективска приказна, туку создава интелектуална мапа на општеството.



Украденото писмо

Запомни!

Едгар Алан По е претставник на американскиот романтизам, но и предвесник на симболизмот. Во неговата поезија, средишното место му припаѓа на мотивот познат како *spleen* (сплин – тага), кој прераснува во очај кај лирскиот херој, најчесто поради смртта на саканата.

Прашања и задачи:

1. По што е најпознат Едгар Алан По во светската книжевност?
2. Кои книжевни жанрови ги развил и ги направил особено популарни?
3. Опиши го гавранот како птица и како асоцијација на нешто лошо.
4. Определи ја симболиката на гавранот во песната.
5. Препиши ја табелата во тетратка и впиши ги етапите на дејството во песната.

Експозиција	Заплет	Кулминација	Расплет (епилог)

6. Кога се одвива дејството во песната?
7. Набројги сегментите со кои се укажува на сеќавање и на минатост.
8. Каде се препознаваат фантастичните елементи?
9. Посочи ги зборовите со кои се персонифицира гавранот.
10. Кои се романтичарските белези во песната?
11. Определи ги елементите кои ја посочуваат мистичноста.
12. Какви чувства доминираат во песната?
13. Зошто средбата помеѓу лирскиот субјект и гавранот е на полноќ?
14. Пронајди ги стилските фигури асонанца, алитерација, ономатопеја, персонификација и метафора во песната.
15. Која е симболиката на поимот „писмо" во расказот „Украденото писмо"?
16. Гледај го филмот Гавран од Џејмс МекТик и издели ги биографските елементи за По кои ги користел режисерот.

Романтизмот во литературите на балканските народи

Во текот на 19 век, романтизмот станува важен дел од националните и културните движења во земјите на Балканот. Тој се развива во специфични историски услови и добива силна национална и општествена функција, бидејќи поголем дел од народите се наоѓале под туѓа власт или во процес на национално оформување и ослободување.

Литературата се користела како средство за будење на националната свест, за зачувување на народниот јазик и традицијата и за изразување на идеалите за слобода и независност. Народното творештво, особено епската и лирската народна поезија, се сметала за најчист израз на народниот дух и претставувала основен извор на инспирација за романтичарите.

Развојот на литературниот романтизам кај **Србите** е под големо влијание на германскиот романтизам, особено затоа што Вук Стефановиќ Караџиќ имал можност лично да се сретне со Гете, но и да ги открие вистинските предизвици за сопствената работа на собирањето народни дела преку примерот на германските романтичари. Тој со реформата на јазикот и собирањето народни песни ги поставил темелите на романтизмот. Во неговите збирки, многу подоцнежни српски романтичари ќе најдат инспирација и ќе напишат нови дела засновани на добро познати епско-историски мотиви. Бранко Радичевиќ, првиот значаен српски романтичар, бил близок соработник на Караџиќ, а неговите „Песни" од 1847 година се сметаат не само за прва збирка на српскиот романтизам, туку и за голем чекор во афирмацијата на јазикот и на правописот на Караџиќ. Во следната генерација романтичари, најмногу се истакнале Ѓура Јакшиќ со своите патриотски песни и историски драми, Јован Јовановиќ-Змај со своите љубовни, сатирични и детски песни, Лаза Костиќ со своите патриотски и љубовни песни, Бранко Радичевиќ и други.

Небо мое

Небо мое, сонце мое,
Прегрни ме, избакни ме!
Жеден сум ти за рај пусти,
за воздишки, слатки усти,
прегрни ме ти рај мој!

Овде бели раце склопи,
така! Сега бакнуј страдно,
товарот ми за да спадне
а срце ми да се стопи –
животот да вивне мој!

ЃУРА ЈАКШИЌ

Романтизмот во литературата во **Црна Гора** се развива во текот на 19 век, во период на постојани борби за слобода и национален опстанок. Ваквите историски околности влијаеле

врз литературното творештво, кое станува израз на народниот дух, патриотизмот и на стремежот кон слободата. Литературата од овој период е насочена кон емоциите, индивидуалното доживување и идеализацијата на јунаштвото.

Најзначајниот претставник на романтизмот во Црна Гора е Петар II Петровиќ-Његош, поет, мислител и владетел. Тој е почитуван како поет и филозоф, а е најпознат по неговата епска поема „Горски венец", која се смета за ремек-дело на црногорската и на јужнословенската романтичарска литература. Во поемата се прикажува борбата на народот за слобода, судирот меѓу доброто и злото и длабоките морални и филозофски прашања. Во делата „Луча микрокозма" и „Лажниот цар Шќепан Мали" се изразени романтичарската возвишеност, филозофските размислувања и религиозните мотиви. Његош е зачетник на мисловната поезија во Црна Гора. Тој со своето творештво се доближал до основите на „природната поезија", до црногорскиот етос прикажан во конкретни историски и егзистенцијални услови, како став на херојско-патријархалното општество кон постојаната борба како основен принцип на животот и на слободата.

Покрај Његош, значајни претставници на романтизмот се и Сима Милутиновиќ Сарајлија, Стефан Митров Љубиша и други.

Кај Хрватите и Словенците, романтизмот е поврзан со Илирското движење, кое се залагало за културно и јазично обединување на Јужните Словени и за развој на националните литератури.

Романтизмот во **Словенија** е препознатлив по Франце Прешерн, кој во своето дело ја комбинирал традицијата на претходните епохи и правци во европската литература (од антиката

Магистрал

На Словенец нов поет плете венец,
Акт в знак на твои фалби, мои рани,
Југ кога семки 'рти в срце збрани
Умилноста на ружи в расцут пенест.

Лач мугрен навек само далек блен е,
И од крај не се ден да грее за нив,
Јад тежок лежи преку смрзнат гранит,
А катот наш под виор уште вене.

Па здив се, солзи на лист се збрале,
Ран растеж в тага тукушто се кренал
И од враг темен грч се в студен залез.

Молк тежок паднал и лист крунен свенал –
Испрати му сал поглед од лач гален
Цвет в убост ќе ни жугне в рујна пена.

ФРАНЦЕ ПРЕШЕРН

и петраркизмот до бајронизмот) со личното и националното искуство. Франце Прешерн ги поставил темелите на јазикот на словенечката литература и го вклучил во европската литература. Заедно со својот пријател и соработник, Матија Чоп, вовел нови форми на поезија. Прешерн напишал сонети со исклучителен квалитет, а неговиот „Сонетен венец" се смета за најзначајно дело на словенечката лирска поезија.

Неговата љубов кон Јулија Примицова, го поттикнала да ги напише најубавите стихови во словенечката поезија. „Сонетниот венец", со акростихот Јулија, еден од најубавите споменици на љубовната поезија, е проткаен и со благороден патриотизам. И по неговата смрт, Прешерн останал водечко име во словенечката литература.

Хрватскиот романтизам е едно од најзначајните и највлијателните литературни движења во хрватската културна историја во текот на 19 век. Ова движење го обликувало идентитетот на целата хрватска нација преку поезија, проза и драма што зборуваат за љубовта кон татковината, природата и сопствениот јазик. Идеализацијата на минатото и желбата за културна независност е искажана во делата на писателите Петар Прерадовиќ, Аугуст Шеноа, особено е презентирана преку јазичната реформа на Људевит Гај и во епската поезија на Иван Мажураниќ. Најголемите достигнувања во епската поезија за време на хрватскиот романтизам ги постигнал И. Мажураниќ со поемата „Смртта на Смаил-ага Ченгиќ", составена од пет епски песни: „Агување", „Ноќен патник", „Чета", „Арач" и „Прокоба". Предмет на поемата е еден историски настан од животот на Црногорците – убиството на Смаил-ага Ченгиќ – за кого многу пишувале тогашните српски и хрватски новини. Мажураниќ ги прикажал злосторствата и насилствата на османлиските војници врз рајата и борбата на народот за уништување на тиранијата.

Колективизмот, хармонијата и единството на народот доминираат во хрватската литература во 19 век.

Арач

Гацко поле, ти си лично
кога глад во тебе нема,
лута глад и лути неволици!
Туку денес те стиснале јадно
крвопијци и оружја светли,
бојни коњи и чадори бели,
железа и ред фалаки грозни.

Чуму тие? Оружјето чуму?
Чуму коњи? И чадори бели?
Железа и ред фалаки грозни?
Смаил-ага крвав арач збира
и по Гацко и околу него.
Среде поле тој чадори послал,
па растурил арачлии, лути,
арачлии, волци да ги кинат,
та од глава по жолт алтан бара
и од тланик по здебелен овен,
а за ноќе редум нова мома.

Од кон исток арачлии јаздат
за опашки водат гола раја;
од кон запад арачлии јаздат,
за опашки водат гола раја;
јаздат ламји од југ и од север
за опашки водат гола раја.
Страдна раја со врзани раце
по јажето коњите ги следи.
Мили боже, што се криви тие?

Извадок од „Смртта на Смаил-ага Ченгиќ"

Романтизмот во **Бугарија** се развивал во рамките на бугарската национална преродба и имал силно изразен ослободителен и револуционерен карактер. Во услови на османлиска власт, бугарските писатели ја користеле литературата како средство за национално будење и политичка борба. Делата се исполнети со родољубие, идеализација на народниот херој и жртвување за татковината, а фолклорот и народната историја имаат централно место. Георги Сава Раковски има особено значајна улога во овој период, како идеолог на националноослободителното движење и е еден од првите романтичари во бугарската литература. Во своите дела тој ги поврзува историјата, митологијата и народното творештво со идејата за слобода и национално единство, создавајќи силен патриотски и романтичен израз. Тој го напишал своето најпознато дело, „Горски патник" (преведено како „Патник во шумата" или „Шумски скитник"), додека се криел од турските власти во близина на бугарскиот град Котел за време на Кримската војна (1853 – 56). Заплетот се однесува на Бугарин кој регрутира бунтовничка група за бунт против Османлиите. Целта на Раковски со пишувањето на ова дело била да го разбуди слободарскиот дух на народот. Раковски го оставил недовршен „Горскиот патник". Делото е напишано на архаичен јазик, било тешко за читање, но сепак имало големо влијание во општеството. Покрај Раковски, значајни претставници на бугарскиот романтизам се Љубен Каравелов и Христо Ботев.

Грчкиот романтизам се развивал во првата половина на 19 век и бил тесно поврзан со борбата за независност од Османлиската Империја. Помеѓу 1830 и 1880 година, романтизмот бил доминантно движење во грчката литература. Во делата на грчките романтичари доминираат идеалите на слободата, херојството и жртвувањето, како и повикувањето на славното античко минато. На Јонските Острови, романтизмот добил пошироко значење и доминирал во начинот на живот и во творештвото на писателите од 19 век. Во Атина се формирало Атинско литературно училиште кое промовирало доцен романтизам во кој било забележливо силно влијание од францускиот романтизам. Во овие училишта се расправало за стиловите во литературата и за јазикот што ќе се користи во пишаните дела.

Андреас Калвос и Дионисиос Соломос се сметаат за најзначајни грчки поети на романтизмот и во современата грчка литература.

Дионисиос Соломос преку својата поезија ја изразувал љубовта кон татковината и стремежот кон слобода, а воедно се залагал за употреба на народниот јазик во литературата.

Април

На ден Велигден

Најросната ѕвезда на зората
сонце златоточно навестуваше
ни облак, ни маглина минуваше
по небото ширум распослано;
саде благ ветрец од вишни предели
толку нежно лицето го милуваше,
чиниш од срцевината на лисјето вели:
животот е мил, а смртта сал мрак дели.

Исус воскресна! Млади, стари и моми,
сите, големи мали, гответе се;
во славните цркви победоносни
со озарени лица зберете се;
та раширете раце мироносни
и пред Светците прегрнете се;
мило усна со усна бакнете се,
речете Исус воскресна пријатели и непријатели.

Лавор на секоја плоча гробовите ги кити,
и секоја мајка красно дете в раце држи,
со поглед кон икони пратен
псалтирите милозвучно псалат;
сјае среброто, сјае катот златен
од свеќите што рисјани ги палат;
секое лице облеано од светлина света
што в раце се држи за многаја лета.

ДИОНИСИОС СОЛОМОС

Романтизмот во **албанската литература** се развивал во втората половина на 19 век, во периодот на националното будење (Рилиндја) и борбата за ослободување од Османлиската Империја. Тој се темели на народната традиција, историското минато и на родољубието. Романтичната литература била создадена со цел да се одржи јазикот жив и да се подигне народната култура, која била основа за создавање на националниот идентитет. Литературата во времето на романтизмот силно се поврзувала и со патриотизмот, образованието, мајчиниот јазик и со културната самосвесност. Доминантната содржина на албанската романтичарска литература била патриотска. Речиси и да нема албански автор од овој период кој не пишувал патриотска поезија со употреба на народниот јазик и со фолклорни елементи. Истакнати автори на албанскиот романтизам се: Наим Фрашери, Самир Фрашери, Јероним де Рада и други.

Наим Фрашери бил национален поет, просветител и еден од водечките мислители на албанската национална преродба. Фрашери ја користел поезијата како средство за подигнување на националната свест, ширење на образованието и културната еманципација. Учел во гимназијата „Зосимеа" во Јанина, каде што се здобил со почетни знаења за класичната и за модерната литература, како и за историја, што подоцна го обликувало неговиот стил и светоглед. Во своето творештво, Фрашери ја слави природата на својата татковина, патриотизмот и образованието. Еден од неговите најпознати мотиви е посветен на училниците и на наставниците како симбол на просветата и на духовниот подем на нацијата. Во песната „Првите училници", Фрашери ја истакнува важноста на образованието за младите генерации.

Минато време

Отпочинав и се смирив,
го засолнив троа денот,
в срце изгора се шири
и го труе отчаено.

Како птица, кога дува,
земјата под снег се стега,
под стреи се засолнува,
на бедница заприлега.

Над полето поснежнето
в тешки пластје чемер тежи,
снеубавен станал светот,
нем и вџашен в страв се ежи.

Подмрзнало сето поле,
преапало од студ уста;
сиот живот се разболел,
сета вселена е пуста.

НАИМ ФРАШЕРИ

Романтизмот во **турската литература** се развивал во текот на 19 век, особено во периодот на Танзиматските реформи, кога Османлиската Империја започнала процес на модернизација и отворање кон европските културни влијанија. Турските писатели се оддалечувале од традиционалната диванска поезија и воведувале нови литературни жанрови и теми. Турскиот романтизам бил насочен кон општествени реформи, патриотизам и кон идеи за слобода и правда, а не кон национално ослободување од туѓа власт.

Во центарот на литературното творештво се наоѓаат чувствата, емоциите и внатрешниот свет на човекот, како и стремежот кон слобода, правда и патриотизам. Авторите ја нагласуваат љубовта кон татковината, жртвата за општото добро и борбата против неправдата и тиранијата. Ликовите во романтичарските дела најчесто се идеализирани и прикажани како херои кои се водат од високи морални и национални идеали, а поделбата меѓу доброто и злото е јасно изразена. Јазикот и стилот во романтичарската турска литература значително се разликуваат од претходната традиција. Се напушта сложениот и украсен јазик на диванската поезија и се воведува појасен, поразбирлив и поблизок јазик до народот. Стилот е емоционален, патетичен и возвишен, со честа употреба на извични реченици, реторички прашања и симболика. Реалноста не се прикажува објективно, туку низ личните чувства и идеали на авторот, што доведува до идеализација на народот и на татковината. Значајни претставници на турската литература од овој период се: Зија Паша, Ибрахим Шинаси, Намик Кемал и други.

Намик Кемал е најзначајниот претставник на романтизмот во турската литература, кој преку своето творештво ја истакнува љубовта кон татковината и потребата од општествен напредок.

И покрај разликите во историските околности и културните традиции, романтизмот кај балканските народи има заедничка суштина: афирмација на народниот јазик, интерес за фолклорот и историјата и стремеж кон слобода и духовна самостојност. Како таков, романтизмот одиграл клучна улога во оформувањето на националните култури и литератури на Балканот и претставува значаен период во нивниот духовен и културен развој.

Прашања и задачи:

1. Зошто романтизмот кај балканските народи има силна национална и општествена функција?
2. Кој е основниот извор на инспирација кај балканските романтичари?
3. Кои активности на Вук Караџиќ се сметаат за темел на српскиот романтизам?
4. Кои мотиви доминираат во творештвото на српските и на црногорските романтичари?
5. За што се залагало Илирското движење?
6. Што е заедничко за бугарските, грчките и албанските романтичарски творби?
7. Прочитај ги извадоците од творбите на писателите од балканскиот романтизам и најди ги меѓусебните сличности и разлики.

Романтизмот и културната преродба во Македонија (средина на 19 век)

Потсети се и истражи: Каква била општествено-политичката состојба во Македонија во 19 век?

Појава, особености, претставници

Деветнаесеттиот век бил период кога настапиле крупни реформи на економски, политички, социјален и културен план во Европа. За промените во 19 век во Османлиската Империја, а со тоа и во Македонија, придонеле првите големи реформи преку Танзиматот, чија основна одредба била прогласување правна еднаквост на сите поданици во Царството, без оглед на верската или на националната припадност. Периодот на реформи траел од 1839 до 1876 година и биле спроведувани во секој сегмент од животот (општествен, економски, воен, образовен, здравствен итн.).

Зацврстувањето на економската моќ на македонската граѓанска класа и нејзините трговски контакти со европските центри, значело освестување и разгорување на желбата за зголемување на словенските училишта и подобрување на наставата. За отстранување на грчкото влијание од Македонија, македонската граѓанска класа започнала борба со Цариградската патријаршија како главен спроводник на грчкото влијание. Оваа политичка борба имала цел да го отфрли грчкото влијание и да ги зајакне словенските училишта, во кои наставата се одвивала на македонски народен јазик.

Во овој период, македонскиот народ бил распнат и меѓу политичкото и духовното влијание на српската, односно бугарската пропаганда, која ја прифаќал во зависност од тоа во кој дел од Македонија живеел. И покрај присутната туѓа пропаганда, македонската граѓанска класа ги истакнала своите цели за ослободување од политичкото и од духовното ропство. Македонските романтичари, како и европските, во преден план го ставиле чувството за национална припадност. Основни карактеристики на македонскиот романтизам биле: создавање уметничка литература со доминантни теми и мотиви за формирање своја национална држава, собирање и објавување македонски народни умотворби, отворање училишта на македонски народен јазик и пишување учебници на македонски народен јазик. Претставниците на романтизмот во Македонија се многубројни бидејќи нивната активност била различна и богата. Браќата Димитар и Константин Миладиновци, Григор Прличев, Ѓорѓија Пулевски, Рајко Жинзифов, Марко Цепенков, Кузман Шапкарев се само дел од многуте македонски преродбеници.

Запомни!

Романтизмот во Македонија се појавил во втората половина на 19 век. Овој период во македонската литература се нарекува преродба бидејќи се отфрла средновековната религиозна догма и се нагласува слободата на личноста во изразувањето и творењето. Освен етичкиот идеал за слобода, македонските романтичари поставиле и естетски идеал за совршенство.

Научи повеќе!

Подемот на индустријата го зафатил и градот Скопје, кој станал важен и водечки сообраќаен и трговски центар. Во еден запис од 1857 година е забележано дека трговецот Хаџи Коста вршел извоз на производи за дворот на султанот. Во Скопје започнале да се отвораат конзулати и дипломатски претставништва, а собиралиште на Европејците (од Франција, Белгија, Германија, Русија, Швајцарија, Австрија, Италија), како и на домашната интелигенција, бил хотелот „Европа". Значајно место имал и хотелот „Турати", за кој францускиот патописец Рене Меле забележал дека „'Турати' го одбележува европскиот кварт и Исток и Запад се мерат во играњето билјард". Многубројни податоци забележани од странските патописци говорат за животот во Македонија во 19 век, за градовите, за големиот број културно-историски споменици, за економскиот развој, кој најмногу бил овозможен и со изградбата на железничката линија во 70-тите години. Воедно, 19 век бил период кога во духот на романтизмот, почнал да се развива патописот како жанр. Историчарот Александар Матковски ги систематизирал и ги објавил многубројните патописи во повеќетомното издание *Македонија во делата на странските патописци*. Во нив може да се прочита за отворањето на трговски претпријатија, како фабриката за сапун „Аеро" и фабриката за бонбони, локум и сируп „Европа" (1882) во Скопје итн.

Во македонскиот 19 век, Јордан Хаџи Константинов-Џинот редовно испраќал описи во „Цариградски весник" за македонските градови и краишта. Патописи пишувале и Константин Петковиќ, Рајко Жинзифов, Кузман Шапкарев, Евтим Спространов, Ефрем Каранов, Панајот Ѓиноски и други.

Прашања и задачи:

1. Наброј ги причините за појавата на романтизмот во Македонија.
2. Во кои сегменти се одвивала борбата на македонските интелектуалци?
3. Зошто Македонија и Бугарија имале заедничка цел во борбата против грчкото влијание?
4. Какво било учителствувањето во периодот на просветителството и на романтизмот во Македонија?
5. Какви биле од јазичен аспект учебниците кои се создавале во периодот на просветителството и на романтизмот?
6. Каква улога имала литературата во процесот на национално освестување?
7. Потсети се на одликите на европскиот романтизам и направи паралела со одликите на македонскиот романтизам.
8. Напиши есеј на тема: Романтизмот како можност и потреба за преродба на Македонецот.
9. Изработи венов дијаграм за романтизмот во Европа и Македонија.

Собирачи на македонското народно творештво и зборници

Истражи! Посети ја училишната библиотека и прочитај различни народни умотворби. Обрни внимание на фактографските елементи под фолклорните творби. Направи листа со податоци кои ќе ги споделиш и ќе ги споредиш со соучениците.

Една од основните одлики на романтичарите било собирањето народно творештво. Деветнаесеттиот век бил период кога Европејците започнале да се организираат во држави и нации. При тој процес било потребно секој народ да го покаже своето историско минато, па во таа насока започнале со откривање и собирање народни умотворби.

За разлика од европските текови, во Македонија, собирачите требале само да запишуваат бидејќи македонскиот народ (преку колективната меморија) низ вековите го создавал, опејувал и го пренесувал своето национално минато по устен пат. Интересот и целта за собирање и презентирање народни умотворби произлегле од желбата за покажување на духовните вредности на македонскиот народ пред светската јавност. Собирачката дејност во Македонија имала посебно значење, бидејќи преку народните умотворби се прикажувал народниот бит, обичаите, верувањата, се опевале знајните и незнајните јунаци и нивните подвизи и се чувал македонскиот народен јазик. Од народните умотворби извирала животната филозофија на обичниот човек, на народната мудрост како да се преживее во тешките времиња, како да се одбрани честа, љубовта кон татковината итн. Создадени од македонскиот народ на македонски народен јазик тие се колективно сведоштво за долговековниот македонски идентитет.

Интерес кон фолклорот на балканските народи пројавиле германските романтичари, а кон македонското народно творештво интерес пројавил Вук Стефановиќ Караџиќ, кој во 1815 година ја објавил првата запишана народна песна, а потоа уште дваесет и седум други песни. Рускиот славист Виктор Иванович Григорович, патувајќи низ европскиот дел на Османлиската Империја, запишал извесен број песни од Солун и од Галичник, од кои 24 биле објавени во 1864 година во Загреб од Станко Враз. Првиот зборник на македонски народни песни го објавил Стефан И. Верковиќ.



▲ Димитар Миладинов

Предводник на собирачката дејност во Македонија е **Димитар Миладинов** (1810 – 1862). Тој потекнувал од сиромашно семејство од Струга и по смртта на неговиот татко, како најстаро дете бил принуден да се грижи за семејството. Со елементарна писменост се стекнал во ќелијното училиште во манастирот „Св. Наум", а потоа се запишал во охридското класично училиште каде го научил грчкиот јазик. Во 1830 година работел како учител во Охрид, а потоа школувањето го продолжил во гимназијата во Јанина, каде што ги проучувал грчката класична литература, францускиот и италијански-

от јазик. По враќањето, продолжил да работи како учител во Охрид, Струга, Кукуш, Битола, Прилеп. Бил истакнат во својата учителска работа бидејќи учителствувал на народен јазик и внел некои новини во наставата. Поради своите прогресивни идеи, имал конфликти со грчките свештеници и често бил затворан. Во 1845 година, се запознал со рускиот славист Виктор Иванович Григорович, кој го поттикнал да собира македонски народни умотворби. По престојот во Србија, Босна и Хрватска и можноста да види како се одвива просветата таму, тој почнал да дејствува позасилено и понасочено се спротивставувал на грчкото духовно влијание. Овие средби биле клучни за развојот на национално-преродбенската свест. Димитар Миладинов започнал бескомпромисна борба за отфрлање на грчкиот јазик од училиштата и од црквите и за воведување на македонскиот јазик. Покрај учителствувањето, активно почнал да запишува народни умотворби и да поттикнува и други македонски интелектуалци да го следат. Собраните народни умотворби, Димитар му ги праќал на брат му Константин, кој студирал во Москва, надевајќи се дека во Русија ќе најде издавач за собраниот фолклорен материјал. И покрај големите напори на Константин Миладинов, тој не успеал да најде издавач во Русија, но не се откажал и продолжил да го подготвува материјалот за печатење и да бара издавач. Заминал од Москва и во Виена се сретнал со хрватскиот бискуп Јосип Јурај Штросмаер, кој материјално го овозможил печатењето на умотворбите. Двајцата заедно заминале во Ѓаково, каде што Константин, за неколку месеци, ги подготвил материјалите за печатење и сите песни, по сугестија на Штросмаер, ги напишал со кирилско писмо, бидејќи биле запишани со грчко писмо. Напишал предговор кон Зборникот, кој бил отпечатен во 1861 година во Загреб.

Зборникот содржи повеќе од 660 народни песни, преданија за лица и места, народни обичаи и верувања, стотина гатанки, педесетина пословици и поговорки и повеќе од четириесетина лични народни имиња и презимиња. Најголем број од песните се љубовни, јуначки, ајдутски обредни и хумористични. Поголемиот дел се собрани во Струшко, Прилепско и во Кукушко, а само 77 од нив се бугарски песни од Софија и од Панаѓуриште.

Во предговорот што го напишал, Константин Миладинов ги изнел своите погледи кон народното поетско творештво, начинот на нивната класификација, јазикот, правописот и македонската поетска традиција. Како додаток на зборникот, се наоѓа и дел од првиот македонско-хрватски речник, што Миладинов го подготвил, но не го објавил во целост (2000 збора).

Кузман Шапкарев (1834 – 1909) ѝ припаѓа на првата генерација собирачи, издавачи и афирматори на македонските народни умотворби. Народните умотворби ги запишувал од повеќе места во Македонија, во зависност од неговата учителска дејност. Поттик за собирање народни умотворби, како што истакнува самиот, добил од својот вујко, учителот Јанаки Стрезов, потоа и преку познанството и соработката со Димитар Миладинов, бидејќи му бил зет за ќерка. Во триесетгодишната собирачка дејност, тој успеал да запише народни умотворби од сите жанрови. Во предговорот кон Зборникот објавен во осум книги (во 1891 година излегла првата книга, а во 1891-92 и 1894 година другите седум книги), запишал дека во него се содржат 1 318 песни, речиси 300 приказни, 1 500 пословици, 400 гатанки, 80 машки и женски игри,



▲ Кузман Шапкарев

2 000 имиња на градови, села, планини и реки во Македонија, имиња на 80 различни болести и начинот на нивно лекување, имиња на разни видови риби, птици, жита, дрвја, цвеќиња и ветрови, описи на народни носии, описи на обичаи, неколку историски преданија и повеќе од 2 000 зборови со ретко значење. Големата желба за печатење на Зборникот го натерала да бара помош од Русија, од Бугарија и од Јосип Јурај Штросмаер. Зборникот имал повеќе од 2 000 страници, бил отпечатен во Софија и поделен во три дела. Во првиот дел биле сместени песните, во вториот приказните, гатанките и пословиците и во третиот обичаите, суеверијата, носиите и јазичните материјали. Тој е еден од првите собирачи што во Зборникот запишал и неколку влашки, албански и турски приказни.



▲ Марко Цепенков

Марко Цепенков (1829 – 1920) започнал да собира народни умотворби во периодот кога Димитар Миладинов бил учител во Прилеп. Откако ги видел отпечатените збирки на Шапкарев, и тој посакал да ги издаде своите творби, па затоа заминал во Софија, каде што останал до крајот на животот. Собрал огромен број фолклорен и етнолошки материјал, но успеал да отпечати само дел во софискиот Зборник на народни умотворенија, наука и книжнина. Во него, во првите 17 тома бил објавен материјал колку за една книга од 500 страници. Фондот на собраните умотворби е огромен и разновиден. Тој собрал 681 приказна, 170 песни, 5 032 народни пословици и поговорки, 100 гатанки, 389 народни верувања, 201 соништа и нивно толкување, 46 баења, 67 детски игри, залагалки, благослови, клетви, обичаи и обреди, описи на занаети, инструменти и тајни јазици. Тој е првиот што писмено ги одредил книжевните жанрови (тажачки песни, тајни јазици, детски говори). За разлика од другите собирачи, Цепенков не ги запишувал слушнатите умотворби веднаш, туку ги запишувал по сеќавање. На тој начин, на народните умотворби им давал творечка оригиналност и стилски ги оформувал. Затоа, тие имаат книжевно-естетски вредности и посебно место во македонската литература. Најдолгата приказна што ја запишал Цепенков е приказната **„Силјан Штркот"**. Многумина критичари сметаат дека „Силјан Штркот" претставува подолг авторски расказ, а некои го сметаат за првиот краток роман во македонската книжевност. Според тематиката, делото претставува волшебна народна приказна (сказна), зашто во неа е опишана преобразбата на човекот (Силјан) во штрк и неговата повторна преобразба во човек. Централен мотив е непослушноста на детето, кој Цепенков го посочува трипати: на почетокот на приказната (Силјан е непослушен), во вметнатата приказна за Сиве и Чуле што му ја раскажува таткото и во приказната на Аџи Кљак-кљак за наследеното проклетство поради истиот мотив – непочитувањето на постарите. Овие три варијации на истиот мотив ја прават основата на приказната, која е извонреден спој на реалистичното, чудесното и фантастичното.

Реалистичните елементи го воведуваат читателот во приказната, со наведување на секојдневните околности во семејството на Силјан, во прилепското село Мало Коњари: имињата на членовите на семејството, нивните занимања и описот на животот во прилепскиот крај. Овде авторот го воведува мотивот за непослушноста на детето (Силјан), кој непочитувајќи го татковиот авторитет, го напушта домот. Средбата со луѓето штркови е вовед во чудесното во сказната. Тоа што единствено Силјан се спасил од потонатиот брод е можно (настани од тој тип секојдневно се случуваат), но невозможното е она што се случува во светот на луѓе-

Силјан Штркот

то штркови – нивната трансформација, метаморфоза од луѓе во штркови и обратно, во зависност од потребата да се прелета од еден крај во друг. Нараторот го воведува и волшебното средство – волшебната, жива вода, која е познат елемент од волшебните сказни (фолклорот). Како резултат на казната што мора да ја отслужи за својата непослушност и непочитувањето, Силјан ќе живее како штрк меѓу луѓето штркови, но и меѓу своите, а непрепознаен од нив.

Оваа приказна, колку што е забавна, толку е и поучна. Според духот и традицијата, таа се надоврзува на средновековната верско-морална литература, а основната идеја е дека децата мора да ги почитуваат непишаните закони на строгиот патријархален морал чие кршење води до страшни казни.

Воспитната одлика на текстот не е директна, туку е затскриена зад алегориите на вметнатите приказни во приказната и со тоа е постигнат вистинскиот уметнички ефект. Сето тоа е предадено преку народен јазик и стил, со живо и духовито раскажување, со мера збогатено со готови конструкции што ги создала народната мудрост, со многу соодветно употребени поговорки, кои го збогатуваат текстот.

Покрај „Силјан Штркот", Марко Цепенков објавил и десетина песни, драмата „Црне Војвода" и делото „Автобиографија".

Васил Икономов (1848 – 1934) почнал да собира народни умотворби по контактите со Стефан Верковиќ. Тој собирал народни лирски песни, балади, обичаи, гатанки, баења, пословици, брзозборки, јуначки песни и приказни. Првите собрани песни ги објавил во Зборникот издаден во Софија, а подоцна, во 1893 година, го објавил малиот Зборник на старонародни песни и обичаи во Дебарско и Кичевско. Зборникот содржел 275 песни и обичаи. Во 1895 година го издал вториот Зборник со песни од Дебарско, Кичевско и Охридско, во кој имало 211 песни.



▲ Васил Икономов

Освен споменатите собирачи на народните умотворби, со својата активност во оваа дејност се истакнале и Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Ѓорѓија Пулевски, Ефрем Каранов, браќата Костенцеви, Наум Тахов, Евтим Спространов, Антон Поп Стоилов, Панајот Ѓиноски, браќата Молерови и други. За македонските собирачи, т. е. запишувачи на народните умотворби, е бележито што тие истовремено биле учители, публицисти, автори на песни, поеми, раскази, патописи, драмски творби, учебници, речници, револуционери. Преку нивните лични творби се согледува континуитетот и развојниот пат на современата македонска литература.

Запомни!

Собирањето народни умотворби е од големо значење за македонската литература и култура. Фолклорниот материјал овозможил национално осознавање и бил доказ за постоењето на македонскиот народ. Тој претставува инспирација за создавање уметничка литература и го означува преминот од фолклор кон литература. Собирачите на македонското народно творештво можат да се поделат во **две генерации собирачи**, оние што ја започнале собирачката дејност и оние што ја продолжиле работата на браќата Миладиновци.

Димитар Миладинов е централна личност на македонската преродба. Тој се смета за главен идеолог и организатор на преродбенската борба во Македонија. Овој народен учител, собирач на македонски народни умотворби и публицист, со својата работа е клучен фактор во појавата на другите преродбеници кои го продолжиле неговото дело.

Македонските собирачи го собирале фолклорниот материјал од нивниот роден крај или од местата каде што учителствувале и го запишувале на македонски народен говор. Материјалот го објавувале во списанија и во весници, а најмногу во Зборникот на народни умотворби кој се објавувал под редакција на Иван Шишманов во Софија. Најпознати собирачи се: Димитар Миладинов, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков, Панајот Ѓиноски, Васил Икономов, Ефрем Каранов и други.

Прашања и задачи:

1. Кога започнала собирачката дејност во Македонија?
2. Во колку генерации можат да се групираат македонските собирачи на народни умотворби?
3. Набroј неколку особености кои се карактеристични за македонските собирачи на народни умотворби.
4. Како се одвивала преродбенската дејност на Димитар Миладинов?
5. Протолкувај го исказот на Димитар Миладинов и посочи го неговиот став за собирањето на народните умотворби: „Народните песни се показалка на степенот од умственото развитие од народот и огледало на неговиот живот".
6. Најди податоци за други запишувачи на народни умотворби.
7. Изгледај го документарниот филм „Приказната за Силјан" од режисерката Тамара Котевска и напиши есеј во кој ќе се осврнеш на современите толкувања на приказната од Цепенков.

Константин Миладинов

Истражи за фолклорната традиција во семејството Миладиновци.

Биографија



Константин Миладинов

Константин Миладинов е роден во Струга, во 1830 година, како најмало дете во семејството Миладиновци. Основно образование стекнал од брат му Димитар, придружувајќи го во просветната работа во Струга, Охрид и Кукуш. Школувањето го продолжил во гимназијата во Јанина, каде што останал три години, изучувајќи француски јазик, природни науки и друго. По завршувањето на гимназијата, станал учител во селото Трново во 1847 година. Две години подоцна, Константин се запишал на Филозофскиот факултет во Атина каде што ги завршил студиите по филологија. При враќањето во татковината, тој кусо време престојувал во Зографскиот манастир на Света Гора, каде што се сретнал со Партениј Зографски, кој му сугерирал да го продолжи школувањето во Русија. Кусо време работел како учител во битолското село Трново, а во 1856 година заминал на студии по Словенска филологија во Москва. Освен да се здобие со образование, Константин имал цел да добие поддршка од Русија за печатење на Зборникот на народни умотворби. Разочаран од неостварените цели за печатење на собраните фолклорни материјали, Константин завршил во московската Екатеринска болница поради нарушено здравје. По престојот во болницата, добил писмо од брат му Димитар со порака да се врати дома. Во 1860 година ја напуштил Русија и тргнал назад кон татковината. Пред да ја напушти Москва, тој стапил во контакт со бискупот Јосип Јурај Штросмаер, кој бил голем поддржувач на словенската литература и со него се сретнал во Виена. Хрватскиот бискуп му предложил да ги препише материјалите од Зборникот на кирилско писмо. Тоа било компромисно решение на кое Константин се согласил, со цел Зборникот да биде објавен. Зборникот бил отпечатен на 24 јуни 1861 година, во Загреб. Среќен и горд заради успехот, тргнал кон Македонија, но откако во Белград дознал за затворањето на брат му Димитар, се упатил кон Цариград. Таму, наместо да го ослободи брат му, и тој бил затворен. За двајцата браќа било поведено обвинение дека се руски шпиони. Напорите и интервенциите од видни дипломатски претставници за нивно ослободување не дале никаков резултат. Се смета дека, поради лошите хигиенски услови во цариградските зандани, двајцата браќа се разболеле од тифус и починале. Константин починал на 18 јануари 1862 година.

Творештво

Во македонската литературна историја, Константин Миладинов важи за основоположник на новата македонска поезија. Првите негови објавени песни датираат од 1858 година, кога студирал во Москва и кога работел на Зборникот.

Константин Миладинов напишал 15 песни кои ги објавувал во списанието „Б'лгарски книжици", „Братски труд" и „Дунавски лебед". Автор е на предговорот кон Зборникот на народни умотворби и на преводи од руски јазик. Најголемиот дел од песните биле создадени при престојот во Москва и тие се во духот на европскиот романтизам. Во нив доминира копнеж и силна емотивна поврзаност со родниот крај. Како пример за својата поезија не ги користел познатите европски поетски школи, туку македонската народна поезија од која ги преземал инспирацијата, мотивите и метриката. Во песните доминираат интимните и лирските тонови. Тие особености во поезијата на Константин Миладинов се: силната поврзаност со народната поезија од каде што многу често ги користел нејзините поетски украсни средства (епитетите: поле широко и широко поле, гора зелена, сенка д'боа, место високо, бело лице и сл.; контрастите, градацијата, повторувањата и сл.), мотиватиката (оддалеченост, откорнатост од родниот крај) и користењето на народниот јазик. Народната поезија, со сето богатство од мотиви, изобилството изразни можности и поетски украси, богатиот и сочен народен јазик (струшкиот говор), му биле најсигурниот водич и учител на првиот македонски вистински поет. Оттаму, Константин ја презел и метриката во своите песни, па така, најчести метри се осмерецот и десетерецот, а има и песни со стихови од четири слога („Думание"), од шест слога и една песна со стихови од шеснаесет слога („Голапче").

Во песните доминираат интимните и лирските тонови, а според мотивската класификација се делат на: љубовни, социјални, рефлексивни, пејзажни, хумористични и митолошки. Песните се напишани на народен струшки говор.

Песната **„Бисера"** е класичен пример за влијанието на народната поезија. Таа претставува варијанта на истоимената народна песна која е сместена во Зборникот. Составена е од три строфи (пентини) и испеана во осмерец. Името е истакнато уште во самиот наслов на песната, но тоа не е само во функција на директното обраќање кон именуваната девојка, туку и извик исполнет со емоционален набој. Во директното обраќање, преку реторско прашање и компарација, лирскиот субјект ја споредува нејзината убавина со убавината на бисерот кој најчесто е симбол за убавина, нежност, невиност. Чувствата на лирскиот субјект се засилуваат до толку што веќе не е доволно само гледањето на грлото на девојката, туку копнежот се подзасилува со желба да се допре, да се бакне грлото.

Во првите две строфи, тој го поставува односот меѓу Бисера и бисерот, ја нагласува убавината на девојката и копнежот по неа. Во третата строфа, копнежот го достигнува највисокиот идеал, со откривањето на вистината за чистата и искрена љубов кон девојката. Девојката е можеби реална, а можеби и не е, но реална е увереноста на лирскиот субјект за неговата чиста љубов, на која не ѝ значат материјалните нешта. Песната е испеана во осмерец, давајќи акустична слика на нижењето на бисерот и на зборовите.

Во песната **„Желание"** е претставен љубовниот копнеж кон саканата. Лирскиот субјект е парадоксален во своите желби: ја сака љубената до себе, а сепак се плаши од љубовта. Во песната се дава слика на срамежливата природа на лирскиот субјект кој посакува да не дојде никогаш.

„Голапче" е испеана во шеснаесетерец и во неа доминираат интимноста и нежноста. Лирскиот субјект со мил тон му се обраќа на гулабот кој е симбол на девојка, нежност и душевност, ја изразува својата љубов, но и жалењето што не успеал да посвети доволно внимание. Затоа, го повикува повторно да дојде и се колне на вечна верност.

„Шупељка" е пејзажна лирска песна во која лирскиот субјект ги искажува своите размислувања за еден изминат идиличен живот полн со мир и спокој. Песната има дваесет и седум стихови, распоредени во три нерамномерни строфи, испеани во осмерец. Песната се надоврзува на народната поезија по метричките својства и по присуството на повеќе постојани епитети. Во трите целини кои се препознаваат во песната се даваат три различни расположби, кои соодветствуваат на три одделни периоди од животот на лирскиот субјект, на младиот човек. Во првата строфа е опфатен периодот на детството, исполнет со наивност, невиност и безгрижност. Во втората строфа (целина), лирскиот субјект преку реминисценција се навраќа на периодот меѓу детството и младоста, на периодот на момчештвото. Тоа веќе се други години, но сликата на идиличност и понатаму живее. Оттука, и во овој дел се присутни радоста, безгрижноста и среќата како емоции. Во сите три целини (строфи), шупелката варира низ три варијанти: писка, свирка и шупељка.

Во првиот дел од песната, лирскиот субјект се сеќава на детството кога свирел на шупелка и уживал по зелените ливади трчајќи по пеперугите. Неговото срце во младоста било исполнето со безгрижност и со радост. Но, во вториот дел се враќа во сегашноста и во него се буди носталгија бидејќи е далеку од родниот крај. Тој посакува да се врати дома, да ужива во убавината на татковината, осамен, да ја свири на шупелката музиката на неговото срце.

„Сираче" е социјална песна во која лирскиот субјект ја осудува социјалната неправда, експлоатацијата на сиромашното селско момче кое седум години работело секаква работа на село и немало никаков живот, никаква младост. Момчето е осамено и без заштита бидејќи нема роднини, но и надеж дека нешто ќе се промени.

Народните клетви нашле свој одраз во песната **„Клетва"**. Времето кога настанала оваа песна се годините на силната елинизација во јужните делови на Македонија. Историјата вели дека фанариотските владици, во борбата за елинизација на македонското население и прогон на непокорните Македонци, се служеле со клеветење, па затоа поетот кон нив жестоко ја излева својата клетва: „Да му капнит јазик до грчм'ник", а употребената алегорија укажува дека се работи за грчки владика кој проповеда на грчки јазик, а луѓето ништо не разбираат или не сакаат да слушаат што кажува. Во секојдневниот живот луѓето го одбегнуваат, тој е најомразената личност во градот и на таквата непожелна и пакосна личност за народот поетот ѝ одредува тешка казна: „Сам д'останет како улаица / И да кукат на камеиња голи".

Влијанието на фолклорот се забележува и во песната **„Побратимство"**, во која се прикажува натпреварот меѓу самовилите и луѓето, како и додолската песна **„Скрсти"** во која се слика народен обичај. Иако песната **„Не-непијан"** може да се одреди како хумористична песна, со доминантно потсмешлив тон кон љубителите на виното и на ракијата, сепак во нејзината основа повторно се согледува фолклорот, но состојбата на опијанетост од вино и од ракија се поврзува со чувството на „љубовна опијанетост".

Песната **„На чужина"** Константин ја создал во Виена. Мотивот е љубовта кон девојката Неда, која ја повикува да дојде кај него. Песната е напишана во четверец. Во едноличните виенски денови поетот прави вокација на саканата Неда и низ внатрешен монолог ја доловува претставата за љубената.

Песната има два дела и во првиот е дадено неговото лично страдање и сопствената душевна депресија.

Вториот дел на песната започнува со неговата акција односно пишувањето на писмото и неговото испраќање. Крајот на песната е оптимистички, затоа што верува дека средбата со саканата ќе биде исцелителна, а тој ќе се чувствува како мајско цвеќе.

Носталгијата по родниот крај, најсилен поетски израз добива во песната „Т'га за југ". Таа е лирска песна, елегија, во која покрај патриотскиот мотив се испреплетуваат рефлексивниот и пејзажниот мотив. Структурно, песната е хетерострофична, составена од четири сестини, една октава и еден дистих. Разочараноста на поетот од студениот прием во московските културни кругови предизвикал длабока болка и мрачно расположение, кои ги излеал во успешно доловените поетски слики.

Шупељка

Ушче ко си беф малечок,
от клас си писка напраиф.
Со неја свиреф, подскаквеф,
и по зелени ледини
си трчах по преперуги.

Достигне други години;
да свира мило ми беше.
Радосен свирка напраиф
и со моите другари
играф со срце весело,
трчаф по поле широко,
шетаф по гори високи
и низ езера поминаф.

Сега се други времина;
ја сега нејќу да трча,
не ми е мило да шета,
ни сака игри другарски.
Сега шчо ми је најмило,
дружба да има шупељка,
да најда место високо,
под ладна сенка д'боа:
пред мене поле широко,
под нозе рече да течит,
над глаа ветар да шумит;
и ја на д'бот навален
да свира со шупељката
как ке ме учит срцево.

Голапче

Голапче мало хубаво, голапче златокрилесто,
кога ти дојде при мене? И кога в часот побегна?
Ушче ја глас ти не слушнаф: ушче те харно не видоф.
Дан' ми се, мило, нањути? Дан' ми се, добро насрди!
Зашч' не ти хубост пофалиф? Зашч' не ти крилја помазниф?

Ела ми, мило, ела ми, ела ми сега при мене.
Ја ке ти хубос пофалам, и ке ти крилја помазнам,
ја ке те тебе назобам се со дробнаго бисера,
ја ке те чува секога, мое ми мило, в пазува!

Бисера

Бисеро моме, Бисеро,
шчо носиш бисер на грло?
Твоето грло хубаво
о от дробнаго бисера
хилјада п'ти побело.

Бисеро моме, Бисеро,
зашчо со бисер покриваш
твоето грло хубаво?
Ја нејќу бисер да баца
тук сака твоето грло.

Бисеро моме, Бисеро,
за кого низиш бисер'т?
За кого готвиш дарои?
Ја дарој бисер не сака
тук сака мома Бисера.

Т'га за југ

Орелски крилја как да си метнех,
и в наши ст'рни да си прелетнех!
На наши места ја да си идам,
да видам Стамбол, Кукуш да видам.
Да видам дали с'нце и тамо
мрачно угревјат како и вамо.

Ако как овде с'нце ме стретит,
ако пак мрачно с'нцето светит;
на п'т далечни ја ке се стегнам,
и в други ст'рни ке си побегнам,
к'де с'нцето светло угревјат,
к'де небото звезди посевјат.

Овде је мрачно и мрак м'обвива,
и темна м'гла земја покрива;
мразој, снегој, и пепелници,
силни ветришча и вијулици,
околу м'гли и мразој земни,
а в гр'ди студој, и мисли темни.

Не, ја не можам овде да седам,
не, ја не можам мразој да гледам!
Дајте ми крилја ја да си метнам
и в наши ст'рни да си прелетнам;
на наши места ја да си идам,
да видам Охрид, Струга да видам.

Тамо зората греит душата,
и с'нце светло зајдвит в гората;
тамо дарбите природна сила
со с'та раскош ги растурила:
Бистро езеро гледаш белеит,
или од ветар синотемнеит;
поле погледнеш или планина,
сегде божева је хубавина.

Тамо по с'рце в кавал да свирам,
с'нце да зајдвит, ја да умирам.

На чуждина

Ја си дремам,
Зашчо немам
Шчо да чинам
На чуждина.
Имах дома
Една мома
Наружена,
Накитена; -
Сâнце греит,
Ког' се смеит.
Та ме љубит
И се губит
За моето
Счастје клето.
А ја тука
Беден пука
Од жалење,
Од страдање.
Крилја бара
на пазара
Да си метнам,
Та да летнам,
И да идам
Да ја видам;
Ама нема
Да си зема.
За тва седа
И за Неда
Мислеешчем,
Жалаешчем.
Ја не дремам,
Ами земам
Перо, книга
И со брига
Ахтам, дишам
И си пишам:
„Ах миленце,
Ти поленце!
Как' си била
Златокрила,
Крило павни,
Ветер мавни;
Над планини
На вишини
Подкрени се,
Опâти се,
И од тамо
Дојди вамо.
Чистороса,
Златокоса,
На рамена
Растурена
Коса фрли
И обгрли
Мене бедни
Пât последни.
Тога веќе
Мајско цвеќе,
Не ќе дремам,
А ќе земам
Расцутена,
Миск обелена,
Сколова
Живот нова.

Желание

Кога ке доит при мене!
Кога ке седнит до мене!
Така си велеф ката ден.

Ја кога дојде у мене –
как ке излеза пред неја!
Да не би дошла никога!

Клетва

Кој клеветит праината божја,
Да му капнит јазик до грчм'ник:
Се да зборвит, нишчо да не кажвит;
Сите љуѓе него да слушает,
И пак сите да го одбегвеет;
Сам д'останет како улаица
И да кукат на камеиња голи!

Според Конески, песната природно се дели на два речиси еднакви дела, поставени во однос на антитеза еден спрема друг: мрачното му се спротивставува на светлото, маглата на сонцето, виулиците на ведрото небо над бистрото езеро. Првиот дел (1-18 стих) ја опишува суровата северна природа, грубата и мрачна реалност во која живее поетот, а во паралелна слика го прикажува мрачното настроение на поетот. Вториот дел (19-34 стих) му се спротивставува со визијата на убавините на родниот јужен крај осветлен од сонцето, во кој душата наоѓа спокојство од „божевата хубавина". За да се почувствува симетријата уште повеќе, обата дела почнуваат со мотивот за орелските крилја и летнувањето.

Во првата строфа, лирскиот субјект ја искажува својата огромна желба да го види родниот крај. Со чувство на сомнеж, во втората строфа тој бара светлина што ќе му ја стопли душата. Преку стилската фигура контраст, во синтагмата „мрачно сонце" се гледа поврзаноста на поетот со народната поезија со која израснал и која го изградила како поет.

Третата строфа е строфа на темнината, во која преку описот на природата тој ја опишува својата внатрешна состојба. Овде поетот се доближува до романтичарската поетика, бидејќи романтичарите често го користат описот на пејзажот за да ја опишат својата внатрешна, душевна состојба. Во четвртата строфа, тој се убедува себеси дека мора да се врати во татковината каде што ќе ја стопли душата. Петтата строфа претставува опис на убавините на родниот крај, на Охридското Езеро, и неговата последна желба е да умре гледајќи го езерото.

Според Конески, „'Т'га за југ' се гради со чувството на еден човек што совладал богата поетика во романтичарската сфера. Создадена на антитезата меѓу мракот и светлината, меѓу болката и радоста, меѓу загубеноста во туѓина и надежта дека човек ќе се најде себеси таму каде што кукнал – оваа песна завршува со својот последен двостих на чуден начин со примирување на најсуштествената антитеза, онаа меѓу животот и смртта: „Тамо по с'рце в кавал да свирам, / с'нце да зајдвит, ја да умирам".

Токму овде се открива и поетската дарба на Константин Миладинов со која сугестивно го доловил охридскиот пејзаж низ поетски слики полни со светлина. Овде ја изразил и својата неизмерна љубов кон родниот крај, кој не успеал да го види повторно, па поради тоа оваа баладна поента звучи како негова најголема, последна, претсмртна и неостварена желба.

Предговорот кон Зборникот на народни умотворби

Значењето на Константин Миладинов за македонската книжевна и културна историја е огромно. Тој го уредил, го редактирал и го објавил Зборникот на народни умотворби, за кој го напишал Предговорот, кој, пак, претставува прв обид за научен труд од областа на народната литература. Во него, тој го истакнува значењето на народната литература како најчист и најсигурен показател на националната индивидуалност.

Предговорот кон Зборникот претставува и приредувачки и толковен коментар кон неговата содржина. Во него, Константин прецизно ги изложува податоците за соработувачкиот тим составен од кажувачките, од една страна, и запишувачите, од друга, нагласувајќи дека повеќето песни ги кажале жени од разни краишта: Панаѓуриште, Софија, Струмнишко, Кукушко,

Воденско, Костурско, Велешко, Дебарско, Прилепско, Охридско, Струшко и Битолско, а потоа ги наведува и нивните имиња.

Во понатамошниот дел на Предговорот, Константин искажува благодарност кон Рајко Жинзифов, кој им помагал на браќата во запишувањето на народните песни од Македонија. Исто така, во овој дел од Предговорот, Константин го споменува изоставањето на Богослужбените слова и на нотните записи на песните, кои ги изработил третиот брат, Наум Миладинов, првиот македонски музиколог.

Следниот сегмент од Зборникот се однесува на класификацијата на песните, што претставува прва тематска класификација на македонските народни песни на: самовилски, црковни, јуначки, овчарски, жални, смешни, љубовни, свадбени, лазарски и жетварски. При класификацијата на песните и самиот Константин воочил дека таа класификација не може да биде спроведена доследно, па на крајот на Предговорот стои констатацијата дека еден ист мотив се среќава кај различни народи поради меѓусебните контакти (Грци, Власи, Срби и Хрвати). Константин посочува и дека при изборот на песните вршел селекција, па од повеќе варијанти ја избирал најдобрата, што значи Зборникот има и карактер на антологија.

Браќата Миладиновци не се задржале само на тематска класификација на песните, туку отишле и подалеку со тоа што направиле класификација и според градбата на стихот (според бројот на слоговите во стихот). Оттука, забележуваат дека песните се напишани со различен број стихови „куси и долги" (од четирисложни до петнаесетсложни стихови) и заклучуваат дека најголемиот број песни се испеани во десетерец (најчесто кај јуначките епски песни) и осмерец (кај љубовните песни).

Во Предговорот, Константин се задржува и на правописните решенија (на пример, акцентот, потоа на членот и сл.), кои се во функција на изворниот изговор на чуените песни, што е особено значајно за огласувањето на македонската изворна народна реч во овој зборник на македонската преродба. Настојувајќи да ги покаже богатството и вредноста на народното творештво, Константин дава примери со чествувањето на големите празници, како Велигден и Ѓурѓовден во Струга и во Панаѓуриште во Бугарија. Покажувајќи го своето познавање на фолклорот на другите балкански народи, уште еднаш ја нагласил својата длабока почит кон фолклорното богатство на сите народи.

Запомни!

Константин Миладинов важи за основоположник на новата македонска поезија. Од македонската народна поезија ги преземал инспирацијата, мотивите и метриката. Неговите песни се напишани на народен струшки говор. По препорака на хрватскиот бискуп Јосип Јурај Штросмаер, Константин Миладинов ги препишува песните од Зборникот на народни умотворби на кирилско писмо, по што Зборникот се објавува во Загреб, во 1861 година. Тој е и автор на предговорот во Зборникот, кој претставува прв обид за научен труд од областа на народната литература. Во предговорот, Константин пишува и дека правел селекција на запишаните песни, што на Зборникот му дава и карактер на антологија. Во Зборникот, исто така, браќата Миладиновци ја прават првата тематска класификација на македонските народни песни, кои ги делат на: самовилски, црковни, јуначки, овчарски, жални, смешни, љубовни, свадбени, лазарски и жетварски.

Прашања и задачи:

1. Што претставува Константин Миладинов во македонската литературна историја?
2. На кој јазик пишувал Константин Миладинов?
3. Анализирај ја улогата на народниот јазик како чин на културна и национална самосвест во творештвото на К. Миладинов?
4. Колку темата на „Т'га за југ" е актуелна денес? Поврзи ја со современи примери.
5. Објасни како индивидуалната носталгија добива колективна, национална димензија.
6. Пронајди ги и анализирај ги стилските средства што ја засилуваат тагата (епитети, метафори, персонификација) во песната „Т'га за југ".
7. Определи ја римата во песната „Т'га за југ".
8. Откриј ги стилските фигури: метафора, контраст, персонификација и симбол во песната „Т'га за југ".
9. Пронајди ги белезите на европскиот романтизам во песните на Константин Миладинов.
10. Зошто е значаен Предговорот на Константин Миладинов кон Зборникот на народни умотворби?
11. Кои информации ги содржи Предговорот и што говорат тие за развојот на македонската литература?
12. Напиши коментар за дадениот извадок од Предговорот:

    „И чужите песни, по народниот дух изречени, имает своите красоти; а кога поминват у нас, без да се слејат со народниот дух, како това се чинит во нови по подражание преземани песни, тога произлетвит нелепост, која доходвит до отвраштение. Народните песни се показаљка на степенот од умственото развитие од народот и огледало на неговиот живот. Народот в песни изливат чувствата си, в них увековечвит животот му и давнешните му подвиги, в них находвит душевна храна и развлечение; затова в жаљба и в радост, на свадба и хоро, на жетва и грозјебрање, на везање и предење, по поле и по гори, штедро изливат песните како од богат извор; затова можит да се речит, че народот је секогашен и велик певец".

13. Како започнува манифестацијата „Струшки вечери на поезијата"? Пронајди ја поврзаноста на браќата Миладиновци со оваа поетска манифестација.

Рајко Жинзифов

Истражи за потеклото на Жинзифов, за неговото вистинско име и за неговата смрт.

Биографија



Рајко Жинзифов

Рајко Жинзифов ѝ припаѓа на првата генерација преродбеници од новата македонска литература. Бил современик со Константин Миладинов и со Григор Прличев.

Рајко Жинзифов е роден 1839 година во Велес, во богато и угледно семејство, кое го поддржувало грчкото влијание. Своето образование го започнал на грчки јазик во Велес и во Прилеп. Во 1856 година се сретнал со Димитар Миладинов и ги прифатил неговите погледи за учење на народен јазик. Се школувал на духовната семинарија во Одеса, но откако добил стипендија за школување во Москва, се префрлил на Историско-филолошкиот факултет (заедно со К. Миладинов и со П. Зографски). Во Москва се движел во кругот на македонските и на бугарските студенти, соработувајќи и со Константин Миладинов, кому му ги предал материјалите што му ги испратил Димитар Миладинов, како и песните што тој ги собирал и ги бележел во татковината. Активно соработувал со неколку списанија во кои објавувал текстови под псевдонимот Велешанин. По завршувањето на студиите работел како професор во една од московските гимназии, каде што предавал старогрчки јазик. Се занимавал со писателска, преведувачка и публицистичка дејност на руски јазик. Жинзифов своите песни (39) ги објавил во периодот од 1860 до 1864 година во повеќе списанија во Москва и правел препеви од руски, украински и од чешки јазик. Последните 18 години години од својот живот, Жинзифов ги поминал како емигрант во Русија, во постојана борба со немаштијата. Бедниот емигрантски живот и носталгијата по татковината станувале сè поголеми со текот на времето. Во 1866 година, кратко време престојувал во Македонија, оставајќи сведоштва во својата публицистика. Иако добил руско државјанство, по враќањето во Русија, Жинзифов постојано бил преокупиран со грижи за татковината. Разочаран од незаинтересираноста во руската средина, умрел истоштен, болен и во беда, во 1877 година во Москва.

Творештво

Творештвото на Рајко Жинзифов е плодно и обемно, но најголемо значење за македонската литература има неговата поезија. Тој напишал 39 песни и поемата „Крвава кошуља". Освен поезијата, го напишал и расказот „Прошедба", други публикации и преводи во московските списанија и препеви од словенските литератури („Словото за походот Игорев", „Краледворскиот ракопис", „Гусларот"), а автор е и на биографија на браќата Миладиновци.

Жинзифов го создал своето поетско творештво во периодот меѓу 1860 и 1864 година, кое е составено од 39 песни и поемата „Крвава кошуља". Тоа претставува поетски мозаик на мислите, чувствата и стремежите на Македонците во шеесеттите и седумдесеттите години

на 19 век. Речиси сите негови песни се одраз на актуелните општествено-политички случувања во Македонија во тој период.

Мотивски, во поезијата на Жинзифов можат да се најдат песни со патриотски, рефлексивен, социјален и историски мотив. Во дел од песните е доминантна публицистичката нота во која дава жестока критика на политичката состојба. Во нив ја претставува тешката положба на македонскиот народ и историските случувања кои во некои моменти се и идеализирани. Тој во своите песни го идеализира родниот крај, патријархалниот живот и народниот бит за кој смета дека е основата за идниот национален живот. Неговата лирика е исполнета со лирски трепереења во кои ја опева својата животна опсесија да му служи на својот народ, иако е далеку од него. Меланхолијата, мрачните и тешки денови на емиграција и копнежот по родниот крај во неговите песни, откриваат лирски субјект со неостварени илузии и длабоко разочарување.

Во неговата поезија доминираат романтичарските белези. Од минатото, поетот црпи сили за борба и наоѓа примери достојни за следење. Кај него, прославувањето на минатото оди толку далеку, дури до негово целосно идеализирање, што е чест случај со поетите од словенските народи во времето на националниот романтизам. Туѓината наспроти родниот крај е типичен романтичарски мотив. Интимната исповед се провлекува како златна нишка низ повеќето негови песни во кои доминираат мрачните и отуѓени дни во емиграцијата, мачните студентски денови исполнети со сиромаштија, осаменост и резигнација. Антитеза на тешките внатрешни судрувања се песните во кои поетот му се навраќа на роднокрајниот мотив, како визија на среќен, радосен живот. Близината со народната поезија ја покажува во песната **„Гарван"**, испеана во осмерци и шестерци, во која гавранот е симбол на проклетството и навестувањето несреќа, како и во народната поезија. Според некои автори, со оваа песна Жинзифов е препознаен како предвесник на симболизмот во македонската поезија.

Посебен мотивски круг во поезијата на Жинзифов се песните во кои тој се појавува како заштитник на традицијата и ангажиран моралист, осудувајќи го пробивот на европската, туѓата мода. Жинзифов отворено пишува против елинизмот и против европеизацијата, дава слика на животот на македонскиот народ и на народниот морал, со љубов пее за народниот бит, за чистите „народни начела", обичаите и празниците. Во одредени песни, тој се повикува на Крале Марко и на Св. Климент Охридски.

За неговата поезија е карактеристично тоа што во една песна честопати се преплетуваат повеќе мотиви. Таква е песната **„Безсоница"** во која доминираат: тагата, носталгијата, осаменоста, критиката на западната „поразија", некорисноста од книгите, чувството дека не припаѓа таму, споменот на родниот крај, на детството и на сестра му, „опсесивната тема" – чувството дека е отфрлен, односно дека му свртел грб на својот народ (како што е и во песната **„Сам себе си"**, во која доминира самоомразата, нарекувајќи се „скитник без рода"). Самопрезирот, душевната тишина и осамата, елементарните одлики на романтизмот, се застапени во сето негово поетско творештво.

Поезијата на Жинзифов е напишана на народен велешки говор, но во јазикот има зборови позајмени од лексиката на рускиот, српскиот и бугарскиот јазик.

Поемата „Крвава кошуља"

„Крвава кошуља" е една од првите објавени поеми на македонски народен јазик, напишана во духот на романтизмот. Жинзифов ја отпечатил оваа поема како посебна книшка на

22 јули 1870 година во Браила, Романија, на македонски јазик. Меѓутоа, современиците на Жинзифов сметале дека оваа поема ја напишал уште во Македонија, некаде во 1857 година. На корицата е наведена народната пословица: „Зол трн, зла копачка", а во стихуваната посвета што следува по насловот, упатена на донаторот, е очигледна целта на Жинзифов – да порача дека со покорност нема да се извојува слободата, туку со отпор и со борба.

Во поемата се осудува османлиската тиранија и се опишува неподнослив иот живот на Македонците под османлиското ропство. Пишувана под силно влијание на украинските песни на Тарас Шевченко, поемата „Крвава кошуља" опишува вистинска случка за една мајка, која откако Османлиите ѝ го убиле единствениот син, ја донела неговата крвава кошула во градот да му ја покаже на народот во црковниот двор. Несреќната жена, која на Жинзифов му ја раскажала вистинската и трагична приказна за убиството на својот маж, не успеала да издејствува казнување на убиецот од страна на судот, па крвавата кошула од мажа си ја однела во црквата пред иконата на Богородица, со уверување дека таа ќе го казни злосторникот.

Поемата се состои од 794 стихови, а авторот ја поделил на четири дела, од кои третиот дел е најмал, со само осум стиха. Првото пеење е историска реминисценција на минатото во Прилеп, кога Крале Марко бил заштитник на народот, па поетот ги велича неговите дела. Во овој дел поетот води фиктивен разговор со насобраните моми во црковниот двор, потсетувајќи ги на нивната сегашна ропска положба. Второто пеење започнува со физичкиот опис на бабата, како и со претпоставките кои се нижат за нејзиниот жалосен изглед и продолжува со директното обраќање на поетот кон неа. Третото пеење е, всушност, обраќањето на старицата и овој дел може да се нарече тажаленка во која бабата ја раскажува нејзината трагична приказна, со откривање на содржината на торбата – крвавата кошула на синот. Низ нејзиниот расказ се актуализира несигурниот живот на Македонецот и насилната смрт на синот кој загинал од османлиските зулумџии. Последниот, четвртиот дел, претставува мачна констатација за тешката судбина на старицата, но истовремено и едно навестување за незаборав на насилството: „Твои думи, јадна бабо, / тврдо ја запомних, / помнам тија жешки с'лзи, / јадри като бисер".

Поемата е пишувана врз основа на вистинска случка. Имено, во 1856 година, додека бил помошник учител на Димитар Миладинов во Прилеп, Жинзифов бил сведок на настанот што му послужил како сиже за поемата. За вистината околу содржината на „Крвава кошуља" од извонредно значење е едно искажување на стариот Марко Цепенков во неговата „Автобиографија": „Коа учеше Фони (Жинзифов) во училиштето наше, виде една жена мариовка кај плачи со глас и влезе црква со една зобница, што си имаше една крвава кошула от отепаниот ѝ маж: ја кладе пред иконата от Богородица, за таја да му дојде от акот на пољако што ѝ го утепа мажот, чунки судо ја истера. Фони ја испраша и сичко го пиша, што му кажа мариовката. И после го направи на стихои, на една книжка, со заглавие 'Крвава кошуља'".

Стиховите во поемата се осмерци и шестерци и не се римувани.

Расказот „Прошедба"

Расказот „Прошедба" е прв расказ во македонската литература, а воедно е и единствен белетристички текст на Рајко Жинзифов. Објавен во 1862 година („Братски труд", Москва, кн. 2), овој расказ отвора нова страница во прозата на македонскиот 19 век и е показ дека Жинзифов правел обиди за пишување проза.

„Прошедба“ е расказ посветен на Димитар Миладинов. Темата на расказот е осуда на фанариотското угнетување, а идентично како и во „Крвава кошуља“, авторот го применил истото композициско решение на „расказ во расказ“. Него го изнесуваат, го раскажуваат двајца раскажувачи: првиот раскажувач е патникот, а вториот раскажувач е старецот Стојан.

Во расказот, Жинзифов опишува еден излет на двајца другари до прилепското село Врбјани. Раскажувачот (нараторот) и неговиот другар, по неколкучасовно одење низ сугестивно опишаната природа во типичен романтичарски манир, најпрвин ќе ја посетат селската црква. Таму ќе се уверат во однародувањето на македонското население, преку примерот со попот, кој ја изведува богослужбата на грчки јазик. Преку реминисценција на минатото и славните времиња на Крале Марко, раскажувачот ги споредува ропското време од сегашноста со некогашното славно минато (воведување на романтичарскиот елемент).

Во вториот дел од расказот (условно кажано), двајцата млади луѓе доаѓаат во куќата на еден селски домаќин, старецот Стојан. Тука е претставена идеална, патријархална, многучлена, старовремска заедница каде што се живее како што се живеело од дамнина. Гостите се восхитени од хиерархијата во тоа семејство, преку кое е покажана сликата на начинот на функционирањето на семејството во тоа време воопшто, во кое секој си ги знае својата задача и своето место, а на чело стои најстариот член од семејството, кој решава за сè. Преку раскажувањето на домаќинот се дознаваат состојбите во македонските села. Раскажувањето е испреплетено со отстапувања од основната раскажувачка тема со изнесувањето на ставовите на раскажувачот за состојбата на црквите по селата и односот на свештениците, обичаите на народот и подмитливата власт.

Фолклорните елементи при описот на гумното каде што заминуваат гостите, се чини дека е само повод за раскажувачот да вметне една песна, во која повторно ја критикува европската мода како уништувачка на фолклорната традиција. За него, народниот бит, носиите, обичаите и фолклорот се белези на уникатност на македонскиот народ бидејќи преку нив се разликува од другите словенски народи:

> „Навистина, ќе сретнеме жени облечени во народна облека. Но, тие се селанки, преселени в град пред некој месец, а за некој месец, најмногу за година, кутрата селанка ќе се стори граѓанка. Досега во градовите нашата младина беше заразена со грцизмот, во устата им грмеше 'кали мера' и 'кали спера'. Но сега се појавија други штети, ако не потешки, ами не и полесни. Наместо тесни шајачни бечви се појавија панталони, фрак, палто, сако; наместо чоја се појавија френски материјали, кринолин, капелин и други мудрости на просветената Европа. Одвај оживеа 'Добро утро' и 'Дал Бог добро', ќе се задави во 'Бон жур' и 'Коман ву порте'".

Се чини дека и самиот Жинзифов како да ја почувствувал преголемата жанровска разнообразност на својот расказ, па кон крајот како да се извинува: „Читателу! Ти ќе се прашаш, каква врска има твојата прошетка со твоите мудрувања? И требаше ли да го запреш раскажувањето со вишок зборови? Прости ми. Но знај, читателу, и верувај, дека овие мисли ми

ги задушуваа градите. Затоа ги напишав, да ми поолесни. Верувај дека уште жалам по гумното каде што повторно ќе те однесам".

Расказот нема некоја стилско-уметничка вредност, затоа што има многу недостатоци во однос на одликите на еден расказ. Така, во него нема настан, цврста и поврзана приказна, нема вистински конфликт, нема етапи на дејството и на моменти, со сите дигресии во него, наликува на патописно-етнографски запис. Иако со стил близок на народните приказни, неговата историско-книжевна вредност е неоспорна бидејќи претставува прв раскажувачки обид во македонската книжевност.



Прошедба

Запомни!

Рајко Жинзифов е едно од најзначајните книжевни имиња на македонската литература. Неговиот придонес во македонската културно-националната преродба е голем. Пишувал поезија полна со романтичарски дух, за борба против угнетувачите и со носталгија по родниот крај. Значајна е неговата публицистичка и преведувачка работа. Тој е првиот биограф на браќата Миладиновци и писател кој прв се обидел да напише расказ во македонската литература.

Прашања и задачи:

1. Во каков историски и општествен контекст е напишано делото „Крвава кошуља"?
2. Што симболизира „крвавата кошула" во истоименото дело?
3. Каква е улогата на реалистичните елементи во расказот „Прошедба" од Жинзифов?
4. На кој начин се прикажува колективната состојба на народот преку индивидуалната судбина во расказот „Прошедба"?
5. Издвој ги фолклорните елементи во поемата „Крвава кошуља" и во расказот „Прошедба".
6. Посочи ги романтичарските елементи во делата „Крвава кошуља" и „Прошедба".
7. Посочи ги деловите во расказот преку кои е претставена општествената, економската и културната состојба во македонското село.
8. Прочитај ги и спореди ги песните „Гарван" од Жинзифов и „Гарванот" од Едгар Алан По.
9. Напиши есеј од 120 до 150 збора со наслов: Влијанието на европската мода врз традицијата.



Гарван

Григор Прличев

Истражи! Пронајди извадоци од „Автобиографијата“ на Прличев со кои ќе ја поткрепиш биографската фактографија.

Биографија



Григор Прличев

Григор Прличев е роден во 1830 година во Охрид, во сиромашно занаетчиско семејство. Пред да го започне школувањето тој знаел да чита и да пишува, но вистински почнал да се образова откако Димитар Миладинов дошол во Охрид да работи како учител. Кусо време работел како учител во Тирана, а во 1849 година се запишал на Медицинскиот факултет во Атина. Медицината не го интересирала многу, па затоа почнал да работи како учител низ Македонија. Во 1859 година повторно се вратил на студии во Атина и ја напишал поемата „О армatолос“ („Сердарот“), со која учествувал на анонимен поетски конкурс. Во 1860 година ја добил првата награда на конкурсот, бил овенчан со лаворов венец и бил прогласен за „втор Хомер“. Добил парична награда и можност да студира во Оксфорд или во Берлин, но под услов да се откаже од словенското име и да стане Григориос Ставридис. Откако ја одбил понудата и по информацијата за смртта на браќата Миладиновци, тој во 1861 година се вратил во Охрид и започнал со учителска дејност на народен јазик. Оваа вест придонела за голем пресврт во животот на Прличев: на литературен план се откажал од грчкиот јазик, а со тоа и од постигнатата литературна афирмација, брзо го пресекол својот поетски развој и се насочил кон борба за ослободување на македонскиот народ од угнетувањето на великогрцизмот. Со својата активна работа на полето на исфрлување на грчкиот јазик од училиштата и од црквите и воведување на народниот јазик, ја навлекол омразата на фанариотите и бил цел на нивни напади и обвинувања. Поради тоа, во 1868 година бил затворен во дебарскиот затвор, а по излегувањето од затворот работел како учител до крајот на животот. Во еден период од животот престојувал и во Софија, каде што добил покана од списанието „Читалиште“ да ја преведе „Илијадата“, но откако сфатил дека поддршката изостанала, се разочарал и се вратил во Охрид. Од 1883 година учителствувал во Солун и таму го напишал своето второ по значење книжевно дело – „Автобиографијата“ (1884/85). Умрел во 1893 година во Охрид, а неговото тело било погребано во црквата Св. Климент.

Творештво

Григор Прличев е македонски писател со богат литературен опус кој пишувал на три јазици – грчки, бугарски и македонски. Имал идеја за создавање општословенски јазик, т.н. словенско есперанто, на кој ги препеал и своите творби. Освен поемата „Сердарот“, тој ја напишал и поемата „Скендербег“, со која сакал повторно да конкурира на поетскиот конкурс во Атина, но таа година поетскиот натпревар не се одржал.

Прличев напишал и песни за деца (збирка со наслов „Воспитание или 12 наравствени песни"), есеи, записи и слова, кои биле објавувани во тогашните списанија. Во 1894 година во Софија ја објавил својата автобиографија и направил преводи на Хомеровите „Илијада" и „Одисеја", како и на поезијата на Торквато Тасо, Лудовико Ариосто и други.

Прличев за време на учителствувањето во Солун го напишал своето книжевно дело „Автобиографија". Таа е првата автобиографија во нашата книжевност во 19 век и првпат била објавена во 1894 година. Тој хронолошки ги прикажал настаните од неговиот живот, патувањата и ставовите и со големо мајсторство изградил и неколку интересни ликови (мајка му, дедо му и други).

Неговото слово „Чувај се себеси", одржано како говор пред охридските првенци во 1866 година, е комплементарно со делата „Сердарот" и „Автобиографија", и на извесен начин ја надополнува пораката на поемата. Со ова слово-есеј, Прличев најмногу се доближува до идеите на француските просветители, апелирајќи до присутните слушатели да не се поведуваат според емоциите и страста, туку да го следат својот разум и нему да му го подредат својот живот. Нагласувајќи ја моќта на науката кај Европејците, Прличев сакал да им сугерира на своите сограѓани да ја пригрнат науката, да не бидат заостанати, да ги отфрлат празноверијата и магиите, затоа што само со моќта на знаењето ќе можат да остварат посовремен начин на живот, каков што одамна постоел во Европа.

Интерпретација на „Сердарот"

Инспириран од тешкиот живот на Македонците од западниот дел на Македонија и од народната епска песна за Кузман Капидан, Прличев ја напишал историско-јуначката поема „Сердарот". Поемата ни открива дел од стварноста во која живеел македонскиот народ од западните краишта во 30-тите години од 19 век: макотрпен живот, секојдневни стравувања за своето постоење, решителна борба, обичаи и верувања. Поетот го опфатил оној историски период на слабеење на Османлиската Империја, што довело до анархија на тлото на Македонија, кога локалните аги и бегови спроведувале самоволие.

Структурно, поемата е составена од 9 пеења и 912 стихови поделени во 228 катренски строфи со наизменично римувани стихови. Основната наративна линија во поемата е хронолошка, но низ ретроспектива, бидејќи се раскажува по сеќавање. Поемата е во дијалошка форма, а раскажувачот е сезнаечки. Дејството се случува во триесеттите години од 19 век, во Галичник и во Река. Основна тема во поемата е борбата на Македонците и напорите да се заштитат од нападите на Гегите. Поемата започнува со пискотници и лелеци за настан што се случил пред да почне раскажувањето, а тоа е тажната вест за смртта на Кузман Капидан, јунакот што го брани народот од налетите на бандите. Со познатата словенска антитеза, карактеристична за нашето народно творештво, Прличев нè воведува во поемата. Во второто пеење е претставена Неда, мајката на Кузман, која очекува нејзиниот син да се врати од бој. Таа е замислена и загрижена поради сонот што го сонила претходната ноќ и кој не ѝ дава спокој. Во третото пеење, четворица Албанци со симнати капи го носат мртвото тело на Кузман во неговиот дом. И покрај болката што ја чувствува, Неда гордо и достоинствено го пречекува телото на синот. Најстариот од Гегите ја изразува својата почит кон мртвиот непријател, бидејќи таква храброст и таков јунак дотогаш немале сретнато. Во четвртото пеење е дадена приказната за битката во која загинал Кузман. Тој се борел храбро со четата на Гегите, кои

по извршениот грабеж се одморале со гозба на една ледина. Иако нерамноправна по бројност, четата на Кузман ги нападнала, а тој убил многумина од нив. Во петтото пеење е даден двобојот на Кузман со Махмут и неговата смрт. Раскажувањето на Албанецот продолжува и во шестото пеење, каде тој ѝ дава збор на Неда дека нејзиниот дом никогаш нема да биде нападнат од нивна страна. Неда гордо ја одбива нивната заштита, барајќи им да се заколнат дека нема да ја ограбуваат Река. Во ова пеење се опишани и ритуалите на капењето и облекувањето на мртвото тело на Кузман и тажаленката во која Неда зборува за семејството и за храброста на предците на Кузман. Во седмото пеење е даден ликот на Марија, свршеницата на Кузман, која ја дознава страшната вистина од нејзиниот татко. Таа ги расплетува косите и почнува да го жали саканиот заколнувајќи се на вечна љубов.

Осмото пеење претставува епилог во кој нараторот ни опишува едно ритче крај Галичник, на кое се наоѓа гробот на сердарот Кузман Капидан, покриен со темјанушки. Последната поетска слика ни открива дека секој минувач може да види оти на гробот еднаш годишно доаѓаат девојки кои плетат венчиња од темјанушки додека тивко пеат јуначки песни и дека секоја приквечер постојано доаѓа една жена во црно (калуѓерка) која се грижи за гробот.

Поемата завршува со една типична романтичарска карактеристика, што може да се толкува и како посебно пеење. Приказната ја раскажал друг, а авторот само ја запишал: „На гусла двоструна свирејќи, покрај патот седнал, / го пее ова просјак сед; / а јас, пак, прост запишувач, минејќи тука еднаш / го запишав од ред до ред“... Тоа е одлика на романтичарите, да се „скријат“ зад некој друг, затоа што го критикуваат своето време и ја прикажуваат реалноста каква што е.

Поемата „Сердарот“ е од огромно значење за македонската литературна историја, затоа што е совршено напишана. Во неа има богатство од стилски изразни средства преку кои се отсликува драматиката на настанот, при што е евидентно дека Прличев бил вистински уметник на зборот. Поемата ја градел со мајсторска поетска вештина и со моќ за употреба на речиси сите стилски фигури: епитет, парафраза, хипербола, градација, паралела, метафора, контраст, алегорија, персонификација, компарација (која е присутна од почетокот до крајот на поемата), антитеза, метонимија, ирониј, сарказам, парадокс, реторско прашање. Во неа мотивот и версификацијата (градбата на стиховите) се под влијание на народната македонска поезија, додека стилските особености – сложените епитети, мотивите и ликовите од грчката митологија, опширната епска нарација, описот на оружјето, на двобоите и градењето на ликовите – се под влијание на Хомер.

Ликовите во „Сердарот“

Неда е мајката на Кузман. Таа е средовечна, јадра и здрава жена која е горда на синот кој се бори за татковината. Неда е вдовица и сама го одгледала и го воспитала синот, па затоа е загрижена за неговиот живот. Веста за смртта на синот ја прима со голема болка и кога сите мислат дека тоа ќе ја скрши, таа гордо и храбро истапува пред непријателот, со сета достојност што треба да ја има мајка на јунак. Оплакувајќи го синот, таа ја оплакува трагиката на народот. И кога може да се заштити себеси и својот дом, таа бара заштита за сите во Река.

За да ја издигне Неда над обичниот човечки лик, Прличев користи хомеровски споредби и митолошки алузии. Уште со стихот „Извајана е амазонската нејзина става“ ја споредува со Амазонките, легендарните жени-воини од старогрчката митологија. Оваа споредба не се од-

несува само на нејзиниот изглед, туку и на нејзиниот карактер – таа е силна, достоинствена, храбра и непоколеблива, дури и во миговите на најголема лична трагедија.

Марија е свршеницата на Кузман. Таа е млада, патријархална девојка која претставува симбол на верноста. Страшната вест за погибијата на нејзиниот сакан Кузман ја затекнува на разбојот. Марија ги чува болката и крикот во себе, додека не остане сама. Таа го проколнува животот кој ѝ донел голема и тешка тага, разурнати мечти и женски сништа. Во знак на жал и тага, таа се самоогрдува, го презира својот убав лик, ги расплетува косите и ги посипува со пепел. Во знак на љубов кон својот мртов свршеник, Марија ветува дека ќе се замонаши со што ќе остане верна на неговата љубов и неговиот спомен. Соочувајќи се со суровата вистина, го проколнува мигот и се кае што не била покрај саканиот за да го заштити и да умре наместо него. Болката и крикот ги чува во себе додека не остане сама, за да не покаже непочитување кон татко ѝ, а потоа ја нагрдува својата убавина, бидејќи веќе не ѝ е потребна. Таа се колне на вечна верност и станува калуѓерка.

И покрај тоа што е централен лик, за **Кузман** дознаваме преку кажувањата на другите ликови.

Гегите се противниците на Кузман. Разбојници кои ја преминуваат границата, го ограбуваат населението и се враќаат назад. Колку и да се лоши и немилосрдни, сепак го препознаваат јунаштвото на Кузман и му оддаваат чест.

V пеење

За таа наша пропаст жал на Махмуда му стана,
се спушти како орел тој.
Разбеснето со шпорите тој шибна, коња врана
со Кузмана да стапи в бој.

Спроти него се исправи. Под црна веѓа густа
одмаздата ја собрал – бран.
Тој зеде в раце оружја огнодишни, а в уста
стегајќи остар јатаган.

Од двете оружја се слушна пукање, и сетне
два куршума со пискот зол
излетаа, барајќи месо: едниот го сретна,
и Кузман сети силен бол

во рамото, кај одлево клучницата со зглобот
лопатниот го крепи дел;
а другиот во правта закачи,
свирејќи злобно но без да сретне жива цел.

И Кузман горчлив насмев сал на својот враг му прати.
Се исправи на коњот жив,
та дур на Махмуд му се здаде јатаган да фати –
испреварен, му зајде здив...

Ја крена Кузман сабјата па одлево и кратко
ја замавна врз врагот клет
на она место кај што гордо грклanот на вратот
над телото се подал сет.

Не се спротивстави коскената и јака маса
на секот, што во овој миг
до мишката, делејќи меса, сосем лесно стаса,
и Махмуд пушти грозен крик.

Да, така дрвар лесно сече в гора гранка здрава
од дабот толку силен, стар.
И прво падна раката со таа руса глава
на мојот храбар господар.

А потем падна и се урна снагата му цела
врз оној грозен, крвав куп.
И бликаше на земјата во струи крвта врела
од уште топлиот му труп.

VI пеење

Јуначкото тело на Кузмана беше од рани
лути ишарано цело,
што беа се пробиле лесно низ ребрата збрани
сѐ до внатрешните делој.

Од крвта ненаситен сѐ уште водеше битка,
лутина гневна дишејќи;
од раните бликаше крвта, но сѐ уште бритка
мавташе сабја, беснејќи.

Но кога му пресекна изворот животен, тогај
глава тој спушти. И рече
со шепнење некакви зборови нејасни, кога –
шумно од коњот се свлече.

Под секира дабот, што бури победувал, така
смртно под рани се веде,
а потоа паѓа од моќната дрварска рака,
ама – врз дрварот беден...

(...)

Запомни!

Григор Прличев е значаен автор во македонската литература, кој со своето творештво ги обединува спецификите на класицизмот и на романтизмот. Тој е писател на поетски и прозни дела, и на творби за деца. За поемата „Сердарот" е овенчан со лаворов венец и го понесува епитетот „втор Хомер". Прличев е и преведувач на еповите „Илијада" и „Одисеја".

Прашања и задачи:

1. Зошто е значаен Григор Прличев за македонската литература?
2. Што го инспирирало Прличев за да ја напише поемата „Сердарот"?
3. Определи го видот на нарација и нараторот во „Сердарот"?
4. Која стилска фигура е застапена на почетокот на првото пеење во поемата?
5. Опиши го сонот на Неда од второто пеење во поемата и обиди се да го протолкуваш и да ја објасниш неговата улога на предвестување.
6. Која стилска фигура се користи при описот на Кузман од страна на Албанецот во четвртото пеење?
7. Преку кои постапки Гегите ја покажуваат својата почит кон Кузман?
8. Опиши го ликот на свршеницата на Кузман, Марија, преку седмото пеење.
9. Атрибутизирај го ликот на Кузман.
10. Опиши го ликот на Неда.
11. Потсети се на „Илијада" од Хомер и пронајди ги елементите кои на Прличев му го дале епитетот „втор Хомер".
12. Пронајди ги романтичарските белези во поемата.

Ѓорѓија Пулевски

Биографија



Ѓорѓија Пулевски

Ѓорѓија Пулевски е првиот меѓу македонските дејци од 19 век, кој успеал да ги изрази македонистичките идеи во печатена форма. Неговото севкупно творештво е одраз на македонскиот идентитет. Роден е во Галичник, но годината не е со точност утврдена (1817-18 или 1822-23). На седумгодишна возраст, Пулевски заедно со татко си заминал на печалба во Романија, каде го изучувал ѕидарскиот занает. Во неговата биографија недостасуваат точни податоци за периодот до 1862 година. Тој бил самоук и добро ги познавал старословенската, српската, грчката, руската и латинската азбука, односно ги познавал српскиот, албанскиот, турскиот и грчкиот јазик, за што сведочат неговите повеќејазичници. Во периодот од 60-тите години на 19 век до 1876 година престојувал во Белград, патувал по Македонија и Србија. Зел учество во Српско-турската војна (1876), во Руско-турската војна (1877-78), бил војвода на третата чета и член на Централниот комитет, т. е. на Воениот совет на Кресненското македонско востание (1878-79). Покрај револуционерната дејност, за Пулевски приоритетна била и културната и националната преродба на македонскиот народ. Во 1888 година, во Софија ја формирал Словеномакедонската книжевна дружина, во која членувале емигранти Македонци, а целта на дружината била „да ја прероди народната македонска литература". Набргу дружината била растурена од страна на Стамболовата влада. Пулевски останал во Софија како емигрант до крајот на својот живот, во 1893 година, каде што неуморно творел во име на македонизмот.

Творештво

Културната и национална дејност на Пулевски како учебникар, лексикограф, граматичар, поет, фолклорист, етнограф и историчар е позначајна од неговата политичка и револуционерна дејност.

Тој е балкански полиглот. Издал два речника разговорника: „Речник от четири јазика" (1873) и „Речник от три јазика" (1875) и обата објавени во Белград.

Неговата трета објавена книга е поемата „Самовила македонска", отпечатена во одделно издание на македонски народен јазик во 1878-79 година во Софија. Поемата е патриотско-политичка и претставува одраз и реакција на решенијата на Берлинскиот конгрес, па во жанровска смисла може да се определи како политичка елегија. Во 1880 година во Софија ја објавил и „Словенско-населенска македонска слогница речовска" или скратено „Слогница речовска", во која се открива залагањето на Пулевски за кодифицирање на македонскиот јазик како литературен јазик на Македонците. Во оваа книга тој пишува за употребата и за форсирањето на трите форми на членот, за азбуката и за тоа како се употребуваат буквите, а наведува и некои дијалектни разлики во македонскиот јазик.

Во Софија, во 1879 година, ја објавува „Македонска песнарка" во две книшки, која содржи вкупно 15 песни и со кои Пулевски се појавува како првиот македонски поет што пишувал политичка поезија. Во ракопис останале неговата „Јазичница" (Граматика на македонскиот јазик), која ја имал најавено претходно, како и неговата обемна „Славјанско-македонска општа историја" (преку 1 660 страници).

Првиот негов речник, **„Речник от четири јазика"** (1873), бил отпечатен во Државната печатница во Белград. „Речникот" се состои од зборови на четири јазици: српско-албански (арбански-арнаутски), турски и грчки, но, всушност, се работи за петјазичник бидејќи во колоната на српскиот јазик дава лексички материјал од двата блиски, а сепак различни јазици: македонскиот и српскиот. Иако во насловот отсуствува македонскиот јазик, според Блаже Конески, се работи токму за српско-македонска паралела, во која на прво место се македонски зборови и фрази. Имено, Пулевски имал лично искуство како востаник и многу бргу ја сфатил политиката на големите сили и нивниот однос кон малите балкански народи. Тој сфатил дека, поради промената на политичката клима и сè поприсутните претензии на Србија кон Македонија, нема да може да го користи терминот македонски јазик. Затоа бил подготвен на одредени отстапки, вклучувајќи го и националното име.

Од друга страна, ознаката за албанскиот јазик „арбански-арнаутски" покажува дека Пулевски прави терминолошка разлика меѓу „албански" и „арбански". Првиот облик може да се објасни како еквивалент на „западномакедонски" или, уште потесно, „мијачки" јазик. Преводите на албански, на турски и на грчки јазик се дадени со кириличен превод, па ова е една од ретките книги со кирилично претставување на албанскиот и на турскиот јазик. Ова дело претставува ран обид на Пулевски да го документира и да го претстави македонскиот јазик во повеќејазична рамка, одразувајќи ја неговата посветеност на македонскиот јазичен и културен идентитет. Она што остава особен впечаток во лексиката на „Четиријазичникот" на Пулевски е неговата грижа за чистотата на јазикот.

Зборови кои биле дел од речникот, а сè уште се среќаваат во разговорниот јазик: постела, простирка (за душек), шареница (за килим), подглавница (за перница), ложник (за јорган), поклоп (за капак), т(о)лчило (за ќускија), печеница (за ќебап), род, плод (за бериќет), купувач (за муштерија), дрозден (за билбил), риза (за пешкир), димник (за оџак), струг (за ренде), зрно (за куршум), црпка (за црпалка, длабока лажица), стега (за менгеме), петлица, петалка (за копче), пртеници (за чорапи), скорни (за чизми), скутина (за бовча, кецела, фута), легало (за кревет), промена, премена (за облека), низалка, низа (за ѓердан), житница (за амбар), ризинче (за марама), ластар, младина (за фидан).

Во едно свое писмо, тој ги објаснува вистинските побуди што го натерале да се зафати со пишување на речникот. Имено, објаснува дека речникот е за оние кои во зборувањето почнале да се „побугаруваат". Во врска со печатењето на овој речник, Пулевски покажал досетливост. Имено, речникот најпрвин го испратил за печатење кај Министерството за просвета, но ракописот му бил вратен со образложение дека државата не може да печати такви дела на своја сметка. Потоа, Пулевски го испратил ракописот од речникот во Министерството за над-

ворешни работи, но откако претходно извршил одделни поправки. Не ја дочекал одлуката од Министерството и заедно со неколку свои земјаци го издал делото. Постојат повеќе информации дека тој сам патувал низ Македонија и го разнесувал својот прв речник. Во предговорот на овој речник пишува за неопходноста од познавањето повеќе јазици, а таму го најавува и вториот речник во кој ќе треба, како што вели, да изврши извесни поправки.

Укажувајќи на насоките за кодифицирање на македонскиот јазик, Ѓорѓија Пулевски во својот втор **„Речник от три јазика"** пишува: „Затоа и го напишав ('Тријазичникот') на (славјано) македонски јазик. Бугарскиот јазик во овој регион не се разбира, притоа имајќи предвид дека овој јазик (се мисли на македонскиот, *заб. на авт.*) се заснова на свој сопствен дијалект, мијачки, што значи чист разговор, на кој се преведени и црковните книги од грчки јазик, од страна на Кирил и Методиј, за нашиот народ". Насекаде во речникот Пулевски го акцентира називот „македонски", го употребува на некои места и без кратенката што ја ставал за да можат да ја читаат по свое оние од кои зависело издавањето на неговиот речник.

Во „Тријазичникот", Пулевски почнува со предговор (разговор) за делото, во кој ја изложува потребата од знаење на странски јазик и за подобрување на мајчиниот јазик. Истовремено, како вистински визионер, сакал да ги натера Македонците да ги научат јазиците на другите сонародници, а потоа да им помогне на сите да се разбираат меѓусебно, а сепак, секој да може да го зборува својот народен јазик. Преку преводот што го извршил Пулевски може да се забележи неговото солидно познавање на другите јазици и употребата на народниот говор.

За разлика од „Четиријазичникот", каде што се забележани само зборови, во овој речник Пулевски дава одговори на прашања за општото образование на својот народ, за воспитанието, за верата, за чувствата и за телото, за векот и за земјата, географски поими, за страните на земјата, за климата во Македонија и други прашања од речиси сите области на општественият живот во Македонија.

Во овој речник, Пулевски првпат ја изложува македонската национална идеологија, забележувајќи дека „и Македонциве се народ и местово њивно је Македонија", а истовремено и самиот се декларира како Македонец со национална свест. Имено, „Пулевски го испитувал теренот, шетал низ чаршијата, обиколил многу градови и села по разни поводи, се запознал со фолклорот на својот народ, прочитал обемна литература, се запознал со неколку дијалекти меѓу народот и сето тоа го споредувал со состојбата кај соседите, сфаќајќи ги разликите и доаѓајќи до идентичен заклучок за самобитноста на македонскиот народ и македонскиот јазик". (Сталев, 2001)

Запомни!

Ѓорѓија Пулевски е првиот меѓу македонските дејци од 19 век, кој успеал да ги изрази македонистичките идеи во печатена форма. Во „Речник от четири јазика", Пулевски се обидува да го документира и да го претстави македонскиот јазик во повеќејазична рамка. Во „Речник от три јазика" отворено ја изнесува идејата за татковината **Македонија, за македонскиот народ и за македонскиот јазик како посебни во словенскиот свет.**

Прашања и задачи:

1. Анализирај како историскиот контекст на 19 век влијаел врз формирањето на идеите на Ѓорѓија Пулевски.
2. Кои се најпознатите дела на Ѓорѓија Пулевски?
3. Каква улога има јазикот во националната самосвест според Пулевски?
4. Зошто „Речник от три јазика" се смета за многу важно дело за македонистиката?
5. Како делата на Пулевски придонесуваат кон создавање на целосен концепт за македонски национален идентитет?
6. Дали Пулевски може да се смета за визионер? Аргументирај го својот став.
7. Прокоментирај ги извадоците од „Речникот от три јазика" врз основа на тоа што го научи од лекцијата за Ѓорѓија Пулевски.

Народ се вељид, људи који се од еден род и који зборувајед еднаков збор, и који живувајед и се другарад еден, со, други, и који, имајед, једнакви, обичаји и песни и весеља, тије људите ји викајед народ а место, во које живувад, народ, се вељид отечестно, од тои, народ.

Така и Македонциве се народ и местово њивно је Македонија.

.....

Мије славјани који се наодвме од Македонија, на јужноисточни краи, Јевропа од Шар до доспад старославјани сме, и нашијов јазик, се вељид мијачки, које значи чист разговор.

.....

Питање

А славјанскијод јазик аљи је секаде, еднаков, иљи не кажими, соред.

Одговор

Славјанскијод језик имад пет разљике.

Пи.

Који се тије разљики кажими соред.

Од.

Тије се руски, хрватски, бошњачки, бугарски и македонски.

Пи.

Који јазици се нальик еден со другијод, од напред речените.

Од.

Рускијод и бугарскијод наибљизу се. А хрватскиод, и бошњачијод, и македонскијод наибљизу се.

Пи.

А македонскијод јазик, кога је, бљизу, со бошњачкијод зашто се именувад с. македонски дека, с македонскијод, јазик је, најсродан, со црквено, славјанските, књиги, и тои је старославјански.

2.2 ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

Есеј

Потсети се за есејот како книжевно-јазична форма на изразување и на видовите есеи со помош на табелата.

Која формулација најдобро го дефинира есејот како јазична форма на изразување?	1. „Есеј е литературен текст во кој е обединета научната и уметничката мисла како одговор на поставено прашање.“ 2. „Есеј е текст кој е напишан врз основа на научни аргументи и факти, но со употреба на фигуративен јазик што ја дава уметничката вредност на творбата.“ 3. „Есејот е пишувана форма која изложува идеи и мислења за мал дел од определена тема и ги поткрепува со соодветни докази.“ 4. „Есејот е краток прозен текст во кој се изложени личните впечатоци и погледи за некое прашање поврзано со животот, моралот, науката или уметноста.“
Ако самостојно се избира тема за пишување есеј, тогаш што треба да се почитува при изборот? (*Одбери ги соодветните искази.*)	а) Темата да претставува интерес на авторот. б) Авторот треба да има доволно знаење за темата. в) Колку е широка избраната тема и дали е поврзана само со една научна дисциплина или не. г) Во есејот да има дел во кој се изложуваат главните ставови и мисли на авторот. д) Да може да се истражи темата и да се најде доволно литература од која ќе се извлекуваат информации. ѓ) Подготовка на план (концепт) за пишување. е) Поставувањето на прашањето – теза може лесно да се формулира. ж) Избраната тема за есеј секогаш треба да се поврзе со видот есеј што се пишува.



Препиши ја табелата во тетратка и одреди го видот есеј според дадениот опис во колоната Одредница!

Одредница	Вид
Есеј во кој детално се опишува личност, место, предмет или настан според барањата на темата.	
Есеј во кој се изнесува сеопфатна анализа на прашањето – теза за кое се пишува во текстот.	
Есеј во кој е раскажана приказна за лично искуство на авторот.	
Есеј во кој јасно се презентира теза поткрепена со добро истражени докази и логично расудување.	

Во зависност од намената, во литературата се среќаваат и други видови есеи: критички, уметнички, научен и личен (наративен) есеј.

Критичкиот есеј има цел да ги вреднува специфичните карактеристики на креативно дело, какво што е филмот, романот или драмата. Есеистот не го изнесува своето мислење за делото, туку прави анализа со презентирање на аргументите и доказите што ја поддржуваат или ја побиваат централната идеја на делото. Основната карактеристика на критичкиот есеј е што има **главно тврдење**. Поставеното тврдење се изразува на почетокот на есејот во тезата, а потоа се поткрепува со **докази**. **Заклучокот** ја сумира главната мисла на есејот и ги истакнува најважните сознанија на есејот.

Уметничкиот есеј во стручната литература е тесно поврзан со наративниот, описниот есеј. Се смета дека во него доминираат лични искази кои се засноваат на сопствените искуства или набљудувања на авторот. Уметничкиот есеј се издвојува по субјективниот, личен пристап во исказот во кој доминираат емоциите и индивидуалното размислување. Основни карактеристики на уметничкиот есеј се: креативен почеток, субјективен тон на раскажување и користење стилски изразни средства.

Научниот есеј е пократка истражувачка работа на одредена тема, која од една страна користи прозни елементи, а од друга страна употребува научни факти. Основни карактеристики на научниот есеј се: анализа на научните информации поврзани со поставеното прашање, користење релевантни научни факти. Научниот есеј е дијалог на авторот со „научната заедница".

Личен (наративен) есеј е есеј во кој лицето пишува за своите искуства во форма на наративна приказна. Овој вид есеј се смета за најсубјективна творба затоа што авторот често раскажува вистински настани што му се случиле нему или на некој негов близок човек. Основна карактеристика на овој вид есеј е тоа што во него авторот не докажува ништо, па

затоа содржи повеќе уметничко-литературни карактеристики отколку научни. Темите се често социолошки и се во интерес на авторот, кој зазема одреден став заснован на лично искуство. Најчесто користи провокативен вовед во кој е застапена некоја техника: провокација, прашање, анегдота, цитат, резиме или комбинација од сите.

Структура и пишување есеј

Која од темите е попрецизно формулирана? Објасни зошто!

- „Технологијата влијае врз нашите животи."
- „Социјалните медиуми ја менуваат перцепцијата за успехот и ја зголемуваат несигурноста кај младите луѓе."

1. Формулација на теза

Добар есеј започнува со добро формулирана тема/теза што го интересира авторот бидејќи неговиот интерес треба да се пренесе на читателот. Најдобрите теми често произлегуваат од секојдневни ситуации – разговор со пријател, статија во весник или дури и случајна средба на улица. При изборот на темата авторот би можел да се праша: „Што ме интригира најмногу? Зошто читателите би ги заинтересирало моето мислење за тоа?"

Тезата е изјава, став што се брани низ целиот есеј. Најдобрите тези се оние што читателот може да ги оспори, на кои може да се спротивстави бидејќи тоа значи дека есејот презентира нешто важно.

Тезата треба да биде јасно и прецизно формулирана. Ако тезата бара објаснување за да се разбере, тогаш таа е премногу сложена. Читателот треба веднаш да знае за што се пишува и зошто е тоа важно. Темата треба секогаш да биде конкретна, а не сеопфатна. Наместо, „Технологијата влијае врз нашите животи" што е многу општа теза, многу подобра формулација би била „Комуникацијата преку социјалните мрежи ја зголемува отуѓеноста меѓу луѓето".

Тезата е најдобро да се постави на крајот од воведот, откако ќе се привлече вниманието и ќе се постави контекст. Таа е логична кулминација на сè што е кажано до тој момент, а истовремено и насока за тоа што ќе се појаснува во главниот дел од есејот.

Правило што треба да се почитува кога се пишува есеј: Избраната тема за есеј секогаш треба да се поврзе со видот есеј што се пишува!	
Вид	**Од понудените зборови состави (формулирај) тема за конкретниот вид есеј!**
критички	Ахил од Хектор е во Тројанската војна поголем јунак Роналдо фудбалер Меси е подобар од

уметнички	медиумите Еволуцијата на и во културата нивната улога Што значи „величина и скромност“ за римскиот барок? Ако тогаш е бизнис филмот е успешен, не е успешен Ако филмот тогаш е уметност. Улица моето детство играта на го поминав низ на
научен	интелигенција Вештачка човековата е против природа Лимонот кисел не е да се користат Пластичните кеси треба не
личен	Разликите помеѓу мене и ликот од огледалото сакам Утрото помалку го од вечерта

2. Пишување главен дел

Секој есеј, без разлика на видот, има структура што се состои од основните делови на композицијата на пишан текст: вовед, главен дел и заклучок. Според видот на есејот се одредува: соодветниот јазик и термините што ќе се користат, поделбата на пасуси во деловите на есејот, користењето аргументи, докази, цитати, илустрации и сл.

Главниот дел на есејот е епицентарот во кој идеите се трансформираат во убедливи аргументи. Во овој дел, авторот ги гради своите мисли пасус по пасус, водејќи го читателот низ логично патување.

3. Организирање на пасусот

Секој пасус функционира како миниесеј со своја тема и цел. Првите неколку реченици од пасусот (познати како **тематски реченици**) дејствуваат како мали наслови. Тие веднаш му кажуваат на читателот што ќе се случи, што ќе биде темел на авторовиот став во следните неколку реченици.

Добриот пасус следи едноставен модел: тема, објаснување, пример, поврзување. Почнува со главната идеја, која се објаснува или се анализира, се поткрепува со конкретен пример, и конечно, се поврзува со целокупната теза на есејот. Ваквиот пристап овозможува сигурност дека секој пасус придонесува за поширокаата слика, наместо да „виси во воздух“.

Должината на пасусите зависи од сложеноста на темата – некои ќе бидат долги три реченици, други седум или осум. Клучно е секој пасус да заврши кога идејата е целосно развиена. Читателот треба да има чувство на логична поврзаност пред да премине на следната мисла.

4. Поврзување идеи и премини

Премините функционираат како невидливи нишки што ги поврзуваат пасусите во една целина. Најелегантните премини не се потпираат на користењето зборови или изрази како што се „понатаму" или „од друга страна", туку користат клучни зборови или концепти од претходниот пасус како појдовна точка за следниот.

Понекогаш, најдобрите премини се оние што воопшто не постојат – кога логичката врска меѓу пасусите станува очигледна од содржината. Искусните автори развиваат чувство кога е неопходен експлицитен премин и кога тој само би го нарушил природниот тек на мислата.

Ефективните премини функционираат на повеќе нивоа истовремено: тие ги поврзуваат реченицте во еден пасус, пасусите во еден дел и поголемите делови од есејот во поврзана целина. Оваа повеќеслојна врска создава чувство на природен тек, што го прави читањето разбирливо и логично.

Прашања и задачи:

1. **Избери една од темите што ги формулираше во претходната табела и напиши есеј придржувајќи се до чекорите за пишување есеј.**

Структура на елементите на есејот	
Вовед	– Претставување на темата (тезата) со најопшта реченица (краток приказ на поимот); – Претставување (навестување, извлекување) на конкретното прашање (проблем, мислење) со 4-5 реченици, за кое ќе следува одговор; – Формулирање теза (став, мислење) што ќе се претстави во главниот дел од текстот.
Премин	– Преодна реченица со која се поврзуваат воведот и главниот дел.
Главен дел	– Презентирање (пишување) теза (став, мислење) за темата. Во презентацијата се внесуваат аргументи „за" и „против"; – Аргументите се поткрепуваат со докази (примери) од различни извори и секој се изложува во посебен пасус. Секој аргумент се поткрепува со пример што може да биде во форма на цитат; – Авторот слободно го искажува својот став за темата, користејќи го сето знаење што го има.
Заклучок	– Сумирање на веќе напишаното; – Извлекување на клучните ставови на авторот на текстот; – Заклучокот не треба да биде подолг од воведот.

2. **Определи го видот на есејот. Посочи ги карактеристиките по кои го одреди видот.**

За пораката

Уметничката порака е значење на песната. Тоа значење претставува отворена сфера. Тоа може да се збогатува во чинот на комуникација, бидејќи читателот внесува пак некои свои елементи, што значењето или пораката ги збогатуваат. Може и за самиот автор дури тоа значење да биде отворено, зависно од понатамошниот негов опит, зависно од моментот на навраќањето на истиот текст. Во секој случај, исто така и за генерациите е една отворена сфера, бидејќи и секоја генерација принесува нешто ново, восприемајќи го даденият поетски текст... Оттука, пораката пренесува нешто над кое луѓето се замислуваат и кое можеби не им е така јасно. Го насетуваат, го доживуваат на некој начин, а можеби не можат со прости реченици да го искажат.

...Пораката треба да носи нешто ново, ако ја сметаме за поетска порака, ако е нешто самобитно. Не во смисла на рационалните компоненти, ами нешто што човека го тера да затрепери кога ќе комуницира со тој текст. Да речеме – па, има право авторот! Исто така, со придржување до јасноста, не се гарантира воопшто успех. Тоа е еден од можните начини да се дојде до порака. Под уметничка порака разбирам уметнички валиден резултат. Не нешто што може во реченицата да се каже – јас кажувам тоа и тоа и тоа. Тоа не е ништо. Треба, тоа што го кажуваш да зазвучи со звук на еден уметнички текст. Ако не се дојде до тоа, и овој другиов начин не постига резултат. Значи, теоретски е јасно само едно. Дека начините можат да бидат различни, дека разликите произлегуваат, меѓу другото и од психофизичките својства на различните човечки суштества. Но, резултатот, теоретски е јасно, дека резултатот треба да доведува до поетска порака. Ако ја нема, нема поетско дело.

БЛАЖЕ КОНЕСКИ

3. **Структурата на есејот подолу е испревртена. Подреди го текстот во тетратка според правилниот редослед: вовед, главен дел и заклучок. Потцртај ги реченицте што, според тебе, претставуваат премини од еден во друг дел или пасус.**

Колку одличниот успех ги подготвува учениците за реалниот живот?

За разлика од минатото, кога во тогашниот образовен систем биле длабоко вкоренети авторитетот, дисциплината и високите критериуми, денес многу критериуми за добар ученик се сменети. Учениците праведно и заслужено ги добивале своите оценки, со реално знаење. Во денешно време, сите сме сведоци на секакви неправедни постапки, како се добиваат високи оценки по туѓа заслуга, нечесно и привидно. Често и оценувањето не е соодветно и праведно, доведувајќи ги учениците во ситуации на споредба со соучениците, од кои произлегуваат дилеми и незадоволство. Кај учениците кои со свој сопствен труд самостојно учат и за возврат не ја добиваат заслужената оценка, се јавува и аверзија кон предметот, демотивираност за понатамошна работа.

Младите сè повеќе се стремат кон највисоки оценки како и врвни успеси, водени од потребата за висок просек, потребен за упис на универзитет. На мнозинството им е многу важно каков ученик си, дали имаш добри оценки и дали си примерен на училиште. Често сме заслепени од фактот дека високите оценки го определуваат квалитетот на ученикот. Но, вистината и суштината се сосема спротивни, а тоа е дека високите оценки дефинитивно не се критериум за успешен и солиден кадар. Напротив, посветеноста и вистинското знаење на индивидуата се параметар за квалитетна и реализирана личност.

Во нашиот образовен систем доаѓа до израз парадоксот што покажува од една страна високи оценки, а од друга страна нестручен кадар за одредена професија. Често се случува добиените високи оценки потребни за прием на факултет, во текот на студирањето, да покажат дека тие биле само подарок, добиени без никакво знаење. Во овој случај, често на тие со знаење им е потешко да ја постигнат својата цел.

Учениците денес секојдневно се соочуваат со секакви притисоци од околината за нивните оценки и за успехот. Во денешно време, сите се стремат кон повисоко образование, моќ и углед во општеството. За високо образование, за моќ, за углед потребни се добри оценки. Сето ова се постигнува со работа, труд и учење. Но, дали секогаш „петките" го детерминираат вистинскиот квалитет на личноста?

Оваа ситуација со оценките е многу подлабока отколку што изгледа. За жал, високите оценки не се секогаш вистинит приказ на способноста на личноста и не ги спремаат учениците за понатамошниот живот. Стекнатото знаење останува, но „петките" дефинитивно не се мерило за знаењето на човекот. Кога ја избираме идната професија треба да помислиме и на фактот колку знаеме за таа наука, колку се пронаоѓаме во сè што таа бара од нас.

Биографија, био-библиографска белешка и CV

Биографија

Биографија или резиме е кус и концизен текст во кој се претставува одредена личност за различни цели. Во неа се дава опис на животниот пат и на професионалното искуство на личноста со хронолошко истакнување на податоците. Биографијата може да ја напише личноста сама за себе или, пак, друг автор, и се пишува во трето лице еднина. Пишувачот на биографијата е најчесто кандидат, кој со причина (конкурс за работно место, за стипендија, за ученик на генерацијата и сл.) треба во пишувана форма да достави податоци (според предвидените барања на конкурсот/повикот). Затоа, текстот треба да содржи лични податоци (име, презиме, датум и година на раѓање, адреса), податоци за завршено образование, податоци за дополнително образование (курсеви, обуки, семинари), податоци за работно искуство, податоци за различни активности и способности.

Во зависност од барањата предвидени со конкурсот/повикот, постојат три вида биографии: **хронолошка, селективно-информативна и функционална** биографија.

Ведран Петар Трајковски е роден на 15.01.2000 г. во Скопје. Живее на ул. „Ѓоре Ѓоревски" бр. 22-б во Општина Бутел во Скопје. Неговата е-пошта и телефонскиот број за контакт се следните: abvgd@yahoo.com и +389 70 452 xxx.

Лицето Ведран Трајковски дипломирал на Катедрата за германски јазик, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз-Тито" во Скопје, а основно во училиштето „Ацо Шопов", исто така во родниот град.

Ведран Трајковски се здобил и со сертификат на дополнителните курсеви по англиски јазик, односно со диплома за поседување реторски вештини.

Тој од 2002 г. до 2010 г. работно бил ангажиран како волонтер во Црвениот крст на Град Скопје, во Младинскиот едукативен центар „Вавилон" и како учесник во протоколот на организацијата на Младинското европско првенство во танц.

Лицето Ведран Трајковски поседува возачка дозвола од Б-категорија.

Био-библиографска белешка

Био-библиографска белешка е документ во кој се содржани основните податоци за животот и делото на некоја позната личност. Структурно, био-библиографската белешка најчесто има два дела кои може да претставуваат независни целини:

- **Биографија** – податоци за животот на личноста;
- **Библиографија** – податоци за делата на личноста.

При пишувањето на био-библиографската белешка, податоците може да бидат претставени хронолошки, при што се почитува нивната класификација.

Овој документ го пишува трето лице за личноста за која е наменета био-библиографската белешка.

Во зависност од намената, био-библиографската белешка може да биде кратка, со информации за издадените дела, и долга (проширена) за објавените антологиски изданија.

Дејан Дуковски е роден во Скопје на 25 април 1969 година. Тој е истакнат македонски драмски автор. Дипломира драматургија на Факултетот за драмски уметности (ФДУ) во Скопје (1990). По дипломирањето работи како драматург во Македонската радио-телевизија (1990 – 1993). Во 1993 година на ФДУ е избран за асистент по предметот филмско и телевизиско сценарио, а од 1996 година е доцент на Катедрата за драматургија. Престојува на резиденција како писател во Германскиот театар (Deutsches Schauspielhaus) во Хамбург, Германија.

Во книжевниот опус на Дуковски се вбројуваат драмите: „Балканска гротеска" (1988), „Силјан штркот шанца" (1991), „Балканот не е мртов" (1992), „Буре барут" (1994), „ММЕ кој прв почна" (1996) и др. Дејан Дуковски е автор и на сценаријата за игранite филмови *Светлосиво* (1993) и *Буре барут* (1995).

Добитник е на повеќе домашни и меѓународни награди: награда за најдобар современ драмски текст на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински" – Прилеп, за драмските текстови „Балканот не е мртов" (1993) и „Буре барут" (1995), награда за најдобар филм на ФИПРЕСЦИ (Венеција, 1998), гран-при на фестивалите во Анталија, Хаифа и во Скопје и награда од Европската асоцијација на критичари (Лондон, 1998).

БИБЛИОГРАФИЈА НА АЦО ШОПОВ

а) Први изданија на стихозбирките:

1. Ацо Шопов, *Песни*, Куманово 1944.
Околиски НОМСМ, 30 стр.

2. Славко Јаневски и Ацо Шопов, *Пруга на младоста*, Скопје 1946.
Главен одбор на Народната младина на Македонија, 32 стр.

3. Ацо Шопов, *На Грамос*, Скопје 1950.
НОПОК, 37 стр.

4. Ацо Шопов, *Со наши раце*, Скопје 1950.
Државно книгоиздателство на Македонија, 51 стр.

5. Ацо Шопов, *Стихови за маката и радоста*, Скопје 1952.
„Кочо Рацин", 77 стр.

6. Ацо Шопов, *Слеј се со тишината*, Скопје 1955.
„Кочо Рацин", 37 стр.

7. Ацо Шопов, *Ветрот носи убаво време*, Скопје 1957.
„Кочо Рацин", 44 стр.

8. Ацо Шопов, *Небиднина*, Скопје 1963.
„Кочо Рацин", 49 стр.

9. Ацо Шопов, *Јус-универзум*, Скопје 1968.
„Мисла", 59 стр.

10. Ацо Шопов, *Гледач во пепелта*, Скопје 1970.
„Македонска книга", 52 стр.

11. Ацо Шопов, *Песна за црната жена*, Скопје 1976.
„Мисла", 61 стр.

12. Ацо Шопов, *Дрво на ридот*, Скопје 1980.
„Мисла", 63 стр. (илустрир. изд.).

б) Избори од поезијата на Ацо Шопов на македонски јазик:

1. *Песни*, Скопје 1963.
„Кочо Рацин", 49 стр. (избор).

2. *Раѓање на зборот*, Скопје 1966.
„Мисла", 59 стр. (избор).

3. *Песни*, Скопје 1967.
„Македонска книга" и „Детска радост", 30 стр. (избор).

4. *Избор*, Скопје 1968.
„Македонска книга", 113 стр.
Избор и предговор: Георги Старделов.

5. *Златен круг на времето*, Скопје 1969.
„Мисла", 80 стр. (избор, библиофилско изд.).

6. *Поезија*, Скопје 1976. (Одбрани дела, книга 1).
„Мисла", 148 стр.
Предговор: Слободан Мицковиќ (сс. 5-15).

7. *Поезија*, Скопје 1976. (Одбрани дела, книга 2).
„Мисла", 223 стр.

8. *Океанот е мал, човекот голем*, Скопје 1977.
Центар за култура и информации, 14 листа.
Избор: Георги Старделов.

9. *Лузна*, Скопје 1981.
„Мисла", 212 стр.
Избор и предговор: Ефтим Клетников (сс. 7-39).

10. *Избор од поезијата*, Скопје 1987.
„Македонска книга", 251 стр.
Избор и предговор: Раде Силјан (сс. 5-14).

11. *Небо на тишината*, Скопје 1990.
„Култура", 72 стр.
Избор: Веле Смилевски.

12. *Гледач во пепелта*, Скопје/Мелбурн 1991.
Century, 157 стр.
Избор и предговор: Георги Старделов (сс. 129-150).

в) Повторни публикации на првите изданија на стихозбирките на Ацо Шопов:

1. *Песни:* братској македонској омладини за њен 2. Конгрес, (Београд) 1944, „Млад борец", 30 стр. (2 изд.).

2. *Песни*, Штип 1945.
„Илинден", 30 стр. (3 изд.).

3. *Небиднина*, Скопје 1970.
„Македонска книга", 59 стр. (2 изд.).

4. *Небиднина*, Скопје 1971.
„Македонска книга", 53 стр. (3 изд.).

5. *Небиднина*, Скопје 1974.
„Македонска книга", 61 стр. (4 изд.).
Поговор: Душко Наневски

Составила:
Катица Ќулавкова

CV

Curriculum vitae (преведено од латински како *животен тек*) е документ во кој се дава преглед на животот и на квалификациите на лицето. Од резимето (како елемент од структурата) се одредува намената на сивито.

CV е документ кој во деловниот свет се составува со точно одредена форма и содржина. Стандардната форма (најчесто употребуван е европскиот формат – Europass CV) овозможува знаењата и вештините да се презентираат по следниот редослед:

– лични податоци;

– опис на работното искуство;

– опис на образованието и на обуките;

– опис на стекнатите вештини.

Лични информации Професионална биографија	
Име (име и презиме)	
Адреса (улица, број, град, поштенски број, држава)	
Телефон	
Факс	
Е-пошта	
Државјанство	

Датум на раѓање (ден, месец, година)	
Работно искуство *(Пополнете одделно за секое работно искуство започнувајќи од најскорешното)* • *Датум (од-до)* • *Име и адреса на работодавачот* • *Вид бизнис или сектор* • *Занимање или позиција на која сте биле* • *Главни активности и одговорности*	
Образование и обуки *(Пополнете одделно за секое образование или обука започнувајќи од најскорешното)* • *Датум (од-до)* • *Име и тип на организацијата што го овозможила образованието/обуката* • *Назив на стекнатата квалификација*	
Лични вештини и компетенции	Стекнати во текот на животот, но за нив се потребни дипломи и сертификати
Мајчин јазик	

Други јазици **Познавање на јазикот** Означете го нивото: одлично, добро, основно • *Читање* • *Пишување* • *Зборување*	
Вештини и компетенции поврзани со заедницата Живеење и работење со други луѓе, во мултикултурна средина, во позиција каде што комуникацијата е важна и ситуации каде што тимската работа е основна (спорт, култура и сл.)	Опишете ги вештините и компетенциите и наведете каде сте ги стекнале
Организациски способности и компетенции Координирање и организирање луѓе, проекти и буџети: на работа, при доброволна работа (култура, спорт...)	Опишете ги вештините и компетенциите и наведете каде сте ги стекнале
Технички вештини и компетенции Со компјутери, специфична опрема, машини и сл.	Опишете ги вештините и компетенциите и наведете каде сте ги стекнале
Други вештини Вештини и компетенции кои не се споменати претходно	Опишете ги вештините и компетенциите и наведете каде сте ги стекнале
Дополнителни информации	Вклучете само информации кои би можеле да бидат важни, на пример: лица за контакт, препораки...

Извор: Агенција за вработување на Р С Македонија (АВРСМ)

Разлики меѓу биографија, био-библиографска белешка и CV				
Вид	**Должина**	**Цел**	**Форма**	**Јазик**
Биографија	Кратка (1-2 страници)	Различна	Неопределена	– Кратки и јасни реченици; – Да не се користи метафоричен јазик (односно да се избегнуваат стилски изразни средства).
Био-библиографска белешка	Од половина страница до 2 страници	Информативна	Неопределена, но со задолжителни елементи	
CV	Повеќе од 2 страници	Различна	Определена	

Запомни!

Биографија, био-библиографска белешка и CV се практично-професионални текстови.

Биографија, или резиме, е концизен документ, вообичаено не подолг од една страница кој се изработува наменски.

Био-библиографска белешка е документ во кој се содржани основните податоци за животот и делото на некоја позната личност.

Curriculum vitae (преведено од латински како *животен тек*) е документ во кој се дава преглед на животот и на квалификациите на едно лице.

Заедничко за сите три документи е што даваат информации за профилот на едно лице.

При пишувањето на овие документи не се користи метафоричен јазик.

Прашања и задачи:

1. Напиши документ, сопствена биографија или CV, со кој ќе се пријавиш на објавен оглас/конкурс за најдобар стрип во градот во кој живееш.
2. Напиши био-библиографска белешка за твојот соученик кој ќе ја објави својата прва стихозбирка.
3. Состави биографија или библиографска белешка за некој од научниците за кои учите на часовите по предметот физика.

Записник

Записник е службен писмен текст со кој точно и хронолошки се евидентира текот на некој состанок, седница, советување или друг официјален настан. Неговата основна цел е документирање на изнесените мислења и донесените одлуки и заклучоци. Записникот го води и го составува записничар, а одговорното лице го потпишува. Под насловот задолжително се пишува името на телото што заседавало, времето и местото на одржување на состанокот, се наведуваат членовите кои присуствувале на средбата и кој го водел состанокот. По прифаќањето на дневниот ред, се набројуваат точките и се пренесува што се дискутирало за секоја точка. На крајот, во долниот лев агол се потпишува записничарот, а од десната страна оној што го водел состанокот (најчесто тоа е претседателот на телото што заседавало). Во записникот се користи **стандарден јазик**, со јасни и недвосмислени формулации. Реченицте се кратки, а фактите се пренесуваат без емоции и субјективност.

Записникот има правна и информативна вредност и служи како доказ за тоа што било договорено или одлучено на состанокот.

ЗАПИСНИК

од

состанокот на Советот на претседатели на паралелките од IV година при СУГС „Прва градска гимназија", одржан на 21.3.2023 година, во просториите на училиштето. На состанокот присуствуваа претседателот на советот, членовите и помошник-директорот.

Состанокот го водеше претседателот на советот. На состанокот беше усвоен следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на понудите за екскурзија во Будимпешта.

Точка 1. Претседателот на советот ги презентираше понудите кои пристигнаа во училиштето. Понуди доставиле туристичките агенции „Палма", „Медитеран" и „Глобус". Сите понуди се однесуваа на петдневен полупансионски аранжман и вклучен превоз по цена од 18.000 денари, само што агенциите „Глобус" и „Палма" во понудената цена не ги вклучиле трошоците за патничка виза и осигурување, кои учениците би ги чинело дополнителни 850 денари.

По куса дискусија, членовите на советот констатираа дека понудата на „Медитеран" е најповолна.

Записникот го водеше _____

Претседател на советот _____

Прашања и задачи:

1. **Напиши записник од средба на Ученичкиот парламент.**
2. **Состави записник од состанок на тема „Подобрување на училишната клима", со дневен ред: 1. Дисциплина, 2. Активности надвор од наставата, 3. Екскурзии, 4. Поддршка за ученици со тешкотии.**

Извештај

Извештај е информативен и службен писмен текст, со кој се прикажуваат текот, резултатите и исходот од некој настан, активност, работа или процес што веќе се случил. Негова цел е објективно, јасно и систематско информирање за постигнатото.

Извештај најчесто подготвуваат институции, училишта, организации или поединци. При пишување се користи стандарден јазик, најчесто во минато време. Се избегнуваат лични мислења и емоционални изрази, а се истакнуваат факти и податоци. Најчесто, извештајот претставува завршен документ за некое дело или работа (на пример, како се одвивала одредена кампања) или за работата на некоја организација во определен временски период (на пример, неделен, месечен, годишен извештај за работата на училиштето).

Извештајот не треба да се поистоветува со известување (соопштение) бидејќи овие два вида текстови се сосема различни.

ИЗВЕШТАЈ
за еколошка акција во Општина Сарај

Еколошкото друштво „Натура", во соработка со општината Сарај, на 15.4.2023 г. организираше екоакција за чистење и порибување на езерото Матка.

Повод за акцијата беше катастрофата од 5.4.2023 година, кога во водите на езерото биле испуштени големи количества моторно масло и нафта од страна на вработени во фабриката „Голд оил".

Човечката негрижа и овој пат предизвика голема штета и трајни последици по живиот свет во езерото. Риболовните друштва и Институтот за екологија алармираа дека како последица од труење со загадената вода рибниот фонд е преполовен, а лековитата алга, која била во фаза на цветање, е целосно уништена.

За ублажување на последиците од еколошката катастрофа, „Натура" ги презеде следните активности:

1. Отстранување на големата црна масна дамка од езерото со помош на специјални пумпи и филтри;

2. Собирање пластичен и друг неразградлив отпад од езерото и неговата околина;

3. Порибување на езерото со 50.000 парчиња млада пастрмка.

За потребите на оваа акција беа потрошени 400.000 денари, кои ги обезбеди еколошкото друштво „Натура", преку грант на Европската Унија.

Скопје
25.04.2023

Претседател на екодруштвото „Натура"
Киро Јаневски

Прашања и задачи:

1. Препиши ја табелата во тетратка и направи споредба помеѓу записник и извештај, пополнувајќи ги празните полиња.

	Записник	Извештај
Цел	Евидентирање на текот и на одлуките од одреден состанок.	Информирање за текот и за резултатите од одредена завршена активност.
Автор		
Време		
Содржина		
Обем		
Структура		
Јазик и стил		
Личен став		
Правна важност		
Намена		

2. Напиши извештај за реализирана хуманитарна акција во која си учествувал/а. Следи ги точките: време и место, цел на настанот, тек на активностите, резултати и заклучоци.
3. Изработи записник од состанок за организирање екскурзија, а потоа, врз основа на записникот, изработи извештај за реализираната екскурзија.
4. Изработи извештај за посетеноста на реализирана хуманитарна акција според дадената табела:

Клас	Присутни ученици	Отсутни ученици	Собрани донации
I година	78	12	9.200
II година	85	15	10.450
III година	92	8	12.300
IV година	74	16	8.750
Вкупно	329	51	40.700

Пополнување формулар

Формулар е стандардизиран образец во кој се внесуваат податоци на точно определени места. Тој служи за собирање информации на уреден, јасен и прегледен начин. Формуларите се користат во училишта, институции, болници, банки, на интернет-страници итн.

Обично содржи: наслов, инструкции за пополнување и полиња за лични и други податоци (име, адреса, датум, потпис и сл.). Се пополнува кратко и прецизно, без непотребни објаснувања. Главната цел на формуларот е да овозможи брзо обработување и споредување на податоците.

ФОРМУЛАР ЗА УЧЕСТВО

на државниот литературен конкурс „Меѓу редови"

Литературен конкурс за ученици во средното образование

I ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕСНИКОТ

Име и презиме: _____

Датум на раѓање: _____

Клас: _____

Телефонски бр. за контакт (опционално): _____

Е-пошта: _____

II ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

Назив на училиштето: _____

Град/место: _____

Име и презиме на професорот ментор: _____

Е-пошта на професорот ментор: _____

III ПОДАТОЦИ ЗА ЛИТЕРАТУРНОТО ДЕЛО

Наслов на делото: _____

Вид: ☐ Поезија ☐ Проза ☐ Драма ☐ Друго: _____

Обем на делото (бр. на зборови/бр. на знаци со празни места): _____

Краток опис на содржината (до 1 000 знаци со празни места):

IV ПРИКАЧУВАЊЕ НА ДЕЛОТО

Формат: ☐ PDF ☐ DOC/DOCX

Кратка биографија на авторот (до 100 збора):

V ИЗЈАВА И СОГЛАСНОСТ

Делото е мое оригинално авторско дело и не е плагијат. ☐ Да ☐ Не

Делото не е објавено и не учествувало на друг конкурс. ☐ Да ☐ Не

Согласност за користење делови од делото за промоција на конкурсот. ☐ Да ☐ Не

Согласност за обработка на лични податоци. ☐ Да ☐ Не

VI ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ (опционално)

Како дозна за конкурсот? ☐ На училиште ☐ На социјални мрежи ☐ Преку пријател/професор ☐ Друго: _____

Забелешка или коментар:

_____

VII ПОТВРДА

Датум на пријавување: _____

Потпис на учесникот: _____

Потпис на менторот/родителот (доколку е потребно): _____

Креативно пишување на книжевно-уметнички текстови

Креативното пишување, според својата специфичност, излегува од рамките на стандардното пишување и на авторите им дава можност да ја истражат и да ја искажат својата фантазија, така што креираат измислени светови или светот го претставуваат како свое гледање на сѐ што ги опкружува. Вештините за креативно пишување може да се стекнат и да се развиваат на различни креативни работилници, школи, семинари или со користење на прирачници, водичи. Тие можат да ги поттикнат и да ги охрабрат сите оние кои сакаат да се изразуваат преку пишаниот збор. Нивните творби не мора да бидат цел на наратолошки анализи и критики. Од овој вид пишување може да произлезат оригинални пишани творби кои не мора секогаш да се вклопуваат во традиционалните литературни форми. Авторот користи уметничко изразување за создавање оригинални раскази, поезија, есеи, сценарија, поеми, стрипови и други видови текстови. Креативното пишување му дава слобода на авторот да експериментира со стилот, тонот и со наративната структура, а воедно има цел да го ангажира читателот на емоционално или на естетско ниво.

Краток расказ

Краткиот расказ е една од формите што може да се создаде во процесот на креативното пишување. Во уметничката литература краткиот расказ претставува една од најзначајните и најраспространети книжевни видови во современата литература. Тој се одликува со концизност, јасна композиција и фокусираност на еден доминантен настан, ситуација или внатрешна состојба на ликот. Краткиот расказ во теоријата на книжевноста се дефинира како прозна форма со ограничен обем, но со богатство на уметнички белези. Неговата цел не е детално прикажување на животната реалност, туку создавање силен естетски и емоционален ефект врз читателот, често преку неочекуван пресврт, симболична слика или отворен крај. Во поширока смисла, кратките раскази може да претставуваат и митови, басни, легенди, бајки, народни приказни, анегдоти, вицеви, а сепак кога се зборува за краткиот расказ во литературата, станува збор за жанр со повеќегодишна традиција.

„Општо познато е дека краткиот расказ ја има својата предисторија во усната народна приказна, а ја конституира својата историја како пишана книжевна традиција. Оваа книжевна форма, за која се вели дека 'се развива во дослух со цивилизациските, културните и идеолошките констелации и поредоци', ја обезбедува својата жанровска посебност според примената на хронолошко-историските и стилско-формациските принципи на проучување на книжевноста."

Ќулавкова, К. 2001. *Мала книжевна теорија*. Три, Скопје.

Кога денес се зборува за краток расказ, всушност, се мисли на модерна кратка пишана форма создадена, т. е. препознаена на почетокот на 19 век. Во стручната литература што го проучува потеклото на краткиот расказ постојат различни гледишта. Според одредени научни проучувања традицијата на овој вид расказ започнува со раскази од Едгар Алан По. Од друга страна се прифаќа фактот дека краткиот расказ на Антон Павлович Чехов има одлучувачко влијание врз

она што денес го препознаваме како краток расказ. Во краткиот расказ, Чехов внесува ослободување од теоретските норми на заплетот, тежнеејќи да си поигрува со простите човекови чувства. За разлика од него, фокусот на размислувањата на По за краткиот расказ е сосредоточен кон она што тој го нарекува „единство на впечаток" (unity of effect) на приказната, кое може да биде остварено само доколку таа биде прочитана на едно седнување, не подолго од еден час.

И Чехов и По се писатели кои го поставуваат краткиот расказ како независна книжевна форма која има свои оригинални белези.

Во 20 век, краткиот расказ доживува значајни формални и тематски преобразби. Модернистичките и постмодернистичките автори го напуштаат традиционалниот линеарен расказ и воведуваат фрагментарна структура, внатрешен монолог, симболика и отворени значења на темата за која се пишува во расказот. Особено влијателни се **Хорхе Луис Борхес**, со неговите филозофски и метатекстуални раскази и **Хулио Кортасар**, кој експериментира со формата, времето и со перспективата, поставувајќи го читателот како активен учесник во создавањето на значењето на расказот. Други познати автори на краток расказ во светската литература се и Џејмс Џојс, Ернест Хемингвеј, Франц Кафка, Вилијам Фокнер и други. Во македонската литература, најкратките книжевни форми се среќаваат во делата на Блаже Конески, Влада Урошевиќ, Димитар Солев, Иван Точко, Драги Михајловски, Крсте Чачански, Васе Манчев, Димитрије Дурацовски, Блаже Миневски, Александар Кујунџиски, Александар Прокопиев, Митко Маџунков, Христо Петрески, Оливера Ќорвезироска, Катица Ќулавкова, Владимир Мартиновски и други.

Волшебната напивка

Важно, тука е.

Навистина, добро камуфлирано. Старо, прашливо пивско шише, божем случајно оставено на дрвена полица.

Се кревам на прсти. Ја испружувам раката. Уште половина метар.

Собата е празна, без прозорци. Претпоставувам, под земја е, зашто ѕидовите се нагризани од влага.

Не гледам нешто на што би можел да се качам и со што би можел да го дофатам шишето.

Логично, ја отворам вратата од соседната соба. Попространа е и посветла од онаа со шишето, но и таа е празна. Како и следната, и онаа по неа.

Откако минувам низ дваесетина соби, помислувам дека тие всушност не се разликуваат меѓу себе. Тоа што некоја ми се чинеше посветла или потемна, поголема или помала, е само илузија. Се работи за една единствена соба – без мебел, без прозорци, со влажни, испукани ѕидови, со врата низ која се влегува во истата соба.

Погледнувам нагоре. Ја нема полицата. Го нема полуиспразнетото, прашливо шише со волшебна напивка.

АЛЕКСАНДАР ПРОКОПИЕВ

Црвени вистини

Татко ми чита. Седи на масата, со очила, и чита книга. Моја. Во левата рака држи црвено пенкало и одвреме-навреме подвлекува. Внимателно, бавно и прецизно. Не цели реченици, понекогаш само еден збор, понекогаш – неколку.

– Што правиш? – прашувам божем бегло.

– Препознавам вистини во книгава.

– Книгите се измислици – му велам и тонам во срам. Мразам што татко ми ги чита моите книги.

– Не се – вели и токму во тој миг подвлекува едно име.

– Маре е Радица, така? – ме прашува.

– Која Радица?

– Радица на Станко, нашата роднина што живее на Железничка станица.

– Не. Маре е Маре. Ја измислив. Зошто мислиш дека е Радица?

– Облеката што си ја измислила за таа твоја Маре е облеката на Радица.

– Можеби, ама Маре не е Радица.

– Е – вели татко ми и ја затвора книгата, го затвора и црвеното пенкало со капаче и станува од масата. Книгата ја става на витрината покрај телевизорот. – Ќе си читам кога нема да си тука.

Сакам да не сум тука. Всушност, тогаш сакав да не сум таму. Сега сè би дала тој да е тука, да му ја ставам на маса целата кутија со сто црвени пенкала што ја купив дента кога излезе мојата најнова книга. Прва без него. Прва во која никој веќе не може да препознае што се вистини, што не. Дури ни јас.

ОЛИВЕРА ЌОРВЕЗИРОСКА

Дебелиот и тенкиот

На станицата на Николаевската железница се сретнаа двајца пријатели: едниот дебел, другиот тенок. Дебелиот штотуку ручаше на станицата и неговите мрсни усни блескаа како зрели вишни. Тој мирисаше на херес и на флер д'оранж. Тенкиот, пак, штотуку излезе од вагонот и беше натоварен со куфери, врзопи и кутии. Тој мирисаше на шунка и талог од кафе. Од зад неговиот грб зиркаа слаба женичка со долга брада, неговата сопруга, и висок гимназијалец со подзамижано око, неговиот син.

– Порфирије! – викна дебелиот кога го виде тенкиот. – Ти ли си? Гулапче мое! Колку време помина, колку вода протече!

– Боже мој! – се стаписа тенкиот. – Миша! Пријателе од детството! Од каде се најде овде?

Пријателите трипати се бакнаа и ги насочија еден кон друг очите полни со солзи. Обајцата беа пријатно изненадени.

– Мил мој! – започна тенкиот по бакнувањето. – Не очекував! Какво изненадување! Ајде, погледни ме добро! Истиот убавец, каков што беше! Истата душичка и кавалер! Ах, боже! Па, како си? Богат си? Женет си? Јас сум веќе женет, како што гледаш... Ова е жена ми Луиза, родена Ванценбах, лутеранка... Ова е син ми Натанаил, ученик во трети клас. Ова, Натања, е мој пријател од детството! Заедно учевме во гимназија!

Натанаил малку подразмисли и ја симна шапката.

– Заедно учевме во гимназија! – продолжи тенкиот. – Памтиш како те задеваа? Те нарекувавме Херострат, зашто ја изгоре со цигара својата стипендиска книшка, а мене ме нарекуваа Ефијалт, затоа што сакав да поткажувам... Хо-хо... Деца бевме! Не плаши се, Натања! Дојди поблиску... Ова е жена ми, родена Ванценбах... лутеранка.

Натанаил малку подразмисли и се скри зад татковиот грб.

– Како живееш, пријателе? – праша дебелиот, восхитено гледајќи го својот пријател. – Каде работиш? Како напредуваш?

– Работам, мил мој! Веќе втора година сум колешки асесор и имам орден „Станислав". Платата е мала... ама, бог нека е со неа! Жена ми дава часови по музика, а јас приватно правам дрвени табакери. Одлични табакери! Ги продавам по рубља за парче. Ако некој земе десет парчиња и повеќе, тој, ме разбираш, има попуст. Некако се снаоѓаме. Знаеш, работев во департманот, а сега сум преместен како раководител овде, во истото министерство... Овде ќе работам. А ти, како си? Веројатно веќе си статски? А?

– Не, мил мој, качи погоре – рече дебелиот. – Веќе до таен советник стигнав... Имам две ѕвезди.

Тенкиот ненадејно пребледе, се скамени, но набргу неговото лице се искриви на сите страни во најширока насмевка; се чинеше дека од лицето и од очите му прскаа искри. Тој се стутка, се згрбави, стана уште потенок... Неговите куфери, врзопи и кутии се стуткаа, се смалија... Долгата брада на жената стана уште подолга; Натанаил застана во став мирно и ги закопча сите копчиња на својата униформа...

– Јас, ваше благородство... Мошне ми е мило! Пријател, може да се рече, од детството, и ненадејно стана таков велможа! Хи-хи-хи.

– Ама доста! – се намурти дебелиот. – Зошто е овој тон? Ние сме пријатели од детството, зошто да ги почитуваме чиновите!

– Ви се молам... Што ви е... – се закикоти тенкиот, туткајќи се уште повеќе. – Милостивото внимание на вашето благородство... е како животворна влага... Ова е, ваше благородство, мојот син Натанаил... жена ми Луиза, лутеранка, така да се каже.

Дебелиот сакаше нешто да одговори, но на лицето на тенкиот беше испишана толкава страхопочит, толкава сладост и почитувачка киселина што на тајниот советник му се слоши. Тој се повлече од тенкиот и му подаде рака за збогување.

Тенкиот му ги стисна трите прсти, се поклони со целото тело и се закикоти како Кинез: „хи-хи-хи". Жената се насмевна. Натанаил удри со ногата и ја испушти шапката. Сите тројца беа пријатно зашеметени.

АНТОН П. ЧЕХОВ

Дневник секојдневно

Еден господин, купувајќи весник и ставајќи го под пазува, влегува во трамвајот. Половина час подоцна излегува со истиот весник под истата рака.

Но тоа веќе не е истиот весник, туку куп печатени листови кои овој господин ги остава на една клупа на плоштадот.

Штом ќе остане сам на клупата, купот печатени листови повторно станува весник, додека не го здогледува едно момче, го прочитува и го остава претворен во куп печатени листови.

Штом ќе остане сам на клупата, купот печатени листови повторно станува весник, додека не го најде некоја старица, не го прочитува и го остава претворен во куп печатени листови. Старицата ја носи хартијата дома, а патем ја употребува да завитка половина килограм цвекло, за што служат весниците по возбудливите преобразувања.

ХУЛИО КОРТАСАР

„Остров на пладне" од Хулио Кортасар, звучен запис

Кратки раскази од други македонски автори

Карактеристики на краткиот расказ

Кога се пишува краток расказ, фокусот се става на: впечатлив почеток со кратки и брзи пасуси, моќен опис, специфичен заплет и користење фантазија. Писателот на краткиот расказ мора да се погрижи секој збор да биде важен. Внимателно размислува за секоја сцена, лик или слика што придонесува за вредноста на краткиот расказ. Посочените информации за развојот на краткиот расказ, како и прикажаните карактеристики, може да ви помогнат при пишување на овој вид творба. Со користење на елементите и со следење на чекорите за креативно пишување ќе можете да создадете краток расказ.

Елементи (структура) на краткиот расказ

Во процесот на креативното пишување нема единствена формула за пишување краток расказ. Сепак, добриот краток расказ ги има повеќето или сите од дадените елементи:

Елементи	Опис
Протагонист (лик)	Замислените протагонисти (ликови) имаат желби, потреби и недостатоци. Во основата, секој протагонист треба да сака нешто што го нема и на тој начин ќе се развива дејството во расказот.

Јасна дилема	Поставена дилема кај протагонистот или самата тема да е некаква дилема. Движењето на дејството се развива со чекори за решавање на дилемата.
Решение на дилемата	Што прави протагонистот за да ја реши својата дилема?
Кулминација	Кулминацијата на приказната се случува кога тензијата го достигнува својот врв и читателот го открива исходот од одлуката/одлуките на протагонистот.
Заклучок	Како кулминацијата го менува протагонистот? Дали е поинаква личност? Дали има поинаква филозофија или поглед на животот?

Чекори за пишување краток расказ

Дадените чекори за пишување на краток расказ можат да ви помогнат при создавањето на овој вид творба. Нивната цел е развивање на вештините за креативно пишување.

1. Изборот на темата/идејата за расказот е првиот чекор во создавањето. Инспирацијата за пишување може да се добие преку одговорите на прашањата: Што ќе се случува во расказот? Кој настан би бил интересен за читателот? Кој би бил главниот лик во расказот? Колку ликови се доволни за да се раскаже приказната? Што да чувствуваат ликовите: страв, љубов, носталгија, среќа?

Како мотивација за избор на тема може се искористи „замрзната слика" (постојана слика во мислите), фотографија, филм, разговор, натпревар, излет, возење со автобус и сл.

2. Експозиција

Експозицијата е почеток на расказот во која се поставуваат сцената, чувството, локацијата и ликовите. Почетокот на расказот треба да почне со реченици кои поттикнуваат вчудовиденост што ќе го заинтересира читателот да го прочита расказот.

По нив следува воведување во карактерите на ликовите или се внесува некоја скриена приказна.

3. Кулминација

Кулминацијата или климаксот во развојот на дејството е „врвот" на приказната. Главниот лик може да се соочи со драматичен настан – кавга, истрел, бакнеж, изненадувачко откритие. Тој може да сфати дека некого сака, некој го лажел или да се сети на нешто што одеднаш го менува неговиот став кон целата тема во расказот.

4. Пресврт – разрешување на дилемата

Во овој дел се случува пресврт на дејството со кој завршува развојот на приказната. Авторот во овој дел овозможува главниот лик да донесе одлука која може да се воочи во раскажаните последици.

5. Расплет – крајот на расказот

Расплетот е заклучокот на приказната. Во овој дел, конфликтите и дилемите се решени и приказната завршува со јасно прикажана слика или на двосмислен начин, што го тера читателот на преиспитување на разбраното.

Во процесот на пишување, авторите на кратките раскази се оригинални во користењето на:

Гледна точка Начинот на обраќање до читателот	Од кој агол се презентира дејството во расказот? Дејството се раскажува во прво лице („јас", „ние") или во трето лице („тој", „таа" или „тие") или можеби дури и во второ лице („ти", „вие"). Раскажувањето на гледната точка во прво лице го ограничува приказот на настаните. Раскажувањето во трето лице овозможува поголема можност за креирање на ликовите и настаните.
Наративен глас Тон на раскажување	Ако раскажувањето почнува со љубовен судир, тогаш љубовниот судир ќе се провлекува до крајот на расказот.
Време Време на случување на настаните	Откако ќе се определи глаголското време што ќе се користи, тогаш тоа се користи во текот на целиот расказ, освен ако има многу добра причина за промена.
Сликовитост Присуство на описи во раскажувањето	Во краткиот расказ се користат живописни слики кои брзо ја поставуваат сцената, опишуваат лик или го тераат читателот да чувствува нешто посебно. Добрите кратки раскази вклучуваат впечатливи споредби, метафори или сетилни детали (мирис, допир, вкус, звук), како и визуализации за да опишат ликови, расположенија и локации.
Дијалог Дијалогот го движи дејството во расказот	Дијалогот ги открива ликовите и нивните односи. Тој може да помогне да се придвижи приказната и да ги одрази судирите меѓу ликовите. Исто така, им помага на читателите така што им покажува какви се ликовите, наместо да се опишуваат надолго и нашироко.

Запомни!

Краткиот расказ е производ на креативното пишување на еден автор.

Основни елементи на краткиот расказ се: протагонист (лик), јасна дилема, решение на дилемата, кулминација, заклучок.

Чекори за пишување краток расказ се: избор на тема/идеја за расказот, експозиција, кулминација, паѓачка акција, решение.

Неизоставни елементи кои ги користи авторот на краток расказ: гледна точка, наративен глас, време, сликовитост, дијалог.

Прашања и задачи:

1. Препиши ја табелата во тетратка и определи ги зададените белези во расказите:

	Гледна точка	Време	Кулминација
На споредeн колосек Нашиот весел воз запира на станицата во Криволак. Тоа е возот што рано во 5.43 тргнува од Скопје за Гевгелија. Го викам весел, затоа што тој ги носи риболовците по долината на Вардар. Некои слегуваат веќе кај Зелениково, некои пред и зад Велес, а најамбициозните одат понатаму. Нашиот весел воз стои веќе доста време на станицата во Криволак. Стои премногу долго, за да почнат да се нервираат и да пцујат риболовците што треба со време да стигнат во Клисура. Најпосле, со силен тресок покрај нас мине интернационалниот, како да е облечен во раскошна ливреја. Тој не фрла ни поглед на нас провинцијалците, стиснати на споредeн колосек. Блаже Конески			

Необјаснивост

Дождот го следеа молскавици и громови. Во тоа време, ноќни птици испилени од огнено јајце го гонеа ѓаволот над надојдениот Вардар.

Еден патник неочекувано слета со својата сребреносина кола од лизгав пат, за среќа, не во бездна туку во мека нива со детелина, и тогаш тресна со гради во воланот. Преживеа. Остана при свест. Додека седеше згугуравен во колата, напати погледнуваше кон стаклото пред воланот. Наеднаш му се стори дека очите се одвојуваат од него и ја истражуваат ноќта надвор од колата. Се сепна. За да знае дека не е слеп, ги вклучи фаровите. Во густината на дождот, светлоста откри човечка фигура. Се згрчи. Се препозна себеси пред колата, неподвижен, жолт како никотин на палец. Побрза да ги згасне фаровите. Остана сосидан во мрак. Со претпазливо движење ги провери вратите – беа затворени.

Тоа само ми се стори, мислеше. Не можам да сум во колава и во исто време да сум подалеку од себе.

Не, не, не, продолжуваше со логика да ѝ се спротивставува на апсурдноста, сега под дожд, згрчен, со прашање кој е оној во колата. Јас ли? се прашуваше. И пак, од колата: Јас ли сум оној надвор? Од обете страни сфати дека е на две места.

Три молскавици пред гром. Сега тој се виде себеси неподвижен под дожд и се виде уште еднаш во колата. Заспа на две места.

Славко Јаневски

2. Избери тема/идеја од понудените предлози и напиши краток расказ.

Предлог-тема/идеја	Жанр	Наративен глас
Една девојка се вљубува во млад човек кого го запознава во воз. Но...	Романса	Слепо верување
Тинејџер стекнува близок пријател преку интернет.	Драма	Ист светоглед
Познат шегаџија го среќава својот противник на нова работа.	Хумор	Јас сум најдобриот
Анонимна дојава води до неочекувано откритие.	Трилер	Постојано изненадување

Стрип

Постојат повеќе дефиниции за стрипот: во едни повеќе се нагласува приказната, а во други се истакнуваат ликовните аспекти, но во сите одредници се нагласува дека стрипот ги поврзува текстот и цртежот за да се раскаже одредена приказна. Во стручната литература, стрипот се третира како **вербално-визуелен медиум** и како уметност на зборот и на цртежот, и претставува специфична уметничка и комуникациска форма на организирана раскажувачка (наративна) целина.

За потеклото на стрипот може да се прочита во повеќето истражувања на многубројни теоретичари и историчари на визуелната култура и уметност, во кои се следи развојот уште од најраните облици на визуелно изразување на човекот. Првични елементи на т.н. сликовито раскажување или стрип се забележуваат во пештерските цртежи од праисторијата, каде што преку последователни слики се прикажуваат сцени од лов и од секојдневниот живот. Иако овие слики немаат јасно дефинирана рамковна структура, тие ја содржат основната идеја за раскажување или прикажување приказна преку низа поврзани визуелни сцени.

Во древниот Египет, хиероглифите и ѕидните релјефи комбинираат слика и симболички текст за да пренесат религиозни, митолошки и историски пораки, што ги прави значајни прототипски форми на визуелно-текстуално раскажување. Многубројни прикази на митови и сцени од секојдневниот живот во античка Грција се наоѓаат на вазни, амфори и фризови, при што редоследот на сцените создава визуелна нарација. Значаен пример за прототип на стрип се препознава и кај Столбот на Трајан во античкиот Рим, монументален споменик украсен со спирална низа релјефни сцени што го прикажуваат воениот поход на императорот Трајан против Дакијците. Иако станува збор за скулпторско дело, неговата структура – континуирана серија слики што следат јасен наративен тек – често се наведува како еден од најраните примери на визуелно раскажување.

Во средниот век, наративните илустрации на текстил (Таписеријата од Баје), имаат слична функција, раскажуваат конкретни општествени настани. Во овие периоди, визуелните прикази најчесто имаат религиозна и историска намена, но со текот на времето, особено во 17 и 18 век, се појавуваат и сатирични и морални визуелни серии, кои постепено го најавуваат преминот кон современиот стрип со сатирични и комични теми.

Современиот стрип се развива во 19 и 20 век, паралелно со појавата на масовниот печат и развојот на весниците. Големо влијание врз изгледот на денешните стрипови се смета дека извршува швајцарскиот сатиричар Родолф Топфер, кој во средината на 19 век воведува слики – секвенции со кратки текстови, поставувајќи ја основата на визуелно-наративниот медиум, но не ги користи препознатливите облачиња за текст. Своите дела ги објавува во стрип албуми еден век пред да се појават во САД. Исто така, како значајно име во деветтата уметност во европски контекст е и белгискиот стрип-цртач Ерже, творец на серијата „Авантурите на Тинтин". Неговиот стил, познат како *ligne claire* (јасна линија), се одликува со чисти контури, прецизна перспектива и јасна наративна структура и има трајно влијание врз европската стриповска традиција.

Додека Топфер има историско значење, Ерже обезбедува стилска и комерцијална зрелост која го популаризира стрипот на глобално ниво. За развојот на стрипот, клучни се двата автора, но нивниот придонес се надополнува: Топфер ја поставува основата, а Ерже го усовршува и го распространува медиумот.

На крајот на 19 век, во Америка, голем број карикатуристи и писатели почнуваат да ги откриваат стриповите и да ги објавуваат во весници (претежно дела со хумористична или забавна содржина што претставуваат бегство од реалноста). Раните американски стрипови се карактеризираат со речиси целосна доминација на стилизирани цртежи и едноставна заднина со малку зборови. Во САД, стриповите се појавуваат во дневните весници како дневна хумористична приказна со последователни илустрации. За прв американски стрип се смета стрипот „Жолтото дете" од Ричард Ф. Аутколт, што се објавува од 1895 до 1898 година.



▲ „Жолтото дете" од Ричард Ф. Аутколт

Стрипот почнува да се оформува во Франција, Италија, САД и Јапонија, кои денес претставуваат значајни стрип-центри, познати и како школи.

Првите стрипови се хумористични и сатирични цртежи. Стриповите се пишуваат во различни стилови и жанрови, за да одговараат на сечиј вкус. Жанровски, најпознати се стриповите со суперхерои, како што се: Супермен, Бетмен, Спајдермен, Икс-мен и други ликови со специфична костимографија што вклучува наметки и маски. Овие суперхерои ги користат своите извонредни способности за да го заштитат човештвото од злите сили. Преполни со акција, авантура и незаборавни, иконски ликови, стриповите за суперхерои често се сметаат за модерна форма на митологија.



▲ Оригинални корици од стриповите за Спајдермен, Бетмен и Супермен

Од Франција, познати се стриповите за: Астерикс, Гастон, Торгал, а најпопуларни белгиски стрипови се: Таличен Том, Изногуд, Џеремаја и Тинтин. Од италијанската продукција, како најпознати се издвојуваат: Алан Форд, Корто Малтезе, Дилан Дог, Капетан Мики, Загор и др.

Во последните десетина години, многу се популарни стриповите од земјите на Далечниот Исток (манга и манхва). **Манга** се стрипови или графички новели што потекнуваат од Јапонија. Повеќето манга стрипови се во согласност со стилот развиен во Јапонија кон крајот на 19 век, а формата има долга историја во пораната јапонска уметност. Од тој дел на светот популарни се и корејските стрипови наречени **манхва**. Манга традиционално се читаат оддесно налево и најчесто се црно-бели и печатени, додека манхва се во боја и во дигитална форма, и се читаат одлево надесно.



▲ Корици од стриповите за Таличниот Том и за Астерикс

Корејски стрип

Стрипот во Македонија

Стрипот во Македонија се развива како дел од поширокиот југословенски и европски културен контекст. Пред и за време на Втората светска војна, стрипот се препознава како ученички творби објавувани во училишните весници на Втората машка гимназија во Скопје и во записите на воените затвореници (Василие Поповиќ-Цицо – циклус од 88 карикатури – „Од логорот"). Славко Јаневски го создава стрипот „Киќа и детективи", кој на почетокот на 1941 година бил објавен во српското списание „Микијево царство".

По ослободувањето, група млади уметници, понесени од магијата на стрипот, започнуваат да ги создаваат своите први остварувања во стрипот. Во 1945 година, Славко Јаневски продолжува да пишува стрипови и во детскиот весник „Пионер" го објавува својот стрип „со продолжение", насловен „Еден бункер падна", кој има специфичен цртеж, со осмислени детали и заднина со текст под секоја „фаза" од стрипот.

Друг пример на цртачко творештво се фотомонтажите на Владо Малески, во кои се претставува револуционерното минато на Македонија.

Шеесеттите години се период на либерализација и отворање на македонскиот стрип. Во него се внесуваат промени во тематиката и естетиката на стрипот, кои продолжуваат

до осумдесеттите години од минатиот век. Значајни автори на стрипови во овој период се: Младен Туниќ, Илија Поповски, Љупчо Филипов, Дарко Марковиќ и други.

Стрипот „Тримче" е првиот стрип (во лента) на Дарко Марковиќ објавен во весникот „Вечер". Вистинска популарност тој остварува во 1981 година, со дневниот стрип во лента „Пецко", публикуван во весникот „Нова Македонија".

Во последните години од 20 век и почетокот на новиот век, македонскиот стрип има богата продукција со многубројни автори на стрипови, кои своите дела ги објавуваат на страниците на младинскиот печат. Меѓу познатите современи автори кои покажуваат препознатлива креативност и иновативност се вбројуваат: Александар Станковски, Владо Николовски, Зоран Танев, Иванка Апостолова, Александар Поповски, Дарко Митревски, Мирко Попов и други.

Богатото творештво на стрипови во Македонија се должи на ентузијазмот на оние творци што го унапредувале јазикот на овој медиум во нашата средина, како и на иницијативата на некои редакциски состави во однос на стрипот. „Деветтата уметност" сè уште опстојува на нашите простори благодарејќи им на организациите кои го негуваат стрипот кај нас, пред сè **Стрип-центарот на Македонија – Велес**, кој игра клучна улога во афирмацијата на домашните автори преку издавачка дејност, изложби, едукативни програми и меѓународна соработка.



▲ Извадок од стрипот „Кочо Рацин – живот, песни и смрт" од Ване Трајковски и Димитриј Михајловски

Структура на стрипот

Стрипот има специфична структура сочинета од геометриски форми, мали и големи квадрати, правоаголници, цртежи, зборови. Тој се состои од низа последователни слики во одреден редослед, со што се создава чувство за време, движење и дејство. За разлика од илустрацијата, односно цртежот, кои се статични и самостојни, стрипот е медиум на секвенции, при што значењето се создава преку односот меѓу повеќе слики.

Основни градбени делови на стрипот се:


– Стрип табла – претставува една страница од композицијата на стрипот;

– Стрип панели – низа од цртежи;

– Стрип квадратчиња – кадри во кои со илустрации се конкретизираат поединечните детали и сликовно се изразуваат мигот, дејството и приказната;

– Празен простор (анг. *gutter*) меѓу панелите.

Од големината, формата, стилот и аранжманот на стрип панелите, зависат раскажувачкото темпо и квалитетот на стрипот.



Градбени делови на стрипот

Основни изразни средства на стрипот се:

– Сликите или вињетите се основни елементи на јазикот;

– Говорни облачиња (ликот мисли, ликот зборува);

– Ономатопејски звуци (Бум!, Трас!, Бенг!...);

– Текст на наратор – обично се наоѓа во горниот дел од рамката (надвор од говорните облачиња).



▲ Извадок од графичкиот роман „Дон Кихот" од Фликс

Стриповите користат зборови, цртежи и други знаци. Она што ги разликува стриповите од слични медиуми (сликовници или цртани филмови) е организацијата на низата слики. Авторите на стрипови најчесто пишуваат зборови до поединечни слики или во говорни облачиња над ликовите, но постојат и стрипови без зборови.

Стрипот во Македонија

Малку повеќе за стрипот

Запомни!

Стрипот ги поврзува текстот и цртежот за да раскаже одредена приказна. Во стручната литература, стрипот се третира како **вербално-визуелен медиум** и како уметност на зборот и на цртежот, и претставува специфична уметничка и комуникациска форма на организирана наративна целина.


Првични елементи на т.н. сликовито раскажување или стрип се забележуваат во пештерските цртежи во праисторијата. Современиот стрип се развива во 19 и 20 век, паралелно со појавата на масовниот печат и со развојот на весниците.


Развојот на стрипот во Македонија започнува пред и за време на Втората светска војна, како ученички творби објавувани во училишните весници. Во последните години од 20 век и во почетокот на новиот век, македонскиот стрип има богата продукција со многубројни автори на стрипови.

Основни градбени елементи на стрипот се: стрип табла, стрип панели, стрип квадратчиња, празен простор (анг. *gutter*) меѓу панелите. Во основни изразни средства на стрипот се вбројуваат сликите или вињетите, говорните облачиња, ономатопејските звуци.

Прашања и задачи:

1. Кога се појавуваат првите форми на стрип?
2. Кои земји имаат најголемо влијание врз развојот на стрипот?
3. Што претставува кадарот во стрипот?
4. Напиши стрип следејќи ги чекорите на процесот: идеја, дијалози и визуелна композиција. Самостојно избери тема и ликови за стрипот. Стрип таблите во продолжение нека ти послужат како пример.





Тема 3

МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Медиумите денес се неизбежен дел од секојдневието – од телевизијата и радиото, до интернет-порталите и социјалните мрежи. Тие не само што информираат и забавуваат туку и активно влијаат врз политиката, културата, економијата и образованието, процес што се нарекува **медијатизација**. Со постојаниот наплив на информации се отвора простор за ширење дезинформации, лажни вести и манипулации, што може да доведе до поларизација и губење доверба во јавната сфера.

За да се справиме со овие предизвици, потребна е **медиумска писменост** – способност да пристапуваме, анализираме, оценуваме и да креираме медиумски содржини. Таа ни овозможува да ги препознаеме различните медиумски формати и нивните карактеристики, да разбереме како јазикот и визуелните медиуми влијаат врз нашата перцепција, да идентификуваме стереотипи, предрасуди и говор на омраза, како и да применуваме етички и правни принципи при користење на медиумите.

Медиумската писменост не е само одбрана од манипулации – таа е и алатка за креативно изразување. Преку создавање оригинални содржини (текстови, поткасти, видеа, постери), граѓаните можат да пренесат личен став или општествена порака. Во исто време, критичкото мислење и проверката на факти им помагаат да бидат претпазливи корисници, но и одговорни креатори на информации.

На тој начин, медиумската писменост станува клучна вештина за современото општество – гради свесни, активни и креативни граѓани кои знаат да се движат низ дигиталниот свет со сигурност, критичност и одговорност.



Поподробно за толкувањето на сите поими вклучени во темата Медиумска писменост прочитај на:

https://recnik.medium.edu.mk/

Резултати од учењето

На крајот од оваа тема ќе можеш:

- да ги препознаваш и да ги опишуваш различните медиумски формати (текст, аудио, видео, инфографик) и нивните специфични карактеристики;
- да објасниш како медиумите и јазикот влијаат врз формирањето на мислењето и перцепцијата на публиката;
- да идентификуваш и да анализираш примери на говор на омраза, стереотипи и предрасуди во различни медиумски содржини;
- да применуваш основни етички и правни принципи при користење и создавање медиумски содржини;
- да креираш оригинални медиумски производи (текст, поткаст, видео или визуелна порака) кои пренесуваат личен став, идеја или општествена порака;
- да го објасниш влијанието и улогата на медиумските содржини во современото општество и во секојдневната комуникација;
- да анализираш медиумски содржини за да одделиш факти од мислења;
- да препознаваш пристрасност и манипулации во медиумските содржини.



3. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Разбирање на медиумските формати

Во секојдневниот живот сме опкружени со различни медиуми – телевизија, радио, интернет-портали, социјални мрежи. Секој од нив има свој начин на пренесување пораки и влијание врз публиката. За да бидеме медиумски писмени, важно е да разбереме не само што ни се кажува, туку и како е тоа кажано. Начинот на кој е претставена една информација – дали е напишана, снимена, визуелно прикажана или комбинирана – се нарекува медиумски формат.

Медиумски формат е специфичен облик на медиумска содржина што користи карактеристичен визуелен јазик, стил и технологија на продукција за да пренесе одредена порака до публиката.

Објаснување на поимите

- **Медиум** е каналот преку кој се пренесуваат информации, мислења или забавна содржина. Тој може да биде традиционален (телевизија, радио, весници) или дигитален (портали, социјални мрежи).
- **Медиумски формат** претставува начинот на кој содржината е структурирана и презентирана – текст, слика, видео, аудио или нивна комбинација.
- **Платформа** е дигиталната апликација или интернет-страница каде што се објавува содржината, како „Инстаграм", „Тикток", „Јутјуб" или „Спотифај".
- **Стил и визуелен јазик** се средствата преку кои медиумите комуницираат: бои, симболи, форми и тон. Мемињата, на пример, користат хумор, додека инфографиците се потпираат на податоци и на графички прикази.
- **Меме** може да биде идеја, мисла, цитат, рефрен, графичка содржина или стил кој е „вирален" „заразен" и популарен и се пренесува брзо низ одредена комуникациска заедница. Интересна и најчесто забавна фотографија, цртеж или кусо видео во комбинација со текст, што се шири брзо меѓу интернет-корисниците.
- **Инфографик** е визуелен приказ на информации што овозможува брзо разбирање на комплексни податоци.
- **Поткаст** е аудио или видеосерија која може да обработува теми од едукација до забава.
- **Продукција** е целиот процес на создавање медиумска содржина – од снимање и монтажа до дистрибуција.
- **Мултимедијалност** значи комбинирање на повеќе елементи (текст, слика, звук, видео) за да се постигне посилен ефект врз публиката.

Карактеристики и споредба на медиумски формати

- **Текстуален формат**: нуди деталност и анализа. Најчесто се користи за информирање и е наменет за читатели што бараат длабочина, како блогови или статии.
- **Визуелен формат**: брз и емотивен, со цел да привлече внимание. Инфографиците или постерите се добар пример, особено за млади кои брзо минуваат низ содржините.
- **Аудиоформат**: мобилен и личен, погоден за слушање во движење. Поткастите овозможуваат едукација или забава додека патуваме или спортуваме.
- **Видеоформат**: динамичен и мултимедијален, со силен емоционален ефект. Видеата на „Тикток" или туторијалите на „Јутјуб" комбинираат звук, слика и текст за да создадат впечатлива порака.

Споредбата покажува дека текстот е најдобар за задлабочување и размислување, додека видеото најсилно влијае врз емоциите. Форматот што ќе се избере директно го менува начинот на кој публиката ја разбира пораката.

Влијание врз пораката

Изборот на медиумски формат не е неутрален. Кратко видео може да предизвика брза емоционална реакција, додека долг текст бара време и размислување. Мултимедијалноста често ја зголемува ангажираноста, но понекогаш може да го одвлече вниманието од суштината.

Примери за анализа

- Вест за екологија претставена како инфографик овозможува брзо визуелно разбирање, додека поткаст за истата тема нуди подлабока дискусија.
- Историски настан објаснет преку видео на „Тикток" може да биде забавен и лесно достапен, но текст на блог за истиот настан дава повеќе детали и контекст.

Вежба за анализа на текст

Изгледај го видеото и пробај да одговориш на некои прашања: Каде се наоѓа главната порака (на пр., опис на протести, влијанија врз Македонија)? Колку слики има? Како тие ја илустрираат пораката (на пр., слики од протести ја прават пореална)? Што покажува видеото? Дали е вградено или линк? Како мултимедијалноста ја засилува пораката? (на пр., текстот дава факти, сликите – емоции, видеото – динамика, а заедно ја прават пораката поубедлива и ангажирачка). Како мултимедијалноста ја ослабнува пораката? (на пр., ако видеото е кратко, може да не ја долови длабочината; преголемиот фокус на слики може да го одвлече вниманието од фактите). Зошто мултимедијалноста е важна за теми како климатските промени? (Ги прави апстрактните проблеми видливи, поттикнува акција). Спореди со статија без мултимедија – дали би била помалку влијателна?

Климатските промени и Македонија

Задачи за час:

1. **Групна активност – „Форматска трка“:** Учениците да најдат пет примери од различни платформи и да ги споредат според целта и публиката.
2. **Самостојна задача:** Опиши како визуелниот јазик во едно меме влијае врз перцепцијата на гледачот.

Задача за дома:

Создај инфографик за омиленото хоби и објасни зошто токму тој формат е најсоодветен за твојата порака.

Табела за споредба на медиумски формати

Формат	Карактеристики	Цел	Типична публика	Пример
Текстуален	Детален, аналитичен, бара време за читање	Информирање, анализа	Читатели што бараат длабочина	Објава на блог, новинарска статија
Визуелен	Брз, емотивен, визуелно привлечен	Привлекување внимание	Млади што скролаат	Инфографик на „Пинтерест“
Аудио	Мобилен, личен, интимен	Едукација во движење	Слушатели во автомобил, за време на спортување	Поткаст на „Спотифај“
Видео	Динамичен, мултимедијален, силен емоционален ефект	Забава, демонстрација	„Тикток“ генерација	„Тикток“, туторијали на „Јутјуб“

Јазикот и медиумите

Медиумите не пренесуваат само информации – тие користат јазик и визуелни елементи што ја обликуваат нашата перцепција. Начинот на кој е кажана една порака може да биде исто толку важен колку и содржината. Затоа е потребно да научиме да го препознаваме медиумскиот јазик и неговото влијание врз нашите ставови.

Објаснување на поимите

- **Медиумска порака** е содржината што ја добиваме – информација, мислење или забава.
- **Перцепција** е начинот на кој публиката ја разбира и ја чувствува пораката.
- **Манипулација** претставува намерно искривување на вистината преку зборови или визуелни ефекти.
- **Стереотип** е поедноставена генерализација за одредена група луѓе.
- **Говор на омраза** се навредливи пораки што дискриминираат и поттикнуваат нетолеранција.
- **Медиумски јазик** ги опфаќа зборовите, тонот и визуелните материјали што влијаат врз ставовите на публиката.
- **Вредносен суд** е оцена (како „добро“ или „лошо“) што ја обојува пораката.
- **Влијание** е начинот на кој медиумите ги обликуваат нашите мислења и нашето однесување.
- **Етика** е одговорноста на медиумите да не прават штета и да се придржуваат до моралните стандарди.

Карактеристики и споредба на медиумскиот јазик

Јазикот што го користат медиумите може да биде:

- **Неутрален** – се потпира на факти без емоции. Целта е информирање, а публиката се сериозни читатели што бараат објективност.
- **Емотивен** – користи зборови како „шокантно“ или „ужасно“ за да предизвика реакција. Целта е ангажирање на публиката, особено младите на социјалните мрежи.

Споредбата покажува дека неутралниот јазик гради доверба, додека емотивниот може да манипулира и да ја засили перцепцијата. Често емоциите имаат поголемо влијание од фактите.

Влијание врз пораката

Зборовите и визуелните материјали не се само украси – тие создаваат ставови.

- Кога некој е наречен „херој“, тоа буди гордост. Ако е наречен „предавник“, тоа предизвикува гнев.

- Визуелните материјали ја засилуваат пораката: темни, црни слики внесуваат страв, додека светли и шарени слики внесуваат надеж.

Примери за анализа

- Наслов: „Ужас во градот!“ – пример за манипулација преку емоција.
- Политичка објава: „Најдобар избор!“ – пример за пристрасност и вредносен суд.

Вежба за анализа на текст

Скенирај го кодот и прочитај ја веста. Обележи ги зборовите што влијаат врз твојата перцепција (со бои: црвено за емоции/страв, жолто за судови, зелено за сомнителни факти). Потоа дискутирај со соучениците: Како овој јазик манипулира со нашите мислења?

„Мета“, „Тикток“ и „Јутјуб“ пред суд...

Задачи за час:

1. **Групна активност – „Детектор на манипулација“:** Анализирај пет наслови и класифицирај ги според тоа дали користат неутрален или емотивен јазик.
2. **Самостојна задача:** Препиши една емотивна објава во неутрален стил и објасни како се менува перцепцијата.

Задача за дома:

Пронајди пример за медиумски јазик што влијае врз ставовите (вест, објава, реклама) и објасни дали е етички оправдан или не.

Табела за споредба на медиумскиот јазик

Тип јазик	Карактеристики	Цел	Влијание врз публиката	Пример
Неутрален јазик	Факти без емоции, објективен тон	Информирање	Гради доверба, поттикнува рационално размислување	„Во Скопје, денеска падна 20 мм дожд.“
Емотивен јазик	Зборови со силна емоција („ужасно“, „шокантно“)	Ангажирање, сензација	Манипулира со чувства, може да одвлече од фактите	„Ужасен потоп го зафати Скопје!“

Стереотипите во медиумите и нивното влијание врз публиката

Медиумите имаат огромна моќ да обликуваат ставови и перцепции. Еден од најчестите начини е преку стереотипи – поедноставени и често неточни генерализации за луѓе, групи или ситуации. Иако понекогаш изгледаат безопасно, стереотипите можат да создадат предрасуди, дискриминација и да ја засилат нееднаквоста во општеството.

Објаснување на поимите

- **Јазик** – зборови и изрази што медиумите ги користат за да пренесат порака.
- **Медиум** – каналот преку кој се шират стереотипите (телевизија, интернет, социјални мрежи).
- **Стереотип** – неточна генерализација за одредена група луѓе.
- **Перцепција** – начинот на кој публиката ги прима и ги интерпретира стереотипите.
- **Медиумска порака** – содржината што ги пренесува овие генерализации.
- **Говор на омраза** – навредливи пораки што дискриминираат и поттикнуваат нетолеранција.
- **Предрасуди** – негативни ставови што произлегуваат од стереотипи.
- **Дискриминација** – конкретно лошо однесување или постапки врз основа на стереотипи.
- **Медиумска етика** – одговорноста на медиумите да избегнуваат ширење штетни пораки.
- **Правна одговорност** – закони што забрануваат говор на омраза и дискриминација.
- **Критичко читање** – способност да се анализираат медиумските пораки и да се препознаат стереотипи.

Карактеристики и споредба на стереотипите

- **Позитивни стереотипи**: На пример, „Сите Азијци се паметни". Иако изгледа како пофалба, сепак создава притисок и нееднаквост.
- **Негативни стереотипи**: На пример, „Жените се слаби лидери". Ова води кон дискриминација и ограничување на можностите.

Споредбата покажува дека и позитивните и негативните стереотипи се проблематични – првите изгледаат безопасни, но сепак ја засилуваат нееднаквоста, додека вторите директно поттикнуваат дискриминација.

Влијание врз пораката

Стереотипите често се репродуцираат преку повторување во филмови, реклами и вести. Кога децата постојано ги гледаат, тие почнуваат да ги прифаќаат како „вистина". Така медиумите влијаат врз формирањето ставови и однесување.

Примери за анализа

- Реклами за „идеална убавина“ – создаваат предрасуди за изглед и притисок врз младите.
- Вести за малцинства со негативни слики – поттикнуваат дискриминација и нетолеранција.

Вежба за анализа на текст

Скенирај го кодот и прочитај ја веста. Идентификувај стереотипи (на пр., „само тенки/со филери се убави“) и дискутирај со своите соученици: Како ова создава предрасуди и притисок? Како да реагираме (критичко читање, несподелување, барање разновидни слики)?

Токсична пропаганда

Задачи за час:

1. **Групна активност – „Стратегии против стереотипи“:** Учениците предлагаат пет начини за превенција (на пр., едукација, позитивни примери, медиумска кампања).
2. **Самостојна задача:** Анализирај медиумски пример што содржи говор на омраза и објасни зошто е проблематичен.

Задача за дома:

Напиши краток есеј за етичката одговорност при ширење омраза, со осврт на тоа како законите штитат од дискриминација.

Табела за споредба на стереотипите

Тип стереотип	Карактеристики	Последици	Пример
Позитивен	Изгледа како пофалба, но создава притисок	Засилува нееднаквост, ограничува индивидуалност	„Сите Азијци се паметни!“
Негативен	Дискриминирачки, навредлив	Поттикнува предрасуди и дискриминација	„Жените се слаби лидери.“

Создавање оригинална содржина

Во дигиталното време, секој може да биде креатор на содржина. Но, вистинската вредност се постигнува кога содржината е оригинална, јасна и етичка. Оригиналноста не значи само да измислиме нова идеја, туку и да ја претставиме на начин што гради доверба и ја ангажира публиката.

Објаснување на поимите

- **Планирање** – избор на тема, цел и формат пред да започне создавањето.
- **Оригинална содржина** – сопствена идеја, без копирање од други извори.
- **Јасен јазик** – употреба на разбирливи зборови, без манипулација или двосмисленост.
- **Слики/звук** – визуелни елементи и аудиоелементи што ја засилуваат пораката и ја прават поприврлечна.

Карактеристики и споредба на формати

- **Есеј** – текстуален формат, погоден за анализа и детално објаснување; публика: наставници или академска средина.
- **Поткаст** – аудиоформат, погоден за разговори и интервјуа; публика: слушатели во движење.
- **Видео** – динамичен формат што комбинира звук и слика; публика: млади корисници на социјални мрежи.
- **Постер** – визуелен формат, погоден за кампањи и јавни пораки; публика: поширокатa јавност.

Есејот е најдобар за задлабочување и анализа, додека видеото е најмоќно за ангажирање и за емоционално влијание.

Влијание врз пораката

Кога содржината е оригинална, таа гради доверба кај публиката. Јасниот јазик спречува недоразбирања, а визуелните елементи и аудиоелементите ја прават пораката посилна и поприврлечна.

Примери за анализа

- Есеј за екологија – детално објаснување на проблемите и можните решенија.
- Постер за спречување врсничко насилство – визуелна порака што брзо допира до јавноста.

Вежба за анализа на текст

Учениците планираат содржина на тема „Здрав живот" и ја анализираат според форматот што го избрале. Потоа дискутираат: **Што ја прави нивната содржина оригинална?**

Задачи за час:

1. **Групна активност – „Креативен тим“:** Учениците во групи создаваат постер со јасна порака.
2. **Самостојна задача:** Напиши есеј за лична тема што ти е важна.

Задача за дома:

Сними кратко видео со звук и слики за твоето хоби и објасни зошто го избра тој формат.

Табела за споредба на формати

Формат	Карактеристики	Цел	Публика	Пример
Есеј	Детален, аналитичен	Анализа	Наставници, академска средина	Есеј за екологија
Поткаст	Аудио, разговорен	Едукација/ забава	Слушатели во движење	Поткаст за книги
Видео	Динамичен, мултимедијален	Демонстрација/ забава	Млади на социјални мрежи	Видеотуторијал
Постер	Визуелен, краток	Кампања	Поширока јавност	Постер за спречување врсничко насилство



Пристрасност и манипулација во медиумите

Медиумите имаат голема моќ да влијаат врз јавното мислење. Но, понекогаш тие не ја пренесуваат целата вистина – користат **пристрасност** или **манипулација** за да ја обликуваат перцепцијата на публиката. Затоа е важно да научиме да ги препознаваме овие појави и да развиеме критичко мислење.

Објаснување на поимите

- **Пристрасност** – едностран гледна точка што фаворизира една страна.
- **Манипулација** – намерно искривување на фактите за да се постигне одредена цел.
- **Полувистина** – делумна вистина што ја прикрива целосната слика.
- **Сензационализам** – претерување или драматизација за да се привлече внимание.

Карактеристики и споредба на пристрасност

- **Политичка пристрасност**: се јавува во вести што отворено фаворизираат или критикуваат одредена политичка опција (власт или опозиција); целта е влијание врз гласачите.
- **Економска пристрасност**: се јавува во реклами или медиумски содржини што ги штитат спонзорите; целта е профит.

Споредбата покажува дека политичката пристрасност најчесто се гледа во информативни програми и вести, додека економската е присутна во реклами и во маркетиншки кампањи.

Влијание врз пораката

- Пристрасноста создава **поларизација** – поделба меѓу луѓето и групите.
- Манипулацијата ја **намалува довербата** во медиумите и може да доведе до дезинформации.

Примери за анализа

- Вест со пристрасен наслов: „Владата повторно ја уништи економијата!“ – пример за политичка пристрасност.
- Реклама со полувистина: „Овој сок е 100% природен“ – иако сокот содржи додадени шеќери, што е манипулација.

Вежба за анализа на текст

Скенирај го кодот и прочитај ја веста. Селектирај: зборови/фрази што покажуваат пристрасност (на пр., „уредувачка пристрасност“, „зависни медиуми“, „политичкиот интерес“); делови што се критични само кон една страна (на пр., „недостиг на критичка свест“, „системски слабости“); делови што нудат баланс или решенија (на пр., споменување организации за медиумска писменост).

Медиумска писменост

Прашања за дискусија:

- Кои зборови/делови ти покажуваат дека авторот е пристрасен? Зошто?
- Дали текстот е целосно објективен или тежнее кон одредена гледна точка?
- Како може да се избегне пристрасноста во медиумите? (Предлози: проверка на повеќе извори, барање факти со извори, различни перспективи, независни регулатори, медиумска писменост кај новинарите и публиката, алгоритми што промовираат разновидност).
- Како ние, како граѓани, можеме да помогнеме? (Не споделувај непроверено, барај баланс, пријави пристрасни содржини!)

Задачи за час:

1. **Групна активност – „Поправи ја манипулацијата“:** Учениците добиваат пристрасен или манипулативен текст и го препишуваат во неутрален стил.
2. **Самостојна задача:** Идентификувај пристрасност во една објава на социјалните мрежи и објасни како влијае врз публиката.

Задача за дома:

Анализирај една реклама и напиши краток текст за тоа како таа манипулира со публиката.

Табела за споредба на пристрасност и манипулација

Појава	Карактеристики	Цел	Последици	Пример
Пристрасност	Едностранa гледна точка	Влијание врз мислењето	Поларизација, губење објективност	Вест со провладина реторика
Манипулација	Намерно искривување	Контрола врз перцепцијата	Намалена доверба, дезинформации	Реклама со полувистина

Проверка на факти и веродостојност

Во време кога секој може да објави содржина на интернет, проверката на факти е клучна за медиумската писменост. Лажните вести и дезинформациите се шират брзо, особено преку социјалните мрежи, па затоа учениците мора да научат да разликуваат кредибилни извори од сомнителни и да применуваат техники за проверка на вистинитоста.

Објаснување на поимите

- **Проверка на факти** – процес на проверка дали една информација е вистинита.
- **Извори** – медиуми или лица што ја пренесуваат информацијата; може да бидат кредибилни (експерти, официјални институции) или сомнителни (анонимни профили, непроверени портали).
- **Вкрстена проверка** – споредба на истата информација од повеќе независни извори за да се утврди точноста.

Карактеристики и споредба на извори

- **Официјални извори**: доаѓаат од власти, научници или експерти; нивната цел е точност и сигурност.
- **Социјални мрежи**: овозможуваат брзо ширење на информации, но често без проверка; нивната публика се претежно млади луѓе.

Споредбата покажува дека официјалните извори се посигурни, додека информациите од социјалните мрежи носат поголем ризик од дезинформации.

Влијание врз пораката

Кога фактите не се проверени, тоа води до дезинформации, заблуди и губење доверба во медиумите. Проверената информација, пак, гради кредибилитет и ја зајакнува критичката мисла кај публиката.

Примери за анализа

- Лажна вест за здравје – на пример, објава што тврди дека „лимонот лекува рак" без научна основа.
- Проверена статија за наука – текст што се потпира на истражувања и цитира експерти.

Вежба за анализа на текст

Учениците проверуваат една вест со алатки за проверка на факти (на пр., Snopes, FactCheck.org) и дискутираат: **Зошто луѓето понекогаш веруваат во лаги, иако доказите го покажуваат спротивното?**

Snopes.com

Задачи за час:

1. **Групна активност – „Факт-чек тим“:** Учениците во групи проверуваат три вести и ги класифицираат како точни, делумно точни или лажни.
2. **Самостојна задача:** Користи Сноупс (*Snopes*) за да провериш еден пример и напиши краток извештај.

Задача за дома:

Провери една објава од пријател на социјалните мрежи и напиши извештај за тоа дали е веродостојна или содржи дезинформации.


Табела за споредба на извори

Тип извор	Карактеристики	Цел	Ризик	Пример
Официјален извор	Институции, експерти, научни трудови	Точност и кредибилитет	Низок	Статистика од Светска здравствена организација
Социјални мрежи	Брзи, достапни, непроверени	Брзо информирање	Висок	Објава од анонимен профил на „Фејсбук“



Дезинформации и лажни информации

Во современото дигитално општество, информациите се шират со неверојатна брзина. Но, секоја информација што ја гледаме, не е точна. Дезинформациите, погрешните информации (мисинформации) и злонамерните информации (малинформации) се намерно создадени за да манипулираат со публиката, да предизвикаат страв или да влијаат врз одлуките. Затоа е важно да научиме да ги препознаваме и да се заштитиме од нив.



Објаснување на поимите

- **Дезинформација** – намерна лага со цел манипулација.
- **Лажни вести** – сензационални и непроверени информации што се шират како вистина.
- **Ботови** – автоматски профили на интернет кои масовно шират дезинформации.

Карактеристики и споредба на техники на дезинформација

- **Кликомамци** – сензационален наслов или содржина создадена за да привлече кликови, без да нуди вистинска информација.
- **Длабински лажни видеа (дипфејк)** – технички сложени лажни видеа што користат технологија за да ја измамат публиката.

Споредбата покажува дека кликомамците се лесни за препознавање, но сепак многу ефикасни во ширењето лажни информации, додека дипфејкот е технички напреден и многу потежок за откривање.

Влијание врз пораката

Дезинформациите и погрешните информации:

- Шират **страв** и несигурност.
- Создаваат **поларизација** во општеството.
- Влијаат врз одлуките на луѓето, особено во политички и здравствени контексти.

Примери за анализа

- Лажна вест за избори – објавена за да влијае врз гласачите.
- Монтирано видео за славна личност – создадено за да ја наруши репутацијата.

Вежба за анализа на текст

Учениците читаат една лажна вест и обележуваат кои зборови или елементи се манипулативни. Потоа дискутираат: **Како овие информации влијаат врз општеството?**

Задачи за час:

1. **Групна активност – „Идентификувај дезинформација“:** Анализирајте четири примери од различни медиуми и класифицирајте ги според видот на манипулацијата.
2. **Самостојна задача:** Објасни кои техники се користат за ширење дезинформации (кликомамци, ботови, дипфејк).

Задача за дома:

Истражи една лажна вест и напиши краток текст за тоа како може да се спречи нејзиното ширење.

Табела за споредба на техники на дезинформација

Техника	Карактеристики	Цел	Ризик	Пример
Кликомамци	Сензационален наслов, без вистинска содржина	Привлекување кликови	Брзо ширење лажни вести	„Нема да верувате што се случи!“
Дипфејк	Технички сложено лажно видео	Измама, манипулација	Тешко за откривање, силно влијание	Монтирано видео со јавна личност
Ботови	Автоматски профили што масовно споделуваат содржини	Брзо ширење	Поттикнуваат поларизација	Масовни објави со лажни вести

Дигитална писменост – вештини за безбедно користење на интернетот

Интернетот е моќна алатка за учење, комуникација и креативност. Но, истовремено носи и ризици – од губење приватност до кибернапади. Затоа, дигиталната писменост не значи само способност да користиме технологии, туку и да ги користиме безбедно, одговорно и креативно.

Објаснување на поимите

- **Дигитална писменост** – вештини за навигација, креирање и критичка анализа на дигитални содржини.
- **Кибербезбедност** – заштита од хакери, вируси и други онлајн закани.
- **Приватност** – контрола на личните податоци што ги споделуваме онлајн.
- **Дигитален отпечаток** – траги што ги оставаме на интернет преку нашите профили, коментари и активности.

Карактеристики и споредба на дигитални вештини

- **Безбедност**: користење силни лозинки, двофакторска автентикација и редовно ажурирање на софтверот; целта е заштита, а публиката се сите корисници.
- **Креирање**: користење апликации како „Канва" или блог-платформи за изразување и креативност.

Споредбата покажува дека безбедноста е основа за секој корисник, додека креирањето е надградба што овозможува креативно и продуктивно користење на интернетот.

Влијание врз пораката

- Лошата дигитална писменост води до ризици: губење приватност, изложеност на вируси или измами.
- Добрата дигитална писменост овозможува креативност, сигурност и одговорно учество во дигиталното општество.

Примери за анализа

- Споделување лични податоци на јавни профили – ризик за злоупотреба.
- Користење ВПН (VPN) – начин за заштита на приватноста и безбедно сурфање.

Вежба за анализа на текст

Скенирај го кодот и прочитај ја веста. Клучни прашања:

- Кои ризици постојат ако не се почитуваат правилата за приватност на „Тикток"? (Лични податоци →

Закон за приватност

профилирање → целни реклами → манипулација; крадење идентитет; влијание врз менталното здравје.)

- Зошто е важна дигиталната етика? (Лична заштита и заштита на другите; одговорно користење; спречување дискриминација/злоупотреба; почитување закони како ЗЗЛП во Македонија; градење доверба во дигиталниот свет.)
- Како можеме да се заштитиме? (Читање политики на приватност, ограничување дозволи, приватни профили, едукација, пријавување сомнителни апликации.)
- Дали треба Македонија да воведе построги правила? Зошто да/зошто не?

Задачи за час:

1. **Групна активност – „Дигитален кодекс“:** Учениците создаваат правила за безбедно користење интернет во класот.
2. **Самостојна задача:** Провери го својот дигитален отпечаток (на пр., пребарување на сопственото име) и размисли што покажува за тебе.

Задача за дома:

Напиши есеј за вештините што ти се потребни за безбеден интернет и објасни како тие влијаат врз твојата секојдневна употреба на технологијата.

Табела за споредба на дигитални вештини

Вештина	Карактеристики	Цел	Публика	Пример
Безбедност	Силни лозинки, антивирус, ВПН	Заштита од ризици	Сите корисници	Двофакторска автентикација
Креирање	Апликации за дизајн, блогови	Креативно изразување	Ученици, млади креатори	Постер направен на „Канва“



Користена литература

Тема 1: ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА

Бојковска, С., Минова-Ѓуркова, Л., Пандев, Д., Цветковски, Ж. 1997. *Македонски јазик за средното образование.* Просветно дело, Скопје.

Груевска-Маџоска, С. 2021. *Лексикологија на македонскиот јазик.* Ми-Ан, Скопје.

Калоѓера, Г. 2005. *Браќата Миладиновци – легенда и стварност.* Современост, Скопје.

Калоѓера, Г. 2014. *Македонскиот 19 век.* Македоника литера, Скопје.

Конески, Б. 1981. *Историја на македонскиот јазик.* Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, Скопје.

Конески, Б. 1986. *Македонскиот 19 век (јазични и книжевно-историски прилози).* Култура, Скопје.

Конески, Б. 1996. *Граматика на македонскиот литературен јазик.* Просветно дело, Детска радост, Скопје.

Крчовски, Ј. 1974. *Собрани текстови.* Македонска книга, Скопје.

Крчовски, Ј., Пејчиновиќ, К. 2002. *Избрани текстови (Блаже Конески).* Матица македонска, Скопје.

Миладинов, Д., Миладинов, К. 2009. *Зборник на народни песни.* Култура, Скопје.

Миладинов, К. 1989. *Поезија.* Мисла, Скопје.

Миронска-Христовска, В. 2005. *Просветителството во Македонија.* Институт за македонска литература, Скопје.

Миронска-Христовска, В. 2025. „Концепциите за македонскиот јазик во културната и националната преродба", *Спектар,* 86/2025, 9-37.

Миронска-Христовска, В.. 2024. *Записи за македонската книга.* Институт за македонска литература, Скопје.

Митрев Д. и др. (ред.) 1962. *Книга за Миладиновци (1862 – 1962).* Кочо Рацин, Скопје.

Поленаковиќ, Х. 1973. *Никулците на новата македонска книжевност.* Мисла, Скопје.

Поленаковиќ, Х. 1989. *Студии за Миладиновци.* Македонска книга, Скопје.

Поленаковиќ, Х. 2007. *Во екот на народното будење.* Култура, Скопје.

Радически, Н. 2012. *Миладиновци,* ЗНУК Хоризонти 12, Мешеишта.

Радически, Н. 2013. *Македонски литературен потсетник, Кн.1.* Македоника литера, Скопје.

Савицка, И. и др. 2021. *Фонетика и фонологија на македонскиот стандарден јазик, Супрасегментална фонетика и фонологија.* МАНУ, Скопје.

Савицка, И. и др. 2022. *Фонетика и фонологија на македонскиот стандарден јазик, Сегментална фонетика и фонологија.* МАНУ, Скопје.

Саздов, Т. 1997. *Усна народна книжевност.* Детска радост, Скопје.

Сталев, Г. 2001. *Македонската литература во 19 век.* Институт за македонска литература, Скопје.

Сталев, Г. 2008. *Просветителството во Македонија.* НИД Микена, Битола.

Тодоровски, Г. 2004. *Книга за Џинот.* Матица македонска, Скопје.

Тоциновски, В. 2005. *Преводите на македонскиот 19 век.* Институт за македонска литература, Скопје.

Тоциновски, В. 2009. *Расказот на македонскиот 19 век.* Институт за македонска литература, Скопје.

Тушевски, В. 2000. *Поетика и реторика на новата македонска книжевност – 19 век.* Менора, Скопје.

Тушевски, В. 2003. *Јордан Хаџи Константинов-Џинот.* Менора, Скопје.

Цветковски, Ж. и др. (ред.) 2017. *Правопис на македонскиот јазик.* ИМЈ „Крсте Мисирков", Друштво за издавачка дејност „Култура", Скопје.

Тема 2: ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

Кирилична

Антологија на светската поезија преведена на македонски јазик. Т. 3, XVI век – XVII век: од Боало до Балаши. 2015. Арс Ламина – публикации, Скопје.

Волтер. 2021. *Кандид ; Задиг.* Конгресен сервисен центар, Полица, Скопје.

Волфганг, Ј. Г. фон. 2025. *Страдањата на младиот Вертер.* Антолог, Скопје.

Гонгора, Л. де, Вега, Л. де, Кеведо, Ф. де. 2014. *Поезија (избор).* Три, Арс Ламина – публикации, Скопје.

Димитру, Ј. 1991. *Македонска лирска фаланга: антологија на современата македонска* поезија. Култура, Скопје.

Дрваров, Д. 2000. *Уметноста на* говорот. Факултет за драмски уметности, Скопје.

Ѓорѓиевска, Е., Караникиќ-Јосимовска, Ј. 2025. *Италијанската литература и култура на барокот, просветителството и неокласицизмот.* Арс Ламина – публикации, Скопје.

Иго, В. 2021. *Богородичната црква во Париз.* Конгресен сервисен центар, Полица, Скопје.

Капушевска-Дракулевска, Л., Бојаџиевска, М. (прир.) 1994. *Антологија на светската лирика: низ македонскиот препев.* Македонска книга, Скопје.

Караџов, Б. 2022. *Естетика на стрипот.* Стрип квадрат, Скопје.

Конески, Б. (прир.) 1986. *Блажена гора зелена: антологија на македонската народна лирика.* Македонска книга, Скопје.

Корнеј, П. 2015. *Сид.* Арс Ламина – публикации, Скопје.

Крилов, И. А. 2014. *Басни (избор).* Магор, Скопје.

Лафонтен. 2013. *Басни (избор).* Магор, Скопје.

Лермонтов, М. Ј. 2013. *Избрани дела.* Магор, Скопје.

Мајсторова-Стојановска, Е. (прир.) 2014. *Ловци на пурпур: антологија на новогрчката поезија.* Магор, Скопје.

Миронска-Христовска, В. 2005. *Просветителството во Македонија.* Институт за македонска литература, Скопје.

Миронска-Христовска, В. 2017. „Просветителството – минато или сегашност". *Филолошки студии,* 15/2017, 13-28.

Младеновски, Р. 2018. *Теорија на книжевноста.* Универзитет „Гоце Делчев", Штип.

Молиер, Ж. Б. П. 2012. *Комедии (избор).* Три, Скопје.

Наневски, Д. 1990. *Македонска поетска уметност.* Култура, Скопје.

Николова, В. 2012. *Култура на изразувањето.* Читачот, Скопје.

Николовска, Е. 2003. *Македонска народна поезија и* проза. Матица македонска, Скопје.

Османли, Т. 2021. *Стрип – деветтата уметност.* Бегемот, Скопје.

Пандев, Д. 2004. *Говорење и пишување:* вештини. Просветно дело, Скопје.

Поленаковиќ, Х. 2007. *Избрани дела (1-7).* Култура, Скопје.

Поспелов, Н., Шаблиовски, П., Зерчанинов, А. 1947. *Руска књижевност. Кн. 1, Од почетка до Љермонтова.* Просвета, Београд.

Пренџова, Е. 2009. *Таа.* Академски печат, Скопје.

Пушкин, А. С. 1995. *Евгениј Онегин.* Мисла, Скопје; Просвета, Куманово.

Силјан, Р. (прир.) 1989. *Македонската поезија XIX век.* Македонска книга, Скопје.

Стеванов, А. 2024. *Визуелна хроника на македонскиот стрип: 2016-2019.* А. Стеванов, Штип.

Тасо, Т. 2015. *Ослободениот Ерусалим.* Арс Ламина – публикации, Скопје.

Тодоровски, Г. 2004. *Книга за Џинот.* Матица македонска, Скопје.

Тодоровски, Г. 2007. *Македонската книжевност во XIX век.* Штрк, Скопје.

Ќулавкова, К. (прир.) 1996. *Црни овци: антологија на светскиот расказ.* Детска радост, Скопје.

Ќулавкова, К. (прир.) 2007. *Поимник на книжевната теорија.* МАНУ, Скопје.

Ќулавкова, К. 1999. *Теорија на книжевноста.* Култура, Скопје.

Хофман, Е. Т. А. 2014. *Фантастични раскази.* Три, Арс Ламина – публикации, Скопје.

Шамисо, А. Фон. 1982. *Чудните доживувања на Петар Шлемил.* Наша книга, Македонска книга, Мисла, Детска радост, Култура, 13 Ноември, Скопје.

Латинична

Brend, D. 2011. *Kreativno pisanje.* Babun, Beograd.

Buchberger, I. 2023. *Kritičko mišljenje: peace, love & rock and roll [priručnik za edukatore].* Udruga za razvoj visokoga školstva Universitas, Rijeka.

Francuska književnost (1, 2, 3/1, 3/2), 1976-1982. Svjetlost, Sarajevo; Nolit, Beogradski izdavačko-grafički, Beograd.

Fuko, M. 1980. *Istorija ludila u doba klasicizma.* Nolit, Beograd.

Marfi, K. 2020. *Veština slušanja.* Laguna, Beograd.

Njemačka književnost (1, 2), 1979-1987. Svjetlost, Sarajevo; Nolit, Beograd.

Povijest svjetske književnosti (1-7), 1982. Mladost, Zagreb.

Solar, M. 2003. *Povijest svjetske književnosti.* Golden marketing, Zagreb.

Solar, M. 2005. *Teorija književnosti.* Školska knjiga, Zagreb.

Tadić, D. 2019. *Kreativno pisanje.* CEKOMS, Skripta Internacional, Beograd.

Živković, D. (ur.). 1992. *Rečnik književnih termina.* Nolit, Beograd.

Електронски извори

Albanian Romanticism as an Expression of Self-Conscience and National Identity. 2013. *Global Journal for Research Analysis,* Vol. 2, No. 10. Достапно на: https://www.worldwidejournals.com/global-journal-for-research-analysis-GJRA/recent_issues_pdf/2013/October/albanian-romantism-as-an-expression-of-self_October_2013_9137417665_0201771.pdf (пристапено на 9 февруари 2026).

Aleksandar Flaker – Stilske formacije. Достапно на: https://www.scribd.com/document/410286865/Aleksandar-Flaker-Stilske-formacije (пристапено на 21 јануари 2026).

Joldeski, N. 2012. *Definiranje na kratkiot raskaz.* Достапно на: https://njoldeski.wordpress.com/2012/12/25/definiranje-na-kratkiot-raskaz/ (пристапено на 21 јануари 2026).

Ravlić, S. 2013. *Prosvjetiteljstvo i enciklopedija: dva prosvjetiteljstva i dvije enciklopedije. Studia lexicographica,* Vol. 7 No. 2(13), стр. 35–55. Достапно на: https://studialexicographica.lzmk.hr/sl/article/view/133/123 (пристапено на 25 јануари 2026).

Тема 3: МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. 2019. *Политика за медиумска писменост.* Скопје: АВМУ.

Коалиција за медиумска писменост. n.d. *Платформа за ресурси.* Достапно на: https://mediumskapismenost.mk (пристапено на 2 февруари 2026).

Македонски институт за медиуми. 2019. *Медиумска писменост: Прирачник за наставници во средните училишта.* Скопје: МИМ.

Проект „Критинк". n.d. *Методологија за критичко размислување и деконструкција на медиумски содржини.* Достапно на: https://crithink.mk (пристапено на 2 февруари 2026).

УНЕСКО. *Медиумска и информациска писменост: Наставна програма за наставници.* Превод на македонски јазик. Париз/Скопје: УНЕСКО.

Џилс, С., и сор. n.d. *Вовед во медиумската писменост.* Ресурси од проектот на USAID за медиумска писменост „Младите размислуваат".

European Commission. n.d. *Guidelines for teachers and educators on tackling disinformation and promoting digital literacy.* European Digital Education Hub.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

811.163.3(075.3)

МАКЕДОНСКИ јазик и литература II : учебник за втора година гимназиско образование / Веселинка Лаброска ... [и др.]. - Скопје : Арс ламина - публикации, 2026. - 331 стр. : илустр. ; 26 см

Други автори: Јованка Денкова, Тања Андонова-Митревска, Наташа Ацевска. - Библиографија: стр. 329-331

ISBN 978-608-280-247-3

1. Лаброска, Веселинка [автор] 2. Денкова, Јованка [автор] 3. Величкова, Емилија [автор] 4. Андонова-Митревска, Тања [автор] 5. Ацевска, Наташа [автор]

COBISS.MK-ID 69369605